РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 992
Скопје, 15 септември 2010 година

## Содржина на Билтен број 992 од 15 септември 2010 година


**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по предмети од области од методика на наставата по физика и општа физика на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Боце Митревски)**...1-5

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на ракописот **Државно-правна историја на Македонија VII-XX век,** од авторот **проф. д-р Билјана Поповска**, пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје...6-12

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор во соработничко звање-асистент по предметот болести на птиците на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје **(м-р Александар Додовски)**....13-18

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензијата на докторската дисертација **Влијанието на родот врз ефикасноста на програмата за одржување со метадон** изработена од **д-р Лилјана Игњатова**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје...19-24

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(Трајче Ристов, Катерина Мурџева, Синиша Радески, Соња Папулоска, Ирена Степаноска, Андријана Пешовска, Мимоза Кировска, Јане Јакимовски, Ивана Андоновска, Деспина Митревска, Горан Ќупов, Пеце Ристевски, Силвана Бержецка, Маја Јовановиќ, Маја Дамјановска, Мери Тодоровска, Мартина Димовска, Славица Иванова, Горан Петковски, Огнен Ристовски, Кире Спасовски, Денис Младеновски, Милица Хасану, Кире Ризов, Иво Почески, Елена Тортевска, Марјан Кицев, Вангел Доковски, Драган Тодоровски, Митко Чавков)**...25-27

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Економскиот факултет во Скопје **(м-р Маја Павловиќ, м-р Надица Ивановска, м-р Марина Мијоска, м-р Маја Шуклева-Камчева, м-р Билјана Цветановска, м-р Филип Ивановски, м-р Игор Давков, м-р Весна Јованова Симева, м-р Љупчо Ефтимов, м-р Агим Мамути, м-р Елена Маничевска, м-р Елизабета Џамбаска, м-р Зоран Сандев, м-р Смилка Јанеска-Саркањац, м-р Снежана Какуринова, м-р Горан Голубовски, м-р Марија Мерџановска, м-р Андријана Богдановска Ѓуровиќ, м-р Ева Ржарова, м-р Марина Серафимоска, м-р Ана Биновска Кочева)**...28-30

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебното помагало **Превентива на оралните заболувања** од **Мира Јанкуловска, Елизабета Георгиевска и Маја Поп Стефанова-Трпоска**, пријавено на Стоматолошкиот факултет во Скопје...31-32
2. Реферат за избор на асистент по предметот ортодонција на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Маја Поп Стефанова-Трпоска, д-р Цветанка Мишевска, д-р Марија Манева, д-р Александра Подолешова)**...33-50

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Компаративна студија на биохемиските маркери на коскен метаболизам кај постменопаузни жени со примарна остеопороза: ефекти од бисфосфатната терапија**, изработена од **м-р Јасмина Меческа-Јовческа**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје...51-55

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси врз организациските перформанси кај деловните субјекти во Република Македонија**, изработена од **м-р Ирина Мајовски**, пријавена на Економскиот институт во Скопје............56-63

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор-прием на еден наставник по група предмети од областа медицинска физика и општа физика на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Весна Гершан)**............64-73
2. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на општата социо-економска географија на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Мирјанка Мацевиќ)**............74-83
3. Рецензија на ракописот **Хемометрија-примена на математички и статистички методи во хемијата**, од авторот **доц. д-р Игор Кузмановски**, пријавен на Природно-математичкиот факултет во Скопје............84-87

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистенти по предметот ортодонција на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Мирјана Џипунова, д-р Наташа Тошевска Спасова, д-р Габриела Ќурчиева-Чучкова)**............88-113

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Љубица Стефановска, Јелена Мицевска, Сашо Бошковски, Филип Матев, Сашо Дукоски)**............114

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Критериуми за вреднување на техничко-експлоатационите услови на државната патна мрежа од аспект на потребите на одбраната** изработена од **м-р Александар Главинов**, пријавена на Градежниот факултет во Скопје............115-120

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник по предметите корозија и заштита на металите, електрометалургија, теорија на металуршки процеси и одбрани поглавја од теорија на металуршки процеси на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Перица Пауновиќ)**............121-133

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Модел на парцијална рамнотежа за екс-анте анализа на пазарот на одделни земјоделски производи во Република Македонија**, изработена од **м-р Ана Котевска**, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје............134-138

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК**

1. Реферат за избор на научен соработник во Институтот за македонски јазик во Скопје **(д-р Весна Миовска)**............139-147

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија на трудот **Политичките идентитети во Република Македонија,** изработен **од група автори од ИСППИ**, пријавен на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје........................................148-160
2. Рецензија на проектот **Граѓаните во одлучувањето за областите од локално ниво и значење,** врз основа на студијата **Граѓаните во системот на локалната самоуправа-резултати од истражувањето и расправа, од група автори од ИСППИ**, пријавен на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.........161-175

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Казненоправни аспекти на генетските манипулации,** изработена од **м-р Александра Деаноска-Трендафилова**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје........................................176-188
2. Реферат за избор на соработник во соработничко звање-асистент на научната област воведни и теоретско правни науки на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**м-р Наташа Басарова, м-р Александар Спасов**)........................................189-195

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Флуктуација и апсентизам на вработените во јавниот сектор (образование и здравство) на Косово,** изработена **од м-р Африм Локу**, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје........................................196-203

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Образованието и професионалниот развој на воспитувачите за предучилишното воспитание и образование,** изработена од **м-р Кирил Барбареев,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....................204-207
2. Рецензија на докторската дисертација **Маркетинг-концепција во средното образование на Република Македонија во услови на пазарна економија,** изработена од **м-р Снежана Малцова-Мироновска**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........................................208-213
3. Рецензија на докторската дисертација **Менаџирање со човечки ресурси во училиштата за средно образование,** изработена од **м-р Соња Ристовска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........................................214-223
4. Рецензија на докторската дисертација **Христијанската духовна перспектива како детерминанта на социјалната политика и социјалната работа во западните демократии,** изработена од **м-р Светлана Трбојевиќ**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........................................224-228

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор на асистент по предметите од наставно-научната област преносни електроенергетски системи на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**м-р Александра Крколева**)........................................229-232

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на учебникот **Вовед во правото на Европската унија,** од авторот **проф. д-р Сашо Георгиевски**, пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје........................................233-240

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТИ ОД МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ФИЗИКА И ОПШТА ФИЗИКА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЗИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 07-802/3, донесена на седницата одржана на 29.4.2010 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент по предмети од области од методика на наставата по физика и општа физика, на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Комисијата во состав: д-р Оливер Зајков, вонреден професор на ПМФ во Скопје, д-р Јулијана Велевска, вонреден професор на ПМФ во Скопје и д-р Маргарета Пецовска-Ѓорѓевиќ, вонреден професор на ПМФ во Скопје, откако ја разгледа доставената документација, на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха" од 29.3.2010 година, за избор на еден асистент се јави кандидатот **Боце Сречко Митревски**, дипломиран професор по физика, магистер на физички науки – ***насока: методика на наставата по физика***, досегашен асистент во Заводот за методика на наставата по физика и општа физика на Институтот за физика.

### 1. Биографски податоци

Кандидатот Боце Сречко Митревски, дипломиран професор по физика, магистер на физички науки – насока: методика на наставата по физика, е роден на 20.1.1972 година во село Саса, општина Македонска Каменица. Основно училиште завршил во Македонска Каменица, а средно образование во Кочани. По отслужувањето на воениот рок се запишал на Природно-математичкиот факултет во Скопје, група: физика - наставна насока. Дипломирал во март 1998 година, со среден успех 8,48, со што се стекнал со звање дипломиран професор по физика.

По дипломирањето работел како професор по физика во ДСУ „Љупчо Сантов" во Кочани и во ДСУ „Методи Митевски Брицо" во Делчево и Македонска Каменица. Положил приправнички испит. Потоа, работел во Секторот за криминалистичка техника при МВР, а од 1.10.2002 година работи на Институтот за физика како помлад асистент. Испитите на постдипломските студии ги положил со среден успех 9,12 и на 11.1.2007 година јавно го одбранил својот магистерски труд, изработен под менторство на проф. д-р Љубо А. Петковски, под наслов: „Државни образовни стандарди по природни науки во основното образование во Република Македонија со акцент на образованието по физика" и се здобил со академскиот степен магистер на физички науки – насока:

методика на наставата по физика. Боце Сречко Митревски е прв магистер по методика на наставата по физика на Институтот за физика на ПМФ во Скопје. Во декември 2007 година е избран за асистент на Заводот за методика и општа физика. Во декември 2008 година, Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет-Скопје му ја одобри темата за изработка на докторска дисертација под наслов „Методи и техники на учење и поучување во наставата по физика кои поттикнуваат критичко мислење кај учениците", под менторство на д-р Оливер Зајков.

## 2. Наставно-образовна дејност

Во текот на својата работа, уште додека бил средношколски професор по физика, покрај редовната настава посветувал големо внимание на воннаставните активности по физика со учениците. Секоја година неговите ученици учествувале на регионалните и републичките натпревари по физика, на коишто постигнувале солидни резултати. Како средношколски професор по физика ги бил учесник на семинарите организирани во рамки на Темпус-проектите:
1. „Осовременување на образованието и континуирано образование на професорите по физика" под раководство на проф. д-р Виктор Урумов и
2. „Примена на компјутерите во континуираното образование на професорите по физика", под раководство на проф. д-р Благоја Вељановски.

Како помлад асистент и асистент одржувал аудиториски и лабораториски вежби по предметите механика и молекуларна физика за студентите од прва година на студии по физика и по предметите физика 1 и физика 2, за студентите на двопредметни студии математика-физика. М-р Боце Митревски држел вежби и по предметите: биофизика за стоматолози и општа и радијациона физика за биолози на еколошката насока на Институтот за биологија. Бил ангажиран во организирањето и изведувањето на хоспитациите по предметите методика на наставата по физика за студенти на студии по физика, наставна насока и за студентите на двопредметните студии на групата математика-физика. Освен тоа одржувал лабораториски вежби за студентите од другите факултети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Градежен факултет, Факултет за ветерина, Медицински факултет и др.). Од академската 2009/2010 е асистент по предметите школско експериментирање по физика 1 и школско експериментирање по физика 2 .

## 3. Научноистражувачка дејност

Поле на интерес на кандидатот е методиката на наставата по физика. Од последниот избор за асистент до сега, како автор и коавтор тој има објавено пет труда, од кои четири презентирани на национални и интернационални научни собири.

1. Боце Митревски, "Multimedia approach to teach the concept of energy", Зборник на трудови од XXXVI национална конференција за прашања од областа на образованието по физика на тема „Физика и енергетика", 2008.

Во овој труд авторот ја разработува можноста за поучување на поимот енергија преку мултимедијален пристап. За таа цел ги анализира можностите кои ги нудат две мултимедијални книги/ЦД-а, развиени и произведени во рамките на WESPA-проектот:

а) Energy and its transformation и

б) The conquest of energy

На крајот тој заклучува дека мултимедијалната природа на книгите нуди побогата и поинтерактивна околина за учење од обичните учебници. Со оглед на нивната веб-базираност, тие се погодни и за учење на далечина. Истражувањата покажуваат дека мултимедијалното поучување е поефикасно и го менуваат односот на учениците кон физиката.

2. B. Mitrevski and O. Zajkov, „Henry Coanda and Coanda effect", Macedonian Physics Teacher, **47**, 2007/2008.

Во овој труд е даден осврт на животот на Хенри Коанда и ефектот кој го носи неговото име. Хенри Коанда е релативно непознат во јавноста и покрај тоа што има доста голем придонес во аеронаутиката. Целта на овој труд е да ја пополни оваа празнина. Тој исто така ги соочува Коанда-ефектот и Бернулиевиот закон од хидродинамиката.

3. O. Zajkov, B. Mitrevski, „Quality changes in science education through international projects", Proceedings of the Fourth South-East European Workshop for Hands on Primary Science Education, Belgrade, 2008.

Овој труд ги анализира промените во наставата од групата предмети од природните науки во основното образование низ повеќе проекти кои се занимаваат со наставата по овие предмети и наставата во основното образование воопшто. Новото окружување и брзиот технолошки развој наметнуваат нови потреби воопшто, а особено во образованието. Поради тоа во трудот се укажува на многуте обуки кои ги поминале наставниците од основните училишта, промените во наставните програми, кои се однесуваат како на содржината, така и на методите и техниките на поучување и учење. Сите овие промени иницираат промени и во високото образование во делот на обуката на студентите на наставни студии.

4. Boce Mitrevski, Oliver Zajkov, "Fostering critical thinking through appropriate problems and problem forms", Proceedings of the First International Conference "Talented and Gifted Creators of the Progress-Theory and practice", Part two, 2009.

Овој труд се осврнува на решавањето задачи и проблемски задачи во физиката. Целта е да се интегрираат некои компоненти кои се дел од поучувањето физика во насока на развивање на вештините за критичко мислење. Како извор на податоци се користат резултатите од меѓународните тестирања TIMSS и PISA, задачи, прашања и активности од некои учебници и работни тетратки по физика.

5. Oliver Zajkov, Boce Mitrevski, "Are there enough potential talented students", Proceedings of the First International Conference "Talented and Gifted Creators of the Progress-Theory and practice", Part two, 2009.

Целта на овој труд е низ мерење на разбирањето на механиката помеѓу учениците од средно образование да се „почувствуваат" надарените ученици. За

таа цел е употребен тест со прашања со повеќечлен избор. Тестирани се две генерации ученици. Статистичката анализа и анализата на концентрациониот фактор откриваат статистички сигнификантна разлика помеѓу учениците од двете генерации. Талентираните ученици можат да се откријат во неколкуте проценти ученици кои се со највисок резултат.

**Учество на конференции, семинари и работилници**

1. Boce Mitrevski, "Third South - East European Workshop for Hands on Primary Science Education", Белград, 15-17 октомври 2007.
2. Боце Митревски, "Multimedia approach to teach the concept of energy", XXXVI национална конференција за прашања од областа на образованието по физика на тема „Физика и енергетика", Софија 3-6 април 2008 (усно соопштение).
3. Boce Mitrevski, "7th Conference of the Society of Physicists of Macedonia", Ohrid, September 18-21, 2008.
4. Boce Mitrevski, "Fourth South - East European Workshop for Hands on Primary Science Education", Belgrade, November 27-28, 2008.
5. Boce Mitrevski, "PHYSWARE: A Collaborative Workshop on Low-cost equipment and Appropriate Technologies that Promote Undergraduate Level, Hands-on Physics Education throughout the developing World", Trieste, February 16-27, 2009.
6. Boce Mitrevski, First International Conference "Gifted and Talented Creators of the Progress – Theory and Practice", Ohrid, October 16-17, 2009.

**Обуки за наставници од основно и средно образование**

1. Обучувач во обуката на наставниците по физика во средните училишта за користење на едукативниот софтвер Edubuntu (10.03.2009 – 10.5.2009).
2. Обучувач во Проектот за модернизација на образованието за програмата под наслов „Примена на истражувачки постапки во наставата по предметите природа, природни науки и природни науки и техника", (јануари 2010 – јули 2010).
3. Обучувач во Проектот за модернизација на образованието за програмата „Оценување на знаењата и способностите на учениците со примена на Блумовата таксономија" (јануари 2010 – јули 2010).

**Коавтор на книги и прирачници**

1. Група автори, „Примена на истражувачки постапки во наставата по предметите Природа, Природни науки и Природни науки и техника", Проект за модернизација на образованието, Скопје, 2010.
2. Оливер Зајков, Боце Митревски, PhET (Physics Education Technology), електронски прирачник наменет за наставниците по физика во средните училишта, изработен во рамките на обуката за едукативниот софтвер Edubuntu.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот м-р Боце Митревски во текот на извештајниот период продолжува успешно со изведувањето на наставната дејност, а покажува солидни резултати и во научноистражувачката дејност. Тој има дадено научен придонес во областа на методиката на наставата по физика преку учество со свои трудови на неколку работилници, школи, семинари и научни собири. Посебен придонес има дадено во унапредувањето на наставата во основните и средните училишта, преку обуки наменети за наставници по физика, наставници по предмети од природните науки, како и за наставници од основното образование општо. Во периодот кој следува се очекува од кандидатот да ги продлабочи своите истражувања уште повеќе и во таа насока успешно да ја заврши својата докторска дисертација.

Врз основа на изложеното погоре му предлагаме на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје повторно да го избере м-р Боце Митревски во звањето асистент по предмети од областа на методика на наставата по физика и општа физика на Институтот за физика при Факултетот.

Скопје, јуни 2010

Рецензентска комисија

1. Д-р Оливер Зајков, вонреден професор на ПМФ во Скопје с.р.
2. Д-р Јулијана Велевска, вонреден професор на ПМФ во Скопје с.р.
3. Д-р Маргарета Пецовска-Ѓорѓевиќ, вонреден професор на ПМФ во Скопје с.р.

02-723/1
03-09-/10

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ
# „ДРЖАВНО-ПРАВНА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА VII – XX ВЕК"
# ОД АВТОРОТ
# ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА ПОПОВСКА

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 31.5.2010 година, по предлог на Институтот за правно - историски науки, формира Комисија за оцена на учебникот изработен од **проф. д-р Билјана Поповска,** под наслов **„Државно-правна историја на Македонија, VII – XX век"**, во состав: проф. д-р Владо Поповски и академик проф. д-р Владо Камбовски.

Комисијата во наведениот состав, го прегледа и го оцени подготвениот учебник и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Понудениот учебник под наслов „Државно-правна историја на Македонија, VII – XX век", од проф. д-р Билјана Поповска, е компјутерски изработен труд со големина на букви 12, проред 1.5, кој содржи 285 фусноти, 46 библиографски единици и е напишан на 192 страници.

Тој се состои од четири дела и користена литература, и тоа според следниот редослед:

- **прв дел**: Ран среден век: Словените: Општествените односи пред и во време на населувањето:
- **втор дел**: Класичен феудализам (Македонија од 1018 до 1370 година);
- **трет дел**: Правото во Македонија во средниот век:
- **четврти дел**: Македонија под турска власт (1371 - 1912/13);
- **Користена литература.**

Во содржината на трудот навлегуваме преку историскиот приказ на раниот среден век и навлегувањето на Словените на просторот од Карпатите, низ долината на Висла, сè до Балтичкото Море. Авторката, користејќи се со изворите на Плиние Постариот, Тацит, Птоломеј, Прокопиј Кесариски и Псевдо-Маврикие, како значајни историски белешки ги опишала општествените односи пред и во времето на населувањето на Словените на византиската територија. Во однос на општествената хиерархија, таа го посочила постоењето на родовско-племенските односи во VI и во VII век, кај Словените, при што истакнала дека во нападите на Византија словенските племиња се здружувале во племенски сојузи, меѓутоа тие сојузи имале привремен карактер и не претставувале облик на трајна политичка формација. Понатаму, опишувајќи ги македонските склавинии, авторката напишала: (цит.) ..... Како последица на интензивното населување на Словените на Балканот, во периодот од 80-тите години на VI век па сè до 30-тите години на VII век, била населена и целата територија на Македонија, со исклучок на Солун, овде под територија на Македонија подразбирајќи го подрачјето од Шар Планина и албанските планини до Родопите и од планините Рила и Осогово до реката Бистрица". Понатаму, таа ги опишала и точните локации на кои се населиле Словените. Со тоа, авторката ги објаснила крупните демографски промени кои придонеле за разретчувањето на староседелското население, мислејќи на Македонците, Грците, Илирите и Тракијците. Понатаму таа, ни дала дефиниција на склавиниите, при што ќе констатира дека: (цит.) ..... во историографијата кога се дефинираат склавиниите, воопшто, тие се означуваат како географски подрачја населени со словенско население." Во однос на организацијата на власта, авторката констатирала дека: (цит.) ..... Самиот факт, пак, на настанување на склавиниите како територијални организации говори за натамошното раслојување на родовско-племенските заедници и постепен премин од крвно-сродствени во

територијални заедници во кои основната клетка ја чинела слободната селска општина, се уште, меѓутоа, како заедница на еден или повеќе родови." Во поглавјето под наслов „Борбите на Византија и Бугарите околу власта над македонските Словени", авторката се осврнала на усилбите на византиската империја за покорувањето на Словените и за нивното вклопување во својот државно-правен систем. Во следното поглавје под наслов „Примањето на христијанството од македонските Словени", авторката ќе констатира дека тоа претставувало долготраен процес што се протегал од VII до почетокот на X век. Во однос на развојот на феудалните односи, таа констатирала дека во текот на IX и X век дошло до поинтензивен развој на феудалните односи во Византија, како и во бугарската држава, коишто процеси се одразувале и во Македонија под бугарска, односно византиска власт. Понатаму, авторката го обработила појавувањето на богомилството во Македонија, како и македонската ранофеудална држава. Во однос на правото во раниот среден век, авторката ги обработила неговите извори, со акцент на обичајното право, понатаму пишаното право, пред сè, во заглавјето „Македонија под византиска власт", при што се осврнала на Еклогата, Законот за судење на луѓето, Земјоделскиот закон (Nomos Georgikos) и на Византиското црковно право. Во поглавјето „Македонија под бугарска власт", авторката навела дека во Македонија под бугарска власт, покрај словенското обичајно право се применувале и сите оние пишани извори што претставувале рецепција на византиското право, со оглед на тоа што бугарското феудално право било доста неразвиено. Во однос на правото во Самуиловата држава, авторката констатирала дека: (цит.) ..... во Самуиловата држава се применувале како словенското обичајно право, така и сите оние византиски извори на пишаното право за кои погоре говоревме и кои што биле преведени на старословенски јазик".

Во вториот дел од учебникот, д-р Поповска го обработила Класичниот феудализам или поточно историјата на Македонија во периодот од 1018 до 1370 година. Пред сè, таа се осврнала на државно-правната историја на Македонија под византиска власт (1018-1204), при што констатирала дека периодот на византиското владеење во Македонија бил и време на засилен развој на феудалните односи, кој јасно се изразувал низ распаѓањето на слободната селска општина и растежот на крупниот земјишен посед. Понатаму, авторката се занимавала подетално со Македонија во XIII и првата половина на XIV век, опишувајќи го поминувањето на крстоносците за време на Четвртата крстоносна војна и создавањето

на двете самостојни феудални владенија. Следното заглавје, д-р Поповска го посветила на Македонија во рамките на српската држава како и на изворите на правото во периодот на класичниот феудализам. Во контекст на изворите на правото, авторката се осврнала на законодавството на македонската династија, односно: Прохиронот, Епанагогата, василиките или царските закони, како и номоканоните, и повелбите на византиските владетели. Д-р Поповска исто така ги обработила и изворите на правото коишто се применувале и во Србија, во респективниот период на истражувањето, при што ги обработила повелбите, меѓународните договори, византиските закони и Душановиот законик.

Во третиот дел од учебникот, д-р Поповска го обработила правото во Македонија во средниот век, при што најпрвин се осврнала на сопственоста, понатаму на договорите (Договорот за купопродажба, трампа, закуп, заем, Договорот за подарок и други договори). Понатаму, авторката пишувала за семејното право, наследувањето, казненото право како и за видовите кривични дела и казни според Душановото законодавство.

Во четвртиот дел, авторката го обработила периодот на Македонија под турска власт, од 1371 до 1912/13 година. Во респективниот период на обработка, таа дала детален преглед на историската хронологија од периодот на османското завладување на територијата на поранешната византиска империја. Во прилог на тоа, таа се осврнала на развојот на османското државно уредување и на османскиот феудален систем. Понатаму, авторката го обработила тимарско-спахиското систем и државното уредување, при што констатирала дека: (цит.) „... Турската држава била деспотска монархија со силно теократско обележје, со тоа што по заземањето на Египет и Арабија (1516/17) од страна на Селим I, тој ја земал и титулата калиф, односно заштитник на исламот, при што во рацете на султанот покрај највисоката световна се концентрирала и највисоката духовна власт". Понатаму, таа ги обработила локалната управа и судството, како и воената организација во Османската Империја. Во второто заглавје од четвртиот дел, д-р Поповска го опишала распаѓањето на Српското Царство и создавањето на самостојни феудални држави и кнежества и понатаму се осврнала на административната поделба на Македонија под турска власт. Во заглавјето насловено како „Општествена структура на населението", авторката констатирала дека: (цит.) „... општествено-економската структура на ранофеудалната османлиска држава ја сочинувале следниве општествени слоја: а)

феудалците; б) феудално зависните селани; в) номадско-племенските елементи со антифеудални стремежи; г) аграрните робови како остаток од поранешните општествено-економски односи, чијашто положба сè повеќе се приближувала до положбата на феудално зависните селани." Во заглавјето во кое ја третирала воената организација со оглед на нејзиното пополнување со христијани или со елементи од христијанско потекло, таа потенцирала дека: (цит.) .....Структурата на воената организација на турската држава била резултат на нејзината географска положба и карактеристиките на општествено-економскиот систем, при што како резултат на првото таа ги развила и копнените и поморските воени сили, а како резултат на второто, таа била комбинација на феудални и регуларни-платенички единици, при што била составена од централната војска и провинциските војски, како и од низа помошни воени единици." Понатаму, како автономни и самоуправни установи таа ги обработила Охридската архиепископија и племенската и локалната самоуправа. Во третото поглавје од четвртата глава од учебникот, д-р Поповска се осврнала подетално на периодот на државно-правната историја на Македонија од крајот на XVIII век до 1893 година, при што ги обработила промените во стопанскиот и политичкиот систем во Османската Империја, пред сè, олицетворени во ликот на македонската чаршија и реформите во Турската Империја. Понатаму, авторката пишувала за самоуправните организации во Македонија под турска власт, т.е. за еснафите и за црковните општини. Д-р Поповска, исто така, го обработила и обичајното семејно право (задругата, бракот според обичајното право, личните и имотните односи меѓу сопрузите и меѓу родителите и децата), понатаму обичајното, договорното и наследното право, како и обичајното казнено право и народното судство. Во заглавјето „Македонското народно - ослободително движење до создавањето на ТМОРО", авторката го обработила периодот на Источната криза и Македонија (1875-1880), понатаму револуционерно-ослободителните борби до крајот на Источната криза, уставите на македонското ослободително движење во Источната криза (Уставот на Македонскиот востанички комитет од 1878 година и Уставот за идното државно уредување на Македонија од 1880 година). Последното заглавје од четвртиот дел од учебникот, д-р Поповска го посветила на македонското национално-ослободително движење од крајот на XIX и почетокот на XX век. Во овој дел, таа го обработила создавањето и развојот на Македонската револуционерна организација, т.е. условите за време на основањето на

Организацијата, создавањето на Организацијата и програмските определби - уставите, изградувањето на револуционерната власт на Организацијата, формирањето и задачите на четите како и на организациите и другите револуционерни струи во македонското ослободително движење надвор од Организацијата. Понатаму, таа се осврнала и на влијанието на големите сили и македонското национално-ослободително движење пред Илинден, како и на односот на балканските држави спрема македонското национално-ослободително движење пред Илинден. На крајот, авторката го обработила периодот за време на Илинденското востание, при што констатирала дека: (цит.) ..... Големиот одек на Илинденското востание резултирал и во формирањето на македонски комитети во низа земји кои, покрај тоа што дејствувале на запознавање на пошироката јавност со македонското народноослободително движење, покрај собирањето на средства за помош на македонското население, вршеле и притисок врз европските влади за потребата од реформи во Турската Империја". Д-р Поповска го завршува својот учебник со обработката на Мирцштегската реформна програма и со политичкиот живот во Македонија по Младотурската револуција, со што ја дала и својата завршна оцена на респективниот период кој го обработила дека: (цит.) ..... Иако политиката на младотурците за османизација и централизација на Царството значела големо разочарување за потчинетите народи, сепак таа била далеку од Абдулхамидовиот апсолутизам", но сепак, вели таа .....и покрај сето ова, меѓутоа, тој ги изневерил надежите за преуредување на Царството, од страна на потиснатите народи, што го забрзало избувнувањето на балканските војни."

Во последниот дел од учебникот е даден деталниот преглед на Користената литература, кој се состои од повеќе релевантни библиографски единици од еминентни автори на ова поле.

## Заклучни согледувања и оцена на трудот

Земајќи ги предвид придобивките од понуденото научно четиво, сметаме дека обработката на темата е сериозна, опширна, детална, прецизна и исцрпна во сите клучни аспекти.

Со оглед на погоре изнесените факти, со задоволство го препорачуваме учебникот „Државно-правна историја на Македонија - VII до XX век" од авторката проф. д-р Билјана Поповска, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, да донесе одлука за негово печатење.

24.8.2010.
Скопје

К О М И С И Ј А

Проф. д-р Владо Поповски с.р.

Акад. проф. д-р Владо Камбовски с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ БОЛЕСТИ НА ПТИЦИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08, 103/08 и 26/09), членовите 42 - 53 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања (Универзитетски гласник бр. 138 од 6 јули 2009 година) и член 41 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 115 од 30 март 2009 година), Наставно-научниот совет на Факултетот на својата редовна седница одржана на 3.V 2010 година, донесе одлука бр. 0201-2071/6 од 16.VI 2010 година со која формира Рецензентска комисија за избор во соработничко звање - асистент по предметот болести на птиците, во следниов состав:

1. д-р Иванчо Налетоски - доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје;
2. д-р Методија Додовски - редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во пензија;
3. д-р Дине Митров - вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Комисијата имаше задача да изврши оцена за избор на пријавениот кандидат Александар Додовски во соработничко звање - асистент по предметот болести на птиците, согласно со објавениот конкурс во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 28.V 2010 година.

Врз основа на приложената документација од пријавениот кандидат, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Александар Додовски е роден на 22.VII 1975 година во Скопје. Средно образование завршил во гимназијата „Никола Карев" во Скопје, со одличен успех. На Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје се запишал во учебната 1994/95 година каде што дипломирал на 28. IV 2000 година со среден успех од 9,41, со што се стекнал со називот доктор на ветеринарна медицина (ДВМ). Во текот на додипломските студии, од страна на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" добил Пофалница за најдобар дипломиран студент на Факултетот за ветеринарна медицина во учебната 1999/2000 година. Од Сојузот на студентите при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" добил диплома за студент со највисок среден успех во учебната 1999/2000 година. Како студент бил еден од основачите и активен член на Интернационалната ветеринарна студентска асоцијација - IVSA во Македонија. За време на студирањето, во

рамките на студентската практика престојувал по еден месец во ветеринарни клиники во Мадрид, Шпанија и Гелзенкирхен, Германија. На 31 мај 2007 година успешно ги завршил постдипломските студии и магистрирал на Факултетот за ветеринарна медицина во Белград, Србија, од областа патологија и терапија на животните со магистерски труд под наслов: „Влијание на пероралното давање на зеолит на концетрациите на амонијак, жолчни киселини и уреа во портната и системската крв кај кучињата", со што се стекнал со називот магистер на ветеринарни науки.

Во текот на досегашната професионална кариера остварил повеќе посети и студиски престои во земјата и во странство, како и учествувал на повеќе конгреси и семинари меѓу кои ги издвојуваме следниве:

- едномесечна студиска посета на Факултетот за ветеринарна медицина во Лисабон, Португалија, од 4.VII 2002 до 4.VIII 2002, во рамките на проектот Tempus IMG-2001-FYROM0012;
- едномесечна студиска посета на Ветеринарниот факултет во Единбург, Велика Британија, од 2.IX 2002 до 27.IX 2002;
- Семинар за заразни заболувања кај живината во Охрид, 24 - 25.IV 2003, во рамките на Tempus Project (CD_JEP-15017-2000);
- курс "Environmental Sustainable Development in the Frame of EU Legislation Harmonization", од 6.V 2005 до 10.VI 2005 во Скопје;
- курс "Basics in R&D project management and preparation for competitive proposal for FP6", Скопје, организиран од GTZ, od 1.X 2005 do 1.III 2006;
- работилница организирана од FAO, „Emergency assistance for early detection and prevention of avian influenza in Eastern Europe and Caucasus", Загреб, Хрватска, од 5.III 2006 до 10.III 2006;
- едномесечен меѓународен постдипломски курс "Poultry Management: Nutritional, Physiological and Veterinary Aspects" на Факултетот за земјоделство, храна и животна средина во Реховот, Израел, од 6.XI 2006 до 1.XII 2006;
- научна конференција "Vaccination: a tool for the control of avian influenza", организирана од OIE, FAO, IZSVe и Европската комисија во Верона, Италија, од 20.III 2007 до 22.III 2007;
- обука организирана од FAO „Laboratory Diagnosis of Highly Pathogenic Avian Influenza" во Краљево, Србија, од 27.XI 2007 до 29.XI 2007;
- обука за биолошка безбедност и реакција на епидемии во Македонија за птичји грип, организирана од USAID, од 29.IX 2008 до 8.X 2008 во Охрид и Скопје, Македонија;
- National Integrated Desktop Simulation Exercise for Avian Influenza in Animal and Human Populations, организирана од FAO и USAID во Скопје, Македонија од 17.IX 2009 до 18.IX 2009 во Скопје, Македонија.

За гореспоменатите професионални посети и студиски престои, кандидатот доставил соодветна документација.

ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот Александар Додовски од 2003 година е избран за помлад асистент по предметот зоохигиена со одлука бр. 0202-63/3 од 17.II 2003 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, согласно референтот за избор објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 819 од 15.I 2003 година. Од октомври 2005 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина, го изведува практичниот дел од наставата по предметот болести на живината како помлад асистент. По магистрирањето е избран во соработничко звање асистент по предметот болести на птиците со одлука бр. 0201-8311/4 од 30.XI 2007 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, согласно рефератот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 929 од 1 ноември 2007 година што претставува и негов последен избор во звање.

Во рамките на издавачката дејност учествува во подготовката на текстот на водичот „Водич низ студиите - Информации за студиската програма и условите за студирање" издаден од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

НАУЧНА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот Александар Додовски научно-стручната и апликативната дејност ја извршува во рамките на Ветеринарниот институт при Факултетот за ветеринарна медицина.

Покрај објавувањето на повеќе трудови, кандидатот Александар Додовски е учесник во неколку научни проекти:

- проект финансиран од Европската комисија во рамките на FP6 - програмата со наслов „Upgrading and introduction of sustainable diagnostic tools for the mayor transboundary diseases of animals in Macedonia", со код 043653 и акроним TRANSB_DIS_ANIM_MK, каде што е задолжен за серолошка, молекуларна и вирусолошка дијагностика на авијарната инфлуенца;
- проект „Emergency Assistance for Avian Influenza Preparedness in Republic of Macedonia OSRO/INT/603/USA baby 03", организиран од FAO, а финасиран од USAID, каде што учествува како обучувач на теренските ветеринари и ветеринарните инспектори;
- проект „Training Activities for Non-professionals and People at Risk in the Field of Avian Influenza OSRO/GLO/702/CAN B3 - OSRO/GLO/604/UK", организиран од FAO, каде што учествува како поканет предавач/обучувач.

Неговите останати професионални активности вклучуваат лабораториска дијагностика на заразни болести кај птиците, како и превентива и мониторинг на поголемите живинарски фарми во Македонија. Во рамките на останатите професионални активности, Александар Додовски е член на Работна група за имплементација на ISO 17025 на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и секретар на Македонскиот огранок на Светската ветеринарна живинарска асоцијација

(WVPA). Исто така, кандидатот е еден од авторите на стручниот прирачник „Упатство за земање и испорака примероци", издаден од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

ПОДАТОЦИ ЗА ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ

Досега има објавено повеќе научни и стручни трудови, од кои 8 се веќе рецензирани (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 902 од 1 септември 2006 година; Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 929 од 1 ноември 2007 година), како и следниве трудови:

1. Додовски М., **Додовски А.:** Раширеноста на инфекции со салмонелози и салмонели кај живината, Семинар за заразни заболувања кај живината, Joint European Project № CD_JEP - 15017 – 2000, Охрид 2003.

Во овој труд авторите изнесуваат податоци за раширеноста на салмонелата кај живината во Македонија одгледувана во фармски услови (фарми за родители, инкубаторски станици, фарми за подмладок, фарми за несилки), производи од живина како и од фабрики за производство на добиточна храна. Авторите испитале вкупно 10395 проби, од кои 6758 проби од живина и производи од живина и 3637 од крмива и крмни смески.

Од испитуваните 6758 проби од живина и производи од живина, авторите нашле 490 позитивни проби на салмонела или 7,25%. Од вкупно изолираните салмонели најголем процент е изолиран од комерцијалните несилки 206 (42,04%), комерцијалните пилиња 86 (17,55%) и консумните јајца 68 (13,87%). Авторите направиле преглед и на изолираните серотипови на салмонели од живината и производите од живина при што утврдиле дека најчесто изолирана е Salmonella enteritidis со 315 (64,28%) позитивни проби и Salmonella gallinarum-pullorum со 109 (22,24%), додека остатокот отпаѓа на Salmonella typhimurium и на нетипизирани салмонели.

Од испитуваните 3637 проби од крмива и крмни смески, авторите нашле 60 позитивни проби на салмонела или 1,65%. Од вкупно изолираните салмонели најголем процент е изолиран од рибиното брашно - 37 (61,66%) и крмните смески 21 (35,00%). Авторите направиле преглед и на изолираните серотипови на салмонели од живината и производите од живина при што утврдиле дека најчесто изолирана е Salmonella E група со 33 (55,00%) позитивни проби и Salmonella enteritidis 19 (31,66%), додека остатокот отпаѓа на Salmonella typhimurium и Salmonella gallinarum-pullorum.

Авторите ја испитувале и антимикробната резистентност на изолатите од Salmonella и утврдиле дека тие се најосетливи на амоксиклавот, енрофлоксацинот, флубактинот и на нитрофураните.

На крајот авторите заклучуваат дека салмонелозата и салмонелните инфекции се честа појава кај живината во Република Македонија, живината се заразува со за неа специфични и неспецифични салмонели и предлагаат мерки за нејзина контрола.

2. Додовски М., **Додовски А.:** Атипична чума кај живината, Семинар за заразни заболувања кај живината, Joint European Project № CD_JEP - 15017 – 2000, Охрид 2003.

Во овој ревијален труд авторите ги сублимираат досегашните сознанија за вирусот на атипичната чума кај живината и болеста којашто тој ја предизвикува. Во него авторите обрнуваат внимание на историјатот на болеста, етиологијата со посебен осврт на различните патотипови (соеви) на вирусот, начинот на пренесување на болеста, клиничките симптоми за секој патотип одделно, имунитетот кај приемчивите единки по контакт со вирусот и современите дијагностички методи (директни и индиректни) за негово докажување како и диференцијалната дијагноза. Посебен дел од овој ревијален труд авторите одвојуваат за превентивата на атипичната чума кај живината. Тука се говори за неспецифичната профилакса во инкубаторска станица, комерцијални фарми и при подготовка на храната во фабриките за добиточна храна и за улогата на докторот по ветеринарна медицина во неа. Во делот за специфичната профилакса, авторите детално ги објаснуваат видовите вакцини, начинот на апликација, условите кои го диктираат изборот на вакцината и програмата за вакцинација против оваа болест.

3. Благоевска Катерина, Стојковски Велимир, **Додовски Александар**, Марковска-Гошиќ Божидарка, Проданов Ристо: Активност на некои ензими во серум кај пилиња во првата недела по ведењето во услови на гладување и жеднеење, Македонски ветеринарен преглед 2009 Vol. 32, No. 2, pp. 11-20.

Во трудот авторите го испитувале ензимскиот одговор на пилињата во првата недела по ведењето. Како појдовна точка на авторите во истражувањето е фактот дека при преминот од јајце во надворешна средина, пилињата се подложни на влијание на разни стресогени стимулуси, вклучувајќи го и нивниот транспорт до инкубаторските станици. Тоа наведува на мислење дека важни физиолошки и биохемиски промени се случуваат во организмот на пилето. Затоа авторите своето истражување го насочиле на влијанието на гладувањето и/или жеднеењето, како стрес - фактори, врз севкупниот одоговор на пилињата, со посебен акцент на серумската ензимска активност. За таа цел ја одредувале активноста во серумот на следниве ензими: аланин аминотрансфераза, аспартат аминотрансфераза, креатин фосфокиназа, лактат дехидрогеназа, алакална фосфатаза и гама - глутамилтрансфераза. Од истражувањето авторите заклучиле дека гладувањето и/или жеднеењето ја нарушуваат хомеостазата во организмот на пилињата, со што се предизвикувааат промени на општата здравствена состојба, што се потврдува и со промените во биохемиските и хематолошките параметри на крвта, како и со патоанатомските и патохистолошките наоди па одделни органски системи. Бидејќи тие се интрацелуларни ензими, нивна зголемена активност во серумот би значела нарушување во функцијата на одредени клетки и ткива, што може да се користи во дијагностика на нарушувања врзани за органскиот систем во кој се наоѓаат споменатите ензими.

4. **Додовски А.,** Стефановска Ј.: Инфекција со Capillaria spp кај кафезно одгледувани пауни (Pavus cristatus) - приказ на случај, Македонски ветеринарен преглед 2009 Vol. 32, No. 2, pp. 69-72.

Во овој труд авторите изнесуваат случај на инфекција со Capillaria spp кај кафезно одгледувани пауни (Pavus cristatus). Пауните претходно боледувале 3-4 месеци со клинички знаци на бел пролив, исцрпеност, повремена апатија, но со зачуван апетит. Пауните биле третирани неколку пати со антибиотици, но без успех. По спроведените клинички и лабораториски испитувања (бактериолошко и паразитолошко), авторите утврдиле масовна инфестација на јајца со Capillaria spp во фецесот на пауните. По терапијата со levamisole, авторите воочиле подобрување на здравствената состојба и заклучуваат дека при масовни инфестации терапијата може да се повтори без да се забележат несакани странични ефекти. За целосно искоренување на инвазионото заболување во екстензивни услови потребна е примена на дополнителни биосигурносни мерки. Авторите наведуваат дека ова е прв објавен случај на изолација на Capillaria spp кај пауни во Република Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од приложените документи, пријавениот кандидат, според општиот успех, досегашната активност во наведените дејности и постигнатите достигнувања ги исполнува сите услови за избор во соработничкото звање асистент. Покрај општите услови, кандидатот Александар Додовски како студент е наградуван повеќепати, остварил значајни посети во странство поврзани со темите на изучување на предметот за којшто се избира, има објавено повеќе трудови на меѓународни собири и во научни списанија од областа на патологијата на птиците, учествува во проекти од истата област, членува во меѓународна живинарска асоцијација, секојдневно е вклучен во лабораториска дијагностика на болести кај птиците и е вклучен во работата на повеќе работните тела на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Од изнесеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје да му предложи, кандидатот Александар Додовски да биде избран во соработничкото звање асистент по предметот болести на птиците.

Рецензентска комисија

1. Доц. д-р Иванчо Налетоски, с.р.
Факултет за ветеринарна медицина - Скопје

2. Проф. д-р Методија Додовски, с.р.
Факултет за ветеринарна медицина - Скопје

3. Проф. д-р Дине Митров, с.р.
Факултет за ветеринарна медицина - Скопје

13-18

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

На ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **„ВЛИЈАНИЕТО НА РОДОТ ВРЗ ЕФИКАСНОСТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ СО МЕТАДОН"** ОД Д-Р **ЛИЛЈАНА ИГЊАТОВА**, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата VI редовна седница одржана на 25. 5. 2010 година, а по предлог на Научниот одбор определи Комисија за оцена на поднесената докторска дисертација на ас. д-р Лилјана Игњатова, лекар-специјалист психијатар во Психијатриската болница „Скопје", Скопје, во состав:

1. проф. д-р Весна Геразова
2. проф. д-р Викторија Вујовиќ
3. проф. д-р Цветанка Божиновска

По разгледувањето на приложениот труд, Рецензентската комисија го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Доставената докторска дисертација е самостоен труд на д-р Лилјана Игњатова од областа на психијатријата, поточно од областа на зависности од дрога. Трудот е напишан на 220 страници и е поделен на 8 одделни поглавја и додаток. Поглавјата се состојат од: Вовед, Мотив за изработка на дисертацијата, Цели на докторската дисертација, Хипотези, Материјал и методи, Резултати и дискусија, Заклучок и Литература.

Докторската дисертација е изработена во Републичкиот центарот за превенција и третман на злоупотреба на дроги и други психоактивни супстанции при Психијатриската болница „Скопје". Таа претставува синтеза на двете области со кои кандидатката се занимава во текот на својата долгогодишна работа: истражувањето на родовите разлики и растројствата предизвикани од злоупотреба на дрога.

Во **уводниот** дел презентирани се епидемиолошки факти за употребата и зависноста од дрога и родовите прашања поврзани со употребата на дрога. Во анализата на родовите прашања поврзани со употребата на дрога опфатени се бројни гледишта и досегашни сознанија. Посебно се разработени родовите разлики во однос на: социоекономските карактеристики; начинот на употреба на дрога; семејството и историјата на злоупотрбување; криминалната историја; менталното здравје и одговорот од третманот. Како мотив за изработка на ова истражување наведени се: потребата од релевантни докази за присуство на родови разлики помеѓу лицата кои се на третман со метадонско одржување; разбирањето на овие разлики од причина што тие се можни ризик-фактори за сиромашен

одговор од третман и разбирањето на неопходноста од развој на специјализирани програми за третман на злоупотреба на droги за различниот род.

**Предмет** на ова истражување се родовите разлики и нивното влијание врз ефикасноста на третманот.

**Целите** на ова истражување се јасно дефинирани и релевантни за областа: утврдување на родовите разлики кај лица со синдром на опијатна зависност кои се во родово мешана програма за метадонско одржување (родови разлики во демографските карактеристики, телесното здравје, социјалните карактеристики, психолошките карактеристики, историјата на употреба на дрога, некои карактеристики на лекувањето) и утврдување на поврзаноста на родот со ефикасноста на програмата за метадонско одржување.

За остварување на целите на истражувањето, кадидатката користела **проспективна** студија. Образложувајќи ги **материјалот и методот** на истражувањето, таа го презентира примерокот кој го сочинуваат вкупно 91 испитаник. Со намерен избор и независна варијабла за вклучување - род (машки, односно женски), формирани се две испитувани групи: една составена од 60 пациенти од машки род и друга составена од 31 пациентка од женски род, сите со дијагноза- растројство во обноските предизвикано од злоупотреба на опијати, според МКБ 10, кои се јавиле на третман во родово мешаната метадонска програма во Центарот за превенција и лекување на злоупотреба на дрога и други психоактивни супстанции при Психијатриската болница „Скопје".

Евалуацијата на испитаниците е изведена со користење на индекс на јачина на зависноста (Addiction Severity Index - АСИ) - мултидимензионален дијагностички инструмент, структурирано интервју со кое се собираат податоци од седум подрачја: телесно здравје, работен статус, употреба на алкохол и дрога, криминализираност, семејни, социјални и психијатриски проблеми (во секое подрачје се добиваат информации за бројот, траењето и за интензитетот на проблемите што се јавуваат во текот на животот, и во последните 30 дена); психолошки тест за структура на личноста (ММПИ); како и нестандардизиран прашалник дизајниран за потребите на ова истражување за социодемографски податоци, податоци поврзани со историјата на употреба на дроги и со лекувањето. Проспективно следење за ефикасноста на третманот е реализирано со отворање на посебно досие за секој испитаник каде што се нотирани сите податоци од направените прегледи и анализи (телесните прегледи за присуство на свежи промени на кожата од инјектирање на супстанција, рапортите од страна на пациентот за употреба на супстанција, рапортите за употреба на супстанција од страна на член од семејството кој е вклучен во третманот, доколку има таков, анализите на урина за употреба на супстанции и опсервациите врз пациентот од најмалку 3 часа после супервизирано пиење на метадонската доза за одржување).

Како мерка за ефикасноста на третманот користена е апстиненција, односно злоупотреба на дроги и/или други психоактивни супстанции во периодот на проспективното следење од последователни 6 месеци.

Од дескриптивната статистика користени се: фреквенција, проценти, аритметичка средина (средна вредност), стандардна девијација, стандардна грешка, вкрстување (кростабулации). За тестирање на нултата хипотеза и донесување валидни заклучоци, користени се: Студентов Т- тест за 2 големи неврзани примерока, Mann-Vitni U-тест на инверзија, Difference between two proportions, $x^2$ -тест како таблица на контигенца и како тест на слагање, Fisher exact, two tailed, Kolmogorov-Smirnov тест D, непараметриска корелација по Spirman, Wald-Wolfowitz Runs тест Z.
**Резултатите** до кои дошола д-р Игњатова во ова истражување укажуваат дека постои разлика во бројот на пациентите од различен род во родово мешаната метадонска програма за одржување, односно дека бројот на пациенти од женски род во метадонската програма за одржување е далеку помал од бројот на пациентите од машки род. Понатаму во своето истражување д-р Игњатова укажува дека постојат родови разлики во однос на националната и религиска припадност, односно дека во метадонската програма нема Албанки, ни муслиманки, а таа националност и религиска припадност е присутна кај испитаниците од машки род. Таа ја нагласува потребата од разгледување на можноста за надминување на бариерите во постојните програми за третман на женски зависнички генерално, како и на женски зависнички од албанска националност и муслиманска религиска припадност, односно нивно привлекување во тераписките програми во поголем број. Резултатите до кои дошла кандидатката укажуваат дека не постојат родови разлики во однос на телесното здравје, но дека постојат родови разлики во одредени социјални карактеристики на пациентите во метадонската програма за одржување, односно дека женските, и покрај тоа што почесто од машките имаат специфична квалификација за дадена професија, помалку се вработени кога станува збор за повремена работа. Резултатите за поседување возачка дозвола, поседување кола, извор на финансирање од повремена работа како показател за социоекономски статус исто така укажуваат дека тој е значително понизок кај испитаниците од женски род.
Во своето истражување, д-р Игњатова упатува и на родови разлики во историјата на употреба на дрога, односно укажува дека жените имаат значајно пократок стаж на користење хероин како и на инјектирање пред вклучување во третман во однос на мажите и подолготрајни апстиненции после детоксикација. Таа истакнува дека ваквите родови разлики во корист на женскиот род треба да се искористат за постигнување на подобар одговор од третманот. Ова истражување потврдува родови разлики и во криминалната историја, односно помал број кривични дела кај женските генерално, помал број и на потешки кривични дела, како и помал број и поретко осудувани женски зависнички. Во однос на делото „управување со моторно возило под дејство на психоактивна супстанција", поголем број жени биле обвинети иако мал дел од нив поседуваат возачка дозвола. Во истражувањето на кандидатката иако се добиени резултати дека значајно поголем број на испитанички од испитаници нуделе сексуална услуга за пари или дрога, прекршочни пријави заради проституција нема.

Истражувањето упатува и на родови разлики во семејно/социјалниот статус кај пациентите, односно на поголем број на роднини со зависност или психички проблеми во семејството на женските, како и на тоа дека психичките проблеми и двојната дијагноза се позастапени во семејствата на женските, а зависноста од алкохол и дрога во семејствата на машките испитаници. Резулатите кои таа ги добила укажуваат и на тоа дека браќата/сестрите на женските зависници од дрога, исто така имаат значајно повеќе психички проблеми, а на машките зависници значајно повеќе зависност од дрога. Во истражувањето кандидатката соопштува и за поголема застапеност на женски кои потекнуваат од некомплетно семејство, поголема застапеност на мажени, разведени и разделени испитанички, кои почесто живеат со партнер-зависник, со партнер и деца или само со деца, за разлика од мажите кои почесто живеат со родителите. Исто така, таа во резултатите соопштува дека женските испитаници имаат помал број на блиски пријатели, а имаат проблеми со поголем број лица од опкружувањето и повеќе семејни конфликти за разлика од мажите кои имаат поголем број пријатели, а имаат проблеми со помал број лица од опкружувањето и конфликти со лица надвор од семејството. Кандидатката соопштува и за родови разлики и во однос на емоционалното, физичкото и сексуалното злоупотребување од страна на лица од блиската околина кои се поприсутни помеѓу женските испитаници.
Испитувајќи ги родовите разлики во менталното здравје кај пациентите во метадонската програма за одржување, д-р Лилјана Игњатова добила резултати дека женските испитаници се повеќе депресивни, анксиозни, имале повеќе суицидални идеи и повеќе проблеми со контрола на насилничко однесување од машките испитаници.
Анализирајќи го ММПИ профилот на личноста на испитаниците, таа укажува дека жените-зависнички не поднесуваат ограничувања и најголемиот дел од нив имаат историја на полоша приспособливост на општествените ограничувања и очекувања. Кај нив подеднакво се присутни и депресивни и манични карактеристики, што зборува за побрза и полесна промена во емоционалното доживување и изразување, како и за одбрана од депресивните состојби преку манични одбрани. За разлика од нив, за машките испитаници укажува дека имаат потреба да се прикажат во подобра светлина, дека покажуваат карактеристики на контрола и воздржаност заради потреба да покажат разумно ниво на согласност со општествените норми со цел да ги прикријат независноста, неконформизмот и тешкотиите кои ги имаат со општествените ограничувања и очекувања и дека имаат помалку флуктуирачко емоционално доживување и изразување и не ги користат маничните одбрани од депресивните состојби.
Кандидатката во своето истражување не нашла родова разлика во однос на возраста на лекување и некои карактеристики на третманот, па потенцира дека овие обележја немаат влијание врз ефикасноста на метадонската програма за одржување.
Таа соопштува резултати за родова разлика во одговорот од третманот со метадонско одржување во однос на супстанцијата која се употребува и нагласува дека женските испитаници употребуваат повеќе илегална дрога-хероин, за разлика од машките кои употребувале повеќе комбинации на различни дроги и комбинации на легални психоактивни супстанции за време на третманот, како

резултат на поголемата достапност на илегалниот хероин за женските испитаници.
На крајот кандидатката ја нагласува потребата од посебен третман за лицата зависни од дрога од женски род кои претставуваат посебна ранлива група, на кои им се потребни различни третмански стилови и специјализирани, специфични за родот, сервиси кои ќе посветат соодветно внимание на спецификите и родовите разлики, и ќе понудат адекватен одговор и психосоцијална поддршка за оваа популација. Таа ја потенцира потребата за адаптација на постојните третмани, според родовите специфики за да можат да одговорат на специфичните потреби на женските зависници, со што ќе се постигне целта на индивидуална интервенција која најдобро ги пресретнува потребите на секој пациент. Понатаму наведува дека програмите за лекување на зависност во кои има женски корисници треба да ги препознаваат бројните проблеми на женските, како што се искуството на емоционална, физичка и сексуална злоупотреба, родителството и козависноста. Таа смета дека овие програми треба да обрнат внимание и на релациите, особено на релацијата со партнерот, затоа што развојот и созревањето на жените според моделот на релации е поврзан и зависи од релацијата со партнерот. Постојните програми треба да се адаптираат така што ќе обезбедат поддршка, градење на вештини и јакнење на женските зависнички.

**Литературата** содржи 117 библиографски одредници од областа на истражувањата на родовите разлики помеѓу лицата кои злоупотребуваат дроги кои се главно од последната декада, мошне рецентни и релевантни за ова истражување и за дискусијата врзана за резултатите и нивната споредба со наодите во литературата.

## З А К Л У Ч О К

1. Приложената докторска дисертација **„Влијанието на родот врз ефикасноста на програмата за одржување со метадон"**, од д-р Лилјана Игњатова, асистент по предметот психијатрија на Катедрата за психијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје, претставува самостоен научен труд на авторката, која обработува интересна и актуелна тема од областа на психијатријата, поточно од областа на зависностите од дрога. Ваквата студија претставува научен придонес во истражувањето на родовите разлики и нивната поврзаност со исходот од третманот. Кандидатката ја потенцира важноста на релевантните докази за присуство на родови разлики помеѓу лицата кои се на третман со метадонско одржување и упатува дека овие разлики укажуваат на неопходноста од развој на специјализирани програми за третман на злоупотреба на дроги за различниот род, односно на неопходноста за приближување до индивидуален пристап и третман.

2. Докторатот е коректно изработен, во согласност со стандардите за научноистражувачка работа. Елаборацијата на податоците е извршена со стандардни статистички процедури и програми.

3. Добиените резултати во студијата, што кандидатката ја извршила во Републичкиот центар за превенција и третман на злоупотреба на дрога и други психоактивни супстанции при Психијатриската болница „Скопје" во Скопје, ги оправдуваат претпоставените цели и работните хипотези на дисертацијата и ја потврдуваат потребата од вакви истражувања во унапредувањето на третманот, приближување до индивидуален пристап кој ги пресретнува потребите на лицата зависни од дрога од различен род.

Врз основа на погоре изнесената анализа и оцена, Комисијата е на мислење дека се исполнети условите за позитивна рецензија на докторската дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати и да одобри продолжување на постапката за јавна одбрана на докторската дисертација.

**Рецензентска комисија**

1. **Проф. д-р Весна Геразова** **с.р.**

2. **Проф. д-р Викторија Вујовиќ** **с.р.**

3. **Проф. д-р Цветанка Божиновска** **с.р.**

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Трајче Ристов | Локална даночна постапка во Република Македонија | Доц.д-р Александра Максимовска Велјановски |
| Катерина Мурцева | Правна рамка на локални комунални такси во Република Македонија | Доц.д-р Александра Максимовска Велјановски |
| Синиша Радески | Извршување на недвижности заради наплата на парично побарување | Проф.д-р Арсен Јаневски |
| Соња Папулоска | Приговор поради неправилности во извршувањето | Проф.д-р Арсен Јаневски |
| Ирена Степаноска | Наследно-правната положба на брачниот другар во македонското и компаративното право | Проф.д-р Дејан Мицковиќ |
| Адријана Пешовска | Заштита на потрошувачот при договорите за лизинг во правото на Република Македонија и компаративното право | Проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска |
| Мимоза Кировска | Општи услови на договорите од областа на туризмот во Република Македонија | Проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска |
| Јакимовски Јане | Договор за лиценца во домашното и меѓународното право | Проф.д-р Горан Коевски |
| Андоновска Ивана | Улогата на меницата како финансиски инструмент во домашниот и во меѓународниот промет на стоки и услуги | Проф.д-р Горан Коевски |
| Митревска Деспина | Правна регулација на катастарот | Проф.д-р Димитар Гелев |
| Горан Ќупов | Директива на заеднички систем на оданочување применлив во случајот на матични компании и | Проф.д-р Весна Пендовска |

| | | |
|---|---|---|
| | **подружнициод различни земји членки на Европската унија** | |
| **Пеце Ристевски** | **Локални даноци во домашното право на Европската унија** | **Доц.д-р Александра Максимовска Вељановски** |

Д Е К А Н

Проф.д-р Борче Давитковски

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Силвана Бержецка | Лишување од слобода-апсење | Д-р Г.Калајџиев |
| Маја Јовановиќ | Заштита на личните податоци како нова управна дејност во РМ | Д-р А.Павловска Данева |
| Маја Дамјановска | Злоупотреба на платежна картичка | Д-р Н.Тупанчески |
| Мери Тодоровска | Казнената конвенција за корупција и нејзините импликации врз македонското казнено законодавство | Д-р Н.Тупанчески |
| Мартина Димовска | Привилегирани убиства | Д-р М.Каневчев |
| Славица Иванова | Дисциплинска одговорност на осудените лица | Д-р М.Каневчев |
| Горан Петковски | Работата како облик на третман | Д-р М.Каневчев |
| Огнен Ристовски | Казнено-правен третман на малолетници | Д-р М.Каневчев |
| Кире Спасовски | Воени злосторства | Д-р М.Каневчев |
| Денис Младеновски | Мерки на безбедност | Д-р М.Каневчев |
| Милица Хасану | Илегална трговија со културно наследство | Д-р Н.Тупанчески |
| Кире Ризов | Шпионажа | Д-р Н.Тупанчески |
| Иво Почевски | Амнестија и помилување | Д-р Н.Тупанчески |
| Елена Тортевска | Хашкиот трибунал за поранешна Југославија | Д-р Н.Тупанчески |
| Марјан Кицев | Јавниот ред и мир-кривично-правни и прекршочни аспекти | Д-р Н.Тупанчески |
| Вангел Доковски | Избрана меѓународна судска надлежност (prorogatio iurisdictionis) | Д-р Т.Дескоски |
| Драган Тодоровски | Јавна дипломатија: Градење на имиџ во странска јавност | Д-р Д.Малески |
| Митко Чавков | Криминалистичкото разузнавање во борбата против организираниот криминалитет | Д-р В.Камбовски |
| | | |

**ПРЕГЛЕД**

на одобрени теми за изработка на **докторски дисертации на Економскиот факултет-Скопје** на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| М-р Маја Павловиќ | "Вредноста на корпоративното управување и заканата за корпоративната репутација" | проф.д-р Бобек Шуклев<br>проф.д-р Љубомир Дракулевски<br>проф.д-р Сашо Арсов |
| | | |
| М-р Надица Ивановска | "Вреднување на хартиите од вредност со примена на техниките засновани на дисконтирање на готовинските текови" | проф.д-р Сашо Арсов<br>проф.д-р Владимир Филиповски<br>проф.д-р Методија Несторовски |
| М-р Марина Мијоска | "Е-бизнис системи за процесна организациска трансформација и конкурентност на претпријатијата" | проф.д-р Бобек Шуклев<br>проф.д-р Сашо Јосимовски<br>проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| М-р Маја Шуклева Камчева | "Оценување на корпоративното управување и организациските перформанси" | проф. д-р Љубомир Дракулевски<br>проф. д-р Сашо Арсов<br>проф. д-р Горан Коевски |
| М-р Билјана Цветановска | "Промотивни активности и нивно влијание во малопродажните канали" | проф.д-р Нада Секуловска<br>проф.д-р Снежана Ристевска Јовановска<br>доц.д-р Митре Стојановски |
| М-р Филип Ивановски | "Физичкото позиционирање на производот во малопродажните објекти и неговото влијание врз продажбата и профитабилноста" | проф.д-р Нада Секуловска<br>проф.д-р Бобек Шуклев<br>проф.д-р Снежана Ристевска Јовановска |
| | | |
| М-р Игор Давков | "Интерни модели на кредитен ризик" | проф.д-р Љубе Трпески<br>проф.д-р Михаил Петковски<br>доц.д-р Горан Петревски |

| | | |
|---|---|---|
| М-р Весна Јованова Симева | ”Влијанието на менаџментот врз успехот на спортските клубови и федерации” | проф.д-р Љубомир Дракулевски<br>проф.д-р Бобек Шуклев<br>проф.д-р Димитар Бојаџиоски |
| М-р Љупчо Ефтимов | ”Примена на Balanced Scorecard системот за управување на организациските перформанси на високото образование во Р.Македонија” | проф.д-р Димитар Бојаџиоски<br>проф.д-р Олгица Блажеска<br>проф.д-р Бобек Шуклев |
| М-р Агим Мамути | ”Единствената монетарна политика на Европската унија и нејзината имплементација” | проф.д-р Љубе Трпески<br>проф.д-р Михаил Петковски<br>доц.д-р Горан Петревски |
| М-р Елена Маничевска | ”Европската монетарна унија, импликации и консеквенции на процесот на проширување и случајот на Република Македонија” | проф.д-р Наталија Николовска<br>проф.д-р Михаил Петковски<br>проф.д-р Љубица Костовска |
| М-р Елизабета Џамбаска | ”Економските ефекти на фискалната политика” | проф.д-р Живко Атанасовски<br>проф.д-р Михаил Петковски<br>доц.д-р Горан Петревски |
| М-р Зоран Сандев | ”Воведување на е-бизнис за зголемување на конкурентноста на малите и средните претпријатија во Република Македонија” | проф.д-р Сашо Јосимовски<br>проф.д-р Бобек Шуклев<br>проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| [illegible] | [illegible] ...ија” | [illegible] |
| М-р Смилка Јанеска Саркањац | ”Стратегиски модели на е-управување” | проф.д-р Љубомир Дракулевски<br>проф.д-р Бобек Шуклев<br>проф.д-р Сашо Јосимовски |
| М-р Снежана Какуринова | ”Ширење на претприемничката култура во Република Македонија како значаен фактор за прилагодување на земјата кон европските стандарди” | акад.проф.д-р Таки Фити<br>проф.д-р Димитар Бојаџиоски<br>проф.д-р Бобек Шуклев |
| М-р Горан Голубовски | ”Социјалното претприемништво како модел за одржливи социо-економски промени” | акад.проф.д-р Таки Фити<br>проф.д-р Бобек Шуклев<br>проф.д-р Димитар Бојаџиоски |

| | | |
|---|---|---|
| М-р Марија Мерџановска | "Влијанието на технологијата врз стратегијата на претпријатијата за дистрибуција на електрична енергија" | проф.д-р Љубомир Дракулевски<br>проф.д-р Бобек Шуклев<br>проф.д-р Златка Поповска |
| М-р Андријана Богдановска Ѓуровиќ | "Управување со знаење и градење на одржлива конкурентска предност на компаниите" | проф.д-р Љубомир Дракулевски<br>проф.д-р Бобек Шуклев<br>проф.д-р Владимир Петковски |
| М-р Ева Ржарова | "Автомобилската индустрија во светската економија-стратегиски аспекти" | проф.д-р Ирена Кикеркова<br>проф.д-р Љубомир Дракулевски<br>проф.д-р Бобек Шуклев |
| М-р Марина Серафимоска | "Сметководствени аспекти на современите системи за мерење на резултатите од работењето: концепти, проблеми и предизвици" | проф.д-р Блажо Недев<br>проф.д-р Зорица Б.Лазаревска<br>проф.д-р Зоран Миовски |
| М-р Ана Виновска Кочева | "Стиловите на лидерство во различни културни услови" | проф.д-р Љубомир Дракулевски<br>проф.д-р Бобек Шуклев<br>проф.д-р Димитар Бојаџиоски |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО „ПРЕВЕНТИВНА НА ОРАЛНИТЕ ЗАБОЛУВАЊА" ОД МИРА ЈАНКУЛОВСКА, ЕЛИЗАБЕТА ГЕОРГИЕВСКА И МАЈА ПОП-СТЕФАНОВА ТРПКОВА

Учебното помагало „Превентива на оралните заболувања" од Мира Јанкуловска, Елизабета Ѓоргиевска и Маја Поп-Стефанова Трпкова содржи три поглавја.

Воведното поглавје започнува со опис на обидите на луѓето низ историјата да ја превенираат појавата на оралните заболувања и да ги осознаат нивните причинители, а особен осврт е посветен на современата превентивна стоматологија која го опфаќа изучувањето и примената на сите биолошки, технолошки и организациони услови за спречување на развојот и напредувањето на заболувањата на сите органи во оралниот медиум.

Тука е промовирано начелото на СЗО и примената на програмите за превенирањето на денталниот кариес, пародонталното заболување, малигните заболувања на меките ткива во оралниот медиум, повредите на забите и вилиците, малоклузиите и нарушувањата на функцијата на темпоромандибуларниот зглоб, кај сите популациони групи, како и превенирањето на професионалните заболувања кај забните техничари.

Здравственото воспитување како сестрана и систематска дејност на сите општествени чинители во која се ангажираат посебно здравствените, воспитно-образовните и општествените организации, средствата за јавно информирање и граѓаните, исто така е обработено со посебен осврт на неговите стратешки цели, методи и средства.

Во второто поглавје, авторите говорат за превентивната стоматологија во почетокот на новиот милениум, која обезбедува унапредување и зачувување на денталното и воопшто оралното здравје, како и подобрување на квалитетот на животот, интегрирајќи ги во себе современите научни сознанија за етиопатогенезата на оралните заболувања, примената на адекватни методи и мерки за промовирање на денталното и оралното здравје и новите пристапи во раното

дијагностицирање на ризикот за развој на денталниот кариес, пародонтопатијата, ортодонтските неправилности, малигнитетите и други заболувања во орофацијалната регија.

Последното поглавје говори за професионалните заболувања кај забните техничари, примената на заштитни мерки, индивидуални и заеднички, како и значењето на професионалната, трудова медицина во превенцијата на нивното појавување.

Содржината и методските единици на учебното помагало „Превентива на оралните заболувања" од Мира Јанкуловска, Елизабета Ѓоргиевска и Маја Поп-Стефанова Трпкова се во согласност со наставната програма на Високата школа за стручни забни техничари по предметот превентива на оралните заболувања.

Рецензенти:

Проф. д-р Снежана Ињовска, *dr sci* с.р.

______________________________

Проф. д-р Марија Накова, *dr sci* с.р.

______________________________

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ОРТОДОНЦИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 9-та редовна седница одржана на 16.6.2010 година, на предлог на Кадровиот одбор, а во врска со распишаниот конкурс за избор на еден асистент по група предмети од областа ортодонција на Катедрата за ортодонција, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на асистент по предметот ортодонција, во состав: проф. д-р Марија Зужелова, проф. д-р Јулијана Ѓоргова и доц. д-р Мира Јанкуловска.

На конкурсот објавен во весникот „Вечер" од 2.6.2010 година се пријавија: насл. доц. д-р Маја Поп Стефанова-Трпоска др.сци., ас.д-р Цветанка Мишевска, ас.д-р Марија Манева и д-р Александра Подолешова.
Врз основа на пријавената и поднесена документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

**Насл. доц. д-р Маја Поп Стефанова-Трпоска** е родена во Скопје на 10.XII 1962 година, каде што ги завршила основното училиште и средното образование со одличен успех. На Стоматолошкиот факултет се запишала во учебната 1981/82 година, а дипломирала на 23.IX 1986 со среден успех 9,87. Како најдобар дипломиран студент на генерацијата во учебната 1986/87 година била наградена и добила пофалница од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", како и признание од Сојузот на здруженијата на лекарите на Македонија. По повод 40-годишнината од основањето на Универзитетот, доделена и е Повелба, во знак на признание за завршувањето на Стоматолошкиот факултет со највисок среден успех меѓу двата јубилеја на Универзитетот. Има добиено и Пофалница од Стоматолошкиот факултет по повод 30-годишнината од основањето на Факултетот, во знак на признание за успешна работа и придонес во извршувањето на задачите, а исто така и Благодарница во 1999 година по повод 40 години од основањето на Стоматолошкиот факултет. По повод Светскиот ден на здравјето, добитник е на Диплома во 1995 година и Благодарница во 1996 година од Македонското лекарско друштво. За време на студиите била активен член и претседател на Клубот за научноистражувачка дејност „Стомаско".

Во текот на студиите се занимавала и со научноистражувачка работа, изработувајќи 3 труда. Во учебната 1986/87 година се запишала на постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје по предметот ортодонција, а во декември 1992 година го одбранила магистерскиот труд под наслов „Гнатометриски карактеристики на нормалната оклузија кај македонското население".

Во јуни 1989 година се вработила на Клиниката за ортодонција при Стоматолошките клиники како клинички лекар, каде што работи и сега како насловен доцент. По завршувањето на задолжителниот едногодишен лекарски стаж, во јули 1990 година го положила стручниот испит пред испитна комисија на Здравствениот дом во Скопје. Специјализацијата по предметот ортодонција, започната во јули 1991 година, ја завршила со полагање на специјалистичкиот испит на 28.IV 1994 година. На 17.III 1995 година била избрана во звањето асистент по предметот ортодонција, а преизбрана е во декември 1998 и во мај 2003 година. Во јуни 1996 година ја пријавила докторската дисертација под наслов „Цервикалните прешлени како индикатори за одредување на мандибуларниот раст" која ја одбранила во јули 2000 година.

Во ноември 2003 година престојувала на Одделот за ортодонција на Универзитетот во Атина, Грција, каде што ги посетувала сите теоретски и практични часови од студентската и постдипломската настава.

Во звањето асистент по трет пат била преизбрана на 14.5.2003 година, а за научен соработник била избрана во јуни 2004 година. Во септември 2008 година, избрана е во звањето насловен доцент.

Како научен соработник, а и како насловен доцент на Клиниката за ортодонција, вклучена е во секојдневната рутинска работа, учествува во одржување на студентските вежби и предавањата за студентите на високите школи за сестри и забни техничари и во изработката на научни и стручни трудови.

Исто така, учествувала и на повеќе домашни и странски конгреси, симпозиуми и курсеви: 9. Конгрес на Балканското стоматолошко друштво, 81. и 82. Европски ортодонтски конгрес, 4. Конгрес на стоматолозите од Македонија, курсеви од Дентаурум за Strait arch technique I и II и Mini screws as absolute anchorage in orthodontics, активно и пасивно учество на постедукативните курсеви од Здружението на специјалисти по ортодонција, курсевите од д-р Милачиќ за Strait Wire Appliance I и II, курс од Moschos Papadopoulos за примена на non-compliance апарати во ортодонтскиот третман на малоклузиите во II класа, семинари и симпозиуми за континуирано образование од Стоматолошкиот факултет и Македонското стоматолошко друштво. Како член на редакцискиот одбор на Стоматолошката ревија - информативно гласило на Стоматолошкиот факултет, ги изготвува статиите од областа на ортодонцијата.

Активно се служи со англискиот, а пасивно со германскиот и грчкиот јазик.

Како автор и коавтор има објавено 49 стручни и научни трудови и една книга за морфолошките карактеристики на ТМЗ и мастикаторните мускули.

Досега објавените трудови на ас. д-р Маја Поп Стефанова-Трпоска се рецензирани: трудовите од реден број 1 до реден број 4 се рецензирани во Билтенот бр. 581 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 1992 година, трудовите од реден број 5 до реден број 11 се рецензирани во Билтенот бр. 630 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 1994 година, трудовите од реден број 12 до реден број 19 се рецензирани во Билтенот бр. 710 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 1998 година, трудовите од реден број 20 до реден број 29 се рецензирани во Билтенот бр. 826 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2003 година, трудовите од реден број 30 до реден број 34 се рецензирани во Билтенот бр. 850 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2004 година, а трудовите од реден број 35 до реден број 44 се рецензирани во Билтенот бр. 945 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во јули 2008 година.

Трудови за рецензија:

45. Curcieva-Cuckova G, Pop Stefanova-Trposka M, Maneva M. Vertical proportions and facial growth direction in mouth breathers. 84th Congress of the European Orthodontic society. (Abstract Book), Lisbon, 2008.

Во овој труд се анализирани 100 латерални кефалометриски радиографии на пациенти од 8 до 14 годишна возраст, поделени во две групи: 50 деца кои дишат на уста со назофарингеална опструкција и 50 кои дишат на нос. Извршена е анализа на 20 кефалометриски варијабли. Споредбата помеѓу групите покажа повисока вредност за збирот на аглите, зголемен базален агол и зголемен однос на MO-OcP/MP-PP кај првата група. Исто така, кај првата група има вертикален раст со задна ротација. Екстензијата на главата и големите краниоцервикални агли корелираат со зголемените вертикални фацијални димензии и задната ротација на мандибулата. Авторите заклучуваат дека овие анализи кај деца со нарушена назореспираторна функција се важни за дефинирање на прогнозата и терапијата.

Трудот има научно-стручно значење.

46. М. Поп Стефанова-Трпоска, Г. Ќурчиева - Чучкова. Морфологија на цервикалните прешлени, положбата на главата и лицева висина кај пациенти со орален и назален тип на дишење. Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Зборник на апстракти, Охрид, 2009.

Анализирани се 100 латерални радиографии на главата на деца од 8 до 15 години, со нормална оклузија скелетална I класа и назален тип на дишење и скелетална II класа и орален тип на дишење. Целта била да се споредат вертикалните димензии на првиот и вториот вертикален прешлен, положбата на главата и антериорната и постериорната висина на лицето. Авторите нашле дека децата кои дишат на уста имаат задна ротација на мандибулата, вертикален тип на раст на лицето, сигнификантно намалена висина на дорзалниот лак на првиот и вториот цервикален прешлен и поекстендирана положба на главата. Авторите заклучуваат дека сето тоа е резултат на опструкцијата на дишните патишта.

Трудот има научно-стручно значење.

47. Г. Ќурчиева - Чучкова, М. Поп Стефанова-Трпоска, М. Манева, С.Поповски, Р.Димовска. Влијанието на назофарингеалната опструкција врз типот на лицевиот раст и дентофацијалната морфологија. Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Зборник на апстракти, Охрид, 2009.

Со цел да се утврди влијанието на назофарингеалната опструкција врз дентофацијалната морфологија, а и да се направи анализа на последиците од неправилниот начин на дишење врз типот на лицевиот раст со користење на индексот на фацијалниот раст, извршена е гнатометриско и телерентген испитување на 100 деца на возраст од 8 до 14 години. 50 испитаници биле со анамнестичко и клинички потврдена назофарингеална опструкција, а 50 со физиолошки назален тип на дишење. Резулатите и заклучоците укажуваат дека децата со назофарингеалната опструкција ги карактеризира изразена компресија на максиларниот дентален лак со високо непце, зголемена должина на максиларниот и намалена должина на мандибуларниот дентален лак, хипердивергентен тип на раст со постериорна ротација. Индексот на фацијалната висина покажаа вертикален тип на раст кај пациентите со назофарингелана опструкција. Авторите сугерираат дека индексот на фацијалната висина е важно дијагностичко средство за планирање и остварување на успешен ортодонтски третман.

Трудот има научно-практично значење.

48. Ц. Димова, М. Поп Стефанова-Трпоска, Е. Јанев, Б. Евросимовска, И. Ковачевска, С. Стојановска. Фолокуларна циста кај долен прв молар - приказ на случај. Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Зборник на апстракти, Охрид, 2009.

Во овој труд е прикажан случај со фоликуларна циста на долен прв молар кај десет годишнодевојче со задоцнета дентиција. Опишана е терапевтската процедура која опфаќа цистектомија и поставување на брикети на првиот и вториот долен молар и мобилен апарат во горната вилица со цел поставување на првиот молар во забната низа. Авторите заклучуваат дека интердисциплинарната соработка помеѓу оралните хирурзи и ортодонтите е неопходна при третирањето на овис случаи.

Трудот има практично значење

49. М. Поп Стефанова-Трпоска. Корелација помеѓу морфологијата на цервикалните прешлени и насоката на мандибуларниот раст. Современи достигнувања, Скопје, 2009:197-207.

Целта на ова испитување е да се открие дали анатомијата на првите два цервикални прешлени, атлас и аксис, може да се употреби за предвидување на мандибуларниот раст, со помош на латерална кефалометриска снимка на главата. Во ова испитување, авторката опфаќа латерални телерендгенографски снимки од 200 пациенти од обата пола со нормална

оклузија и скелетален однос во I класа. На секоја снимка се анализирани варијабли за мандибулата и цервиковертебралната анатомија.

Заклучокот од ова испитување е дека цервиковертебралната анатомија и положбата на главата можат да се користат како дополнување во предвидувањето на растот на мандибулата, бидејќи авторката нашла дека висината на дорзалниот лак на атлас и аксис е во висока корелација со насоката на раст на мандибулата, и тоа: испитаниците со низок дорзален лак имаат задна ротација на мандибулата, со изразен вертикален раст на лицето, а испитаниците со висок дорзален лак имаат предна ротација на мандибулата со изразен хоризонтален тип на раст.

Трудот има научно-стручно значење.

50. М. Поп Стефанова-Трпоска. Морфофункционални корелации меѓу темпоромандибуларниот зглоб и мастикаторните мускули. Скопје, 2009.

Различните органи коишто влегуваат во состав на мастикаторниот систем, авторката на книгата ги поврзала во морфолошка и функционална целина. Во сложениот мастикаторен систем со својата улога заземаат значајно место и органите кои авторката ги систематизирала во три поглавја: ТМЗ, мандибула и мастикаторни мускули.

Во првата глава детално е обработен ТМЗ - неговиот развој, морфологија и функција. Во втората глава, авторката ја прикажува мандибулата почнувајќи од нејзиниот развој и морфолошките особености. Во третата глава за мастикаторните мускули прикажана е нивната сложена анатомска структура, како и нивната ефекторна улога во функцијата на ТМЗ. Материјата во книгата е богато илустрирана со 25 цртежи и слики.

Прикажаните детални податоци за морфофункционалните особености на ТМЗ и мастикаторните мускули несомнено се од корист не само на студентите и лекарите по стоматолошки студии туку и за збогатување на нивните сознанија за значењето на нивните морфолошки структури и функција во практичната стоматологија.

**Ас. д-р Цветанка Мишевска** е родена во Скопје на 28.7.1971 година. Основното образование го завршила во ОУ „Браќа Рибар" во Скопје, а средното образование при Медицинскиот училиштен центар „Д-р Панче Караѓозов", отсек: забни техничари, со континуиран одличен успех.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1989/90 година, а дипломирала на 18.10.1994 година со просечен успех 9,28. Стручен испит положила во 1995 година.

Во 1994 година се вработила при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар, во почетокот на Клиниката за дентална патологија, а од 1996 година на Клиниката за ортодонција. Во март 2004 година е избрана за помлад асистент на Катедрата за ортодонција.

Во 1997 година го започнала специјалистичкиот стаж по специјалноста ортодонција. Специјалистичкиот испит го положила во 2000 година и се здобила со звањето специјалист по ортодонција. Постдипломските студии од областа на ортодонцијата ги завршила со просечна оценка 10.00.

Магистерскиот труд под наслов „Дентофацијална морфологија кај индивидуи со агенеза на заби" го одбранила на 6.4.2004 година.

Поднесената пријава за изработка на докторска дисертација со наслов „Морфолошки карактеристики на краниофацијалниот комплекс кај индивидуи со Turner-ов синдром" била усвоена на 39. редовна седница на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, одржана на 18.10.2006 година.

Со научноистражувачка работа започнала да се занимава уште од студентските денови (активно учество на два студентски конгреса). Автор и коавтор е на 31 стручно-научен труд, објавени во земјата и во странство, и активно учествувала во повеќе меѓународни ортодонтски едукативни курсеви.

Соработник е во одделни поглавја на книгите: „Трајна дентиција-ембриологија и анатомохистоморфологија" (2000) и „Дентална трауматологија", Скенпоинт (2006) и коавтор е на скриптата „Аномалии на забите", Скопје (2008). Активно учествувала на: Европскиот ортодонтски конгрес (Соренто, 2002; Прага, 2003; Берлин, 2007; Лисабон, 2009), Балканскиот стоматолошки конгрес (Охрид, 2004) и на Македонскиот стоматолошки конгрес (Охрид, 2006). Била ментор на студентски труд на Студентски конгрес, 2006.

Ас.д-р Цветанка Мишевска, м-р сци, успешно ја реализира практичната настава по предметот ортодонција, запознавајќи ги студентите со проблематиката од овој домен.

Во 2008 година (септември-октомври) ја завршила стручната обука-Менаџмент и лидерство во здравството, и се стекнала со стручно звање од областа на здравствениот менаџмент, а на 30.11.2008 година го положила испитот за директор на јавна здравствена установа.

Активно го владее англискиот јазик. Има солидно познавање на работата со компјутери и Microsoft offise.

Добитник е на благодарница од Македонското лекарско друштво во 2000 година и на Благодарница од Стоматолошкиот факултет во Скопје во 2009 година, по повод јубилејот 50 години постоење.

Трудови објавени до изборот за постар асистент рецензирани во билтените на Универзитетот:

Трудот под реден број 1 и 2 се рецензирани во Билтен бр. 731 од април 1999 година.
Трудот под реден број 3 и 4 се рецензирани во Билтен бр.5831 од мај 2000 година.
Трудот под реден број 5 е рецензиран во Билтен бр. 761 од јули 2000 година.
Трудовите под реден број 6 до 18 се рецензирани во Билтен бр. 846 од март 2004 година.
Трудот под реден број 19 е рецензиран во Билтен бр. 863 од декември 2004 година.
Трудот под реден број 20 е рецензиран во Билтен бр.878 од ноември 2005 година.

Трудовите под реден број 21 и 22 се рецензирани во Билтен бр. 908 од декември 2006 година.
Трудовите под реден број 23 до 25 се рецензирани во Билтен бр. 912 од февруари 2007 година.

Трудови за рецензија објавени по изборот за асистент:

26. Misevska C., Gjorgova J.,Sukarova Angelovska E.,Charasteristics of the craniofacial complex in patients with Turner syndrome. Bal.J.Stom 11:21-24,2007.

Целта на трудот била да се детерминираат карактеристиките на краниофацијалниот комплекс кај пациентите со Turner-ов синдром. За таа цел, извршена е анализа на 8 телерендгенски снимки на пациенти со Turner-ов синдром, компарирано со ист број на испитаници-здрави женски деца како контролна група. Резултатите покажале сигнификантни разлики во големината и морфологијата на краниофацијалниот комплекс кај двете испитувани групи.

Трудот има научно значење.

27. Misevska C., Gjorgova J., Misevska T.,Tosevska N.,Bajraktarova E. Dental arches and palatal morphology in patients with Turner's syndrome. 83 Congres of the Europen Orthodontic Society (Book of abstracts). Берлин, 2007:131.

Целта на испитувањето била да се утврди големината на денталните лакови и висината на палатумот кај пациенти со Turner -ов синдром. Извршена била анализа на 15 студиски модели на пациенти со Turner -ов синдром, компарирано со ист број испитаници-здрави женски деца како контролна група. Резултатите покажале сигнификантни разлики во димензиите на денталните лакови и морфологијата на палатумот меѓу двете испитувани групи.

Трудот има научно значење.

28.Gjorgova J.,Misevska C.,Spasovska N.:Effects of maxillary incisor protrusion on facial aesthetics. 84 Congres of the Europen Orthodontic Society (Book of abstracts). Лисабон, 2008:185.

Целта на трудот била да се одреди односот помеѓу протрузијата на максиларните инцизиви и мекоткивниот фацијален профил. Извршена е анализа на 70 телерендгенски снимки на пациенти од двата пола со I класа и протрузија на максиларните инцизиви, компарирано со ист број испитаници со нормална положна на максиларните инцизиви, како контролна група. Резултатите покажале сигнификантно зголемување на линеарните параметри кај машките испитаници, а со тоа се докажало и влијанието на инклинацијата на максиларните инцизиви на фацијалната хармонија и естетика.

Трудот има практично значење.

29.Misevska C.,Valjakova E.,Tosevska N.,Gjorgova J.,Mi[evski T.:Caries prevalence and periodontal status in patiens with Turner' s syndrome. 84 Congres of the Europen Orthodontic Society (Book of abstracts). Лисабон, 2008:190

Целта на трудот била да се утврди КЕП-индексот и периодонталниот статус кај пациенти со Turner -ов синдром. За таа цел, извршена е анализа на 21 пациент со синдром, компарирано со ист број испитаници -здрави женски деца како контролна група. Резултатите покажале сигнификантно пониски вредности за КЕП - индекспот и сигнификантно повисоки вредности за гингивалниот и плак -индекс кај пациентите со синдром, компарирано со контролната група.

Трудот има научно значење.

30. Tosevska Spasova N.,Gjorgova J.,Mi[evska C.,Spasov Z.Topographic relationship between the mandibular canal and impacted third molars. 84 Congres of the Europen Orthodontic Society (Book of abstracts). Лисабон, 2008:197.
Целта на трудот била да се утврди топографскиот однос меѓу мандибуларниот канал и инпактираните трети молари. Извршена е анализа на панорамикс снимки на 70 трети молари чии корени имаат контракт со мандибуларниот канал. Резултатите покажале дека 36 заби имаат зголемена радиолуценција, 12 -суперинпозиции, а 7 заби имале диверзија на каналот.

Трудот има стручно и практично значење

31. Георгиев З.Мишевска Ц.,Димова Ц.,Ковачевска И.,Стошиќ В, Георгиев К.: Интерцептивни постапки и дилеми. Аполонија 10(20):101-108, 2008.

Целта на трудот била да се покажат значењето и важноста на интерцептивните постапки во секојдневната стоматолошка практика на секој стоматолог кој работи со деца, без разлика дали е тоа матичен стоматолог, педонтолог или ортодонт. Постапките од типот на коса рамнина, брадова држалка, мобилни чувари на простор, како и екстракција на заби, треба да бидат во корелација со правилно планиран ортодонтски третман.

Трудот има практично значење.

**Ас. д-р Марија Манева** е родена во Скопје на 14.11.1969 година, каде што го завршила основното и средно образование (забен техничар) со одличен успех. Како член на биолошката секција, во мај 1985 година учествувала на градскиот и регионален натпревар „Млади истражувачи", со тема „Орални промени кај акутни и хронични леукози".

На Стоматолошкиот факултет се запишала во учебната 1988/89 година и дипломирала на 24.11.1993 година, со среден успех 9,27. Во текот на судиите учествувала на 17. Конгрес на студентите по медицина на Македонија со меѓународно учество. Стручниот испит го положила по задолжителниот едногодишен стаж на 22.12.1994 година.

Се запишала на постдипломски студии по предметот ортодонција и по положените испити добила позитивна рецензија за изработка на магистерски труд под наслов „Морфологија на синфизата како предиктор на мандибуларниот раст".

Во 1995 година ја започнала специјализацијата по предметот ортодонција, кој со успех го положила на 24.2.1997.

Во периодот од 1.11. - 20.11.1995 година била на стручен престој во Германија. На Клиниката за ортодонција е вработена од 28.5.1997 година. Автор и коавтор е на 50 труда, од кои 11 се објавени во домашни и 39 во странски списанија. Активно учествувала на II конгрес на стоматолозите на Македонија во Охрид (1998), IV конгрес на лекарите на Македонија во Охрид (1999 ), II собир на ортодонтите на Македонија во Маврово (2000), III конгрес на стоматолозите од Македонија Охрид (2002), како и на 5,6,9. и 15. Балкански конгрес на стоматолозите одржан во Солун (2000 и 2005), Букурешт (2001) и во Охрид (2004). Во април 2002 година го завршила и курсот „Лекување на малоклузии со Herbst-ov aparat" одржан од prof. Hans Pancherz од Giessen, Германија, курсот "Streight wire appliance 2", одржан од проф. Мирослав Милачиќ од Швајцарија во Белград (2003), како и на курсот од проф. Vincent Kokich под наслов "Orthodontic finishing:Guidelines for managing of the interdisciplinary patient", Белград (2007).

Во 2003, 2005, 2006, 2008 и 2009 година активно учествувала на 79.81.82.84 и 85. Конгрес на Европското ортодонтско здружение со постер-презентации.

Активно учествувала и на 2 интернационални ортодонтски конгреси во Србија и Црна Гора (2007).

Во периодот од 2005 до 2010 година учествувала на повеќе стручно-научни собири и предавања: во научен одбор на IV меѓународен симпозиум во Скопје, 2005 примена на ласер во оралната патологија; IV конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006; VI меѓународен стоматолошки симпозиум со меѓународно учество, мај, 2007; меѓународен симпозиум, Крушево, 2006; присуство на Семинар „Дентални фокални инфекции - профилакса и менаџмент", април 2007; семинар „Хронична орофацијална болка" ноември 2007; симпозиум со меѓународно учество „Клиничка ортодонција", октомври 2007; симпозиум „Ургентни состојби во стоматологијата", ноември 2009, повеќе едукативни семинари - април 2008, за естетските реставрации; „Алергии во стоматологијата"-октомври 2008; „Актуелни технологии и биоматеријали во стоматологијата"- март 2010; пролетниот симпозиум на ортодонтите на Македонија под наслов „Фацијални асиметрии-ортодонтско –хируршки апсекти", март 2010.

Во мај 2007 година присуствувала на едукативниот курс „Нови хоризонти во ортодонтски третман на малоклузија II класа "; март 2008 го посетувала курсот "Mini screws as absolute ancharage in orthodontics" од d-r. Thomas Lietz; октомври 2008 на „Миофункционално влијание на развиток на лицеви структури врз забите, октомври 2009, Дејмон курс за самолигирачки брикети под наслов " You can do it" од d-r Rafael Garcia Espejo.

Од првиот избор за асистент во 2005 активно беше вклучена во работата со студентите на нивното усовршување и надградба, како и ментор на 4 студентски теми од кои две успи (2006 и 2008) и две постер-презентации (2007 и 2010), при што на последниот конгрес беше наградена со трето место.

Активно се служи со англискиот јазик, а пасивно со германскиот јазик. Добитник е на Благодарница од Стоматолошкиот факултет по повод 50-годишнината на неговото постоење (2009) и од Македонското лекарско

друштво во април 2003, како и на признаница од ЈЗУ Стоматолошки клинички центар за постигнати високи резултати во работењето во 2007 година.

Трудовите кои биле пријавени за избор и реизбор заклучно со реден број 34, се рецензирани во билтените на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" со број 667 од 1996 год., 757 од 2000 год., 761 од 2000 год., 826 од 2003 год., 878 од 2005 год., 945 и 947 од 2008 год.

Трудови за рецензија

35. Maneva M, Zuzelova M,Curcieva-Cuckova G. Fixed orthodontic appliances and periodontal health. 84$^{th}$ Congress of EOS, Lisbon, Portugal, june 10-14, 2008. Abstract p.190, постер.

Цел на трудот е да се процени состојбата на периодонциумот за време на ортодонтски третман со фиксни апарати. За таа намена авторите одредувале индекс на гингивални крварења, крварење при сондирање, периодонтална длабочина при сондирање и плак - индекс и нашле високо сигнификантно повисоки вредности за овие параметри кај пациентите со фиксни апарати во однос на контролната група испитаници. Повисоки вредности на плак - индексот и индексот на крварење забележале кај машките пациенти споредено со женските пациенти. Бидејќи оралната хигиена е отежната кај пациентите со фиксни ортодонтски апарати авторите препорачуваат и дополнителни процедури за задржување на добрата орална хигиена.

Трудот има практичен и апликативен карактер.

36.Petrova E.Zuzelova M.,Maneva M. Anteroposterior dental occlusion with a jaw base relationship. 84 Congres of the Europen Orthodontic Society,Lisabon10-14 June,2008.

Авторите во овој труд прикажале компаративна анализа помеѓу антеропостериорната дентална оклузија и базата на вилиците. Вклучиле 230 рендгенкраниограми на главата кај деца на возраст 10-12 години. Преку извршените рендгенкраниометриски анализи докажале дека постои корелација кај 61% coWits - анализата и 60% со аголот ANB.

Трудот има практичен и апликативен карактер.

37.Jolevski Lj.,Maneva M.,Pavlovska V. Multidisciplinary treatment of impacted teeth and anodontia. 84$^{th}$ Congress of EOS, Lisbon, Portugal, june 10-14, 2008. Abstract p.598, постер.

Импактираните заби честопати се со задоцнета ерупција или можат комплетно да не еруптираат. Во овој труд е прикажан случај на момче од 17 годишна возраст со перманентна дентиција и палатинална и хоризонтална поставеност на 13 и анодонција на 12 и 22. По хируршката интервенција е поставен фиксен апарат за извлекување на канинот и чување на простор за отсутните заби. По извршената ортодонтска терапија поставена е протетска рехабилитација.

Трудот има практичен карактер.

38. Curcieva-Cuckova G, Pop Stefanova-Trposka M, Maneva M. Vertical proportions and facial growth direction in mouth breathers. 84[th] Congress of EOS, Lisbon, Portugal, june 10-14, 2008. Abstract p.74, постер.

Со цел да ја истражат врската помеѓу положбата на главата и правецот на краниофацијалниот раст афектирани од опструкција на дишните патишта кај деца со нарушена назореспираторна функција, авторите извршиле телерендгенграфска анализа кај 100 испитаници, деца на 8-15 - годишна возраст. Податоците кои ги добиле покажуваат екстремно зголемување на кранио-цервикалните агли и екстендирана положба на главата кај децата со назофарингеална опструкција, со зголемена инклинација на оклузалната рамнина кое индицира хипердивергентен, односно вертикален тип на раст со постериорна ротација. Авторите предлагаат користење на индикаторот на длабочина на инцизивен преклоп, како и на денталната рамковна анализа како дополнителна метода за генералните трендови на раст кај младите пациенти, што е значајно за дефинитивна терапевтска и прогностичка евалуација.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

39.Kovaceva G., Zuzelova M., Smileva-Nacevska M., Kovacevski A., Maneva M. Combined physiotherapeutic spa and mouth breathers. 84[th] Congress of EOS, Lisbon, Portugal, june 10-14, 2008. Abstract p.91, постер.

Во трудот е прикажано комбинираната психотерапевтска спа и ортодонтски третман кај индивидуа со асиметрија на лицето. Пациентката била на 6-годишна возраст со забележана фацијална асиметрија во левата мандибуларна регија. Медицинската и фамилијарната анамнеза не покажала позитивен наод. Биле направени следниве испитувања: радиографија на глава и врат (панорама, компјутерска томографија, испитувања на мускулната активност и анализа на студио модели). Преземана е миофункционална терапија со пелота на афектираната страна и биостимулација со биоласер. Резултатите покажале намалување на асиметријата.

Трудот има научно значење.

40. Манева М., Симјановска Лј., Ќурчиева-Чучкова Г, Манев И., Ковачевска Г. Treatment of impacted maxillary central incisors-case reports Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.6.

Авторите со овој труд даваат приказ на ортодонтско-хируршки третман на импактирани максиларни централни инцизиви кај два пациента, момче и девојче на 9-годишна возраст со присуство на прекубројни заби од двете страни на медијалната линија. Едниот случај е третиран со отворена метода, односно по хируршката интервенција на отстранување на хипердонтичните заби, перманентните инцизиви се експонирани, а на нив се поставени атачмени. Додека вториот случај е третиран по затворена метода поради високата позиција на максиларниот инцизив под базата на носот. Ортодонтската терапија траела просечно 18 месеци. Авторите посебно ја нагласуваат важноста на ортопантомограмот за рано детектирање и превенирање на овие случаи.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

41.Манева М.,Симјановска Љ., Ќурчиева-Чучкова Г., Манев И., Ковачевска Г. Третман на импактирани максиларни централни инцизиви- приказ на случаи. I конгрес на здружението на ортодонтите на Македонија. Охрид, мај 2009. Рецензиран во Билтен број 896.

42.Симјановска Љ., Манева М., Ќурчиева-Чучкова Г, Симјановски С. Follicular cyst of mandible premolar-case report. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.5

Презентиран е случај со фоликуларна циста кај перманентен долен премолар и негова перзистенција. Бидејќи растот и развојот на цистите се придружени со сиромашна симптоматологија, дијагнозата може да се одреди само со ретроалвеоларна рендгенграфија или ортопантомограм. Терапевтскиот пристап кој го препорачува авторот е отстранување на цистата и екстракција на забот.

Трудот има стручен аспект.

43. Димова Ц.,Манева М.,Канурковa Л.,Јанев Е., Стефановски С. Импактиран долен прв молар - приказ на случај. I конгрес на Здружението на ортодонтите на Македонија. Охрид, мај 2009.

Авторите прикажале импактиран прв молар со атипична форма кај момче од девет години. Во епипатогенезата на овој заб се наведува пад на 2,5-годишна возраст. Никнувањето на вториот перманентен молар било отежнато и направена била Ртг - снимка, со што се утврдила прелиминарната дијагноза. Извршена била оперативна екстракција на импактираниот прв молар со сепарација.По оперативната интервенција бил поставен мобилен ортодонтски апарат и по 8 месеци е сместен вториот молар.

Трудот има важност од стручен аспект.

44.Ковачевска Г. Зужелова М., Ковачевски А., Манева М., Петковски М. Ортодонтски третман на импактирани трети молари. I конгрес на Здружението на ортодонтите на Македонија. Охрид, мај 2009.

Прикажан е случај на млада личност од 24,4 години, со парцијална беззабост во двете вилици и присуство на импакција на трети перманентни молари. Како метод на терапија користеле хируршко отворање на импактираните трети молари и поставување на брикети со интермаксиларни гумици на инпактираните заби. Ваквиот случај на авторите им бил предизвик за тимска соработка помеѓу ортдонтот и оралниот хирург, за во следната фаза да се изработи фикснопротетска рехабилитација во замена на мобилниот надоместок.

Трудот има важност од стручен аспект.

45. Ќурчиева-Чучкова Г, Манева М, Симјановска Љ, Кировски И, Јолевски Љ. Radiographic evaluation of dental age determine the ectopic position of maxillary canines. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.20

Цел на трудот е процена на степенот на матурација и одредување на положбата на нееруптираните канини на ортопантомографии кај пациенти на возраст од 8-14 години, кај кои клиничкото испитување сигнализирало нарушување во ерупцијата. Резултатите од истражувањето покажуваат јасна корелација меѓу задоцнетата дентиција и палатинално поставени и/или импактирани канини, од каде што авторите ја поткрепуваат тезата дека денталната старост проценета на ортопантомографска снимка може да се употреби за предвидување на положбата на нееруптираните канини, а букалната наспроти палатинална ектопија на максиларните канини имаат различна етиологија.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

46. Ќурчиева - Чучкова, М. Поп Стефанова-Трпоска, М. Манева, С.Поповски, Р.Димовска. Влијанието на назофарингеалната опструкција врз типот на лицевиот раст и дентофацијалната морфологија. Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Зборник на апстракти, Охрид, 2009.

Со цел да се утврди влијанието на назофарингеалната опструкција врз дентофацијалната морфологија, а и да се направи анализа на последиците од неправилниот начин на дишење врз типот на лицевиот раст со користење на индексот на фацијалниот раст, извршена е гнатометриско и телерентген испитување на 100 деца на возраст од 8 до 14 години. 50 испитаници биле со анамнестичко и клинички потврдена назофарингеална опструкција, а 50 со физиолошки назален тип на дишење. Резулатите и заклучоците укажуваат дека децата со назофарингеална опструкција ги карактеризира изразена компресија на максиларниот дентален лак со високо непце, зголемена должина на максиларниот и намалена должина на мандибуларниот дентален лак, хипердивергентен тип на раст со постериорна ротација. Индексот на фацијалната висина покажа вертикален тип на раст кај пациентите со назофарингелана опструкција. Авторите сугерираат дека индексот на фацијалната висина е важно дијагностичко средство за планирање и остварување на успешен ортодонтски третман.

Трудот има научно-практично значење.

47.Илиев И.,Поповски С.,Димитриоски Б.,Кировски И. Манева М.Рецидиви во ортодонцијата при примена на компромисни решенија. Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Зборник на апстракти, Охрид, 2009.

Прикажани се два пациента кај кои фиксен ортодонтски апарат е поставени само во горниот дентален лак како активна компромисна метода во ортодонтскиот третман. Пациентот е следен по отстранувањето на фиксниот апарат во период од шест години со документирање на тенденција за релапс и објаснување за причините на нејзиното појавување. Во заклучокот авторите укажуваат дека правењето на компромисно решение во ортодонцијата го зголемува ризикот за рецидив, а со тоа и неуспех во ортодонтското лекување.

Трудот има стручно-научен аспект.

48. Јолевски Љ., Манева М., Ќурчиева-Чучкова Г. Complete transposition of maxillary canine-first premolar – case raport Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.7

Презентиран е случај со комплетна транспозиција на максиларен десен канин и прв премолар кај пациент на 12 - годишна возраст, со прецизни показатели за етапите од ортодонтско-хируршкиот третман во траење од 24 месеци како и финалните резултати од него.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

49. Манева М, Ќурчиева-Чучкова Г., Манев И, Јолевски Лј, Зужелова М. Determination of growth pattern with different craniofacial parameters. 85th Congress of EOS, Helsinki, Finland, june 10-14, 2009. Eur. J. Orthod. Suppl. Abstract p.49, poster

Со цел да се испита влијанието на различни фактори и варијабли врз растот на лицевите структури, извршена е рендгенкефалометриска анализа кај 120 деца на возраст 8-14 години, поделени според аномалиите (30 деца со класа I, 30 испитаници со класа II/1, 30 со класа II/2 и 30 деца со малоклузија класа III). Резултатите покажале дека 63% од децата со класа I имаат хоризонтален тип на раст, додека со малоклузија класа III тој процент е многу повисок. Најдена е високо позитивна корелација помеѓу сумата агли со инклинацијата на мандибуларната рамнина кај сите испитувани групи, а високо негативна корелација помеѓу типот на фацијална ротација и лицевата оска кај сите испитувани групи, со исклучок на класа I испитаниците. Авторите ја потенцираат важноста од предвидувањето на растежниот потенцијал во дијагностички и третмански цели.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

50 Curcieva-Cuckova G., Maneva M., Joleski Lj. Effects of rapid maxillary expansion on nasopharyngeal airway dimensions and head posture in children with impaired nasal breathing. 85th Congress of EOS, Helsinki, Finland, june 10-14, 2009. Eur. J. Orthod. Suppl. Abstract p.53, poster.

За процена на ефектите од брзата максиларна експанзија врз положбата на главата, краниo-цервикалната ангулација како и проширување на назофарингеалните дишни патишта извршена е кефалометриска анализа кај 30 деца на возраст 8-14 години со назофарингеална опструкција. Испитаниците биле поделени во две групи: првата група од 15 испитаници биле третирани со методот за брза максиларна експанзија, а втората група од 15 испитаници биле следени 18 месеци пред започнување со истоветниот третман. Резултатите од кефалометриската анализа покажале сигнификантно зголемување на назофарингеалниот дишен пат, особено на ниво на velum pallati и увулата, со истовремено намалување на краниоцервикалната ангулација и исправање на положбата на главата кај пациентите. Коментирајќи ги овие сигнификантни промени авторите предлагаат методата на брза максиларна експанзија да се применува во третманот на малоклузиите кај пациенти со назофарингеална опструкција.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

51. Jolevski Lj.,Pavlovska D, Maneva M, Curcieva-Cuckova G. Maxillary canine-first premolar transposition- a case report. 85th Congress of EOS, Helsinki, Finland, june 10-14, 2009, Abstract p.173, poster.

Цел на авторите во овој труд е да ја прикажат и опишат состојбата на комплетна транспозиција на максиларен канин, која се среќава многу ретко, но претставува предизвик за ортодонтски третман. Презентиран е случај со комплетна транспозиција на максиларен десен канин и прв премолар кај пациент на 12 - годишна возраст, со прецизни показатели за етапите од ортодонтско-хируршкиот третман во траење од 24 месеци како и финалните резултати од него.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

52.Maneva M.,Zuzelova M.,Manev I., Dimitrovski V. Occurrence of malocclusion and dental anomalies in primary dentition. 15 Congress of the Bass 2010, 22-25 Paril 2010, Thessaloniki, Greece.

Авторите во овој труд ја прикажуваат застапеноста на оклузалните и дентални аномалии кај деца со мелчна дентиција. Биле испитувани 171 дете (83 момчиња и 88 девојчиња), на возраст од 2 до 6 години. Резултатите покажале присуство на генинација кај едно дете (0,58%), фузија (0,58%), дијастема медијана 5,26%, микродонција ), 58 и вкрстен загриз 2,33%. Во однос на класите со II класа 1 одделение (12,68%), III класа 1,75% и длабок загриз 22,8%. Во заклучокот авторите укажуваат за рано откривање и следење на аномалиите во млечна дентиција.

Трудот има стручна и апликативна вредност.

**Д-р Александра Подолешова** е родена во Скопје на 9.11.1975 година. каде што ги завршила основното образование во ОУ „Глигор Прличев" во Скопје. Се запишала во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов", во 1990 година. Во текот на средното образование има освоено неколку награди од областа на медицината на републичко ниво. Добитник е на 13 - ноемвриската награда во 1992 година. На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1994/95 година. Во текот на студирањето активно била вклучена во работата на Студентскиот сојуз како член на научниот одбор. Учествувала на 2., на 4. и на 6. конгрес на студентите по стоматологија, а учествувала и на Интернационалниот конгрес на студентите по стоматологија во Гетеборг во 1996 година. Дипломирала на 28.3.2001 година со просек 9,65. Државен испит полагала на 2.4.2002 година и се стекнала со лиценца за работа. Од 15.5.2002 година работи како клинички лекар на Клиниката за ортодонција при ЈЗУ Стоматолошки клинички центар.

На постдипломски студии од областа на ортодонцијата се запишала во учебната 2003/04 година. Предвидените испити ги положила во предвидениот рок со среден успех 10.00. Во 2007 година до Комисијата за постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет поднесува пријава за изработка на магистерски труд под наслов: „Перспективи во клиничката апликација на анализата по Arnett за процена на фациолабиоденталните структури кај II/1".

На 8.10.2009 година успешно го одбранила магистерскиот труд и се здобила со назив магистер на стоматолошки науки.

Со специјализација по предметот ортодонција започнала на 1.11.2006 година и специјалистичкиот испит го положила на 2.6.2010 година и се здобила со звањето специјалист по ортодонција.

Во текот на досегашниот стаж, активно учествувала на повеќе регионални и интернационални конгреси како автор и коавтор, и тоа на: BASS, Охрид (2004), BASS, Belgrad (2005), Меѓународен симпозиум на ортодонтите, Крушево (2006), 4. Конгрес на стоматолозите на Македонија, Охрид, (2006), Балкански ортодонтски симпозиум, Софија (2007), како и учество на Soros international house во Скопје од 9 до 15 март 1996 година.

Присуствувала на повеќе курсеви и тоа: I курс за „Техника на прав лак ( SWA)" под раководство на д-р Мирослав Милачиќ од Sion, Швајцарија, член на Европскиот борд на ортодонти, одржан во Скопје во март 2005 година, II курс за „Техника на прав лак ( SWA)", под раководство на д-р Мирослав Милачиќ од Sion, Швајцарија, член на Европскиот борд на ортодонти, одржан во Скопје во јуни 2005 година, Typodont Cours III, Скопје, април 2006. Selfligation with discavery sl, Скопје 2010 година и Scuzzo-Takemoto Bracket & Light lingual system, Zlatibor, 2010. Од едукативните курсеви присуствувала на: Нови хоризонти во ортодонтскиот третман на малоклузија II класа, Скопје, 2007 година, Миофункционално влијание на развитокот на лицевите структури врз забите, Скопје, октомври 2008, Релевантни концепти во третманот на малоклузиите, Охрид, 2009 година.

Активно се служи со англискиот јазик и има познавање од германскиот јазик.

Список на трудови кои се доставени за рецензија

1. Подолешова А., Зужелова М. Disconfort during orthodontics treatment. BASS, Ohrid (2004).

Целта на овој труд е да ја евалуира неудобноста на пациентите при носење на ортодонтски апарати во првите недели од нивното поставување. За таа цел биле проследени 40 пациенти со подвижни плочести апарати и 40 пациенти со фиксни ортодонтски апарати на возраст од 14 до 18 години. По поставувањето на апаратот пациентите се жалеле на отежнато голтање и говор, како и на зголемена саливација. Сигнификантно намалување на овие симптоми кај сите испитаници се забележани помеѓу 2. и 7. ден, по кој период симтомите исчезнале.

Трудот има практично значење.

2. Подолешова А., Зужелова М. Evaluation of the patient knowlege about the care of fixed orthodontic appliance. BASS, Beograd (2005).

Целта на оваа студија била да го евалуира целото познавање на пациентите околу грижата на фукцниет ортодонтски апарати и последиците од негрижата. Резултатите покажале дека лекарите треба да им даваат подолготрајна едукација на пациентите во текот на целиот третман и по него.

Трудот има практично значење.

3. Подолешова А., Јанев Р., Зужелова М. Подолешов Н. Ортодонтско протетска рехабилитација на случај со инпактиран мандибуларен трет молар. IV congress of the dentists of Macedonia with international participation . (abstract book) Охрид, 2006,32.

Во адултната ортодонција често се среќаваме со случаи каде што е потребен претпротетски ортодонтски третман, а се со цел да се обезбедат услови за адекватна естетика и функционална реконструкција. Во овој труд авторите прикажале претпротетска постапка кај пациентка на возраст од 33 години кај која имало присуство на мостови конструкции во мандибуларниот дентален лак во двете бочни регии. По направената ортопантомографска снимка се утврдило присуство на мандибуларен лев трет молар, со добра поставеност и со вертикална положба. Со согласност на пациентката извршената е хируршка интервенција на импактираниот трет молар и поставен е фиксен апарат на расположливите заби во долната вилица. По 15-месечен третман, апаратот бил изваден и поставена била мостова конструкција.

Трудот има стручно и научно значење.

4. Петровска Ј., Зужелова М., Подолешова А., Богдановска Б. Физиологија на терапија со сплинт во третман на темпоромандибуларни нарушувања. IV congress of the dentists of Macedonia with international participation. (abstract book) Охрид, 2006,33.

Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 986 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во 2010 година.

5. Подолешова А., Зужелова М. Evaluation of the perioral area in subjects with normal and class II maloclussion in natural head position.I Congres of the orthodontic sociaty, (abstract book) Охрид, 2009,37.

Авторите во трудот ја анализирале периоралната регија кај индивидуи со нормална оклузија и малоклузија II класа. Испитувањето било извршено на телерендгенски снимки при нормално поставена глава кај 50 пациенти, (20) со нормална оклузија и (30) со малоклузија II класа. Резултатите покажале сигнификантно зголемување на испитуваните параметри кај пациентите со малоклузија II класа во однос на нормалната оклузија.

Трудот има научно-практично значење.

6.Подолешова А. Перспективи во клиничката апликација на анализата по Arnett за процена на фациолабијалните структури кај пациенти со II/1. магистерски труд, 8.10.2009.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на доставените материјали за четирите кандидати за избор за асистент по предметот ортодонција, иако ги задоволуваат сите услови за

избор во звање асистент по предметот ортодонција, сепак, Комисијата ѝ дава предност на насл.доц.д-р Маја Поп Стефанова - Трпоска.

Насл.доц.д-р Маја Поп Стефанова - Трпоска во својата стручна и научна досегашна кариера забележливо е дека има вложено многу труд, за што се доказ нејзините бројни учества на конгреси, симпозиуми, семинари и курсеви, со сопствени и оригинални трудови во земјава и надвор од неа. Нејзиниот контакт со студентите и специјализантите е педагошки непосреден и спонтан. Резимирајќи ги заклучоците и следејќи го досегашниот развој на кандидатката, Рецензентската комисија смета дека насл.доц.д-р Маја Поп Стефанова - Трпоска, од педагошки и стручен аспект, ги поседува суштинските квалитети да биде избрана во звањето асистент и му предлага на Наставно - научниот совет за избор на кандидатката во звањето асистент по предметот ортодонција.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф.д-р Марија Зужелова с.р
2. Проф.д-р Јулијана Ѓоргова с.р
3. Доц.д-р Мира Јанкуловска с.р

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА НА БИОХЕМИСКИТЕ МАРКЕРИ НА КОСКЕН МЕТАБОЛИЗАМ КАЈ ПОСТМЕНОПАУЗНИ ЖЕНИ СО ПРИМАРНА ОСТЕОПОРОЗА: ЕФЕКТИ ОД БИСФОСФАТНАТА ТЕРАПИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЈАСМИНА МЕЧЕСКА-ЈОВЧЕСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата редовна седница одржана на 27.5.2010 година (писмо број 09-1352/12 од 9.6.2010 година), нé предложи за РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА за оцена и одбрана на изработената докторска работа на кандидатката Јасмина Меческа-Јовческа, магистер на биолошки науки, вработена во ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија во Скопје, под наслов: **КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА НА БИОХЕМИСКИТЕ МАРКЕРИ НА КОСКЕН МЕТАБОЛИЗАМ КАЈ ПОСТМЕНОПАУЗНИ ЖЕНИ СО ПРИМАРНА ОСТЕОПОРОЗА: ЕФЕКТИ ОД БИСФОСФАТНАТА ТЕРАПИЈА.** Комисијата во состав: д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на ПМФ во Скопје, д-р Митко Младенов, доцент на ПМФ во Скопје, д-р Славица Шубеска- Стратрова, вонреден професор, Клиника за ендокринологија, Универзитетски клинички центар, при Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Јорданка Димовска, редовен професор на ПМФ во Скопје и д-р Ангел Митревски, виш научен соработник на Институтот за клиничка биохемија при Медицинскиот факултет во Скопје, го разгледа доставениот материјал и има чест да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд под наслов: **КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА НА БИОХЕМИСКИТЕ МАРКЕРИ НА КОСКЕН МЕТАБОЛИЗАМ КАЈ ПОСТМЕНОПАУЗНИ ЖЕНИ СО ПРИМАРНА ОСТЕОПОРОЗА: ЕФЕКТИ ОД БИСФОСФАТНАТА ТЕРАПИЈА** на кандидатката Јасмина Меческа-Јовческа, магистер на биолошки науки, е презентиран на 147 страници, средени со компјутерска техника со вообичаен проред. Во него се вклучени 28 табели и 50 слики. Трудот ги содржи следниве поглавја: Резиме на македонски и англиски јазик, Вовед, Цел на истражувањата, Материјал и методи на работа, Резултати, Дискусија, Заклучоци и Литература.

Во **ВОВЕДОТ**, кандидатката м-р Мечевска-Јовческа констатира дека остеопорозата е системска скелетна болест што се карактеризира со губење на коскена маса и густина и појава на микроархитектурни нарушувања на коскеното ткиво. Овие промени доведуваат до зголемена фрагилност на коските и консеквентни коскени скршеници. Остеопоротичните фрактури, заедно со кардиоваскуларните заболувања и ракот, претставуваат главни причини за морбидитетот и морталитетот на постменопаузните жени во развиените земји.

Се наведува дека постојат повеќе причини за остеопороза кои можат да се групираат во две групи примарна остеопороза и секундарна остеопороза

Од сите овие многубројни причини, м-р Меческа наведува дека најчеста е постменопаузната остеопороза. Губењето на коската кај оваа ризична популација почнува уште во времето на појава на нередовни менструални циклуси, а во периодот на менопаузата разградбата на коскеното ткиво е интензивирана. Во првите десет години губењето на коскената маса во периодот на менопауза варира и изнесува од 1 до 5% годишно. При тоа се наведува дека, врз основа на биохемиските маркери на разградување на коските, во овој период можно е да се направи процена на високо ризична група за настанување на фрактури. Токму поради овие сознанија, остеопорозата се нарекува тивка епидемија на 21 век или тивок крадливец на коски затоа што се јавува без појава на одредени симптоми. Таа може да е проследена со појава на болки во коските, зглобовите, мускулите, но најчесто овие болки не се поврзуваат со оваа болест. Се проценува дека годишниот број на скршеници на колкот во светот ќе порасне од 1,7 милиони во 1990 до околу 6,3 милиони до 2050 година. Кај жените, ризикот по живот од фрактурите

како последица на остеопороза се движи од 40 до 50%, а кај мажите тој ризик е 13- 22%. Исто така, се укажува на фактот дека остеопорозата претставува огромен финансиски товар на државата, поради цената на лечење на болеста, а пред сé на нејзините последици (хоспитализација, рехабилитација, инвалидност). Според податоците од Англија, 30% од хоспитализираните на ортопедските клиники се поради скршеница на колкот, што годишно го чини државното здравство 1,7 милијарди фунти.

Во понатамошниот дел од Воведот, кандидатката ги наведува **ризик-факторите за појавата на остеопорозата,** при што како најважни ги смета: *генетската предиспозиција, полот, староста, расата, намалувањето на висината, раниот почеток на менопауза и др.*

Во останатиот дел од Воведот, кандидатката м-р Меческа ги објаснува **биохемиските маркери на коскениот метаболизам,** при што упатува на современите сознанија дека коскените биомаркери или маркери на коскените промени се индикатори на коскениот метаболизам кој потекнува од коскениот матрикс или коскените клетки. Познавањето на овие параметри се важни како дијагностичка помош во процената и третманот на остеопорозата. Коскените маркери овозможуваат временски ефикасно да се следи терапијата и да се следи доследноста во употребата на терапијата кај пациентите кои боледуваат од остеопороза. Коскените маркери, исто така, можат да помогнат и во предвидување на ризикот од скршеници. При тоа се упатува на сознанијата дека Интернационалната фондација за остеопороза (ИОФ) има издадено препорака со која се поддржува употребата на коскените маркери. Во оваа студија ќе бидат обработени: биохемиски маркери на коскена формација и биохемиски маркери на коскена ресорпција.

Како маркери на коскена формација се наведуваат: серумската *алкална фосфатаза* која се состои од досега детектирани 6 изоензими кои ги има во коските, црниот дроб, бубрегот, цревата; *остеокалцин* - кој претставува коскено специфичен пептид кој содржи 49 аминокиселини со молекулска тежина од приближно 5800 Да. Остеоклцинот е најзначајниот неколагенски протеин во коскениот матрикс и претставува 20% од сите неколагенски протеини. Коскеното разградување може да се следи со одредување на ресорптивни коскени маркери. Како резултат на разградувањето на коскениот матрикс во серумот и урината се екскретираат калциум, фосфати, карбокси терминалниот телопептид на колагенот тип -1 (во литературата се среќаваат повеќе кратенки CTx , CL , β-Cl , β Cross laps).

Во делот на сознанијата за **терапија на остеопорозата,** м-р Меческа-Јовческа наведува дека лекувањето на остеопорозата може да биде нефармаколошко и фармаколошко. Нефармаколошката терапија подразбира советување за правилна исхрана, промена на навиките кои претставуваат ризик фактор за остеопороза (на пример, пушење и прекумерен внес на алкохол), како и за зголемена физичка активност на пациентите.

Медикаментозната терапија се состои од три вида на лекови:

- лекови кои дејствуваат антиресорптивно (бисфосфонати, калцитонин, заместувачи на витаминот Д3);
- лекови кои дејствуваат како коскени формери (паратхормон и флуориди);
- лекови кои имаат комбиниран ефект на коскено ремоделирање, на дејствуваат и како формери и како антиресорптиви (стронциум ранелат).

При тоа се упатува на златниот стандард во лекување на остеопорозата, а тоа е *алендронатот* со кого се споредуваат сите останати бисфосфонати. Алендронатот ја инхибира коскената ресорпција така што негативно дејствува на остеокластогенезата, диференцијацијата и активацијата на остеокластите и предизвикува нивна забрзана апоптоза. Алендронатот ја редуцира инциденцата на фрактурите на колкот за 63% во рок од 18 месеци. Тој исто така го редуцира ризикот од повеќекратни вертебрални фрактури за 90% во рок од 3 години. Во рок од 1 година го намалува ризикот од клинички вертебрални фрактури за 59%. Поради својата ефикасност, брзината на дејствување и несаканите ефекти, алендронатот со право се смета за лек од избор во терапијата на остеопорозата.

Во поглавјето **ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО,** кандидатката јасно ги одредува целите на работата при што истакнува дека врз основа на досегашните сознанија тие можат да се симплифицираат во следниве неколку точки:

1. со одредување на коскените биохемиски маркери да се изучи коскениот метаболизам кај постменопаузните жени со остеопороза како и кај здравите постменопаузни жени;

2. да се воочи евентуалната разлика во коскениот метаболизам помеѓу овие две групи испитаници;
3. да се види дали постои корелација помеѓу коскените маркери и возраста на испитаниците и да се определи каква е таа корелација;
4. да се види дали постои корелација помеѓу коскените маркери и времетраењето на менопаузата кај испитаниците и да се определи каква е таа корелација;
5. да се одреди влијанието на бисфосфонатната терапија врз секој од изучуваните коскени маркери во строго одредени временски интервали, и тоа: нулто време, по 3 месеци, по 6 месеци, и по 12 месеци. Воедно и да се укаже на потребата од ваков вид на терапија кај постменопаузните жени со остеопороза;
6. да се процени процентот на намалување на коскената ресорпција преку СТХ;
7. да се процени односот на намалување на коскената ресорпција и процентот на намалување на остеосинтезата;
8. да се процени корелацијата на вредностите на СТХ и ОС во текот на третманот со алендронат, со процентот на нивното намалување;
9. да се одреди времето на најоптималното намалување на вредностите и процентот на СТХ, во текот на терапијата;
10. да се процени односот помеѓу базалните вредности на СТХ, и процентот на намалувањето во текот на терапијата.

Во поглавјето **МАТЕРИЈАЛ** и **МЕТОДИ НА РАБОТА**, се опишани експерименталните услови и методите кои ќе бидат користени за следење на предвидените параметри. Комисијата е на мислење дека се користени современи методи за реализација на предвидените испитувања. Истражувањето е извршено во ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија во Скопје. Лабораториските испитувања се извршени на Клиниката за клиничка биохемија.

Испитувана е голема хомогена група на 190 испитаници кои биле поделени во следниве групи:

1. контролна група (н = 20) на здрави пременопаузни жени без остеопенија и остеопороза (К);
2. контролна група (н = 20) на здрави постменопаузни жени без остеопенија и остеопороза (КПМ);
3. постменопаузни жени (н = 50) со дијагностицирана остеопенија (ПМОС);
4. постменопаузни жени (н = 100) со дијагностицирана остеопороза (ПМОП).

Контролната група се состои од постменопаузни жени кои се јавиле во амбулантскиот центар на Клиниката за ревматологија поради блага форма на дегенеративен ревматизам.

Со цел да се одбегнат физиолошките промени на коскениот метаболизам кои настануваат во раниот период од менопаузата кај жените, сите испитаници, вклучувајќи ја и контролната група, беа најмалку 5 години во менопауза.

Во групата на испитаници со остеопороза, како и во контролната група, не беа вклучени сите субјекти со заболувања или други состојби кои можат директно или индиректно да влијаат врз коскената ремоделирачка активност. Според тоа, секоја постменопаузна жена кај која била регистрирана некоја состојба или заболување дадени на листата на критериуми за изземање од студијата, веднаш била отстранета.

Кај сите испитаници се одредувани калциум, фосфор и алкална фосфатаза, спектрофотометриски на биохемиски анализатор „Интегра".

Коскените маркери остеокалцин (ОС) и С-терминален телопептид на колаген тип -1 (β-Cross laps) биле одредувани со електрохемилуминисцентна техника на имуноанализатор Elecsc 2010.

Севкупната статистичка анализа е направена со помош на програмата SPSS 16.

Во поглавјето **РЕЗУЛТАТИ** и **ДИСКУСИЈА**, кандидатката м-р Меческа-Јовческа ги образложува своите добиени резултати и нив ги дискутира и ги споредува со резултатите и сознанијата добиени од досегашните истражувања во светот.

Врз основа на добиените резултати и нивната анализа, би можеле да ги издвоиме следниве заклучоци:

1. во преодниот период од перименопауза во постменопауза, коскените маркери СТХ и ОС постепено сигнификантно се зголемуваат;

2. кај сите испитанички во групите К, КПМ, ПМОС и ПМОП е утврдена корелација помеѓу СТХ, ОС, АЛП и возраста како резултат на помлада возраст и пониски вредности на СТХ, ОС, АЛП кај испитаничките во групите К и КПМ;
3. вредностите на СТХ, ОС, АЛП во групата на испитанички со ПМОП се сигнификантно повисоки од К и КПМ;
4. вредностите на СТХ и ОС не корелираат со возраста на која настанала менопаузата, со траењето на менопаузата и со БМИ;
5. вредностите на СТХ и ОС не се разликуваат сигнификантно помеѓу испитаничките со сигнификантно различна возраст, што укажува дека зголемувањето на возраста не се карактеризира со зголемување на коскените маркери;
6. во групите на постменопаузните испитанички со остеопороза поделени според вредностите на СТХ, се забележува дека групата со повисоки вредности на СТХ се карактеризира со повисоки вредности на ОС и АЛП;
7. ризикот за остеопороза кај постменопаузните жени се зголемува со возраста, траењето на менопаузата и со високите вредности на СТХ, во споредба со перименопаузните жени;
8. кај постменопаузните испитанички со остеопороза, базалните вредности на СТХ и ОС пред терапија со алендронат се високо сигнификантно повисоки во однос на вредностите по 3, 6 и 12 месеци;
9. вредностите на СТХ и ОС прогресивно сигнификантно се намалуваат по 3. и 6. месец, но по 6. до 12. месец намалувањето не е сигнификантно, оптималниот антиресорптивен третман се постигнува по 6 - месечно лекување со алендронат;
10. испитаничките со постменопаузална остеопороза лекувани со алендронат по 6 месеци од лекувањето имаат поголемо намалување на СТХ во однос на ОС.
11. кај постменопаузните испитанички со остеопороза групирани според вредностите на СТХ, терапијата со алендронат покажува најголема ефикасност кај испитаниците со највисоки базални вредности на СТХ, односно вредностите над горна граница за менопаузни жени 0,556 нг/мл;
12. процентот на намалување на АЛП кај пациентите со постменопаузална остеопороза се зголемува од 3. кон 6. и 12. месец од лекувањето со алендронат;
13. алендронатната терапија кај постменопаузните жени со остеопороза доведува до намалување на базалните вредности на киселата фосфатаза по првите 3 месеци од терапијата;
14. кај постменопаузните испитанички со остеопороза лекувани со алендронат. вредностите на калциум, јонизиран калциум и фосфор не беа променети, што укажува на добра супституциона терапија со калциум и витамин Д;
15. лекувањето со алендронат кај постменопаузните испитанички со остеопороза доведува до високо сигнификантно намалување на остеоредукцијата и сигнификантно намалување на остеосинтезата;
16. податоците кои се дадени во оваа докторска студија укажуваат на корисноста од употребата на коскените биохемиски маркери за клиничко предвидување на коскениот дензитет, и следењето на промените на коскениот метаболизам кај постменопаузните жени;
17. сознанијата кои се добиени во оваа студија ја потврдуваат значајната улога која ја имаат биохемиските коскени маркери во следење на ефектот од терапија со алендронат кај постменопаузните жени со остеопороза.

*Од целокупните истражувања, м-р Меческа- Јовческа изведува еден* ***општ заклучок*** *и* ***препорака****, за употреба на коскените биохемиски маркери СТХ и ОС во следењето на промените на коскениот метаболизам во клиничката практика, со надеж дека оваа докторска работа фрла малку повеќе светлина врз ефектите на терапијата со алендронат врз коскениот метаболизам кај постменопаузните жени со остеопороза.*

Во поглавјето **ЛИТЕРАТУРА**, кандидатката наведува 258 референци кои се однесуваат само на оваа проблематика. Најголемиот број од нив се со најнови датуми и се оригинални научни статии.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од докторската дисертација со наслов **КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА НА БИОХЕМИСКИТЕ МАРКЕРИ НА КОСКЕН МЕТАБОЛИЗАМ КАЈ ПОСТМЕНОПАУЗНИ ЖЕНИ СО ПРИМАРНА ОСТЕОПОРОЗА: ЕФЕКТИ ОД БИСФОСФАТНАТА ТЕРАПИЈА,** изработена од м-р Јасмина Меческа-Јовческа, дипломиран инженер по биологија, вработена во ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија во Скопје, може да се заклучи дека овие истражувања ќе придонесат да се потврди уште повеќе значењето на *коскените биохемиски маркери CTX и OC во следењето на промените на коскениот метаболизам во клиничката практика.*

Поголемиот број проблеми со кои кандидатката се сретнала во текот на работата, успешно ги разрешила користејќи соодветни теоретски сознанија. За научниот придонес на разработените методи и верификацијата на добиените резултати говори и фактот дека дел од резултатите од дисертацијата се објавени во познати меѓународни списанија кои се индексирани, при што во еден од нив кандидатката е прв автор, а во другиот е втор.

Членовите на Рецензентската комисија со задоволство му препорачуваат на Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје, да ја прифати докторската дисертација под наслов **КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА НА БИОХЕМИСКИТЕ МАРКЕРИ НА КОСКЕН МЕТАБОЛИЗАМ КАЈ ПОСТМЕНОПАУЗНИ ЖЕНИ СО ПРИМАРНА ОСТЕОПОРОЗА: ЕФЕКТИ ОД БИСФОСФАТНАТА ТЕРАПИЈА,** изработена од м-р Јасмина Меческа-Јовческа, и да овозможи нејзина јавна одбрана.

Членови на Рецензентската комисија

1. Д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
2. Д-р Митко Младенов , доцент на ПМФ во Скопје, с.р.
3. Д-р Славица Шубеска-Стратрова, вонреден професор, Клиника за ендокринологија, Универзитетски клинички центар, при Медицинскиот факултет во Скопје, с.р.
4. Д-р Јорданка Димовска, редовен професор на ПМФ во Скопје (во пензија), с.р.
5. Д-р Ангел Митревски, виш научен соработник на Институтот за клиничка биохемија при Медицинскиот факултет во Скопје, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА СТРАТЕШКИОТ МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВРЗ ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ПЕРФОРМАНСИ КАЈ ДЕЛОВНИТЕ СУБЈЕКТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ,ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ИРИНА МАЈОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методој" во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р Ирина Мајовски со наслов „Влијанието на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси врз организациските перформанси кај деловните субјекти во Република Македонија", Советот на Економскиот институт во Скопје, на 34 седница одржана на 27.5.2010, донесе одлука (бр. 09-1045/1 од 1.6.2010) за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација, во состав:

1. д-р Васил Поповски
2. д-р Дејан Пендев
3. д-р Билјана Ангелова
4. д-р Верица Јанеска и
5. д-р Мирјана Борота Поповска

Членовите на Комисијата со посебно внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата до Научниот совет на Економскиот институт го доставуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Општи согледувања

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ирина Мајовски со наслов „Влијанието на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси врз организациските перформанси кај деловните субјекти во Република Македонија" третира актуелна и

комплексна проблематика од областа на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси која досега е необработена кај нас, а се однесува на влијанието на практиките на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси врз организациските перформанси.

Потребата од радикални промени во менаџирањето на вработените, која се должеше првенствено на брзите промени на пазарите, глобализацијата и сè полесна имитација на традиционалните извори за создавање на конкурентска предност (на пр., технологија), директно го поттикна развојот на менаџментот на човечки ресурси. Потребата од квалитетна и мотивирана работна сила која ќе може брзо и флексибилно да одговори на новите пазарни императиви придонесе организациите да се фокусираат на последниот извор на конкурентска предност – човечките ресурси – со што се потенцира стратешката улога на менаџментот на човечки ресурси.

Фундаменталната цел на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси е генерирање на стратешка способност за постигнување на одржлива конкурентска предност преку квалификувани, посветени и добро мотивирани човечки ресурси. Во основата на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси се вработените кои претставуваат најзначаен ресурс за организацијата, затоа што успехот на организацијата зависи од нив, односно човечкиот капитал повеќе од другите организациски ресурси претставува силен потенцијален извор на одржлива конкурентска предност. Во тој контекст, системите на менаџментот на човечки ресурси насочени кон зголемена посветеност на вработените и вклучувањето на вработените во одлучувањето имаат значајно влијание врз организациските перформанси.

Развојот на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси поттикна широк интерес во светската академска јавност со цел истражување на врската помеѓу практиките на менаџментот на човечки ресурси и организациските перформанси. Според концептот на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси, соодветно развиен и имплементиран систем на практики на менаџмент на човечки ресурси резултира со подобрени организациски перформанси. Овој систем на практики на менаџмент на човечки ресурси е тесно поврзан со ригорозна селекција во процесот

на регрутирање, континуирано инвестирање во интелектуалните капацитети на вработените, соодветно мотивирање и овозможување на учество на вработените во процесот на одлучување. Во таа насока, докторската дисертација е фокусирана кон испитување на ефектите на практиките и системот на меѓусебно поврзани и усогласени практики на менаџментот на човечки ресурси врз организациските перформанси кај деловните субјекти во Република Македонија.

2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација „Влијанието на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси врз организациските перформанси кај деловните субјекти во Република Македонија", поднесена од кандидатката м-р Ирина Мајовски, има вкупно 256 страници. Основниот текст се состои од 252 страници кои стуктурно се поделени на вовед, четири глави, заклучни согледувања, прилози и користена литература. Прилозите се опфатени на 12 страници. Користената литература е наведена на 11 страници и содржи 133 релевантни библиографски единици, периодични списанија и интернет-страници.

Воведниот дел ги содржи основните хипотези и целите на истражувањето, како и причините за поставувањето на оваа проблематика. Човечките ресурси се еден од основните фактори за постигнување на одржлива конкурентска предност. Токму поради тоа, стратешкото менаџирање на човечките ресурси треба да резултира со подобрување на деловните перформанси на организациите. Анализата на ефектите на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси врз организациските перформанси, како и дефинирање на системи на практики на менаџментот на човечки ресурси кои генерираат подобрени организациски перформанси се денес во фокусот на вниманието на светската академска јавност. Оттаму, во хипотезата на овој труд е поставена целта да се идентификуваат практиките на менаџментот на човечки ресурси кои имаат позитивно влијание врз организациските перформанси во компаниите во Република Македонија, како и да се одредат ефектите од системот на тие практики врз перформансите на компаниите.

Првата глава на дисертацијата со наслов „Значење и улога на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси" се однесува на дефинирањето на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси, улогата и влијанието на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси во организациски контекст. При тоа, се нагласува суштинската важност на усогласување на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси со организациската стратегија на компаниите. Посебно внимание се посветува на постигнување на конкурентска предност на компаниите преку стратешкото менаџирање на човечките ресурси како постојан извор на конкурентност и успешност. Во продолжение на првата глава се обработуваат стратегиите на менаџментот на човечки ресурси во однос на подобрување на организациската ефективност, стратегиите за регрутирање на човечки ресурси, професионална обука и развој, стратегии за менаџмент на перформанси на вработените, надоместоци според перформанси и наградување на човечките ресурси, и системите за учество на човечките ресурси во одлучувањето.

Втората глава „Практики на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси и нивна имплементација со посебен осврт на Република Македонија" ги опфаќа научно-теоретските истражувања и апликативни сознанија за одредени практики на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси кои позитивно влијаат на организациските перформанси. Оваа глава има за цел да ги сублимира теоретските сознанија и одредени релевантни емпириски истражувања на оваа проблематика во светот, како и да даде осврт на имплементираните практики на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси во компаниите во Република Македонија. Кандидатката детално ги анализира практиките на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси за селекција при регрутирање на човечки ресурси, професионална обука и развој, надоместоци и наградување на човечки ресурси, практики за унапредување и развој на кариера, сигурност на работно место, и практиките за вклучување на човечките ресурси во процесот на одлучување. При тоа, сублимирајќи ги досегашните истражувања, кандидатката укажува на конкретните ефекти од секоја од овие практики на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси.

Третата глава од трудот насловена како „Стратешкиот менаџмент на човечки ресурси и влијанието врз организациските перформанси со посебен осврт на Република Македонија" претежно се фокусира на ефектите на одделни практики на

стратешкиот менаџмент на човечки ресурси врз организациските перформанси во компаниите во Република Македонија. Со цел да се добие покомплетна слика за перформансите на компаниите во Република Македонија, кандидатката ги обработува согледувањата од страна на менаџментот за организациските и пазарните перформанси на компаниите во однос на конкуренцијата. Направена е сеопфатна анализа на согледувањата за организациските перформанси во однос на конкурентите како квалитет на производи и услуги, развој на нови производи и услуги, способност за привлекување и задржување на квалитетни кадри, и задоволството на потрошувачите и/или клиентите. Во продолжение на оваа глава, кандидатката ги анализира и согледувањата за пазарните перформанси на компаниите во однос на конкурентите како профитот, пазарното учество и порастот на продажбата.

Во четвртата глава насловена „Стратешкиот менаџмент на човечки ресурси во Република Македонија и ефектите од применетите практики врз организациските перформанси", кандидатката ги сублимира сознанијата од спроведеното истражување за практиките на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси во компаниите во Република Македонија, како и сознанијата од емпириското истражување за влијанието врз организациските перформанси. Поодделно, се анализираат ефектите на практиките на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси врз организациските и пазарните перформанси. Оваа глава опфаќа и компаративна анализа на применетите практики на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси и влијанието врз организациските перформанси на компании со странски, мешовит и домашен капитал во Република Македонија, како и кај оние компании каде што постои споеност и раздвоеност на менаџерската функција и сопственоста. Врз основа на добиените резултати од реализираното практично истражување дадени се одредени препораки со цел да се подобрат ефектите на практиките на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси во компаниите во Република Македонија.

Во заклучните согледувања, кандидатката м-р Ирина Мајовски ги сублимира постојните практики на менаџментот на човечки ресурси и дава критички осврт на состојбите во Република Македонија. Во таа смисла истакнува дека системот на менаџмент на човечки ресурси треба да вклучува практики кои ќе ги опфатат трите основни елементи за подобрување на организациските перформанси како

соодветни вештини и способности на човечките ресурси кои ќе претставуваат вредност за организацијата, соодветна мотивација на човечките ресурси за искористување на знаењето и дискреционот поттик кон исполнување на организациските цели, и учество на човечките ресурси во процесот на одлучување. При тоа, за подобрување на ефектите на практиките на менаџментот на човечки ресурси, компаниите во Република Македонија треба да се фокусираат кон создавање на меѓусебна усогласност и кохерентност на практиките на менаџментот на човечки ресурси. Според концептот на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси, потребен е соодветно развиен, стратегиски усогласен систем на меѓусебно конзистентни практики на менаџмент на човечки ресурси за добивање на максимални ефекти во подобрување на организациските перформанси. Кандидатката истакнува дека несоодветно дизајнирана и/или имплементирана практика на менаџментот на човечки ресурси ја нарушува хармонијата на системот што последователно води кон намалување на ефектите на системот врз организациските перформанси.

3. Оцена и предлог

Врз основа на внимателното проучување на изнесената содржина на докторската дисертација од кандидатката м-р Ирина Мајовски со наслов „Влијанието на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси врз организациските перформанси кај деловните субјекти во Република Македонија", Комисијата оцени дека докторската дисертација е обработена на современ и методолошки оригинален начин.

Научниот придонес на докторската дисертација се согледува во системската обработка на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси, разбран како, стратешки пристап во генерирање на стратешка способност за постигнување на одржлива конкурентска предност преку квалификувани, посветени и добро мотивирани човечки ресурси. Релевантни се констатациите на кандидатката дека основата на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси се вработените кои претставуваат најзначаен ресурс за организацијата затоа што успехот на организацијата зависи од нив. Во тој контекст, системите на менаџментот на човечки ресурси насочени кон

зголемена посветеност на вработените и вклучувањето на вработените во одлучувањето имаат значајно влијание на организациските перформанси.

Темата на докторската дисертација се одликува со оригинален пристап кон дефинирањето на проблемот на истражувањето кој е недоволно обработен во нашата научна и стручна литература и мошне успешно го инкорпорира методолошкиот и научниот третман на менаџментот на човечки ресурси во соодветно развиен, стратегиски усогласен систем на меѓусебно конзистентни практики на менаџмент на човечки ресурси за добивање на максимални ефекти во подобрување на организациските перформанси.

Докторската дисертација заслужува посебен респект поради интегралниот, целисходниот и темелен пристап според обемноста на обработениот стручен материјал. Текстот на дисертацијата е пишуван согласно со современите концепти прифатени при изработка на докторски дисертации.

Комисијата беше едногласна во констатацијата дека кандидатката м-р Ирина Мајовски во својата докторска дисертација целосно успеала да одговори на предизвиците што ги поставила при дефинирањето на предметот на истражување. Тезите што ги поставува мошне успешно ги развива со поткрепени и аргументирани ставови и заклучоци. Постигнатата научна егзактност и вредност на докторската дисертација се целосно прифатени и заслужуваат висока оцена.

Посебен придонес кандидатката дава во доменот на емпириското истражување кое е прво од ваков вид во областа на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси во Република Македонија, особено во современата примена на методите и техниките на квалитативната и квантитативната анализа. Така, од добиените резултати од истражувањето низ статистичка анализа на корелациите, поврзаноста, хиерархиската, линеарната мултипна регресиона анализа ги сублимира сознанијата од спроведеното истражување за практиките на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси врз организациските и пазарните перформанси во компаниите со странски, мешовит и домашен капитал во Република Македонија.

Врз основа на добиените резултати од реализираното емпериско истражување дадени се одредени препораки со цел да се подобрат ефектите на практиките на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси во компаниите во Република Македонија.

Комисијата цени дека оваа докторска дисертација придонесува во афирмација на економската наука - како на полето на научното третирање на проблематиката на стратешкиот менаџмент, така и во практиката во смисла на дефинирање на постојните и потенцијалните практики и предочување на апликативни решенија за нив.

Врз основа на претходното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација „Влијанието на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси врз организациските перформанси кај деловните субјекти во Република Македонија", и

2. на кандидатката м-р Ирина Мајовски да и се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Скопје, 24.8.2010

Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација

1. ________________________ с.р.
/Д-р Васил Поповски/

2. ________________________ с.р.
/Д-р Биљана Ангелова/

3. ________________________ с.р.
/Д-р Дејан Пендев/

4. ________________________ с.р.
/Д-р Верица Јанеска/

5. ________________________ с.р.
/Д-р Мирјана Борота Поповска/

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР – ПРИЕМ НА ЕДЕН НАСТАВНИК ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА МЕДИЦИНСКА ФИЗИКА И ОПШТА ФИЗИКА ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЗИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 07-1735/3 од 3.9.2010 год., донесена на седницата одржана на 2.09.2010 год., бевме избрани за членови на Рецензентската комисија за избор-прием на еден наставник во сите звања по група предмети од областа на медицинска физика и општа физика на конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха" од 19.8.2010 (четврта објава).

Комисијата во состав: д-р Мимоза Ристова, редовен професор на ПМФ, д-р Невенка Андоновска, редовен професор на ПМФ и д-р Станоја Стоименов, редовен професор на ПМФ, ја разгледа пријавата и доставената документација од единствениот пријавен кандидат Весна Гершан, доктор на физички науки, специјалист по медицинска нуклеарна физика и го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**1. Биографски податоци**

Д-р Весна Гершан, специјалист по медицинска нуклеарна физика, е родена на 21.5.1969 во Куманово каде што завршила гимназија, информатичка насока, во 1988 со континуиран одличен успех. Во текот на средношколското образование учествувала на републички натпревари по физика каде што постигнала солидни успеси. Истата година се запишала на студиите по применета физика на Институтот за физика, ПМФ, Скопје. Како апсолвент една година работела во приватна информатичка фирма. Дипломирала во март 1996 год., со изработка на дипломска работа под наслов *Дејство на јонизирачките зрачења врз живите организми-терапевтско зрачење од медицински акцелератор MEL 75-20 и радиотераписки систем CIRUS Cis (кобалт бомба)* и се здобила со звањето *дипломиран инженер по физика.*

Во септември 1997 год. се вработила на Институтот за физика при ПМФ во Скопје како технички секретар-библиотекар. Се запишала на постдипломските студии на насоката физичка оптика, кои ги завршила со одбрана на магистерскиот труд *Влијание на физичките параметри во оптимизација на рендгенската слика* во мај 2003 год. и се стекнала називот *магистер на физички науки.*

Во 2002 год. преминала на работа на Институтот за радиологија при Медицинскиот факултет во Скопје, каде што работела како медицински физичар, а подоцна е назначена за *раководител на Одделението за медицинска физика и дозиметрија,* на која функција се наоѓа и денеска.

Во 2005 година се запишала на специјалистички студии по медицинска физика на Медицинскиот факултет во Скопје кои ги завршила во јануари 2008 со полагање на специјалистички испит и се стекнала со звањето *специјалист по медицинска нуклеарна физика.*

Во 2007 год. пријавила теза за докторска дисертација на Институтот за физика при ПМФ во Скопје, под наслов *Оптимизација на физичките параметри поврзани со квалитетот на мамографските слики и радијационите дози,* која ја одбранила на 3.7. 2009 год. и се стекнала со научен степен *доктор на физички науки.*

Во текот на својата професионална кариера која е во најголем дел поврзана со примената на јонизирачките зрачења во медицината и заштитата, таа се занимава со:

-дозиметрија во радиологијата (за пациенти и за професионално изложени лица);

-оптимизација на протоколите при снимања во дијагностичката радиологија;

-тестирање на сите видови рендгенски апарати (техничка исправност, перформанси, определување на дозни параметри и параметри со коишто се оценува квалитетот на сликите);

-учество во реализација на наставните обврски (за студентите на Високата школа за радиолошки технолози, за специјализантите по радиологија, за специјализантите по медицинска физика и др.) за теми што се однесуваат на физиката на јонизирачките зрачења, радијационата заштита, физиката на РТГ и МР- системите, методите за тестирање на РТГ-апаратура итн.;

-практични вежби и консултации за студентите по медицинска физика на Инст.за физика,
-изработка на проекти за адаптација на простории во РТГ-кабинети и програми за заштита од јонизирачко зрачење.

## 2. Научностражувачка дејност

Потесната област од научен интерес на д-р В. Гершан е примената на јонизирачките зрачења во медицината, детекцијата, дозиметријата и заштитата од зрачења. Од оваа област биле публицирани подолу наведените трудови.

1. В. Кировска, З. Стефановски, Д. Гершановски, *Придонес кон проучувањето на полето на јонизирачкото зрачење од медицинскиот акцелератор при терапија на тумори,* Год. зборник -физика, вол. 47, 67-76. 1997.

Користејќи го концептот на случајно депонирање на енергијата на зрачењето во живото ткиво, авторите покажале дека вредноста на апсорбираната доза за различни ткива е околу 1,3 Gy. Доколку енергијата на зрачењето ја надминува вредноста од 4 MeV, постои можност за концентрирање на поголем износ на енергија во туморот отколку во околното ткиво. Анализите покажале дека за оваа цел оптималната енергија на снопот треба да биде 20-25 MeV. Анализиран е концептот на терапевтски однос претставен со процентот на пациенти кај кои ќе се појават компликации во функција од применетата доза. Процедурата била тестирана на 40 пациентки заболени од рак на цервиксот, при што кривите на преживување биле анализирани за третираните пациентки.

2. D. Gersanovski, V. Gersanovska, L. Nikolovska, *Determination of natural radio-activity in building materials used in the south - eastern area of Macedonia by γ-ray spectrometry*, Physica Mecedonica, 50, 103-108 (2000)

Во градежните материјали е можно присуство на радионуклиди, што е сумирано во некои од извештаите на комисиите на ИАЕА. Овие радионуклиди најчесто се K-40, U-238, Th-232 и нивните потомци што претставуваат радиоактивно загадување на средината. Примероци од песок и обработени градежни материјали собрани од југоисточниот дел на Македонија се анализирани на споменатите нуклиди со помош на гама-спектрометрија. Специфичната активност на овие нуклиди е споредена со просечните вредности што ги покажуваат во слични средини (од познатата литература).

3. В. Гершан, *Влијание на физичките параметри во оптимизација на рендгенската слика*, 2003, Институт за физика, ПМФ, Скопје, магистерска работа.

Во магистерскиот труд се прикажани резултатите од испитувањата на влијанието на параметрите на снимање врз дозата и квалитетот на сликите во конвенционалната радиографија, како и влијанијата на типот на филмот и условите на процесирање.

4. V. Gersan, *Physical Methods for Dose Determination in Mammography*, Physica Macedonica, Skopje, Vol.55, 63-68, 2005.

Како последица на апсорпцијата на радијационата доза што ја примаат дојките при мамографското снимање, постои опасност од зголемување на ризикот за појава на канцер во дојката. Иако тој ризик е многу мал, сепак не е безначаен. Затоа, од исклучителна важност е да се прават висококвалитетни мамографски слики, а притоа дозата да биде што е можно помала. Во трудот се презентирани просечните дози во жлезденото ткиво за просечна дојка (4,5 cm дебелина при компресија и 50% жлездено, 50% масно ткиво), кои се добиваат во мамографските центри во Македонија. Мерењата се направени со стандарден мамографски фантом за акредитација и со мерен систем Barracuda. Резултатите покажале дека испорачаните дози не ги надминале пропишаните европски стандарди.

5. V. Gershan, *Изложеност на радијација на персоналот при ортопедски интервенции,* Acta Orthopedica et Traumatologica Macedonica, Мед. факултет, Скопје, **5**, 2007, 44-46.

При ортопедските процедури што вклучуваат радиографија или флуороскопија, персоналот добива доза, која во најголем дел потекнува од расејаното зрачење на примарниот сноп од телото на пациентот. Биле анализирани факторите што влијаат на износот на ова зрачење. Во трудот се прикажани факторите што влијаат на конечниот износ на дозата, просторната дистрибуција на зрачењето околу пациентот и РТГ-апаратот, како и принципите на радијационата заштита.

6. В. Гершан, *Резултати од истражувањето на квалитетот на сликите и дозите во мамографијата во Р. Македонија*, Зборник трудови од Првата конференција за мед.физика и биомедицински инженеринг, 23-24 ноември 2007, Скопје.

Биле направени испитувања на квалитетот на мамографските слики во 16 мамографски ординации во Македонија. Предмет на анализа било процесирањето на филмовите и целиот процес на добивање на сликата. Била пресметана средната жлездена доза за дојка со просечна големина преку снимки на фантом од плексиглас кој симулира атенуација на просечна дојка и користење на конверзиони фактори. Резултатите од истражувањата покажале дека иако вредностите на дозата не ги надминуваат максимално дозволените вредности препорачани од IAEA, квалитетот на сликите не е според пропишаните стандарди.

7. V.Gershan, A *Study for Patient Doses and Iimage Quality during head and abdominal CT Examinations in Macedinia*, Proceedings Tenth National Conference on Biomedical Physics and Ingineering, Sofia 16-18 Oct. 2008.

Во повеќето приватни дијагностички кабинети во Македонија, во последнава деценија, започнале со снимање со компјутерска томографија со репарирана технологија со што се зголеми потенцијалниот ризик од зголемено озрачување на пациентите. Спроведена била контрола на квалитетот кај 19 компјутерски томографи. Во студијата се претставени резултатите за дозите на пациентите и за квалитетот на сликите изразен преку параметрите: нискоконтрасни детали, униформност, шум и висока резолуција.

8. V. Gershan, *Assessment of patient doses during CT examination in Macedonia*, Physica Macedonica 2008 58, (2008) p.59-65.

Во оваа публикација се прикажани резултатите од дозиметриските мерења при тестирањата на 9 компјутерски томографи во Македонија. Измерен бил специфичниот КТ- дозен индекс (CTDIw) за протоколите за снимање на глава и абдомен, како и DLP- параметарот. Вредностите биле споредени со европските критериуми за радијациони дози. Ефективните дози биле пресметани со помош на конверзиони фактори и со специфичните фактори за секој тип томограф. Резултатите покажале дека пациентите од женската популација добиваат поголема доза на зрачење затоа што не постои разлика во протоколите на снимање кои би ја земале предвид помалата просечечна густина на ткивата на овие пациенти.

9. W. E. Muhogora, V.Gershan, .et all, *Patient Doses in CT Examinations in 18 Countries: Initial Results,* International Atomic Energy Agency Projects, Radiation Protection Dosimetry 2009 136(2):118-126 (Oxford Journals).

Ова е заеднички труд на медицинските физичари од 18 земји од источна Европа, Африка и Азија што имала за цел да ги анализира КТ- дозите за возрасни пациенти во земјите во развој за да се одговори на прашањето, дали овие дози се повисоки од оние во развиените земји. Проценката на добиените дози при снимање на бели дробови, 'рбет, абдомен и карлица била направена со користење на дозните параметри CTDIw и DLP. Студијата покажала дека средните CTDIw вредности се под референтните вредности, но дека DLP- вредностите се повисоки во 17% од случаите.

10. В.Гершан, *Оптимизација на физичките параметри поврзани со квалитетот на мамографските слики и радијационите дози*, 2009, Институт за физика, ПМФ, Скопје, докторска дисертација.

Се покажало дека за да се направи избор на оптималните вредности на оптичкиот дензитетет на конкретен филм треба да се имаат предвид комбинацијата филм/фолија, радијациониот излез и HVL-параметарот и условите на процесирањето. Квантитативно се покажало како

зависи вредноста на измерената доза од условите на мерењето и од типот на детекторите. Изработен бил нов протокол за избор на параметрите на снимање со кој бил обезбеден далеку подобар квалитет на сликите. Се покажало дека препорачаниот од ЕУ мамо-фантом од 45 mm одговара на просечната дебелина и состав на дојките снимени на Универзитетската клиника за радиологија.

*11.* Vesna Gershan, *Estimation of Semi Automatic versus Automatic Choice Methods on Breast Dose,* World Congress on Medical Physics and Biomedical Engineering, Munich- 2009, IFMBE Proceedings 25/II, pp.27-30, 2009.

Истражувани биле корелациите на физичките параметри на снимање со дебелината на дојката, со упадната воздушна KERMA и со средната жлездена доза. Исто така, била направена споредба меѓу параметрите кај оптимизиран полуавтоматски мод на снимање и кај автоматски мод на снимање за два мамографски система од различни производители. Било утврдено дека автоматскиот мод има полоша корелација меѓу параметрите во однос на полуавтоматскиот мод на снимање. Заклучокот упатува на тоа дека калибрацијата на автоматскиот мод има голема улога врз дозата кај пациентот и дека не секогаш параметрите оптимално се дотерани.

12. W. E. Muhogora, V.Gershan, .et all, *Paediatric CT Examinations In 19 Developing Countries: Frequency And Radiation Dose,* Radiation Protection Dosimetry (2010) 140(1): 49-58 (Oxford Journals).

Во овој труд се прикажани резултатите од спроведеното истражување на 128 КТ - скенери во 19 различни земји од југоисточна Европа, Азија, и Африка во рамките на проект при Меѓународната агенција за атомска енергија од Виена. Предмет на истражувањето биле протоколите при кои се изведуваат снимањата во компјутерската томографија и дозите што ги добиваат педијатриските пациенти. Заклучоците укажале дека во една третина од земјите за малите пациенти се применуваат протоколи како за возрасни, а со тоа дозите се неоправдано поголеми. Исто така било заклучено дека педијатриските дози во Јапонија се најмали, па потоа следуваат азиските земји, земјите од југоисточна Европа и на крај, африканските земји. Се потврдила потребата од оптимизирање на протоколите при снимање на деца со компјутерска томографија.

### 3. Стручноапликативна дејност

Д-р Весна Гершан соработува со Дирекцијата за радијациона сигурност на Р. Македонија за изработка на подзаконските акти (правилници) според Законот за заштита од јонизирачки зрачења, како и со Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ), доставување на извештаи за имплементацијата на Basic Safety Standards пропишани од Агенцијата, извештаи за дозиметриски процедури, оптимизација на протоколите при рендгенските снимања што се прават во Република Македонија итн. Актуелноста на тековните истражувања во рамките на проект во којшто учествувала кандидатката ги потврди самата Агенција со ставањето на информации од проектните активности како ударна тема на својата главна веб страница.

Кандидатката учествувала на повеќе работилници, тренинг-курсеви и школи за обука во областа на дозиметријата, заштитата од јонизирачки зрачења и медицинската физика (наброени подолу во извештајот) и се здобила со сертификати. На стручен план таа учествувала во многу проекти, конференции и други активности кои се наведени во табелите во Анексот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изнесеното, може да се заклучи дека д-р Весна Гершан, специјалист по медицинска нуклеарна физика, е еден од ретките едуцирани физичари кои работат на полето на примената на јонизирачките зрачења во медицината во Република Македонија. Поголем дел од нејзините трудови (најчесто е единствен автор) се однесуваат на оптимизирање на физичките параметри за подобрување на квалитетот на дијагностичката информација, а при тоа, дозите што ги примаат пациентите да бидат на ниво препорачано со европските протоколи.

Кандидатката има учествувано на голем број конференции, како во земјата така и во странство, каде што презентирала резултати од својата работа. Посебно сакаме да одбележиме дека таа има учествувано на бројни школи и работилници од кои се стекнала со осум сертификати.

На покана од организаторот, таа одржала предавања на неколку школи, работилници, конференции на стручни здруженија и сојузи во Македонија што може да се види од Анексот. Да одбележиме дека и Европското здружение за медицинска физика и биоинженеринг (EFOMP) ја поканило за предавач на Меѓународната школа за контрола на квалитет (QA/QC) во дијагностичкиот imaging (ноември 2008, Нови Сад).

Потребно е да се забележи нејзината соработка со Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA) каде што била назначена за национален координатор на проект меѓу Агенцијата и Универзитетската клиника за радиологија. Д-р Весна Гершан е член на тимот од меѓународни експерти од областа на радијационата заштита на педијатриските пациенти, кои работат под раководство на проф. д-р М. Рехани (IAEA). Резултатите од истражувањата на овој тим се публицирани во реномирани светски списанија. Таа е воедно и единствениот експерт во државата којшто четири години ги изведува атестирањата на рендгенските и мамографските системи, како и системите за компјутерска томографија.

Од набележаните активности може да се види дека д-р Весна Гершан има и наставно-стручно искуство. Како специјалист по медицинска нуклеарна физика и раководител на Одделението за медицинска физика и дозиметрија, таа била задолжена за практичната настава на студентите од насоката медицинска физика при Институтот за физика при нивниот престој на институтите на Медицинскиот факултет, за одредени поглавја од физиката на зрачења и заштита за студентите рендген-технолози, како и за специјализантите при Универзитетската клиника за радиологија.

Добар дел од нејзината активност е од областа на обработка и анализа на дигиталните сигнали – податоци што се добиваат при различни дијагностички процедури, при што соработувала со физичари од Институтот за физика, ПМФ и Факултетот за електротехника и информатички технологии во Скопје.

**Од приложената табела за бројот на поени што се потребни за избор во звањето ДОЦЕНТ се гледа дека бројот е далеку надминат.**

Врз основа на сето досега изнесено, Комисијата оценува дека кандидатката д-р Весна Гершан, специјалист по медицинска нуклеарна физика, ги исполнува сите пропишани услови за избор за наставник и му препорачува на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да ја избере во звањето ДОЦЕНТ по група предмети од областа на медицинската физика и општата физика при Институтот за физика на ПМФ во Скопје.

**Рецензентска комисија**

1. Д-р Мимоза Ристова, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

2. Д-р Невенка Андоновска, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

3. Д-р Станоја Стоименов, редовен професор на ПМФ, во Скопје, с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** __________**ВЕСНА АЛЕКСАНДАР ГЕРШАН**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ___**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**_________
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** _________________**ФИЗИКА**___________________________

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | **2007/2008** | **0,24** |
| **1.** | Стручни предавања, магнетна резонанца во неврорадиологија (3 часа), 1 циклус на студии, редовни студенти-30 (проф. д-р Миодраг Врчаковски) | |
| **2.** | Стручни предавања, магнетна резонанца во неврорадиологија (3 часа), 1 циклус на студии, вонредни студенти-30 (проф. д-р Миодраг Врчаковски) | |
| | **2008/2009** | **0,45** |
| **3.** | Стручни предавања, 1 циклус на студии, магнетна резонанца во неврорадиологија (3 часа), редовни студенти-30, (проф. д-р Миодраг Врчаковски) | |
| **4.** | Стручни предавања, магнетна резонанца во неврорадиологија (3 часа), 1 циклус на студии, вонредни студенти-30 (проф. д-р Миодраг Врчаковски) | |
| **5.** | Стручни предавања, 2 циклус на студии, магнетна резонанца во неврорадиологија (3 часа), студенти-20 (проф. д-р Миодраг Врчаковски) | |
| **6.** | Вежби 1 циклус на студии, ПМФ, физика на *imaging* -методи (проф.д-р Мимоза Ристова) | |
| | **2009/2010** | **1,74** |
| **7.** | Предавања под менторство, техника на магнетна резонаца (15+30), 1 циклус на студии, редовни студенти-30 (проф.д-р Зоран Трајковски) | |
| **8.** | Предавања под менторство, техника на магнетна резонаца, (15+30), 1 циклус на студии, вонредни студенти -15 (проф.д-р Зоран Трајковски) | |
| **9.** | Консултации со студенти | |
| **10.** | Стручни предавања, 1 циклус на студии, магнетна резонанца во неврорадиологија (3 часа)–редовни студенти -60 (проф. д-р Миодраг Врчаковски) | |
| **11.** | Стручни предавања, 1 циклус на студии, магнетна резонанца во неврорадиологија (3 часа)– вонредни студенти-30(проф. д-р Миодраг Врчаковски) | |
| **12.** | Стручни предвања, 2 циклус на студии, магнетна резонанца во неврорадиологија (3 часа)-20 (проф. д-р Миодраг Врчаковски) | |
| **13.** | Вежби 1 циклус на студии, 3 часа, ПМФ, физика на *imaging* - методи (проф.д-р Мимоза Ристова) | |
| **14.** | **Настава во летни школи и работилници** | **4** |
| | 1. Меѓународна агенција за атомска енергија (МААЕ). Тренинг-курс: Заштита од радијација во дијаг.и интерв.радиологија, Охрид, 10-14 февр. 2003 (сертификат)<br>2. В.Гершан, Детектори на јонизирачки зрачења. Дозиметри, Школа млади физичари, 2008, публикувано во Книга XXXIII, стр.29-41.<br>3.The First Central & Eastern European Workshop on Quality Control, Patient Dosimetry and Radiation Protection in Diagnostic and Interventional Radiology and Nuclear Medicine, *Image quality and doses in mammography in Macedonia*, oral presentation, Budapest, 2007.<br>4. В. Гершан и др., Оптимизација на протоколите за снимање на педијатриски пациенти во интервентната радиологија и компјутерската томографија, 3-ти Национален тренинг-курс за заштита од радијација во дијагностичката радиологија, Охрид, 23 септември 2009 | |

| | | |
|---|---|---|
| **15.** | **Интерна скрипта од предавања** | 2 |
| | Основна техника на магнетната резонанца. Мед. Фак. 2008, В.Гершан, З.Трајковски | |
| **16.** | **Научно-популарни или наставно-историски статии во стручно методско списание** | 7 |
| | 1. TESLA Accelerator Installation, Билтен на ДФ на Р. Македонија, Том 41, 71-76, 1996, Скопје<br>2. Аеројони и нивното лековито дејство, ИМПУЛС 43, 1999<br>3. Одредување на ураниум во урината со алфа-спектроскопија, ИМПУЛС 48, 2002<br>4. 100 години од откривањето на рендгенските зраци и нивната примена во медицината, ИМПУЛС 50, 2005.<br>5. Што ѝ подари физиката на радиологијата, VOX MEDICI, Лекарска комора на Македонија, Скопје, број 47, март 2005.<br>6. Што ѝ подари Германија на радиологијата, Друштво за македонско-германско пријателство-изложба, постер, 2005.<br>7. Дози и ризици за пациентите во дијагностичката радиологија, VOX MEDICI, Лекарска комора на Македонија, Скопје, број 50, март 2006. | |
| | **Вкупно** | **15,43** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Докторска дисертација** | **8** |
| | Оптимизација на физичките параметри поврзани со квалитетот на мамографските слики и радијационите дози, 2009, ПМФ, Скопје | |
| **2.** | **Магистерски труд** | **4** |
| | Влијание на физичките параметри во оптимизација на рендгенската слика, 2003, ПМФ, Скопје | |
| **3.** | **Специјалистички студии** | **2** |
| | Специјалистички студии по медицинска физика, одбранет специјалистички труд 2008, Медицински факултет, Скопје. | |
| **5.** | **Национален координатор на меѓународен научен проект** | **12** |
| | 1. QC/QA in Diagn. Radiology and Nuclear Medicine, MAK6004, IAEA, 2002-2004<br>2. Strengthening Radiological Protection of Patients and Medical Exposure Control, RER9093, IAEA 2007-2009-2011 | |
| **6.** | **Учесник во национален научен проект** | **6** |
| | 1. Оптимизација на радијационите дози во рендгенската дијагностика (заеднички проект на Институтот за физика и Институтот за радиологија), 2003-2006<br>2. Протокол за контрола на квалитетот на техничко-технолошкиот процес на мамографските системи, апликативно – развоен и научноистражувачки проект (Факултет за електротехника и информатички технологии), 2008-2009 | |
| **4.** | **Труд со оригинални научни резултати објавен во научно-стручно списание** | **15,2** |
| | 1. V. Gershan, *Assessment of patient doses during CT examination in Macedonia*, Physica Macedonica 58, (2008) p.59-65 | (4) |
| | 2. V. Gershan, *Изложеност на радијација на персоналот при ортопедски интервенции* Acta Orthopedica et Traumatologica Macedonica, Medicinski fakultet, Skopje, 5, 2007, 44-46 | (4) |
| | 3. V. Gershan, *Physical Methods for Dose Determination in Mammography*, Physica Macedonica, Skopje, Vol.55, 63-68, 2005 | (4) |

| | | |
|---|---|---|
| | 4. D. Gersanovski, V. Gersanovska, L. Nikolovska, *Determination of natural radio-activity in building materials used in the south - eastern area of Macedonia by γ-ray spectrometry*, Physica Mecedonica, 50, 103-108 (2000)<br>5.В. Кировска, З. Стефановски, Д. Гершановски, *Придонес кон проучувањето на полето на јонизирачкото зрачење од медицинскиот акцелератор при терапија на тумори,* Год. зборник -физика, Вол. 47, 67-76. 1997. | (1,6)<br>(1,6) |
| 5. | **Труд објавен во научно-стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | 7,2 |
| | 1. W. E. Muhogora, V.Gershan, .et all *Paediatric CT Examinations In 19 Developing Countries: Frequency And Radiation Dose,* Radiation Protection Dosimetry (2010) 140(1): 49-58 (Oxford Journals)<br>2. W. E. Muhogora, ..V.Gershan, .et all. *Patient Doses in CT Examinations in 18 Countries: Initial Results,* From International Atomic Energy Agency Projects, Radiation Protection Dosimetry 2009 136(2):118-126 (Oxford Journals) | |
| 6. | **Трудови објавени во зборник на трудови од научен-стручен собир** | 2 |
| | В. Гершан, *Резултати од истражувањето на квалитетот на сликите и дозите во мамографијата во Р. Македонија* , Зборник трудови од Првата конференција за мед.физика и биомедицински инженеринг, 23-24 ноември 2007, Скопје. | |
| 7. | **Трудови објавени во зборник на трудови од научен-стручен собир со меѓ.одбор** | 5,2 |
| | 1. Vesna Gershan, Estimation of Semi Automatic versus Automatic Choice Methods on Breast Dose, Proceedings 25/II, pp.27-30, World Congress on Medical Physics and Biomedical Engineering, Munich 7-12 Sep 2009.<br>2. V.Gershan, A *Study for Patient Doses and Image Quality during head and abdominal CT Examinations in Macedinia,* Proceedings Tenth National Conference on Biomedical Physics and Engineering, Sofia 16-18 Oct 2008 | |
| 11. | **Пленарно предавање на научен-стручен собир со меѓународно учество** | 3 |
| | V. Gershan, Technology of Digital Mamography, School on Quality Assurance & Quality Control in Diagnosting Imaging, EFOMP, BIMEF, 14-15 Nov 2008 Novi Sad, Serbia, - Invited lecturer. | |
| 12. | **Секциски предавања на научен-стручен собир со меѓународно учество** | 9 |
| | 1.V. Gersan, *Medical Physics in Macedonia,* Four seas Conference on Medical Physics - Physique sans frontiers, CERN-UNESCO, Istanbul 6-10 Sep. 2004.<br>2. Балканска конференција на Друштвото на рендген-техничарите на Македонија, предавање: *Дози во дијагностичка и интервентна радиологија на пациенти и на вработени,* Дојран, 10-12 јуни 2005<br>4. V. Gershan, Assessment of patient doses during CT examination in Macedonia, 7th Conference of the Society of Physicists of Macedonia, 18-21 Sep, Ohrid 2008.<br>5. V.Gersan, Comparison of digital and film-screen mammography, 5th Congress of Radiologist of Macedonia, 20-23 sep.2009, Book of abstr, p.7<br>6. В. Гершан, Д. Јакимовски, З. Трајковски, С. Бурческа, *Споредба на квалитетот на КТ-сликата при трансфер на различни медиуми,* 5th Congress of Radiologist of Macedonia, 20-23 sep.2009, Book of abstracts, p.8 | |
| 13. | **Одржани предавања на семинари за потребите на домашни здруженија и федерации** | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Предавање: *Методи за определување на квалитет на мамографските слики*, Здружение на Друштвото за медицинска физика и биоинженеринг, Институт за радиотерапија и онкологија, Скопје, 2006.<br>2. Предавање на Годишното собрание на Здружението на радиолозите, *Квалитет на мамографските слики во ЕУ,В. Британија и Македонија*, 8 декември 2006 (поканет предавач).<br>3. Предавање на Секција на Здружението на радиолозите, *Технички квалитет на мамографските слики*, март 2007 (поканет предавач).<br>4. Предавање на Годишното собрание на Здружението на радиолозите, *Добивање на квалитетна мамографска слика, услови за скрининг*, 28 ноември 2008 (поканет предавач). | |
| **14.** | **Учества на научен-стручен собир реферат** | 2 |
| | 1. V. Gersan, R. Stamenov, J. Vassileva, The evaluation of breast dose in Mammography in Macedonia, 3rd Congress of Balkan Radiologists, Ohrid, Oct. 2005<br>2. G. Angelovski, V. Gersan, L. Nikolovska, Implementation of International safety Standards and Quality Assurance in Diagnostic Radiology in Macedonia, 3rd Congress of Balkan Radiologists, Ohrid, Oct. 2005 | |
| | **Вкупно** | 77,6 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **1.** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија** | |
| | Процена на квалитетот на опремата на мамографските центри вклучени во кампањата за рано откривање на ракот на дојката (Мин.за здравство, 3 центри) | 3 |

**Дејности од поширок интерес**

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир** | 1 |
| | 1. Член на Организациониот одбор на Првата македонска конференција за медицинска физика и биомедицински инженеринг, 2007<br>2. Член на Организациониот одбор на Втората македонска конференција за медицинска физика и биомедицински инженеринг, 2010 | |
| **3.** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен-стручен собир** | 1 |
| | Член на Организациониот комитет на 5th Congress of Radiologist of Macedonia with International Participants, 2009. | |
| **4.** | **Студиски престој во странство до 3 месеци** | 3,5 |
| | 1. Regional Training Course on Assessment of occupational Exposure due to intakes of Radionuclide, Budapest, 8-12 October 2001, (Certificate)<br>2. Regional Training Workshop on Combating Illicit Trafficking of Radioactive Materials, International Atomic Energy Agency, June 2002, Ohrid (Certificate)<br>3. Regional Training Workshop on Radiation Protection in Industry, International Atomic Energy Agency, 11-15 Nov. 2002, Ohrid (Certificate)<br>4. Subregional Training Course on the Organization and Implementation of a National Regulatory Programme for the Control od Radiation Sources, Ohrid 2004 (Certificate)<br>5. First International seminar for Magnetic Resonance Imaging in the Republic of Macedonia, ISMRM, Ohrid, 27-30 aug. 2008<br>6.European School of Medical Physics, 30 Oct – 2 Dec.2003, Archamps, CERN, Geneva (Certificate)<br>7. IAEA, Scientific visit, Azienda Ospedaliera Santa Maria della Misericordia, Udine, Italy, 13-17 June, 2007 (Certificate) | |

| | | |
|---|---|---|
| | 8. St.Bartholomew's Hospital, London, UK (септ. – ноември 2006), обука за методите за тестирање на дигиталните imiging-системи (мамографски и други) и дозиметрија. | |
| 5. | **Студиски престој во странство повеќе од 6 месеци** | 2 |
| | ICTP, Ospedale Maggiore, Трст, Италија (мај 2002-април 2003), обука за методите за тестирање на РТГ- апарати. | |
| 6. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | 1 |
| | 1. Протокол за контрола на квалитетот на техничко-технолошкиот процес на мамографските системи (2008).<br>2. Доопремување на Лабораторијата за нуклеарна и медицинска физика (2010). | |
| 7. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | 2 |
| | 1. Quality assurance program in film-screen and digital ammography for diagnostic and screening of breast cancer (билатерален проект Македонија – Бугарија, 2009).<br>2. Quality Management in Radiology with special focus on Radiation Protection in Macedonia (билатерален проект Македонија – Австрија, 2010). | |
| 8. | **Раководител на внатрешна организациона единица** | 3 |
| | Раководител на Одделот за медицинска физика и дозиметрија во Универзитетската клиника за радиологија во Скопје. | |
| 9. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | 4 |
| | 1. Член на Комисијата при Дирекцијата за радијациона сигурност на Република Македонија за подготовка на Национална регулатива за контрола на квалитетот во дијагностичката радиологија.<br>2. Член на Комисијата при Министерството за здравство за имплементација на скрининг-програмата за рак на дојката во Р. Македонија.<br>3. Претставник од Македонија во Европската организација на медицински физичари во групата за посебни едукативни интереси<br>4. Член на меѓународната мрежа на експерти за заштита на децата при медицински изложувања на радијација, IAEA, RER9093. | |
| 10. | **Учество за изработка на национална програма од одредена област** | 6 |
| | 1. Изготвување на програма за мамографски скрининг на дојката, 2009<br>2. Правилник за критериуми и мерки за заштита од јонизирачко зрачење за вршење на дејност со РТГ-апарати, Дирекција за радијациона сигурност на Република Македонија, 2010. | |
| | **Вкупно** | 26,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 15,4 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 77,6 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 26,5 |
| **Вкупно** | **119,5** |

**Рецензентска комисија**

1. Д-р Мимоза Ристова, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

2. Д-р Невенка Андоновска, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

3. Д-р Станоја Стоименов, редовен професор на ПМФ, во Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ОПШТАТА СОЦИО-ЕКОНОМСКА ГЕОГРАФИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ГЕОГРАФИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука број 07-1445/2 од 1.07.2010 година, донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од 24.6.2010 година, назначени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на општата социо-економска географија: географија на население, географија на населби, демогеографија, урбана географија и рурална географија на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

На објавениот конкурс во весниците „Дневник" и „Коха е Ре" од 18.6.2010 година и исправка на објавен конкурс објавена во „Дневник" и „Коха е Ре" на 23.6.2010 година се пријави само д-р Мирјанка Мацевиќ, вонреден професор на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. По разгледувањето на поднесениот материјал, имаме чест на Наставно-научниот совет на Факултетот да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Д-р Мирјанка Ѓорги Мацевиќ е родена на 2.1.1963 година во Кратово. Основно училиште и гимназиско образование завршила со одличен успех во родното место. Во учебната 1981/1982 година се запишала на Географскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во 1986 година со просечен успех 9,03 и се стекнала со звањето дипломиран географ.

На 1.2.1988 година се вработила на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, како приправник-помлад асистент. Со одбраната на магистерскиот труд на 30.6.1994 година со наслов: *Функционални карактеристики на општината Кратово и нивното влијание врз просторното планирање* на Институтот за географија, се здобила со научниот степен магистер на географски науки. На 21.12.1995 година е избрана за асистент на Институтот за географија за група предмети од областа на социо-економската географија, а во кое звање е преизбрана на 10.12.1998 година. Во текот на тој период била ангажирана во изведувањето на вежбите по неколку предмети од областа на социо-економската географија, а активно учествувала со трудови на научни симпозиуми и собири.

На 8.6.2000 година ја одбранила докторската дисертација со наслов *Демографска анализа на природното движење на населението во Република Македонија*, на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, со што се стекнала со научниот степен доктор на географски науки.

Во мај 2001 година е избрана во звањето доцент по предметите: *регионална географија на светот и географија на Африка*. Од учебната 2003/2004 година

одржува настава по предметите: *географија на население*, *географија на населби* и *социјална географија* ( за етнолози).

Во февруари 2006 година е избрана во звањето вонреден професор по предметите од областа на социјалната географија на Институтот за географија. Одржува настава на постдипломските студии по неколку предмети.

Во периодот по изборот за вонреден професор, освен со обемната образовна дејност, се истакнува со ангажираноста во научноистражувачката работа. Автор е на 15 научни и стручни трудови објавени во научни и стручни списанија и во зборници на трудови од семинари, научни собири, симпозиуми и конгреси. Воедно, била учесник во реализирањето на научноистражувачки проекти ( во Анексот 2 е даден преглед). Во извештајниот период била член на Рецензентска комисија на учебници за основно образование, член на рецензентски комисии за подобност и јавна одбрана на неколку докторски дисертации и магистерски трудови. Член е на Наставно-научниот совет и на повеќе комисии кои се организирани при Факултетот.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

По изборот во звањето вонреден професор, во зависност од потребите на Институтот за географија, д-р Мирјанка Мацевиќ одржува настава од првиот циклус студии по предметите: *географија на население*, *географија на населби*, *демо-географија*, *урбана географија и рурална географија.*
На постдипломските студии е ангажирана за следниве предмети: *социогеографски и социолошки аспекти на просторното планирање* и *демографија* на студиите по просторно планирање; *методи и техники на картографирање во социо-економска географија* за последипломските студии по тематска картографија и *социогеографски и социолошки аспекти на туризмот и менаџмент на слободното време* на студиите, географски основи на планирање на туризмот.
Во извештајниот период, д-р Мирјанка Мацевиќ се јавува како коавтор на рецензирани универзитетски учебник и еден практикум за вежби, автор на пакет материјали за предметите за кои држи настава. Покрај останатата ангажираност со студентите, конкретно, со висока професионалност ги воведува студентите во нивното натамошно самостојно стручно усовршување и била ментор на 17 дипломски работи и член на одбрана во една дипломска работа. Во јануари 2010 година има одржано стручно предавање за наставниците по географија во организација на Македонското географско друштво. Напоредно со редовното извршување на обврските од наставната дејност, д-р Мирјанка Мацевиќ континуирано продолжува со усовршување и надоградување во доменот на наставно-образовната дејност.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научноистражувачката дејност на д-р Мирјанка Мацевиќ е непосредно поврзана со истражувањата од областа на социјалната географија. Во периодот од 2006 до 2010 година, д-р Мирјанка Мацевиќ била раководител на националниот научноистражувачки проект „Популациско-географски проучувања на наталитетот во Република Македонија". Била раководител на билатералниот проект „Демо-географски и миграциски аспекти на Словенците во Македонија и на Македонците во Словенија", како и национален координатор на проектот "Structural analysis of spatial and human sources for interregional cooperationin Southeast Europe, Slovenia and

Austria". Била учесник во националниот проект „Енциклопедија на Република Македонија". Учесник е во проектот „Демогеографски и миграциски аспекти на граѓани на Република Македонија со потекло од Црна Гора", нарачан од Здружението на Црногорците во Р. Македонија. Учествувала во изготвувањето на два национални и еден меѓународен научноистражувачки проект.

Во периодот до изборот во звањето вонреден професор, д-р Мирјанка Мацевиќ има објавено самостојно или во коавторство поголем број на научни трудови, а со трудови учествувала на повеќе научни научни собири, симпозиуми и конгреси, кои се рецензирани во билтените на Универзитетот (број 717 од 15.10.1998 година, број 775 од 15.3.2001 година и број 890 од 1.2.2006 година). Во извештајниот период, д-р Мирјанка Мацевиќ има публикувано научни и стручни трудови во домашни и странски списанија и во зборници на трудови. Подетални информации за научноистражувачката активност на д-р Мирјанка Мацевиќ се дадени во Образецот кон извештајот за избор.

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Од изборот во звањето вонреден професор, д-р Мирјанка Мацевиќ е ангажирана во повеќе активности од поширок интерес. Координатор е на Заводот за социо-економска географија од учебната 2009/2010 година. Член е на уредувачки одбор на списанието „Гласник за социоекономска географија", била член на научниот одбор на научниот симпозиум „Руралниот простор во новите развојни услови" и на меѓународниот научен симпозиум „Географијата и одржливиот развој", 22-25.10.2009. Охрид. Била член на уредувачки одбор на прирачник за ЕКТС. Била член на комисија за избор во звање на еден помлад асистент, во асистент и во избор за доцент, учествувала во изготвување на елаборат за студиска програма по демографија прв и втор циклус, изготвување на елаборат за реоформување на Заводот за социо-економска географија и друго. Учествувала во работата на комисии и тела на државни и други органи како што се: Државна изборна комисија и Комисија за признавање и еквиваленција на странски високообразовни квалификации од ПМФ од 2007 година. Била претставник на Институтот за географија на Факултетската Комисија за научноистражувачка и апликативна дејност од 2006 година, член на Факултетската Комисија за спроведување на постапката за избор на декан на ПМФ, 2007 година, член на Факултетска Комисија за самоевалуација на ПМФ во последните два мандата, член на Централната комисија за вршење на попис на имотот на ПМФ за 2008 и за 2009 година. член на Факултетската Комисија за кредит-трансфер систем и режим на студии од 2006 година, Комисијата за меѓународна соработка и други. Член е на Македонското географско друштво, Друштвото за наука од Кратово и друго.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на претходно изнесените податоци, како и податоците дадени во Образецот кон извештајот за избор, може да се види дека д-р Мирјанка Мацевиќ, вонреден професор на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет, во извештајниот период остварила обемна наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна дејност. Покрај изведувањето на наставата на повеќе предмети на првиот и вториот циклус на студиите по географија, д-р Мирјанка Мацевиќ била посветена и на научноистражувачката работа. По изборот во звањето вонреден професор во коавторство има објавено учебник и практикум наменети за студентите од прв циклус. Воедно, продолжила да се занимава со истражување на прашања од областа на социо-економската географија, особено истражувајќи проблематика поврзана со населението и населбите. Резултатите од истражувањата се презентирани на научни собири и во вид на стручно-научни трудови се публикувани. Во извештајниот период, д-р Мирјанка Мацевиќ била раководител и учествувала на пет научноистражувачки проекти. Како претставник од Институтот за географија била вклучена во работењето на повеќе комисии при Факултетот.

Врз основа на горeизнесеното, членовите на Рецензентската комисија сметаат дека кандидатката ги исполнува сите услови пропишани со Правилникот за избори и реизбори на Универзитетот и имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на ПМФ да ја избере д-р Мирјанка Мацевиќ, вонреден професор, во звањето редовен професор по група предмети од областа на општата социо-економска географија: географија на население, географија на населби, демогеографија, урбана географија и рурална географија на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Членови на Комисијата

1. Д-р Никола Панов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с. р.
2. Д-р Благоја Маркоски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с. р.
3. Д-р Ристо Мијалов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с. р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Мирјанка Ѓорги Мацевиќ
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Природно-математички факултет/Институт за географија
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** географија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Реден број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | 2005/2006 | |
| 1. | Предавања I циклус студии, ПМФ: географија на население (3+2), (3 часа неделно, двосеместрален, само летен) 3*15* 0.04 | 1,8 |
| 2. | Предавања I циклус студии, ПМФ: географија на населби (3+2), (3 часа неделно, двосеместрален) само летен, 3* 15 * 0,04 | 1,8 |
| 3. | Предавања I циклус студии, ПМФ: социјална географија ( 2+2), 4 часа неделно, 4*15* 0.04 | 2,4 |
| 4. | Консултации со студенти : 116*0.002 | 0,2 |
| | 2006/2007 | |
| 5. | Предавања I циклус студии, ПМФ: географија на население (3+2), (3 часа неделно, двосеместрален), 2 (3*15*0.04) | 3,6 |
| 6. | Предавања I циклус студии, ПМФ: географија на населби (3+2), (3 часа неделно, двосеместрален), 2 (3*15*0.04); вонредни студенти настава 5 часа *0.04 | 3,8 |
| 7. | Консултации со студенти : 155*0.002 | 0,3 |
| 8. | Теренска настава: географија на население, 2 (3*15*0,04) | 3,6 |
| 9. | Теренска настава: географија на населби, 2 (3*15*0,04) | 3,6 |
| | 2007/2008 | |
| 10. | Предавања I циклус студии, ПМФ: географија на население (4+2), (4 часа неделно, зимски семестар), 4*15*0.04; со вонредни: зимски семестар 5часа *0,04 | 2,6 |
| 11. | Предавања I циклус студии, ПМФ: географија на населби (3+2), (3 часа неделно, двосеместрален), 2 (3*15*0,04) | 3,6 |
| 12. | Предавања I циклус студии, ПМФ: географија на населби (4+2), (4 часа неделно, летен) 4*15*0,04; со вонредни: зимски семестар 10 часа *0.04 | 2,8 |
| 13. | Теренска настава 4*15*0.04 | 2,8 |
| 14. | Теренска настава 2 (3*15*0.04) | 3,6 |
| 15. | Консултации со студенти: 207*0,002 | 0,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2008/2009 | |
| 16. | Предавања I циклус студии, ПМФ: географија на население (4+2), (4 часа неделно, зимски), 4*15*0.04; вонредни студенти, зимски, 10 часа *0.04 | 2,8 |
| 17. | Вежби I циклус студии, ПМФ: географија на население (4+2), (2 часа неделно, зимски), 2*15*0,03 ( две групи) | 1,8 |
| 18. | Предавања I циклус студии, ПМФ: географија на населби (4+2), (4часа неделно, летен семестар), 4*15*0,04; со вонредни: летен семестар 10 часа *0.04 | 2,8 |
| 19. | Консултации со студенти: 157*0,002 | 0,3 |
| 20. | Теренска настава 4*15*0.04 | 2,8 |
| | 2009/2010 | |
| 21. | Предавања I циклус студии, ПМФ: географија на население (4+2), (4часа неделно, зимски), 4*15*0,04; со вонредни студенти, 10 часа *0,04 | 2,8 |
| 22. | Предавања I циклус студии, ПМФ: географија на населби (4+2), (4 часа неделно, летен семестар), 4*15*0,04; со вонредни студенти, 10 часа *0,04 | 2,8 |
| 23. | Предавања I циклус студии, ПМФ: демогеографија(3+2), (3 часа неделно, зимски, 3*15*0,04 | 1,8 |
| 24. | Предавања I циклус студии, ПМФ: урбана географија (3+2), (3 часа неделно, летен, 3*15*0,04; со вонредни студенти, 10 часа *0,04 | 2,2 |
| 25. | Предавања I циклус студии, ПМФ: рурална географија (3+2), (3 часа неделно, летен, 3 *15*0,04 | 1,8 |
| 26. | Консултации со студенти студ. 144* 0,002 | 0,3 |
| 27. | Предавања II циклус студии, ПМФ; *социогеографски и социолошки аспекти на просторното планирање* 30/2, менторски | 0,4 |
| 28. | Предавања II циклус студии, ПМФ*; демогеографија, менторски* | 0,3 |
| 29. | Предавања II циклус студии, ПМФ; *Социогеографски и социолошки аспекти на туризмот и менаџмент на слободното време, менторски* | 0,3 |
| 30. | Предавања II циклус студии, ПМФ*; методи и техники на картографирање во социо-економската географија, менторски* | 0,5 |
| 31. | Консултации за изработка на семинарски труд за прв циклус студии 243* 0,03 | 7,3 |
| 32. | Ментор на дипломска работа 17* 0,2 | 3.4 |
| 33. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 1 * 0,1 | 0,1 |
| 34. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат: Билјана Апостоловска Тошевска, одбранета во декември 2006; Мијалче Ѓоргиевски, одбранета во ноември 2009; Дејан Илиев - јули 2010, 3*0,5 | 1,5 |
| 35. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура:<br>Ирена Маренчева одбранета во април 2007;<br>Свемир Горин, одбранета на 22.5.2009;<br>Дејан Арсовски, одбранета на 23.6.2009;<br>Елизабета Наунчевска, одбранета на 24.6. 2009;<br>Зоранчо Атанасов јули - 2010. 5*0,3 | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 36. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник-коавтор: Даскаловски В. и Мацевиќ М. (2009): Географија на населби. Скопје | 6 |
| 37. | Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум-коавтор: Даскаловски В. и Мацевиќ М. (2009): Практикум по географија на население. Скопје. | 3 |
| 38. | Рецензент на универзитетски учебник: А. Стојмилов (2005): Социо-економска географија на Република Македонија. Скопје 1*1 | 1 |
| 39. | Пакет материјали за одреден предмет: географија на население, урбана географија, рурална географија, демогеографија 4*1 | 4 |
| | **Вкупно** | **88,4** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Реден број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Раководител на национален научен проект:(2003-2006), Популациско географски проучувања на наталитетот на населението во Република Македонија ( поддржан од МОН). | 6 |
| 2. | Учесник во национален научен проект: (2005-2008), Македонска енциклопедија. МАНУ. (поддржана од Владата на РМ). | 3 |
| 3. | Раководител на меѓународен научен проект: (2005-2006), Демогеографски и миграциски аспекти на Словенците во Македонија и на Македонците во Словенија (поддржан од МОН). | 9 |
| 4. | Национален координатор на меѓународен научен проект: (2005-2006). Structural analysis of spatial and human sources for interregional cooperation ..Скратено ASO. | 6 |
| 5. | Учесник во национален научен проект: (2008-2010), Демогеографски и миграциски аспекти на граѓани на Република Македонија со потекло од Црна Гора (нарачан од Здружението на Црногорците во Р Македонија). | 3 |
| 6. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир - Мацевиќ М. (2006): Проблемот на интегрален развој на селата во Република Македонија. Зборник на трудови од научниот симпозиум „Руралниот простор во новите развојни услови". Охрид. 30-3-1.4.2006. Скопје. | 2 |
| 7. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир - Мацевиќ М., Апостоловска Т.Б. (2006): Потенцијали за развој на Општината Ранковце. Зборник на трудови од научниот симпозиум „Руралниот простор во новите развојни услови". Охрид, 30.3-1.4.2006. Скопје. | 1,8 |
| 8. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: Madzević M. i Apostolovska Toševska B. (2007): Tourism as a factor for development on some mountainous villages in Republic of Macedonia. Collected papers, international scientific conference. Vol.2. 18-20.06.2007. Blagoevgrad. | 2,7 |
| 9. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | трудови од научен/стручен собир - Мирјанка Мацевиќ (2007): Карактеристики на фертилитетот на населението во Република Македонија. Зборник на трудови од научниот собир „Актуелните демографски движења во Република Македонија во светлоста на резултатите на пописот на населението во 2002 година" (во организација на МАНУ). Скопје. | |
| 10. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно Списание - Мацевиќ М. (2007): Религиозна структура на населението во струмичко-радовишкиот крај. Гласник за социо-економска географија. Бр.1, Скопје. | 4 |
| 11. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание - Мирјанка Мацевиќ (2008): Депопулација на планинските села во Кратовско и можности за нивен развој. Географски разгледи. Кн.41-42 Скопје. | 4 |
| 12. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Апостоловска-Тошевска Б. Мацевиќ М. (2008): Третманот на социоекономските податоци во наставата по географија. Географски разгледи. Кн. 41-42. Скопје. | 3,6 |
| 13. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание Мирјанка Мацевиќ (2009): Етнички хомогени бракови во Република Македонија. Гласник за социоекономска географија. Бр.3, Скопје. | 4 |
| 14. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание - Мирјанка Мацевиќ (2009): Етнички хетерогени бракови во Република Македонија. Географски разгледи. Кн .43, Скопје. | 4 |
| 15. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно Списание: Мирјанка Мацевиќ (2009): Динамика на светското население со осврт на Република Македонија. Географски разгледи. Кн.43. Скопје. | 4 |
| 16. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: Мирјанка Мацевиќ (209): Процесот на депопулација во пограничните населби во Република Македонија. Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум „Географијата и одржливиот развој" , 22-25.10.2009. Охрид. | 3 |
| 17. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор' Мирјанка Мацевиќ, Билјана Апостоловска Тошевска (209): Меѓузависност помеѓу урбанизацијата и индустријализацијата во Република Македонија. Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум „Географијата и одржливиот развој", 22-25.10.2009. Охрид. | 2,7 |
| 18. | Дел од монографија објавен во странство: Madzević M. and Apostolovska Toševska Biljana. (2007): Tendencii vo razvojot na naselenieto vo Republika Makedonija.vo ramki na proektot Structural analysis of spatial and human sources for interregional cooperation... | 5,4 |
| 19. | Монографија: Мацевиќ М., Апостоловска-Тошевска Б. и | 6,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Димитриевски М. (2008): Институт за географија- 85 години. Скопје. | |
| 20. | Секциско предавање на научен/стручен собир во организација на Македонското географско друштво, одржано на 19 јануари 2010 година. Скопје. | 1 |
| | **Вкупно** | 77.6 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание : Гласник за социоекономска географија, три броја 3*0.5 | 1,5 |
| 2. | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир. Зборник на трудови од научниот симпозиум „Руралниот простор во новите развојни услови". Охрид, 30.03-1.4.2006. Скопје 1*0.5 | 0,5 |
| 3. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир. Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум „Географијата и одржливиот развој", 22-25.10.2009. Охрид 1x1 | 1 |
| 4. | Член на уредувачки одбор на прирачник за ЕКТС: Студиски и предметни програми студии по географија. 2006 ,Скопје | 0.5 |
| 5. | Раководител на внатрешна организациона единица (координатор на Завод), 2009/2010 | 3 |
| 6. | Член на комисија за избор во звање:<br>Горин Свемир - избор во звањето помлад асистент во 2007 година и асистент во 2009 година;<br>Билјана Апостоловска Тошевска- избор во звањето доцент 2007 година 3 * 0.2 | 0,6 |
| 7. | Учество во комисии и тела на државни и други органи:<br>Државна изборна комисија 1 *1 | 1 |
| 8. | Изготвување на елаборат за студиска програма по демографија прв и втор циклус | 4 |
| 9. | Изготвување на елаборат за реоформување на Завод за социо-економска географија, јануари 2010 година | 2 |
| 10. | Координатор на студиска програма 2*1 | 2 |
| 11. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект - соработник, еден под раководство на проф. д-р Никола Панов, еден во организација на НВО. 2*0.5 | 1 |
| 12. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | проект, соработник, под раководство на доц. д-р Билјана Апостоловска-Тошевска | |
| 13. | Учество во комисии и тела на државни и други органи: Комисија за признавање и еквиваленција на странски високообразовни квалификации од ПМФ од 2007 год. | 1 |
| 14. | Член на Факултетската Комисија за научно-истражувачка и апликативна дејност од 2006 година 1*0,5 | 0,5 |
| 15. | Член на Факултетската Комисија за спроведување на постапката за избор на декан на ПМФ, 2007 г. 1*0,5 | 0,5 |
| 16. | Член на Факултетската Комисија за самоевалуација на ПМФ во последните два мандати *0,5 | 1 |
| 17. | Член на Централната комисија за вршење на попис на имотот на ПМФ за 2008 и за 2009 година 2*0,5 | 1 |
| 18. | Член на Факултетска Комисија за кредит-трансфер систем и режим на студии од 2006- 1*0,5 | 0,5 |
| | | 22,6 |
| Спортска дејност | | |
| | **Вкупно** | 22,6 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 88,4 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 77,6 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 22,6 |
| **Вкупно** | 188,6 |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Никола Панов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с. р.
2. Д-р Благоја Маркоски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с. р.
3. Д-р Ристо Мијалов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с. р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ „ХЕМОМЕТРИЈА – ПРИМЕНА НА МАТЕМАТИЧКИ И СТАТИСТИЧКИ МЕТОДИ ВО ХЕМИЈАТА" ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ИГОР КУЗМАНОВСКИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет (ПМФ) во Скопје, донесена на седницата одржана на 25.2.2010 год., а по предлог на Институтот за хемија при Факултетот, бр. 07-488/2 од 23.2.2010 год., избрани сме за рецензенти на ракописот под наслов ХЕМОМЕТРИЈА – ПРИМЕНА НА МАТЕМАТИЧКИ И СТАТИСТИЧКИ МЕТОДИ ВО ХЕМИЈАТА поднесен од авторот д-р Игор Кузмановски, насловен доцент на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

По прегледувањето на поднесениот ракопис, чест ни е на Наставно-научниот совет да му го поднесеме следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

Ракописот ХЕМОМЕТРИЈА – ПРИМЕНА НА МАТЕМАТИЧКИ И СТАТИСТИЧКИ МЕТОДИ ВО ХЕМИЈАТА од авторот д-р Игор Кузмановски, се состои од текст напишан на 181 страница (А4-формат). Текстот е придружен со 48 илустрации, со 52 илустративни примери, како и со 7 табели. Содржината на поднесениот ракопис е поделена во 9 поглавја, и тоа:

1. Вовед
2. Статистики на повторени мерења
3. Тестови на значајност
4. Линеарна регресија
5. Мултиваријантна анализа.
6. Дизајнирање на експерименти и оптимизација
7. Фактор-аналитички методи
8. Вештачки невронски мрежи
9. Самоорганизирани мапи.

Во *Воведот* е даден приказ на историскиот развој на хемометријата во рамките на хемијата. Во посебен дел, во повеќе детали, дадени се неколку дефиниции за тоа што претставува хемометријата. Во последниот дел од воведот е опишан односот на хемометријата со останатите дисциплини. Во овој дел е укажано на интердисциплинарноста на оваа област, како и на нејзината инхерента врска со статистиката, со математичкото моделирање, со информатиката и, секако, со хемијата. Авторот укажува на широката применливост на хемометрискиот пристап, но исто така ги наведува и некои од најчестите области на примена на хемометријата, а тоа се: (1) калибрација, валидација и примена на статистички тестови; (2) оптимизација на хемиски мерења и на процедури за изведување на експерименти; како и (3) екстрахирање на максимално можно количество на информации од хемиските податоци.

Во Воведот авторот укажува на потребата од систематски и методолошки пристап не само при хемометриската обработка на податоците, туку и при изведувањето на експериментите. Потоа, за да укаже на важноста на правилниот третман на хемиските податоци, тој прави паралела помеѓу развојот на аналитичките методи и на хемометриските методи – ова најмногу за да се нагласи дека во некои случаи

несоодветното користење на математичкиот апарат може да му даде на истражувачот резултати кои не ја отсликуваат вистинската информација содржана во податоците.

Во вториот дел од книгата, насловен како *Статистики на повторени мерења*, се дефинираат основните статистички поими како што се поимите популација, примерок обележје и други. Во следниот дел од книгата се опишани основите типови на грешки кои се јавуваат при хемиските мерења. Всушност, авторот се задржува на големите грешки, на случајните и на систематските грешки кои можат да се јават при мерењата. Во овој дел тој, исто така, ја дефинира прецизноста и притоа ги дискутира разликите помеѓу поимите повторливост и репродуцибилност (кои во хемиската литература во Македонија често пати се користат како синоними). Понатаму авторот го дефинира и поимот точност и го поврзува со појавувањето на систематска грешка. Тука тој, исто така, ги опишува разликите помеѓу лабораториска систематска грешка и систематска грешка на методата, како и интер лабораториската систематска грешка.

Во делот што следува во ова поглавје на книгата направен е преглед на мерките за централна тенденција (аритметичка средина, геометриска средина, мода, медијана и др.), како и мерките за расејување (стандардна девијација, дисперзија, ранг, квартали и др.). Авторот ги споредува и ги дискутира предностите и недостатоците од употреба на секоја од мерките за централна тенденција и мерките за расејување.

Делот што следува е посветен на нормалната распределба и на својствата на нормалната распределба. Како друг почест случај на распределба која може да се најде во хемијата наведена е и накусо дискутирана лог-нормалната распределба. Централната гранична теорема е, исто така, дискутирана во овој дел. Дискутиран е и начинот на кој се дефинираат интервалите на доверба за голем број и за мал број на мерења.

Третиот дел од книгата *Тестови на значајност*, посветен е на најчесто применуваните тестови на значајност кои се употребуваат при хемиските мерења. Дискутирана е и во детали е опишана примената на тестови за споредба на средни вредности, како и за споредба на стандардни девијации на пресметани врз основа на анализа на добиени примероци. Во ова поглавје се дискутирани и два теста за екстремни вредности (Диксонов тест и Grubbs-ов тест). Дискутирана е употребата на еднострaните наспроти двостраните тестови. На крајот од ова поглавје на оваа книга, како своевиден заклучок, дискутирани се грешките од прв и од втор тип.

Поглавјето *Линеарна регресија* во детали ги разгледува теоретските основи на линеарната регресија со една променлива, како и условите кои треба да бидат задоволени за да може линеарната регресија со една променлива да се употребува за моделирање во хемијата и посебно во инструменталната анализа. Во овој дел, во детали се дискутираат и грешките кои се јавуваат при процената на: коефициентот на правец, на отсечокот од ординатата и при предвидување на концентрацијата. На самиот крај на ова поглавје, вниманието е задржано на два аспекта на употребата на линеарната регресија во аналитичката хемија. Станува збор за основите на примената на методата на стандардни додатоци за валидација на аналитички методи, како и за статистичкиот пристап во дефиницијата на поимите: граница на детекција, граница на определување и граница на квантификација.

Поглавјето *Мултиваријантна анализа*, на извесен начин претставува продолжување на претходното поглавје и главно се занимава со употреба на линеарната регресија со повеќе променливи во хемијата. Во овој дел се дискутираат предностите и недостатоците од примената на линеарната регресија со повеќе променливи во хемијата.

Со оглед на тоа што мултиваријантната анализа на податоци во хемометријата е многу честа, во овој дел се дефинира и начинот на кој мултиваријантните податоци се претставуваат во хемијата, како и начинот на кој се врши претходна обработка на податоците за да може од нив да се извлечат валидни информации. Претставувањето на податоците во хемометријата, како и нивната претходна обработка се две многу важни работи и се дискутираат во ова поглавје со оглед на тоа што тие имаат многу важна улога посебно при примената на фактор-аналитичките методи.

*Дизајнирање на експерименти и оптимизација* – Ова поглавје започнува со дискусија за тоа дека експериментот секогаш треба да се започне врз основа на некаков план. Во таков случај може да се зборува за *дизајниран експеримент*. Еден од најчестите проблеми со кои се соочуваме при експериментирањето е потребата од добивање на сознанија за променливите (односно фактори) кои влијаат врз добиените резултати од експериментот. Во ова поглавје авторот прво се осврнува на наједноставниот и најчесто применуван начин на оптимизација во хемијата, а тоа е начинот на менување на факторите еден по еден. При тоа се дискутираат недостатоците на овој пристап. Авторот ја дискутира и разликата во пристапот при употребата на стохастичката и систематските методи за оптимизација.

Најголем дел од поглавјето *Дизајнирање на експерименти и оптимизација* е посветен на систематската оптимизација и на основните принципи (како што се: повторување на мерењата, рандомизација, изведување на експериментите во серии, факторски експерименти, независност на факторите и симетрија на експериментите). Потоа во детали се опишуваат и се илустрираат со примери факторските дизајни со две и со три нивоа. Самиот крај од ова поглавје е посветен на секвенцијалната оптимизација на експериментите со тоа што во детали е опишана симлекс-оптимизацијата.

Покрај основите од статистиката кои се сметаат за составен дел од хемометријата, втори по значење за хемометричарите се фактор-аналитичките методи. На овие методи во книгата, авторот им го посветува поглавјето *Фактор-аналитички методи*. Во основата на фактор-аналитичките методи лежи анализата на главни компоненти – алгоритам кој самиот по себе може да се користи за да се испита дали во анализираното множество од податоци постои некакво групирање на набљудуваните варијабли. Од друга страна, пак, анализата на главни компоненти може да послужи и како основа врз која може да се развијат модели за квалитативна анализа (целна фактор на анализа) и за квантитативна анализа (регресија на главни компоненти). Исто така, со користење на анализата на главни компоненти може да се прочистат резултатите од евентуално присутниот шум во нив или од варијабли кои во себе содржат екстремни вредности.

Содржините опфатени заклучно со ова поглавје на универзитетите во светот претставуваат дел од основните курсеви по хемометрија. Останатиот дел од содржините на поднесениот ракопис претставуваат дел од напредни курсеви по хемометрија.

Во поглавјето *Вештачки невронски мрежи* (ВНМ), опишани се теоретските основи на овој алгоритам кој истовремено може да се користи и за класификација и за моделирање. Опишани се општите принципи на алгоритамот, дефиниран е вештачкиот неврон и направена е паралела со природните неврони врз основа на кој се базира целиот концепт на вештачки неврони и на вештачки невронски мрежи. Во продолжение, опишани се еднонасочните повеќеслојни вештачки невронски мрежи (инаку варијанта на ВНМ алгоритамот) кои во хемометријата најчесто се применуваат. На крајот од овој дел се наведени типовите на функции кои со овој вид на ВНМ може да се моделираат.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТИ ПО ПРЕДМЕТОТ ОРТОДОНЦИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 8-ма редовна седница одржана на 20.5.2010 година, по предлог на Кадровиот одбор, а во врска со распишаниот конкурс за избор на 2 асистента по група предмети од областа ортодонција на Катедрата за ортодонција, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на асистенти по предметот ортодонција, во состав: проф. д-р Марија Зужелова, проф.д-р Јулијана Ѓоргова и проф. д-р Снежана Ињовска.

На конкурсот објавен во весникот „Вечер" на 13.4.2010 година се пријавија: ас.д-р Биљана Џипунова dr.sci,, ас.д-р Наташа Тошевска Спасова dr.sci, и насл. доц. Габриела Ќурчиева - Чучкова dr.sci.
Врз основа на пријавената и поднесена документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ас. д-р Билјана Џипунова, д-р сци, е родена на 14.I 1968 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование со одличен успех.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1985/86 година, а дипломирала на 20.XI 1990 година, со среден успех 9,54, за што е наградена со Пофалница од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" за највисок среден успех во утврдениот рок на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Во текот на студиите била активен член на клубот за научно-истражувачка работа „Стомаско". Се занимавала со научноистражувачка работа и изработила два самостојни труда со кои учествувала на студентските конгреси во Охрид во 1989 и во Теслиќ во 1990 година.

Задолжителниот лекарски стаж во траење од една година го поминала на Стоматолошкиот факултет во Скопје во текот на 1991/92 година. Стручниот испит го положила на 20.IV.1992 година.

Вработена е на Клиниката за ортодонција при Стоматолошкиот клинички центар во Скопје, како клинички лекар, од 1.III 1992 година.

Од 20.X 1993 година започнала со изведување на специјалистички стаж, а специјалистичкиот испит го положила на 24.XII 1996 година со што се здобила со звањето специјалист-ортодонт.

По завршувањето на студиите се запишала на постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје по предметот ортодонција, во учебната 1990/91 година. Пријава за изработка на магистерски труд под наслов "Морфолошки карактеристики на малоклузија втора класа прво одделение" доставила до Советот на Стоматолошкиот факултет во Скопје на 8.X 1993 година, кога и е одобрена негова изработка под менторство на проф. д-р Тодор

Бојаџиев, д-р сци. Магистерскиот труд го одбранила на 19.V 2000 година, со што се стекнала со звањето магистер на стоматолошки науки.

На 25.IV 1997 година е избрана во звањето помлад асистент на Клиниката за ортодонција, а на 17.XI 2000 година е реизбрана во истото звање. Во звањето асистент на Клиниката за ортодонција е избрана на 14.V 2003 година, а реизбрана е во истото звање на 29.III 2006 година.

Пријавата за изработка на докторската дисертација под наслов „Тераписки ефекти при малоклузија втора класа прво оделение" и е прифатена на 12.V 2004 година и за ментор и е одредена проф. д-р Јулијана Ѓоргова, д-р сци. Докторската дисертација ја одбранила на 26.XI 2008 година, со што се стекнала со звањето доктор на стоматолошки науки.

Добитник е на Благодарница од Македонското лекарско друштво во 1995 година и на Диплома од Македонското лекарско друштво во 2001 година. По повод јубилејот 50 години постоење на Стоматолошкиот факултет во Скопје, добитник е на Благодарница за учество во работата на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Повеќе пати била ментор во изработка на студентски теми од областа на ортодонцијата. Учествувала во подготовката на прашањата за кредит-трансфер системот по предметот ортодонција. Со свои трудови активно учествувала на повеќе семинари и конгреси.

Учествувала со свое предавање по повод Денот на здравјето, во април 2005 година.

Во 1999 година го завршила семинарот за MS WINDOWS 95, MS WORD.

Учествувала на следниве курсеви и предавања:

„Мулинова техника и Делаиреова маска", под раководство на проф. д-р Piere Verdon од Нант, Франција, во 2001 година;

✓ „Лечење на малоклузии со Herbst-ов апарат", под раководство на проф. д-р Hans Pancherz од Берлин, Германија, во Белград, 2002 година;

✓ „SWA, техника на прав лак, II дел", под раководство на проф. д-р Мирослав Милачиќ од Сион, Швајцарија, во Белград, 2003 година;

✓ „Divide метода во терапија на бимаксиларна протрузија, со екстракција" под раководство на проф. д-р Il Bong Kim од Јужна Кореја, во Скопје, 2003 година;

✓ едукативен курс „Нови хоризонти во ортодонтскиот третман на малоклузија II класа", под раководство на проф. д-р Papadopulos од Солун, Грција, во Скопје, 2007 година;

✓ семинар „За хроничната орофацијална болка" во организација на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во 2007 година;

✓ симпозиум „Клиничка ортодонција", со предавач: проф. д-р Мирјана Шашиќ од Белград, Србија и доц. д-р Мартина Древенсек од Љубљана, Словенија, во Охрид 2007 година;

✓ симпозиум на тема „Актуелности во стоматологијата во 21 век", под покровителство на Био Технологија, во 2007 година;

✓ „Mini screws as absolute anchorage in orthodontics" во организација на Centrum Dentale Communikation, под раководство на д-р. мед. Thomas Lietz од Германија, во Скопје, 2008 година;

✓ едукативен курс „Миофункционалното влијание на развитокот на лицевите структури врз забите", под раководство на д-р Niels Hulsink од Холандија, во Скопје, 2008 година;
✓ семинар „Алергии во стоматологијата" во организација на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во 2008 година;
✓ едукативен курс „Релевантни концепти во третманот на малоклузиите", под раководство на проф. д-р Ram Nanda од САД, во Охрид, 2009 година;
✓ Course on Damon$_{TM}$ system, во организација на д.о.о. Ormco Team, под раководство на д-р. Rafael Garcia Espejo во Белград, во 2009 година;
✓ симпозиум „Фацијални асиметрии" : ортодонтско-хируршки аспект" со предавачи од Македонија и Србија, во Скопје, 2010 година

Активно се служи со англискиот јазик и има презентирано и објавено 47 труда во домашни и странски списнија. Со усни презентации учествувала на Балканските конгреси на стоматолозите во Солун во 2000 година, во Букурешт во 2001 година, во Кушадаси во 2002 година и во Охрид во 2004 година.

Како асистент, со голем ентузијазам и успех ја извршува претклиничката и клиничката настава, со добро подготвени и методолошко издржани предавања. Нејзината наставна дејност се одликува со сериозност, педантност и совесност.

Во текот на досегашната работа покажала перманентен стремеж за збогатување на својата стручна и научна активност. Забележителен е нејзиниот интерес за научноистражувачка работа, за што сведочат приложените трудови во домашни и странски списанија.

Изработените и пријавени трудови до изборот во звањето асистент се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" бр. 630, 656, 667, 675, 758, 763, 802, 826, 846 и 892.

За овој избор ги пријави следниве стручно-научни трудови:

36. Ципунова Б, Ѓоргова Ј..: Soft tissue facial profile in Macedonian subjects. Balkan Journal of Stomatology 2005; 9 (2): 115-120.

Авторите преземале опсежно истражување на 30 преадолесценти и 30 адолесценти од обата пола, со нормална оклузија и добро балансиран фацијален профил, за да ги дефинираат нормите за неколку профилни варијабли кај македонската популација. Мерените параметри се агол на скелетален конвекситет, агол на мекоткивен конвекситет без носот, агол на тотален фацијален конвекситет, назолабијален агол, ментолабијален агол, растојанија на горна и долна усна до естетската линија и должини на горната и долната усна. Анализата на резултатите и компарацијата на вредностите меѓу двете возрасни групи, индицираат дека лицето кај возрасните сигнификантно се разликува од детското. Авторите заклучуваат дека фацијалниот раст не е само волуменски, туку се менуваат правецот и динамиката на раст, со што профилот кај адолесцентите се разликува од оној во детската возраст.

Трудот има научно значење.

37. Dzipunova B., Radojkova V., Gjorgova J., Simljanovska Lj.:Multidisciplinary approach in adult patient: a case report. Balkan Journal of Stomatology 2006; 10 (1): 66-70.

Целта на трудот е да се прикаже можноста за третман кај возрасен пациент кај кој се присутни повеќе аномалии: малоклузија класа II/2, нагласена бимаксиларна збиеност, импакција на максиларен канин со неповолна хоризонтална позиција и сериозно пародонтално заболување влошено со значајна рецесија. Третманскиот план вклучувал повеќесеансна периодонтална терапија на меките и тврдите периодонтални ткива, хируршко отстранување на импактираниот канин, екстракција на забите 14, 34 и 45, и фиксна ортодонтска терапија во двата дентални лака. Авторите во заклучокот наведуваат дека и кај возрасните пациенти е возможно постигнување на солидни естетски и функционални резултати, доколку постои кооперација меѓу ортодонтот, периодонтологот и оралниот хирург.

Трудот има практично значење.

38. Dzipunova B., Gjorgova J.:Terapija na malokluzijata vtora klasa prvo oddelenie: prikaz na slusai.Maked Stom Pregl 2005, XXIX (3-4): 141-4.

Во трудот е прикажана терапија спроведена кај два пациента со перманентна дентиција и малоклузија класа II/2. Врз основа на клиничкиот екстра- и интраорален преглед, гнатометриската анализа на студиските модели и анализата на ортопантомографските снимки, потврдена е дијагнозата и направен е планот на терапијата. Кај едниот пациент преземената терапија е екстракција на првите премолари и фиксен ортодонтски апарат, а кај другиот пациент спроведената терапија е без екстракција само со фиксен ортодонтски апарат. Авторите заклучуваат дека малоклузијата втора класа второ одделение заслужува длабока, сеопфатна анализа и сериозен индивидуален пристап во терапевтските постапки.

Трудот има практично значење.

39. Џипунова Б., Ѓоргова Ј., Димова Ц., Ренџова В., Радојкова В.Ортодонтско-хируршки пристап во третманот на импактираните максиларни и мандибуларни канини: приказ на случај. Макед стом прегл. 2007; XXXI (3-4): 112-8.

Целта на трудот е да се даде преглед на денталните импакции, особено на канините, со осврт на етиологијата, дефинициите, фреквенцијата на јавување, дијагностичките процедури и терапевтскиот пристап. Воедно е прикажан редок случај на истовремена импакција на сите четири перманентни максиларни и мандибуларни канини. Заклучокот на авторите е дека е неопходно да се воспостават дијагностичко-терапевтски протокол и комплетна соработка меѓу повеќе специјалности за успешно рехабилитирање на пациентите со тешки ортодонтски аномалии.

Трудот има практично значење.

40. Ципунова Б., Ѓоргова Ј., Кануркова Л., Мишевска Ц.Облик на симфизата кај пациенти со дистооклузија. Зборник на апстракти, 4ти Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2006, стр. 31 .

Истражувањето е преземено со цел да се утврдат големината и обликот на симфизната коска кај испитаници со дистооклузија. Извршено е на 40 профилни телерендгенографски снимки на пациенти со малоклузија II/1 со перманентна дентиција, компарирано со исто толку испитаници со нормална оклузија. Мерени се аглите на позиција и проминенција на брадата, височина на симфизата, внатрешно испапчување на брадата, надворешна проминенција на брадата и вкупна широчина на брадата. Утврдена е значајноста на разликите меѓу групите за одредени параметри, како и степените на корелација, со што се утврдени спецификите во обликот на симфизата при дистооклузијата.

Трудот има научно значење.

41. Кануркова Л., ТоШеска Н., ѓоргова Ј., Ципунова Б.Ортодонтски третман со Edgewise техника за постигнување на добри резултати. Зборник на апстракти, 4ти Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2006, стр. 31 .

Трудот ги прикажува критериумите за коригирање на ортодонтските аномалии. Прикажани се два пациента на различна возраст со збисност во денталните лакови, третирани со и без екстракција на заби, и со Edgewise фиксна ортодонтска техника. Авторите заклучуваат дека возраста на пациентот не е од примарна важност за ортодонтскиот третман, туку особено внимание треба да се посвети на состојбата на пародонталното ткиво и темпоромандибуларниот зглоб, како на потребните движења на забите, за да се постигнат добри естетски и функционални резултати.

Трудот има практично значење.

42. Тошеска-Спасова Н., Мишевска Ц., Ципунова Б., Спасов З. Ортодонтски третман на дентална збисност преку екстракција на поединечен долен инцизив. Зборник на апстракти, 4ти Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2006, стр. 33 .

Во трудот е разгледана можноста за ортодонтска корекција на мандибуларна збиеност со екстракција на мандибуларен инцизив, наместо екстракција на премолари. Авторите заклучуваат дека ова може да биде интересно решение за одредени случаи, и тоа: кога има нагласена мандибуларна збиеност, максиларен дентален лак без значителни проблеми, добра оскина инклинација на максиларните и мандибуларните инцизиви, I класа меѓувиличен соодноc и Болтонов (денто-дентален) индекс кој дозволува поединечна мандибуларна екстракција. Оваа техника овозможува постигнување на добра функција, периодонтално здравје, стабилност и прифатлива естетска насмевка.

Трудот има практично значење.

43. Dimova C., Georgiev Z., Dzipunova B., Markovska M., Andonovska B.
Impacted maxillar incisors in decidues and permanent teeth - a case report.
Book of Abstracts, p.18; First Macedonian Congress on maxillofacial and neck surgery. Mas 25-27, 2006, Ohrid, RM .

Целта на трудот е да се презентира редок случај на импакција на млечни и перманентни инцизиви кај 10-годишно девојче со благо забавен психосоматски раст и развој. Првата инспекција е направена на 4 години и рендгенографијата демонстрирала импакција и ектопија на 51, 61 и 62, кои се екстрахирани под тотална анестезија. Пациентката е со дентитио тарда, класа III малоклузија и максиларна хипоплазија. Поради немање ретенција за интраорален апарат, препорачана е само брадова држалка, со план за максиларна протракција, кога ќе еруптираат перманентните први молари за да се вклучат во анхоражната унија.

Трудот има практично значење.

44. Џипунова Б., Ѓоргова Ј.Мотивација на пациентите за ортодонтски третман. Макед. стом. прегл. 2007; XXXI (3-4): 106-111.

Испитувањето е преземено за да се утврди мотивацијата за започнување на ортодонтскиот третман, соработката на пациентите и сатисфакцијата од третманските резултати. Извршени се евалуирање на прашалници и клинички прегледи на 90 ортодонтски пациенти на почетокот на третманот и 6 месеци подоцна. Резултатите покажале дека најчеста причина за јавување на ортодонт се инструкциите и сугестиите од страна на други доктори; желбата на родителите е втор значаен фактор, а најретко пациентите се јавуваат поради разочараност од фацијалниот изглед. Предвидувањето на соработката на пациентите е корисна за да се избегнат евентуалните проблеми во третманот, како и за навремено справување со нив пред него да го компромитираат.

Трудот има научно значење.

45. Џипунова Б., Ѓоргова Ј., Тошеска-Спасова Н., Кануркова Л. Тераписки ефекти кај малоклузија втора класа, прво одделение. Книга на Апстракти, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Охрид, 2009 година.

Целта на студијата е да се анализираат и споредат денталните и скелеталните линеарни и ангуларни параметри кај пациенти со малоклузија II/1 и збиеност, пред и по терапија со екстракција и фиксни апарати во двете вилици; да се утврдат тераписките ефекти и квантумот на сагитални и вертикални промени. На стартот и на крајот од третманот, анализирани се следниве параметри: аглите SNA, SNB, ANB, SNPg, 11/44 и должините 11->APg, 41->APg, Sna-Snp, Go-Gn, Oj. Анализата на добиените резултати укажува дека преземената терапија со екстракција на премолари и фиксни апарати кај пациентите со малоклузија класа II/1 и збиеност е метод на избор за постигнување на одлични естетски и функционални резултати.

Трудот има научно значење.

46. Кануркова Л., Ципунова Б., Бундевска Ј., Капушевска Б., Кануркова А. Проследување на дентоскелстални кефалометриски вредности при одредување на третманот на втора класа прво одделение.Книга на Аапстракти, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Охрид, 2009 година.

Студијата е презсмена за да се прикажат дентоскелеталните морфолошки промени кај пациенти со малоклузија втора класа прво одделение. За таа цел анализирани се 30 пациенти на возраст од 17-20 години и споредени се со 20 испитаници со нормална оклузија. Извршени се анализи по методот на Стеинер и Рицкеттс. Вредностите на испитуваната група споредени со вредностите на испитаниците со нормална оклузија покажале висока статистичка сигнификантност, што е препорака и смерница за внимателно одредување на целите и можностите за терапија.

Трудот има научно значење.

47. Тошеска-Спасова Н., Ѓоргова Ј., Мишевска Ц., Ципунова Б., Спасов З. Фактори кои придонесуваат за појавата на антериорната мандибуларна збиеност кај рана мешовита дентиција. Книга на апстракти, Прв конгрес на Здружението на ортодонтите на Република Македонија, Охрид, 2009 година.

Целта на трудот е да се откријат факторите кои придонесуваат за појавата на антериорната мандибуларна збиеност во раната мешовите дентиција. Анализирани се дентални модели на 60 пациенти од двата пола, поделени во две групи според степенот на изразеност, а потоа споредени со иста возрасна група без збиеност. Резултатите покажале дека млечната интерканина ширина, млечната интермоларна ширина, интералвеоларната ширина, потребниот простор за перманентните инцизиви и вкупната должина на лакот, се сигнификантно поголеми во групата без збиеност. Сигнификантни инверзни корелации се пронајдени помеѓу збиеноста и следниве параметри: потребен простор за инцизивите и интерканина млечна ширина.

Трудот има научно значење.

48. Ципунова Б.: Тераписки ефекти кај малоклузија втора класа прво одделение (докторска дисертација), Стоматолошки факултет во Скопје, 2008 година.

Докторската дисертација е рецензирана во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 948, во 2008 година.

**Ас. д-р Наташа (Насе) Тошеска-Спасова** е родена на 8 март 1970 год. во Скопје, каде што завршила основно и средно образование со одличен успех.

На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1988/89 година, а дипломирала во 1993 год.со среден успех 9,76. Во текот на студиите учествувала на два студентски конгреса (1992 и 1993 год.) Во 1993 год. се вработила на Клиниката за ортодонција при ООЗТ Стоматолошки клиники.

Стручен испит положила на 22. XII, 1994 година.
На постдипломски студии од областа на ортодонцијата се запишала во учебната 1993/94 година. Предвидените испити ги положила во утврдениот рок со среден успех 10,00.

Во 1995 год., до Деканатот на Стоматолошкиот факултет во Скопје поднела пријава за изработка на магистерскиот труд под наслов „Морфолошки особености на неправилноста збиеност во денталните лакови". Со одбраната на магистерскиот труд, на 28.VI, 2001 година се здобила со научниот степен магистер на стоматолошки науки од областа на ортодонцијата.

Во 2004 год., до Деканатот на Стоматолошкиот факултет во Скопје поднела пријава за изработка на докторска дисертација под наслов „Проценка и влијанието на збиеноста на мандибуларните инцизиви и нивната позиција на краниофацијалната морфологија".

Со одбраната на докторската дисертација на 26.VI, 2009 година се здобила со научниот степен доктор на стоматолошки науки.

На 25.IV,1997 год. е избрана за помлад асистент на Катедрата за ортодонција при Стоматолошкиот факултет во Скопје, а на 17.XI, 2000 година е реизбрана во истото звање.

На 14.V, 2003 година е избрана за асистент на Катедрата за ортодонција, а е реизбрана во истото звање на 29.III, 2006 година.

Специјалистичкиот испит по предметот ортодонција го положила на 24.XII,1998 год. со што се здобила со звањето специјалист по ортодонција.

Била ментор на неколку студентски теми од областа на ортодонцијата.

Во текот на досегашниот работен стаж, активно учествувала на повеќе регионални и интернационални конгреси како автор и коавтор на повеќе стручно-научни трудови.

Во периодот по реизборот за асистент по предметот ортодонција, ас. д-р Наташа Тошеска-Спасова активно учествувала на следниве конгреси: IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, во Охрид (22-25.VI,2006 год.), на 82. Европски ортодонтски конгрес -EOC во Виена, Австрија (4-8.VII,2006), на 12. Конгрес на балканското стоматолошко здружение-BaSS во Истанбул, Турција (12-14.IV,2007), на 84. Европски ортодонтски конгрес во Лисабон, Португалија (10-14,VI.2008), на Првиот конгрес на ортодонтите на Република Македонија во Охрид (21-24.V,2009), и на V конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество во Охрид (10-13.IX,2009).

Учествувала и на повеќе регионални и меѓународни едукативни и постедукативни курсеви, семинари и симпозиуми од областа на ортодонцијата и стоматологијата.

Во периодот по реизборот за асистент по предметот ортодонција, ас. д-р Наташа Тошеска-Спасова учествувала на: меѓународниот симпозиум од областа на ортодонцијата во Крушево (3-4.XI,2006 год.), на семинарот за дентални фокални инфекции во Скопје(30.III,2007), на едукативниот курс „Нови хоризонти во ортодонтски третман на малоклузија II класа" во Скопје (14.V,2007), на меѓународниот симпозиум „Клиничка ортодонција" во Охрид

(19.X,2007), на семинарот за хроничната орофацијална болка во Скопје (2.XI,2007), на симпозиумот „Актуелности во стоматологијата" во Скопје (14.XII,2007), на курсот „tomas-pins Mini screws as absolute anchorage in orthodontics", под раководство на д-р. мед Thomas Lietz, во Скопје(15.III,2008), на семинарот „Алергии во стоматологијата" во Скопје (24.X,2008), на едукативниот курс „Миофункционалното влијание на развитокот на лицевите структури врз забите" во Скопје (31.X,2008), на едукативниот курс „Релевантни концепти во третманот на малоклузиите" во Охрид (21.V,2009), на курсот за самолигирачки брекети - Damon system под раководство на Dr.Rafael Garsija Espejo во Белград (4.X,2009), и на пролетниот симпозиум на ортодонтите на Република Македонија „Фацијални асиметрии ортодонтско-хируршки аспект" во Скопје (26.III,2010).

Ас. д-р Наташа Тошеска-Спасова е добитник на Пофалница по повод одбележувањето на 40-годишнината од формирањето на Стоматолошкиот факултет во Скопје (1999), Благодарница од Македонското лекарско друштво (2000), како и Благодарница од Стоматолошкиот факултет во Скопје по повод јубилејот на 50 години постоење во 2009 година.

Ас. д-р Наташа Тошеска-Спасова покажува особен интерес за стручна работа, активно и самостојно учествува во изведувањето на практичната настава со студентите, каде што ги покажува своите педагошки квалитети.

Активно се служи со англискиот јазик.

Покажува и интерес кон научноистражувачката работа, која е изразена преку изработка на 40 труда, од кои трудовите со реден број 1-4 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр.677 од 21.II,1997 при изборот за помлад асистент. Трудовите со реден број 5-13 се рецензирани во билтените бр.758 мај 2000, 759 јуни 2000 и 761 јули 2000 год. при реизборот за помлад асистент. Трудовите со реден број 14-19 се рецензирани во Билтенот бр.826 од 11.IV,2003 год. при изборот за асистент. При повторниот избор за асистент во Билтенот бр.846 од 1.III,2004 год. се рецензирани трудовите со реден број 20-23 и трудот со реден број 24 кој е рецензиран во Билтенот бр.878 од 1.IX,2005 год.

За овој избор ги пријавила следниве стручно-научни трудови:

25 Gjorgova J ,Toseska N.,Mehmeti H.,Kanurkova L.: Esthetical analysis of facial profile. Меѓународен конгрес на Аполонија „Стоматологијата денес", Струга, 14-16.IV,2006. Книга на апстракти, стр.123,(постер-презентација).

Успехот од ортодонтскиот третман најдобро се гледа на лицевиот меко-ткивен профил. Целта на трудот е да се одредат и проценат кефалометриските анализи на лицевиот профил направени на профилен кафалограм и мерени со протрактор. Анализата била направена на 30 пациенти, со малоклузија I класа, кај кои главата беше поставена во натурална позиција. Анализата обезбедува објективна евалуација и го потенцира значењето на долната третина од лицето при анализата на мекоткивниот профил.

Трудот има научно-стручно значење.

26. Gjorgova J.,Mehmeti B.,Mehmeti H.,Toseska N., Redzepi A.: Facial balance at Class II Division I malocclusion 11-th Congress of the BaSS.Сарајево,мај 2006. Абстракт Бoок, п.96,(постер-презентација).

Целта на овој труд е да се проценат лицевиот профил и фацијалната рамнотежа кај 52 пациента со малоклузија II класа, прво одделение. Прикажани се 5 различни екстраорални премерувања: профилната линија, кривината на горната усна, лицевите третини, проминенцијата на брадата и позицијата на долната усна. Анализата е извршена на фотографии од пациентите во анфас и профил.Авторите заклучиле дека кај пациентите со оваа малоклузија постои конвексен профил, хипотонија на горната усна, намалена долна лицева третина во однос на горната, station наназад поставена брада и задна позиција на долната усна.

Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

27. Тошеска-Спасова Н., Мишевска Ц., Ципунова Б.,Спасов З.: Ортодонтски третман на дентална збиеност преку екстракција на поединечен долен инцизив. IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество.Охрид, 22-25.VI,2006. Зборник на апстракти, стр.33 (постер-презентација).

Целта на овој труд е да се предложи кај пациентите со изразена мандибуларна збиеност на забите, екстракција на еден долен инцизив, наместо вообичаената екстракција на четири премолари и да се сугерираат прецизни индикации и лимити на оваа техника.Авторите прецизно ги објаснуваат неопходните услови за овој избор на корекција: 1)изразена инцизална мандибуларна збиеност; 2)добра оскина инклинација на горните и долни инцизиви; 3) горниот лак да е без значителни проблеми; 4) I класа интерденталeн однос; 5) адекватен Болтонов индекс кој дозволува поединечна долна екстракција и 6)внимателно финиширање на ортодонтската терапија. Оваа техника во добро избрани случаи овозможува постигнување на добра функција, добро пeриодонтално здравје, стабилност и прифатлива естетска насмевка.

Трудот има научно-стручно и апликативно значење.

28. Кануркова Л., Тошеска Н., Ѓоргова Ј., Ципунова Б.: Ортодонтски третман со edgwise техника за постигнување на добри резултати. IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество.Охрид, 22-25.VI,2006. Зборник на апстракти,стр.31 (постер-презентација).

Целта на трудот е да се прикажат критериумите кои се потребни за корекција на ортодонтските неправилности кај пациентите со збиеност во денталните лакови, со цел да се обезбеди правилна поставеност на забите, правилна функција во орофацијалната регија и хармонични односи во темпоромандибуларниот зглоб. Прикажан е фиксен ортодонтски третман со edgwise техника со и без екстракција на заби, кај два пациента со збиеност во денталните лакови.Планот на третманот и примената на екстракцијата на заби треба да биде добро испланирана при коригирањето на овие малоклузии.

Трудот има практично значење.

29. Мишевска Ц., Ѓоргова Ј., Кануркова Л., Тошеска Н.,Бајрактарова Е.: Анализа на сагиталните меѓувилични односи кај индивидуи со агенеза на заби. IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. Охрид, 22-25.VI,2006. Зборник на апстракти, стр.34 (постер-презентација).

Целта на ова испитување е да се утврди преваленцијата на малоклузиите во антеропостериорна насока (I,II и III класа по Angle), кај индивидуи со агенеза на различен број на заби. Испитувањето е извршено на профилни телерендгенограми на 50 испитаници со конгенитално отсуство на повеќе трајни заби, на возраст 9-16 години, од обата пола. Резултатите од испитувањето укажуваат на нарушување во сагиталните меѓувилични односи кај индивидуите со агенеза на заби. Од тоа произлегува потребата од рано детектирање и соодветен ортодонтски пристап во третманот на ваквите случаи.

Трудот има научно-стручно значење.

30. Toseska-Spasova N., Kanurkova L., Rexepi A., Mi[evska C.: Correlations between lower incisor crowding and incisor position. 82-and Congress of the Europian Orthodontic Society Vienna, july 4-8,2006. Abstract Book, p.132 (постер-презентација).

Цел на трудот е да се одреди дали постои корелација помеѓу збиеноста на мандибуларните инцизиви и нивната позиција со вертикалната скелетна краниофацијална конфигурација. Испитувањето е извршено на дентални модели и профилни телерендгенограми на 50 деца, на возраст 9-12 години, со инцизална мандибуларна збиеност.Резултатите од испитувањето покажале дека не постои корелација помеѓу инцизалната мандибуларна збиеност и вертикалната скелетна краниофацијална конфигурација. Резултатите исто така покажале дека не постои корелација помеѓу инцизалната мандибуларна збиеност и позицијата на инцизивите во сагитален правец. Инцизалната мандибуларна збиеност е локална независна генетски детерминирана дискрепанца помеѓу големината на забите и големината на потпорната коскена структура.

Трудот има научно-стручно значење.

31. Kanurkova L, Toseska N, Simonovski N., Carceva S., Redzepi A: Craniofacial morphology in children with transverse discrepancy. 82-and Congress of the Europian Orthodontic Society Vienna, july 4-8,2006.Abstract Book, p.131 (постер-презентација).

Целта на трудот е да се процени морфолошкиот соодност на краниофацијалните структури, позицијата на кондилот и косината на оклузалната рамнина, движењата на зглобот и фацијалната асиметрија кај пациентите со трансверзална дискрепанца. Извршено е испитување кај 70 пациенти, на возраст 13-18 години, со примена на ПА кефалометриски анализи по Ricketts. Авторите заклучиле дека кај пациентите со трансверзална дискрепанца постои намалување на максиларниот корпус со скелетален

лингвален вкрстен загриз, фацијална асиметрија, лингвална инклинација на максиларните букални заби и дивергенција на оклузалната рамнина.

Трудот има научно-стручно значење.

32. Toseska-Spasova N., Kanurkova L., Gjorgova J., Spasov Z.Prevalence and treatment of eruption disturbances of permanent second molars 12-th Congress of the BaSS, Istanbul,12-14 april 2007. Abstrakt Book, p.150 (постер-презентација).

Во трудот е прикажана преваленцијата на импакцијата, ектопичната, закаснетата ерупција и агенезата на перманентните втори молари. Анализирани се радиографски слики од 750 пациенти на возраст 10-16 години. Презентирани се статистичките податоци за преваленцијата на секоја поединечна ерупциска дистурбанција на перманентните втори молари. Авторите заклучиле дека ерупциското нарушување на перманентните втори молари, е релативно често и во најголем број случаи не е потребен третман, бидејќи доаѓа до спонтана корекција.

Трудот има практично значење.

33. Kanurkova L.,Gjorgova J. Toseska N.. Kanurkova L Sceletal and occlusal chenges in patient with Class II division 1 malocclusion – a case report. 12-th Congress of the BaSS, Истанбул,12-14 април 2007. Abstrakt Book, п.143 (постер-презентација).

Цел на трудот е да се одреди краниофацијалната морфологија и денталниот соодност кај пациентите со малоклузија II класа, прво одделение. Презентиран е случај на 22-годишен пациент со малоклузија II класа, прво одделение, пред и по терапија со фиксен ортодонтски апарат -edgewese техника и употреба на гумици за II класа. Извршени се кефалометриските анализи по Tweed и Steiner, пред и по терапијата на кои се забележува корекција на скелеталните и оклузалните параметри.

Трудот има практично значење.

34. Misevska C, Gjorgova J, Misevski T, Toseska N.,Bajraktarova E.:Dental arches and palatal morphology in patients with Turner's syndrome 83-rd Congress of the Europian Orthodontic Society. Берлин, јуни 20-24,2007.Abstrakt Book, п.131 (постер-презентација).

Цел на трудот е да се изврши анализа на големината на денталните лакови и висината на палатиналниот свод кај пациентите со Tarnerov sindrom.Авторите ја извршиле анализата на гипсени модели добиени од 15 пациенти со Тарнеров синдром на возраст 8-17 години, и ја споредиле со анализата на 15 здрави девојчиња. Резултатите покажуваат дека кај испитуваната група постои потесен максиларен дентален лак, поширок и пократок мандибуларен дентален лак и повисок палатинален свод во однос со контролната група.

Трудот има научен-стручен придонес.

35. Toseska-Spasova T., Gjorgova J.,Mi[evska C.,, Spasov Z.: Topographic relationship between the mandibular canal and impacted third molars 84-th Congress of the Europian Orthodontic Society. Лисабон, 10-14 јуни 2008. Abstrakt Book, п.197 (постер-презентација).

Цел на трудот е да се детерминира соодносот помеѓу мандибуларниот канал и импактираните трети молари, преку проценката на предиктивните вредности на пет радиографски маркери на ортопантомографски снимки. Авторите извршиле анализа на 70 трети молари чии корени покажуваат очигледен контакт со мандибуларниот канал. Презентирана е дистрибуцијата на петте радиографски маркери (радиолуценција-36 заби; суперимпозиција-12; интеррупција -15; стеснување на каналот-15 и диверзија на каналот-7).Ортодонтското испитување на импактираните трети молари на ортопантомографски снимки, претставува насока за оралните хирурзи за понатамошни испитувања и третман.

Трудот има научно-стручно и практично значење.

36. Misevska C., Vajlakova E., Tosevska N., Gjorgova J.,Misevski C.:Caries prevalence and periodontal status in patients with Turner's syndrome 84-th Congress of the Europian Orthodontic Society, Лисабон, 10-14 јуни 2008 Abstrakt Book, п.190 (постер-презентација).

Цел на трудот е да се процени преваленцата на кариесот, екстрахираните и пломбираните заби-(ДМФТ) индекс и периодонталната состојба кај пациентите со Тарнеров синдром. Испитувани се 21 TC пациенти на возраст од 8-17 години и споредувани со 21 здраво девојче. Резултатите покажале сигнификантно пониски ДМФТ средни вредности кај испитуваната група. Кариес-преваленцата и пломбираните заби се пониски кај TC пациентите во споредба со контролната група. Не се пронајдени екстрахирани заби кај пациентите со TC, и гингивалниот и плак-индекс се сигнификантно повисоки кај испитуваната група.

Трудот има практичен придонес.

37. Gjorgova J., Misevska C., TosevskaSpasovska N.: Effects of maxillary incisor protrusion on facial aesthetics 84-th Congress of the Europian Orthodontic Society Lisabon, 10-14 juni 2008 Abstrakt Book, p.185 (постер-презентација).

Инклинацијата на максиларните инцизиви има големо влијание на лицевата хармонија и естетика. Цел на трудот е да се одреди соодносот помеѓу протрузијата на максиларните инцизиви и мекоткивниот лицев профил. Извршена е анализа на латерални кефалограми од 70 пациенти на возраст 10-16 години со малоклузија I класа и протрузија на максиларните инцизиви и споредба со контролна група. Резултатите покажуваат дека растојанието помеѓу ls-y оска е сигнификантно поголемо кај машките пациенти, а женските пациенти покажуваат просечна сигнификантност. Аголот ANB и n-na-pg кај машките пациенти покажуваат помала сигнификантност, а истите параметри кај женските пациенти покажуваат висока сигнификантност.

Трудот има научно-стручно значење.

38. Тошеска-Спасова Н., Ѓоргова Ј., Мишевска М., .Ципунова, Б., Спасов З: Factor contributing to mandibular anterior crowding in the early mixed dentition. Прв конгрес на здружението на ортодонтите на Република Македонија.Охрид 21-24 мај 2009. Книга на апстракти, п 30 (постер-презентација).

Во трудот се презентирани факторите кои придонесуваат за појавата на антериорната мандибуларна збиеност кај раната мешовита дентиција. Извршена е анализа и споредба на мандибуларни гипсени модели од 60 деца во рана мешовита дентиција, поделени во две групи според степенот на збиеност, и е испитана коралацијата помеѓу наведените параметри со збиеноста. Извршените премерувања се: потребен простор за мандибуларните перманентни инцизиви, вкупна ширина на инцизивите, интерканина млечна ширина, интермоларна млечна ширина, интермоларна перманентна ширина, интералвеоларна ширина и вкупна должина на мандибуларниот лак.
Резултатите покажале дека со исклучок на вкупната ширина на инцизивите, сите останати параметри се главни фактори кои придонесуваат за појавата на антериорната мандибуларна збиеност кај раната мешовита дентиција, кои се сигнификантно помали кај пациентите со збиеност на забите.

Трудот има практично значење.

39. Dzipunova B., J.Gjorgova, Toseska-Spasova N.,Kanurkova L.:Therapeutic effects in malocclusion Class II Division 1. Прв конгрес на здружението на ортодонтите на Република Македонија. Охрид, 21-24 мај 2009. Книга на апстракти, п 27 (постер-презентација).

Целта на овој труд е да се анализираат и споредат денталните и скелеталните линеарни и ангуларни параметри кај пациентите со малоклузија II/1 и збиеност, пред и после терапија со екстракција на премолари и фиксни апарати во двете вилици; да се утврдат тераписките ефекти; квантумот на сагителни и вертикални промени и евентуалниот полов диморфизам. Испитувањето е направено на 30 пациенти од обата пола.На почетокот и крајот на третманот анализирани се следниве параметри: SNA, SNB, ANB, SNPg, 11/41, oj, 11-Apg, 41-Apg, Sna-Snp,Go-Pg.Резултатите покажале дека по преземената терапија со екстракција на премолари и фиксни апарати кај пациентите со малоклузија II/1 и збиеност, доаѓа до корекција на скелеталните параметри со што се демонстрира успешноста од третманот, кој е метод на избор за постигнување на естетска и функционална рамнотежа.

Трудот има научно-стручно значење.

40. Тошеска-Спасова Н.: „ Проценка и влијанието на збиеноста на мандибуларните инцизиви и нивната позиција на краниофацијалната морфологија",докторска дисертација, Стоматолошки факултет, Скопје, 26.VI.2009 год.

Трудот е рецензиран во Билтен бр.962.

**Насл. доц. Габриела Ќурчиева-Чучкова,** д-р сци, е родена на 20.12.1965 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование со одличен успех. На Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј " во Скопје се запишала во учебната 1984/85 година, а дипломирала во 1989 година, со среден успех 8,51.

Во текот на студиите, како активен член на научноистражувачкиот клуб „Стомаско", со научен труд учествувала на Студентскиот конгрес одржан

во Охрид, 1989 година. По завршувањето на студиите престојувала на едномесечна студентска размена на Клиниката за орална хирургија во Цирих, Швајцарија.

Од 15.1.1990 до 1.9.1992 година волонтирала на Клиниката за ортодонција, а задолжителниот лекарски стаж во траење од една година го завршила на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во текот на 1991/1992 година. Стручниот испит го положила на 8.6.1992 год.

На Клиниката за ортодонција при Ј.З.У. „Универзитетски стоматолошки клинички центар" во Скопје се вработила 1992 год., каде што и денес работи. Специјализирала на истата Клиника од 15.11.1993 год., а специјалистичкиот испит го положила на 23.12.1996 год., со што се здобила со звањето специјалист-ортодонт.

По завршувањето на студиите се запишала на постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје, по предметот ортодонција во учебната 1990/1991 год. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 9,71. Пријавата за изработка на магистерскиот труд под наслов „Морфологија на дентоалвеоларните лакови кај деца кои дишат на уста", под менторство на проф. д-р Надежда Барјактарова-Ѓорчулоска го доставила до Советот на Стоматолошкиот факултет на 10.11.1992. Магистерскиот труд со успех го одбранила на 25.12.1995 год., со што е промовирана во звањето магистер на стоматолошки науки.

Во звањето помлад асистент на Катедрата за ортодонција е избрана на 25.4.1997 год., во звањето асистент на истата Катедра е избрана на 17.11.2000 година, а реизбрана на 24.3. 2004 година. Во звањето насловен доцент на Катедрата за ортодонција е избрана на 6.10.2008 година.

До Советот на Стоматолошкиот факултет доставила пријава за изработка на докторска дисертација под наслов „Кранио-фацијалната морфологија и начинот на дишење", а позитивната рецензија е усвоена на 26.12.2001 год. и за ментор е одреден проф. д-р Тодор Бојаџиев. По усвојувањето на позитивната рецензија за докторскиот труд во Билтенот на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј", во ноември 2004 број 863, докторската дисертација ја одбранила на 31.1.2005 година, со што е промовирана во звањето доктор на стоматолошки науки.

Добитник е на Благодарница од Стоматолошкиот факултет во 1999 год., и на Благодарница од Македонското лекарско друштво во 2000 год. По повод јубилејот 50 години постоење на Стоматолошкиот факултет, доделена и е Пофалница за учество во работата и развојот на Стоматолошкиот факултет во 2009 год. Член е на уредувачкиот одбор на Монографија издадена по повод јубилејот 50 години постоење на Стоматолошкиот факултет.

Во рамките на акредитираната програма за обука на клучни тренери организирана од страна на Министерството за здравство на Република Македонија и Стоматолошката комора на Македонија, одржана во декември 2006 и февруари 2007 год., се стекнала со сертификат за клучен тренер - испитувач.

Потпретседател е на Македонското стоматолошко друштво (МСД), потпретседател е на Здружението на ортодонти на Македонија (ЗОМ), член е

на Европското ортодонтско друштво (ЕОС), Балканското стоматолошко друштво (BaSS) и Здружението на ортодонти на Србија.

Активно учествува во ЗОМ (Здружение на ортодонтите на Македонија), со усни презентации на семинарите во Велес, април 2005, и Струмица, ноември 2005. На нејзина лична покана, д-р. Niels Hulsink од Амстердам, Холандија, одржа курс „Миофункционалното влијание на развојот на лицевите структури во млечна, мешовита и перманентна дентиција" на 30 октомври 2008 година. Исто така на личната покана се одзваа и проф. Д-р Мирјана Јаношевиќ и проф. Д-р Драган Петровиќ, како поканети предавачи на симпозиумот „Фацијални асиметрии: ортодонтски и максилофацијален аспект", одржан на 26 март 2010 година. Активно учествувала како член на организациониот одбор и член на научниот одбор во подготовките на I конгрес на ортодонтите на Македонија, одржан 21-24 мај 2009 год. во Охрид. На истиот Конгрес, на нејзина лична покана се одзваа како поканети предавачи проф. д-р Мирјана Шашиќ (Белград,), проф. д-р Маја Овсеник (Љубљана), доц. д-р Мартина Древеншек (Љубљана), проф. д-р Младен Шлај (Загреб), проф. д-р Васка Вандевска-РадуновиЌ (Осло, Норвешка), проф. д-р Медиха Филиповиќ (Сараево), проф. д-р Предраг Николиќ (Белград), д-р. Мирослав Милачиќ ( Сион, Швајцарија), д-р. Niels Hulsink (Амстердам, Холандија). Во актуелното Претседателство на ЗОМ (Здружение на ортодонти на Македонија) е на функција потпретседател на ЗОМ, како и потпретседател на МСД (Македонско стоматолошко друштво).

Во периодот 27.6 - 8.7.2005 престојувала на Клиниката за ортопедија на вилици и заби, при Медицинскиот факултет во Љубљана, Словенија, на стручно усовршување под раководство на проф. д-р Франц Фарчник и доц. д-р Маја Овсеник.

Присуствувала на 20 курсеви, семинари и симпозиуми од областа на ортодонцијата:

- „Mulin-ова техника и Delaire-ова маска" под раководство на проф. др Piere Verdon од Нант, Франција, во 2001 год.;
- „Лечење на малоклузии со Herbst-ов апарат", под раководство на проф. д-р Hans Pancherz од Берлин, Германија, одржан во Белград, април 2002 год;
- I курс „Техника на прав лак (SWA) " под раководство на д-р Мирослав Милачиќ од Sion, Швајцарија, член на Европскиот борд на ортодонти, одржан во Белград во ноември 2002 год;
- II курс „Техника на прав лак (SWA)", под раководство на д-р Мирослав Милачиќ од Sion, Швајцарија, член на Европскиот борд на ортодонти, одржан во Белград во март 2003 год.;
- „Divide метода во терапија на бимаксиларна протрузија со екстракција" под раководство на проф. д-р Il Bong Kim од Јужна Кореа, одржан во Скопје, октомври 2003 год;
- III курс „Техника на прав лак ( SWA)" под раководство на д-р Мирослав Милачиќ од Sion, Швајцарија, член на Европскиот борд на ортодонти, одржан во Љубљана, 1-2.7. 2005 год.;

- курс „Ортодонтско финиширање: насоки во терапијата на интердисциплинарен пациент" – проф. д-р Vincent Kokich, одржан во Белград на 27.9.2005 год.;
- Typodont kurs III: Ортодонтски третман на импактирани канини, употреба на Headgear и Lip-bumper кај неекстракциона терапија, под раководство на д-р Wolfgang Gruner, одржан во Скопје, 16-18.11.2006 год.;
- курс „Примена на non-complience апарати во ортодонтскиот третман на малоклузија II класа", под раководство на проф. др Moschos Papadopoulos од Солун, Грција, одржан во Скопје на 14.5.2007 год.;
- семинар „За хроничната орофацијална болка" во организација на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во 2007 година;
- симпозиум „Клиничка ортодонција" со предавачи: проф. д-р Мирјана Шашиќ од Белград, Србија и доц. д-р Мартина Древеншек од Љубљана, Словенија, одржан 20-21 октомври 2007 во Охрид;
- симпозиум „Актуелности во стоматологијата во 21 век", под покровителство на БioTehnology, одржан во декември 2007 год. во Скопје;
- курс „Томас-пинс мини шрафови за ортодонтска анкаража", под раководство на д-р. мед. Thomas Lietz од Германија, одржан во Скопје на 15.3.2008 год.;
- курс „Миофункционалното влијание на развојот на лицевите структури во млечна, мешовита и перманентна дентиција", под раководство на д-р. Niels Hulsink од Амстердам, Холандија, одржан на 30.10.2008 во Скопје;
- семинар „Алергии во стоматологијата", во организација на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во март 2008 год.;
- курс: „Релевантни концепти во третманот на малоклузиите", под раководство на проф. д-р. Ram Nanda од САД, одржан на 21.5.2009 во Охрид;
- курс „Систем на самолигирачки бракети - пасивен наспроти активен" под раковотство на проф. д-р Mladen Kuftinec, одржан во Солун на 23.9.2009 год.;
- курс „ Damon -пасивен самолигирачки систем", во организација на Ormco Team, под раководство на д-р Rafael Garcia Espejo, одржан во Белград од 5 до 7.10.2009 год.
- симпозиум „Фацијални асиметрии: ортодонтски и максилофацијален аспект", одржан во Скопје, 26.3.2010 год.

Активно учествувала со усни презентации на I имунолошки конгрес во Охрид, 1996 и на VI интернационален ортодонтски конгрес во Истанбул, 1998 год. Активно учествува во работата на ЗОМ, со усни презентации на семинарите во Велес, април 2005 год., и Струмица, ноември 2005 год.. Со постер-презентации активно учествувала на конгресите на Европското ортодонтско друштво (78. Конгрес на ЕОС во Соренто, Италија, 2002 год.; 79. Конгрес на ЕОС во Прага,Чешка, 2003 год.; 80. Конгрес на ЕОС во Аархус, Данска, 2004 год.; 81. Конгрес на ЕОС во Амстердам, Холандија 2005 год.; 82. Конгрес на ЕОС во Виена, Австрија 2006 год.; 83. Конгрес на ЕОС во Берлин, Германија, 2007 год.; 84. Конгрес на ЕОС во Лисабон, Португалија, 2008.; 85.

Конгрес на ЕОС во Хелсинки, Финска, 2009); на конгресите на Балканското здружение на стоматолози (Белград, Србија, 1998 год.; Истанбул, Турција, 1999 год.; Охрид, Македонија, 2004 год.); на II интернационален ортодонтски конгрес на СЦГ , Белград, 2005 год., каде што во конкуренција од 86 постери освоила I награда за постер-презентација; на конгресите на стоматолозите на Македонија (1994, 1998, 2002, 2006 и 2009 год.); трансфери на наука на стоматолозите од Македонија (Дојран, 1993, 1996 и 1997).

Како ментор на седум студентски теми од областа на ортодонцијата активно учествувала во работата на студентските конгреси (1997, 1998, 2002,2003, 2007, 2009 и 2010 год.). Добитник е на I награда за постер на II интернационален ортодонтски конгрес на СЦГ , Белград , Србија, 2005.

Од изборот за помлад асистент во 1997 година, активно е вклучена во реализација на практичната настава за студентите по стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, а од 2008 година, по изборот во звањето насловен доцент активно се вклучува, освен во практичната настава, и во теоретската настава како за студентите на стоматологија, и во едукација на студентите од Високата школа за забни техничари и Високата школа ба стоматолошки сестри при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Учествувала и во изработката на план и програма за студентите на стоматологија, како и план и програма за студентите на докторските студии при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Активно се служи со англискиот јазик, и пасивно со германскиот јазик.

Како автор и коавтор има објавено 70 стручни и научни трудови во домашни и странски списанија.

До првиот избор за помлад асистент објавила 7 труда кои се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр.677. Трудовите приложени при изборот за асистент од број 8 до број 17 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр.759 од 15.6.2000 год., а трудовите од број 18 до број 27 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр.846 од 1.3.2004 год. Трудовите приложени при изборот за наставник во сите звања од број 25 до број 48 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “ бр.945.

За оваа изборна постапка ги пријавува следниве трудови:

49. Curcieva Cuckova G., PopStefanova-Trposka M, Maneva M. Vertical proportions and facial growth direction in mouth breathers. 84$^{th}$ Congress of EOS, Lisbon, Portugal, june 10-14, 2008. Abstract p.74, постер

Со цел да ја истражат врската помеѓу положбата на главата и правецот на краниофацијалниот раст афектирани од опструкција на дишните патишта кај деца со нарушена назореспираторна функција, авторите извршиле телерендгенграфска анализа кај 100 испитаници, деца на возраст од 8 до 15 години. Податоците кои ги добиле покажуваат екстремно зголемување на кранио-цервикалните агли и екстендирана положба на главата кај децата со назофарингеална опструкција, со зголемена инклинација на оклузалната рамнина кое индицира хипердивергентен, односно вертикален тип на раст со

постериорна ротација. Авторите предлагаат користење на Индикаторот на длабочина на инцизивен преклоп, како и денталната рамковна анализа како дополнителна метода за генералните трендови на раст кај младите пациенти, што е значајно за дефинитивна терапевтска и прогностичка евалуација.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

50. Pop Stefanova-Trposka M, Curcieva Cuckova G. : Vertical morphology, head posture, and facial height in patients. 84[th] Congress of EOS, Lisbon, Portugal, june 10-14, 2008. Abstract p.77, постер.

За да се одреди постоење на корелација помеѓу вертикалните димензии на првиот и вториот вратен прешлен со положбата на главата и антериорната и постериорна лицева висина, авторите извршиле анализа на телерендгенграми кај 100 испитаници на возраст 10-15 години (50 со нормална оклузија, скелетна класа I и назален тип на дишење; и 50 со скелетна класа II и орален тип на дишење). Утврдено е дека децата кои дишат на уста имаат задна мандибуларна ротација и вертикален тип на раст, а дорзалната висина на атлас и аџис биле сигнификантно помали од истите кај децата со назален тип на дишење.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

51. Maneva M, Zuzelova M, Curcieva Cuckova G. Fixed orthodontic appliances and periodontal health. 84[th] Congress of EOS, Lisbon, Portugal, june 10-14, 2008. Abstract p.190, постер.

Цел на трудот е да се процени состојбата на периодонциумот за време на ортодонтски третман со фиксни апарати. За таа намена, авторите одредувале индекс на гингивални крварења, крварење при сондирање, периодонтална длабочина при сондирање и плак-индекс и нашле високо сигнификантно повисоки вредности за овие параметри кај пациентите со фиксни апарати во однос на контролната група испитаници. Повисоки вредности на плак-индексот и индексот на крварење забележале кај машките пациенти споредено со женските пациенти. Бидејќи оралната хигиена е отежната кај пациентите со фиксни ортодонтски апарати, авторите препорачуваат и дополнителни процедури за задржување на добрата орална хигиена.

Трудот има практичен и апликативен карактер.

52. Curcieva Cuckova G., PopStefanova-Trposka M., Maneva M., Popovski S, Dimovska R. Nasopharyngeal obstruction and its role on facial growth pattern and dentofacial morphology. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.24.

Преку компаративни мерења на студио модели и телерендген-анализа извршена кај вкупно 100 деца на возраст 8-14 години (50 деца со назофарингеална опструкција и 50 деца со назален тип на дишење), користејќи го Индексот на фацијален раст, авторите вршат евалуација како и во кој степен типот на респирација влијае на растот и развојот на денто-фацијалните структури. Резултатите покажуваат високо сигнификантно зголемување на

тоталната антериорна и долнолицева висина, а соодносот помеѓу антериорната и постериорната лицева висина дефиниран како Индекс на фацијална висина (ИФВ) покажал дека децата со нарушена респираторна функција имаат вертикален тип на фацијален раст. Отаму вклучувањето на ИФВ како дополнителна кефалометриска метода е важно за евалуација на општиот тренд на раст кај младата популација.

Трудот има научен и апликативен карактер.

53 Curcieva Cuckova G.,, Maneva M, Simjanovska Lj, Kirovski I, Jolevski Lj. Radiographic evaluation of dental age determine the ectopic position of maxillary canines. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.20.

Цел на трудот е процена на степенот на матурација и одредување на положбата на нееруптираните канини на ортопантомографии кај пациенти на возраст од 8-14 години, кај кои клиничкото испитување сигнализирало нарушување во ерупцијата. Резултатите од истражувањето покажуваат јасна корелација меѓу задоцнетата дентиција и палатинално поставени и/или импактирани канини, од каде што авторите ја поткрепуваат тезата дека денталната старост проценета на ортопантомографска снимка може да се употреби за предвидување на положбата на нееруптираните канини, а букалната наспроти палатинална ектопија на максиларните канини имаат различна етиологија.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

54. Pop Stefanova-Trposka M. Curcieva Cuckova G. Vertical cervical vertebra morphology, head posture and facial height in patients with nose breathing and mouth breathing mode. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.23

Анализирајќи 100 латерални кефалометриски радиографии на пациенти од 8 до15-годишна возраст (50 со нормална оклузија, скелетна класа I и назален тип на дишење; и 50 со скелетна класа II и орален тип на дишење), авторите ги споредувале вертикалните димензии на првиот и вториот цервикален прешлен, положбата на главата и антериорната и постериорната лицева висина кај деца кои дишат на уста и/или нос. Резултатите укажуваат дека децата кои дишат на уста имаат задна мандибуларна ротација и вертикален тип на раст, а височините на дорзалниот лак на првиот и вториот цервикален прешлен биле сигнификантно помали. Децата кои дишат на уста имале и поекстендирана положба на главата.

Трудот има научно-стручен карактер.

55. Popovski S., Curcieva Cuckova G., Dimovska R., Iliev I. Determine the vertical disproportion Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, maj 21-24, 2009, Abstract p.41.

Во овој труд авторите ги одредуваат нормалните вредности на вертикалните димензии на фацијалниот комплекс преку телерендгенска анализа кај деца со нормална оклузија на возраст од 10 до 16 години. Оваа студија ги прикажува податоците за соодносот меѓу горните и долните инцизиви, горните и долните први перманентни молари, антериорните и

постериорните сегменти на максилата и мандибулата. Одредувањето и локализирањето на причината за ортодонтска аномалија е основниот принцип при поставување на ортодонтска дијагноза, а тоа овозможува брз, ефикасен и правилен ортодонтски третман.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

56. Popovski S Curcieva Cuckova G., Dimovska R., Iliev I., Димитријоски Б. Invisible treatment – visible results. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.42.

Поради се поголемиот број на возрасни пациенти и нивните желби и потребата што помалку да е видлив текот на третманот, авторите во овој труд ги претставуваат новите трендови во ортодонтскиот третман. Прикажан е третман со лингвална техника, и е направена споредба меѓу класичниот фиксен третман и лингвалната техника, со сите предности и недостатоци кај обата. Најголема потреба за секој ортодонт е потрагата за естетски решенија.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

57. Popovski S., Curcieva Cuckova G., Dimovska C., Iliev I, Dimitrijoski, B. Management of impacted maxillary canine. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.17.

Авторите во овој труд прикажуваат случај на пациент на 17-годишна возраст со импактиран лев максиларен канин, кај кој радиографското испитување потврдило девијација на палатиналниот корен на првиот премолар во еруптивниот простор на канинот. Мултидисциплинарниот пристап кон овие состојби го олеснува третманот со успешен краен резултат.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

58. Maneva M., Simjanovska Lj., Curcieva Cuckova G., Manev I., Kovacevska G. Treatment of impacted maxillary central incisors-case reports Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.6.

Авторите со овој труд даваат приказ на ортодонтско-хируршки третман на импактирани максиларни централни инцизиви кај два пациента, момче и девојче на 9-годишна возраст со присуство на прекубројни заби од двете страни на медијалната линија. Едниот случај е третиран со отворена метода, односно по хируршката интервенција на отстранување на хипердонтичните заби перманентните инцизиви се експонирани, а на нив се поставени атачмени. Додека вториот случај е третиран по затворена метода поради високата позиција на максиларниот инцизив под базата на носот. Ортодонтската терапија траела просечно 18 месеци. Авторите посебно ја нагласуваат важноста на ортопантомограмот за рано детектирање и превенирање на овие случаи.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

59. Jolevski Lj., Maneva M., Curcieva Cuckova G., Complete transposition of maxillary canine-first premolar – case raport Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.7.

Презентиран е случај со комплетна транспозиција на максиларен десен канин и прв премолар кај пациент на 12-годишна возраст, со прецизни показатели за етапите од ортодонтско-хируршкиот третман во траење од 24 месеци, како и финалните резултати од овој третман.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

60. Dimovska R., Naumovski S., Curcieva Cuckova G., Popovski S., Kirovski I. Epidemiology of cleft lip and palate in the republic of macedonia Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.44.

Цел на оваа епидемиолошка студија е одредување на бројот на пациентите со расцепи на усна и/или непце во Република Македонија, и тоа според формата, полот и географскиот предел. Трудот претставува ретроспективна студија, а податоците се добиени од Клиниката за максилофацијална хирургија во Скопје и Републичкиот институт за здравствена заштита, во периодот од 1996 до 2006 година. Добиената бројка 1:1000 е доста ниска, но со оглед на фактот дека недостасуваат многу податоци и мануелното собирање на податоците, авторите сугерираат основање на национален тим за грижа на пациенти со расцепи.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

61. Kirovski I.,. Parcanov Gj., Curcieva Cuckova G., Dimovska R., Popovski S. Individually adjusted aesthetic orthodontic device for adult treatment. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.35.

Разгледувајќи ги дополнителните цели или субјективни ситуации при ортодонтскиот третман на возрасни пациенти, авторите прикажуваат случај на пациентка на 39-годишна возраст со отсуство на неколку заби во бочната регија (екстрахирани премолари и молари). Таквата состојба била предизвик да се изработи специјално дизајниран апарат со цел успешно да се изведе ортодонтскиот третман кај оваа пациентка.

Трудот има стручен карактер.

62. Kirovski I., Zdraveska E., Gerasimovska D,. Curcieva Cuckova G., Iliev I. Multiple alimentary re-infection by acrylic orthodontic device as a vector. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.13.

Трудот прикажува случај на млада ортодонтска пациентка на 11-годишна возраст кај која се јавиле неколку рекурентни алиментарни инфекции. Медицинските истражувања потврдиле присуство на бактеријата псеудомонас аеругиноса, но по третманот со антибиотска терапија и повторно егзацербирање на инфекцијата се укажала потреба да се провери мобилниот ортодонтски апарат. Испитувањето потврдило присуство на истата бактерија и на ортодонтскиот акрилатен апарат, поради што е ортодонтската терапија со него стопирана. Поради тоа, иако ортодонтските проблеми се од примарен

интерес за ортодонтот, нужно е проширување на податоци од аспект на здравствената состојба и навиките кај ортодонтските пациенти.

Трудот има стручен аспект.

63.Simjanovska Q., Maneva M., Curcieva Cuckova G .,Simjanovski S. Follicular cyst of mandible premolar-case report. Ist Congress of MOS, Ohrid, Macedonia, may 21-24, 2009, Abstract p.5

Презентиран е случај со фоликуларна циста кај перманентен долен премолар и негова перзистенција. Бидејќи растот и развојот на цистите се придружени со сиромашна симптоматологија, дијагноза може да се одреди само со ретроалвеоларна ренгенграфија или ортопантомограм. Терапевтскиот пристап кој го препорачуваат авторите е отстранување на цистата и екстракција на забот.

Трудот има стручен аспект.

64. Curcieva Cuckova G., Maneva M., Joleski Lj. Effects of rapid maxillary expansion on nasopharyngeal airway dimensions and head posture in children with impaired nasal breathing. 85[th] Congress of EOS, Helsinki, Finland, june 10-14, 2009. Eur. J. Orthod. Suppl. Abstract p.53, poster.

За процена на ефектите од брзата максиларна експанзија врз положбата на главата, кранио-цервикалната ангулација, како и проширување на назофарингеалните дишни патишта, извршена е кефалометриска анализа кај 30 деца на возраст од 8 до14 години со назофарингеална опструкција. Испитаниците биле поделени во две групи: првата група од 15 испитаници била третирана со методот за брза максиларна експанзија, а втората група од 15 испитаници била следена 18 месеци пред започнувањето со истоветниот третман. Резултатите од кефалометриската анализа покажале сигнификантно зголемување на назофарингеалниот дишен пат, особено на ниво на велум паллати и увулата, со истовремено намалување на краниоцервикалната ангулација и исправање на положбата на главата кај пациентите. Коментирајќи ги овие сигнификантни промени, авторите предлагаат методата на брза максиларна експанзија да се применува во третманот на малоклузиите кај пациенти со назофарингеална опструкција.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

65. Maneva M, Curcieva Cuckova G . , Manev I, Jolevski Lj, Zuzelova M. Determination of growth pattern with different craniofacial parameters. 85[th] Congress of EOS, Helsinki, Finland, june 10-14, 2009. Eur. J. Orthod. Suppl. Abstract p.49, poster.

Со цел да се испита влијанието на различни фактори и варијабли врз растот на лицевите структури извршена е рендгенкефалометриска анализа кај 120 деца на возраст од 8 до 14 години, поделени според аномалиите (30 деца со класа I, 30 испитаници со класа II/1, 30 со класа II/2 и 30 деца со малоклузија класа III). Резултатите покажале дека 63% од децата со класа I имаат хоризонтален тип на раст, додека со малоклузија класа III тој процент е многу повисок. Најдена е високо позитивна корелација помеѓу сумата агли со инклинацијата на мандибуларната рамнина кај сите испитувани групи, а

високо негативна корелација помеѓу типот на фацијална ротација и лицевата оска кај сите испитувани групи, со исклучок на класа I испитаниците. Авторите ја потенцираат важноста од предвидувањето на растежниот потенцијал во дијагностички и третмански цели.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

66. Jolevski Lj.,Pavlovska D, Maneva M, Curcieva-Cuckova G. Maxillary canine-first premolar transposition- a case report. 85[th] Congress of EOS, Helsinki, Finland, june 10-14, 2009, Abstract p.173, poster.

Цел на авторите во овој труд е да ја прикажат и опишат состојбата на комплетна транспозиција на максиларен канин, која се среќава многу ретко, но претставува предизвик за ортодонтски третман. Презентиран е случај со комплетна транспозиција на максиларен десен канин и прв премолар кај пациент на 12-годишна возраст, со прецизни показатели за етапите од ортодонтско-хируршкиот третман во траење од 24 месеци, како и финалните резултати од овој третман.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

67. Ќурчиева-Чучкова Г, Поповски С. Влијанието на назофарингеалната опструкција врз краниофацијалната морфологија и лицевиот раст. Македонски стоматолошки преглед, 2009; 33 ( 1-2): 70-77

Поаѓајќи од фактот дека назофарингеалната опструкција е еден од најчестите ентитети во хуманата патологија, целта на ова испитување било да се утврди колкаво е нејзиното влијание врз краниофацијалната морфологија, а истовремено да се направи и анализа на последиците од неправилниот начин на дишење врз типот на лицевиот раст, користејќи го Индексот на фацијален раст (ФХИ). За реализација на поставената цел, авторката извршила гнатометриско и телерендгенско испитување кај 100 деца (50 испитаници со назофарингеална опструкција, и 50 испитаници со физиолошки назален тип на дишење, која послужила како контролен примерок), на возраст од 8 до 14 години. За процена на типот на лицевиот раст го користела Индексот на фацијален раст (ФХИ).

Резултатите од истражувањето укажуваат на фактите дека децата со назофарингеална опструкција ги карактеризира изразена компресија на максиларниот дентален лак со високо готско непце и зголемена должина на максиларниот, а намалена должина на мандибуларниот дентален лак. Сигнификантно зголемените вредности на гонијалниот и меѓувиличниот агол, инклинацијата на мандибуларната и оклузалната рамнина укажуваат на хипердивергентен тип на раст со постериорна ротација. Анализата на соодносот на антериорната и постериорна лицева висина, како и Индексот на фацијална висина, покажале вертикален тип на раст кај пациентите со назофарингеална опструкција.

Трудот има стручно-научен и апликативен карактер.

68. Ќурчиева-Чучкова Г. Влијанието на типот на респирација врз кранио-цервикалната инклинација и димензиите на фарингеалниот дишен пат. Стоматолошки дострели, Стоматолошки факултет, Скопје, 2009: 185-196.

Цел на трудот е, преку анализа на 200 латерални кефалограмски снимки на деца со редуцирана респираторна функција, на возраст од 8 до 14 години, да се изврши процена на антеро-постериорните дијаметри на фарингеалниот дишен пат и позицијата на хиоидната коска и јазикот, како и да се истражи постоењето на корелација меѓу големината на горните дишни патишта и положбата на главата и вратот. Мерејќи ги димензиите на фарингеалниот дишен пат на седум нивоа, авторката забележува најголемо стеснување на ниво на коренот на јазикот и валецула епиглотис. Авторката регистрирала пониска положба на хиоидната коска и јазикот, како и зголемување на кранио-цервикалната инклинација. Евидентирано е постоење на позитивна корелација помеѓу овие три групи на варијабли, односно дека со екстензија на главата се зголемува фарингеалниот дишен пат и инфрахиоидниот простор.

Трудот има научно-стручен и апликативен карактер.

69. Симјановска Љ., Миновска А., Симјановски С., Поповска М., Ќурчиева-Чучкова Г. Употреба на ФОТОНА ЛАСЕР-от во стоматологијата. V конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество,Охрид, Р. Македонија, 10-13 септември 2009, Зборник на апстракти стр.59 (постер).

Цел на трудот е да се укаже на придобивките од апликација на кохерентното светло при изведување на хируршките интервенции на мекото ткиво и неговото комплексно антиинфламаторно дејство. Прикажани се неколку случаи каде што е користен ФОТОНА ЛАСЕР-от при третман на френулум лингуе, а од резултатите произлегуваат заклучоците дека ласерот го скратува времето на интервенција, го зголемува комодитетот на пациентот, го намалува неизбежниот страв од интервенција и потребата од анестетичко средство.

Трудот има стручен и апликативен карактер.

70. Curcieva-Cuckova G. Effects and consequences of nasopharyngeal obstruction on dentofacial morphology and facial growth pattern. Revija ortodontskog drustva Slovenije, 2010 (во печат).

Поаѓајќи од идејата да утврди како и во кој степен назофарингеалната опструкција влијае на правецот на мандибуларниот раст, вертикалните фацијални димензии и положбата на главата, авторката изведува 15 ангуларни и линеарни мерења на латерални телерентгенограми кај 100 пациенти снимани во природна положба на главата по методот на Solow и Tallgren. Резултатите јасно укажуваат дека децата со назофарингеална опструкција кои дишат на уста имаат екстремно високи вредности на вертикалните фацијални димензии, постериорен тип на раст на мандибулата, кои се во позитивна корелација со екстендираната положба на главата.

Трудот има научно-стручен и апликативен карактер.

# ЗАКЛУЧОК

Врз основа на доставените материјали за трите кандидати за избор за асистент по предметот ортодонција, кои ги исполнуваат условите, Комисијата им дава предност на насл. доц. д-р Габриела Ќурчиева-Чучкова и ас. д-р Биљана Џипунова.

Насл. доц. д-р Габриела Ќурчиева-Чучкова, во својата досегашна стручна и научностражувачка кариера, забележливо е дека има вложено многу труд, за што се доказ нејзините бројни учества на конгреси, симпозиуми, семинари и курсеви со сопствени и оригинални трудови во земјава и надвор од неа. Нејзината сериозност и пристап кон научната и педагошката работа како и поврзаноста со одделни професори и познати светски имиња од областа на ортодонцијата и даваат за право на Рецензетската комисија насл. доц. д-р Габриела Ќурчиева-Чучкова да ја предложи до Наставно - научниот совет за избор за асистент по предметот ортодонција.

Исто така, од изнесените податоци за ас. д-р Биљана Џипунова се гледа дека кандидатката покажала континуиран напредок во нејзината стручна, научна и наставна работа. Со нејзината одлична стручна подготвеност, со педагошките и научноистражувачките квалитети ги исполнува сите услови за избор во звањето асистент по предметот ортодонција при Стоматолошкиот факултет во Скопје, што и дава за право на Рецензентската комисија д-р Биљана Џипунова да ја предложи до Наставно - научниот совет за избор за асистент по предметот ортодонција.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф.д-р Марија Зужелова с.р.

__________________________

2. Проф.д-р Јулијана Ѓоргова с.р.

__________________________

3. Проф.д-р Снежана Иљовска с.р.

__________________________

# ПРЕГЛЕД

на пријавени теми за изработка на магистерски труд прифатени
од Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје
на седницата одржана на 2.9.2010 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Љубица Стефановска | Истражување на поврзаноста на мотивациските системи во организациите и перформансите на вработените | Вон. проф. д-р Радмил Поленаковиќ |
| Јелена Мицевска | Дизајн на мултифункционално седиште за заболени од церебрална парализа со примена на ергономски методи и виртуелни манекени | Вон. проф. д-р Софија Сидоренко |
| Сашо Бошковски | Транспортниот менаџмент во рамките на мрежата на прилагодливи снабдувачки синџири | Вон. проф. д-р Атанас Кочов |
| Филип Матев | Моделирање на трошоците за информатичката инфраструктура во корпоративна околина и нивно оптимизирање со примена на виртуелизација и консолидација на ресурсите | Вон. проф. д-р Валентина Гечевска |
| Сашо Дукоски | Методологии во конкуретното инженерство за подобрување на производните капацитети на македонските алатници | Вон. проф. д-р Атанас Кочов |

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Република Македонија, Машински факултет

Декан,

Проф. д-р Атанас Кочов

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КРИТЕРИУМИ ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКО-ЕКСПЛОАТАЦИОНИТЕ УСЛОВИ НА ДРЖАВНАТА ПАТНА МРЕЖА ОД АСПЕКТ НА ПОТРЕБИТЕ НА ОДБРАНАТА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АЛЕКСАНДАР ГЛАВИНОВ, ПРИЈАВЕНА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 365 седница одржана на 1.7.2010 година, ги назначи членовите на Комисијата за оцена и преглед на докторската дисертација под наслов КРИТЕРИУМИ ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКО-ЕКСПЛОАТАЦИОНИТЕ УСЛОВИ НА ДРЖАВНАТА ПАТНА МРЕЖА ОД АСПЕКТ НА ПОТРЕБИТЕ НА ОДБРАНАТА, од кандидатот м-р Александар Главинов, дипломиран градежен инженер, виш предавач на Воената академија „Генерал Михајло Апостолски" во Скопје, придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. По извршениот преглед на докторската дисертација, Комисијата го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. СОДРЖИНА НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Докторската дисертација под наслов КРИТЕРИУМИ ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКО-ЕКСПЛОАТАЦИОНИТЕ УСЛОВИ НА ДРЖАВНАТА ПАТНА МРЕЖА ОД АСПЕКТ НА ПОТРЕБИТЕ НА ОДБРАНАТА, од кандидатот м-р Александар Главинов, обработува и проучува области кои се поврзани со техничката инженерска практика за планирањето и проектирање на патиштата, како и методите и приодите за носење на одлуки за реализација на проектите за патишта. Теоретското истражување го разгледува начинот и методите за помош при носење на одлука, уредувањето на просторот за потребите на одбраната и примената на мултикритерните анализи во процесот на носење на одлуки за проекти од патната инфраструктура. Во овој контекст е проучувана потребата од земање предвид на критериуми од интерес за одбраната при вреднување на проекти за инвестирање од патната мрежа во државата, согласно со одбранбениот систем во Република Македонија и актуелната одбранбена стратегија.

Докторската дистертација е претставена на 245 страници, со вкупно осум поглавја, листа на кратенки, содржина на трудот, вовед, листа на табели и слики, користена литература, како и 17 анекси на трудот претставени на 153 страници, кои се составен дел на докторската дисертација и во нив се дадени подетални податоци и анализи.

Воведот го најавува трудот и интересот за проблематиката што ја разработува, како и главните цели кои ги има докторската дисертација.

**Првото поглавје,** го носи насловот „Мултикритерни анализи – алатки за помош при донесување одлуки", и се состои од два поднаслова. Во првиот поднаслов е елаборирана теоријата на носење на одлука, односно главните етапи, терминологијата и основите на теоријата на планирање и процесот на носење на одлуки. Во вториот поднаслов е елаборирано мултикритерното одлучување, техниките за решавање на мултикритерни проблеми како и карактеристиките на методите за мултикритерни анализи.

**Второто поглавје,** е целосно посветено на теоријата на системот на одбраната, Стратегијата за одбрана и просторното уредување на Република Македонија за потребите на одбраната. Овој дел го изразува значењето државата да изгради сопствен, конзистентен одбранбено-заштитен систем, кој ќе и гарантира мирен и стабилен општествен развој. Даден е осврт на корелацијата помеѓу клучните определби на стратегискиот концепт на НАТО со принципите, целите и задачите кои се основа на актуелната стратегија за одбрана на Република Македонија. Елаборирани се националите одбранбени интереси (трајни, витални и важни) како вредности и состојби кои директно произлегуваат од темелните вредности утврдени во Уставот на Република Македонија. За просторниот развој и поврзување на државата од особена важност се надворешните врски кои ги опфаќаат сите директни врски на државата со соседните држави, како и сообраќајно-географската положба и нејзиното можно влијание врз уредувањето на просторот. Во овој дел е опфатена изграденоста на транспортната патна мрежа и нејзиното влијание на одбраната во изнаоѓање на експликативни фактори со кои можат да се предвидат идните ефекти од преземање на одредени активности.

**Третото поглавје,** насловено „Примена на мултикритерната анализа во процесот на носење на одлуки од патната инфраструктура", ја објаснува потребата за примена на мултикритерната анализа во процесот на носење на одлуки заради нејзината условеност од самите карактеристики на патната инфраструктура која го носи титуларот на јавно добро (многу заинтересирани субјекти за неа) и заради минимизирање на проблемите и ризиците кои се поврзани со изработката на вакви проекти. Овој дел од трудот е разработен низ пет поднаслови, со сите специфичности на мултикритерниот приод, почнувајќи од субјектите кои се вклучени во донесување на одлуката, специфичностите во проблемите врзани со изработка и реализација на проектите од транспортната инфраструктура, па сè до проблемите врзани со влијателните фактори при носење на одлука за проектите од патната инфраструктура. Тука се објаснети и потребите и целите на патната инфраструктура, како и методологијата за донесување на одлуки за неа.

**Четвртото поглавје,** под наслов „Критериуми при проектирање на патна инфраструктура", се состои од пет поднаслови. Во првиот поднаслов „Класификација на патната мрежа во Република Македонија", дадена е класификацијата на патната мрежа која се објаснува преку функционална класификација, административна класификација и сообраќајна класификација. Вториот поднаслов „Експлоатациони критериуми", ги елаборира експлоатационите критериуми со кои се карактеризира даден пат. Во експлоатационите критериуми на патиштата, посебно внимание се посветува на сообраќајното оптоварување, пропусната моќ (капацитет), нивото на услуга, меродавни брзини, коефициент на отпор од триење, прегледна должина при кочење и меродавни возила.

При елаборирање на третиот поднаслов „Технички критериуми", битни при проектирање на еден пат, тежиште е дадено на конструктивните елементи на патот. Во четвртиот поднаслов „Постапка за спроведување на социо-економските анализи", акцент е даден на анализата „трошоци-добивки", како и на постапката за спроведување економска анализа на проекти од транспортната инфраструктура. Во последниот поднаслов се објаснети критериумите кои се поврзани со заштитата на човековата околина, со посебно внимание на влијанијата на патот, принципите на трасирање, влијанието на сообраќајната бучава и влијанието од аерозагадувањето.

**Петтото поглавје,** под наслов „Постојна и предвидена патна инфраструктура во Република Македонија", претставува елаборација на поврзаноста на постојната патна инфраструктура во Република Македонија со европските коридори, потоа во него се компарира состојбата на постојната патна инфраструктура во Република Македонија и ги нагласува приоритетите во изградбата на патиштата како и начинот на одржување и осовременување на постојната патна мрежа. На крајот од ова поглавје се дава инженерско експертска анализа на постојната патна инфраструктура преку SWOT-анализата.

**Шестото поглавје,** е насловено „Возно динамички карактеристики за вреднување на постојната патна инфраструктура од аспект на нејзино користење од воени возила и други возила ангажирани за потребите на одбраната". Во ова поглавје се претставени димензиите и вкупните маси, осовинското оптоварување на тешки товарни возила вклучувајќи ги и возилата кои се користат за потребите на армијата. Покрај ова е направена и анализа на сообраќајното оптоварување. При анализата на сообраќајното оптоварување, направена е анализа во распоредување на сообраќајното оптоварување по сообраќајни ленти. Исто така, елаборирани се податоци за воени и репрезентативни возила, односно просечните вредности на осовинското оптоварување, оптоварување од сопствената маса на празно возило, корисна тежина и вкупна маса на полно возило. Во податоците сликовито се прикажани воени и репрезентативни видови на возила каде што е земена најголема дозволена маса на корисна тежина, која е идентична на вредностите утврдени според носивоста на возилата.

**Седмото поглавје,** под наслов „Спроведено истражување", ја претставува методологијата и анализата на резултатите од спроведената анкета за оцена на важноста на критериумите и поткритериумите при примена на мултикритерна анализа за проектите од патишта. Преку апликативни примери и со користење на повеќе методи, вклучувајќи ги резултатите од спроведената анкета, се дава предлог на методологија за проценка на проектите од патната инфраструктура преку процесот на мултикритерна анализа. Во апликативните примери се користени следниве методи за мултикритена анализа: метода на сума на оцените (WSM-Weight Sum Methode), метода на аналитички хиерархиски процес (AHP – Analytic Hierarchy Process) и методата ELECTRE I (**EL**imination **E**t **C**hoix **T**raduisant la **R**Éalité).

Трудот завршува со **осмото поглавје,** „Синтеза на резултатите и заклучоци", каде што се елаборирани резултатите и заклучоците кои произлегуваат од истражувањето и теоретските поставки обработени во трудот. Тежиште во заклучоците е дадено на организацијата на системот за одбрана, стратегија за одбрана и просторното уредување на Република Макеоднија, во синтеза на

резултатите за примена на мултикритерната анализа кај проектите од патната инфраструктура. како и препораките за планирање и управување со патната инфраструктура во државата. На крај, предложени се можни насоки за понатамошни истражувања во примента на мултикритерните анализи за евалуација на проектите од патната инфраструктура.

## 2. НАУЧЕН ПРИДОНЕС И ЗАКЛУЧОЦИ НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Трудот обработува актуелна тема којашто е предмет на многу истражувања во светот подолго време, особено од пред три децении. Приодот за носење на одлука за проекти кои се од јавен интерс е од особена важност при проучувањето, затоа што за нив најчесто има голем број на засегнати субјекти кои имаат различна перцепција за улогата и важноста на проектот. Проектите од транспортната инфраструктура се од особена важност и имаат особено влијанието врз организирањето и функционирањето на човековите активности во просторот. Затоа, проучувањето на нивните специфики е предмет на интердисциплинарни истражувања во повеќе области. Комплексноста за реализација на овие проекти произлегува од нивните повеќекратни влијанија кои се манифестираат на долг период. Затоа при планирањето на патната инфраструктура, треба да се направат детални испитувања и процени на влијанијата на проектите врз човековата околина, врз економијата и врз промените во социјалната структура и навиките на населението. Ова налага при дефинирањето на приоритетите и можните инвестиции во оваа сфера да се земаат предвид мислењата и потребите на сите засегнати субјекти, од дефинирањето на целите на проектот, до носењето на конечната одлука за избор и правење на приоритетна листа за проекти за реализирање.

Мултикритерните анализи и нивната примена во процесот на носење одлука особено се развиваат во осумдесеттите години од минатиот век со напредокот на компјутерската технологија и можноста за брза обработка на обемни бази на податоци. Нивната примена во проектите од патната инфраструктура најчесто се применува во прелиминарните, односно генералните студии за избор на коридор на траса и првичните прелиминарни студии за влијанија на проектот врз човековата околина, врз сообраќајните потреби и врз социо-економските активности.

Научниот придонес на овој труд може да се оцени од повеќе аспекти. Најпрвин, во овој труд е изготвена и претставена методологија за утврдување на критериуми и нивни индикатори со предлог на техника за утврдување на тежински коефициенти за секој критериум. Методологијата се состои во дефинирање на група на т.н. главни критериуми според кои треба да се вршат процените на проектите од патната инфраструктура групирани во шест групи. Вака подготвените листи на главни критериуми и поткритериуми се доставени на компетентни институции и поединици да дадат свои тежински коефициенти за секој критериум, односно да се изјаснат за релативната важност на секој критериум при процена на проектите. Потоа е направена анализа на одговорите и на доделените тежински кеофициенти за критериумите. Во оваа постапка особено е важно да се разделат фазата од мултикритерните анализи во која се врши пондерирање на критериумите со задавање на тежински коефициенти, од фазата на евалуација на проектите или варијантите.

Во овој труд особено детално се опфатени и претставени сите технички критериуми за проектирање на патишта чиишто резултати се преточени во правилници и стандарди кои се применуваат при изработка на проектите. Покрај возилата кои се најчесто застапени во сообраќајот за претежно цивилни потреби, детално се претставени и потребните податоци за воените возила кои се користат за воени потреби.

Направена е анализа на патната инфраструктура во нашата држава од аспект на потребите на одбраната и извршено е квалитативно вреднување на главните патни правци во државата за одбранбени цели. Детално е разработена проблематиката за примена на мултикритерните анализи и направена е една синтеза на широката лепеза на методи и техники кои се употребуваат за помош при носење на одлука.

Од направените анализи може да се заклучи дека со нивна примена при изградбата на државната патна инфраструктура се задоволуваат и критериумите за потребите на одбраната, која користи тешки товарни возила чие осовинско оптоварување не ги надминува пропишаните стандарди. Сите тешки воени возила во однос на осовинското оптоварување се во согласност со стандардите применети кај цивилните возила.

Претставени се суштинските разлики помеѓу групата на методи кои применуваат целосно агрегирање на оценките за добивање на конечен резултат и методи кои користат редоследно калсирање на варијантите со кои се добива јадро на преферирани варијанти. Со нумерички пример направени се пресметки за избор на варијанта според следниве методи:

- ⇨ метода со целосна агрегација на конечната оцена, односно методата на сума на оцените (WSM – Weight Sum Methode);
- ⇨ методата на аналитички хиерарски процес (AHP – Analytic Hierarchy Process);
- ⇨ методата со парцијална агрегација, односно методата ELECTRE1(**EL**imination **E**t **C**hoix **T**raduisant la **RÉ**alité).

Овие пресметки даваат можност да се види комплексноста на анализите и начинот преку кој овие методи доведуваат до краен резултат. Во овој труд не се дава стриктна препорака за користење на една од спомнатите методи за мултикритерни анализи при процена на проектите од патната инфраструктура, но дадена е предолг-методологија за процена на овие проекти преку процесот на мултикритерно вреднување.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Процесот на носење на одлука за проектите од патната инфраструктура во кој се вклучени потребните анализи од аспект на одбраната на Република Македонија е главната цел на истражувањето. Емпириски добиените резултати со анкетни прашалници, нивната анализа и примена во апликативни пресметки претставуваат добро заокружена целина во истражувањето на проблематиката дефиниран во овој труд.

Бидејќи сметаме дека докторската дисертација е оригинален и успешно изработен труд, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје да го прифати извештајот за докторската дисертација под наслов: КРИТЕРИУМИ ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКО-ЕКСПЛОАТАЦИОНИТЕ УСЛОВИ НА ДРЖАВНАТА ПАТНА МРЕЖА ОД АСПЕКТ НА ПОТРЕБИТЕ НА ОДБРАНАТА, од кандидатот м-р Александар Главинов, дипломиран градежен инженер и да го определи датумот за јавна одбрана.

Членови на Комисијата

Вонр. проф. д-р Зоран Кракутовски с.р.

Проф. д-р Радојка Дончева с.р.

Проф. д-р Стојан Кузев с.р.

Проф. д-р Зоран Нацев с.р.

Вонр. проф. д-р Дарко Мославац с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ КОРОЗИЈА И ЗАШТИТА НА МЕТАЛИТЕ, ЕЛЕКТРОМЕТАЛУРГИЈА, ТЕОРИЈА НА МЕТАЛУРШКИ ПРОЦЕСИ И ОДБРАНИ ПОГЛАВЈА ОД ТЕОРИЈА НА МЕТАЛУРШКИ ПРОЦЕСИ НА ТЕХНОЛШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Како членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите звања по групата предмети: корозија и заштита на металите, електрометалургија, теорија на металуршки процеси и одбрани поглавја од теорија на металуршки процеси на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, именувани од Наставно-научниот совет на Факултетот, на 42-рата седница од 7.IX 2010 год., го поднесуваме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на наставник по групата предмети корозија и заштита на металите, електрометалургија, теорија на металуршки процеси и одбрани поглавја од теорија на металуршки процеси, распишан од Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје и објавен во весникот „Дневник" од 6.VII 2010 год., се пријави кандидатот д-р Перица Пауновиќ.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Перица Пауновиќ е роден во 1968 год. во Куманово.

**1992** Дипломирал на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, насока екстрактивна металургија.

**1995** Магистрирал на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

**1993-1997** Бил вработен како стручен соработник на Факултетот преку Министерството за наука.

**1999** Избран е за асистент на групата предмети корозија и заштита на металите, електрометалургија, феролегури, металургија на ретки метали, техничка електрохемија и основи на прашкаста металургија, на Технолошко-металуршкиот факултет.

**2005** Докторирал на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје на тема: „Електрокатализа на водородната електродна реакција: системи базирани на $Ni/TiO_2/C$".

**2006** Избран е во наставничко звање – доцент на групата предмети: електрометалургија, корозија и заштита на металите, екологија во металургијата и современи постапки на електролиза, на Технолошко-металуршкиот факултет.

Активно се служи со англискиот, а пасивно со францускиот и рускиот јазик.

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Во текот на досегашното работење на Факултетот, го вршел следново:

1. настава и вежби на групата предмети на додипломски студии: електрометалургија, корозија и заштита на металите, екологија во металургијата и современи постапки на електролиза;
2. настава на постдипломските студии на Технолошко-металуршкиот факултет, на следниве студиски програми: екстрактивна металургија, инженерство на животната средина и електрохемиско инженерство;
3. коавтор на учебникот: „Електролиза – теорија и технологија", Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2008;
4. автор на „Практикум за лабораториски вежби по електрометалургија", интерна скрипта;
5. ментор на 4 и член на комисија на 11 дипломски работи, член на комисија за одбрана на една докторска дисертација и една магистерска работа.

**НАУЧНА ДЕЈНОСТ**

**Подрачја на научноистражувачки интерес:**

1. Електрохемија
   - електрокаталитички материјали за водородната и кислородната електродна реакција;
   - електродепозиција и електрокристализација на металите.
2. Наноматеријали и нанотехнологии.
3. Еколошко инженерство
   - управување со цврст отпад;
   - развивање технолошки постапки за третирање на цврсти и течни ефлуенти од рударско-металургиската индустрија.

**Трудови печатени во меѓународни списанија:**

1. **P. Paunović**, O. Popovski, A. Dimitrov, D. Slavkov, E. Lefterova and S. Hadži Jordanov, **Improvement of performances of complex non-platinum electrode materials for hydrogen evolution**, *Electrochimica Acta*, **52**, 1810-1817, (2006).
2. **P. Paunović**, O. Popovski, A. Dimitrov, D. Slavkov, E. Lefterova and S. Hadži Jordanov, **Study of structural and electrochemical characteristics of Co-based hypo-hyper d-electrocatalysts for hydrogen evolution**, *Electrochimica Acta*, **52**, 4640-4648, (2007).
3. S. Hadži Jordanov, M. Maletic, A. Dimitrov, D. Slavkov, **P. Paunović** and M. Josifov, **Waste Waters from Copper Ores Mining/Flotation in 'Bucim' Mine: Characterization and Remediation**, *Desalination*, **213**, 65-71 (2007).

4. S. Hadži Jordanov and **P. Paunović**, **Basic principles for corrosion control: Tips based on the electrochemical corrosion cell**, *Maced. J. Chem. Chem. Eng.*, **26**, 65-68 (2007).

5. **P. Paunović**, A. T. Dimitrov, O. Popovski, D. Slavkov and S. Hadži Jordanov, **Use of multiwalled carbon nanotubes (MWCNTS) as a support material in complex electrocatalysts for hydrogen evolution**, *Maced. J. Chem. Chem. Eng.*, **26**, 87-93 (2007).

6. **P. Paunović** in J.P. Reithmaier et al. (eds.), *Nanostructured Materials for Advanced Technological Applications*, © Springer Science + Business Media B.V. (2009), p. 391-398.

7. A. T. Dimitrov, **P. Paunović**, O. Popovski, D. Slavkov, Ž. Kamberović and S. Hadži Jordanov, **Effect of non-stationary current regimes on the morphology of silver electrodeposits**, *J. Serb. Chem. Soc..*, **74**, 279-289 (2009).

8. **P. Paunović**, I. Radev, A. T. Dimitrov, O. Popovski, E. Lefterova, E. Slavcheva, and S. Hadži Jordanov, **New nano-structured and interactive supported composite electrocatalysts for hydrogen evolution with partially replaced platinum loading**, *International Journal of Hydrogen Energy*, **34**, 2866-2873 (2009).

9. **P. Paunović**, A. T. Dimitrov, O. Popovski, E. Slavcheva, A. Grozdanov, E. Lefterova, Dj. Petruševski and S. Hadži Jordanov, Effect of Activation/Purification of Multiwalled Carbon Nanotubes (MWCNTs) on Activity of Non-platinum Based Hypo-Hyper d-Electrocatalysts for Hydrogen Evolution, *Material Research Bulletin*, **44**, 1816-1821 (2009).

**Трудови печатени во домашни списанија:**

1. **P. Paunović** and O. Popovski, **Chemical approach for enhancing electrocatalytic activity of electrode materials for hydrogen evolution: from pure metals to complex electrocatalytic systems**, *J. Engineer. Creation and Technol.*, **62**, 35-41 (2008).

**Трудови печатени во зборници на меѓународни научни собири:**

1. S. Hadzi Jordanov, A. Dimitrov, D. Slavkov, **P. Paunović** and Z. Tasev, **Greening of copper mining and ore dressing: a case study of copper mine in Buchim, R. of Macedonia**, The 1st International Conference & Exhibition on Green-Industry (CD), Bahrain Society of Chemists Organizes, Bahrain, 20-22 November (2006).

2. **P. Paunović**, S. Hadzi Jordanov, A. Dimitrov, D. Slavkov and Z. Tasev, **Toward sustainable hydrogen economy: improved non-platinum electrode materials**, The 1st International Conference & Exhibition on Green-Industry (CD), Bahrain Society of Chemists Organizes, Bahrain, 20-22 November (2006).

3. A. T. Dimitrov, **P. Paunović**, A. Tomova, Z. Tasev and S. Hadži Jordanov, **Electrochemical study of surface processes at copper oxide during immobilization**, European Metallurgical conference EMC 2007, Proceedings, Vol. 1, p. 391-401, Düsseldorf, 11-14 June (2007).

4. A. T. Dimitrov, **P. Paunović**, D. Slavkov and S. Hadži Jordanov, **Characterization of MWCNTs Produced by Molten Salt Electrolysis,**

Proceedings of International Hydrogen Energy Congress and Exhibition IHEC 2007, IHEC07-0138, 1-7, Istanbul, Turkey, 13-15 July 2007.

5. A. Tomova, O. Popovski, **P. Paunović**, D. Slavkov, S. Hadži Jordanov and A. T. Dimitrov, **Production of nano-scaled silver powder by pulsed electrolysis**, 25 Jubilee Scientific Conference, MTF 2007, Proceedings, Vol. 3, p. 71-76, 14-16 September, Sozopol Bulgaria (2007).

**Трудови печатени во зборници на домашни научни собири:**

1. A. T. Dimitrov, **P. Paunović**, O. Popovski, A. Tomova and S. Hadži Jordanov, **Production, characterization and application of carbon nanotubes (CNTs)**, XI Annual Conference of Union of Metalurgists of Macedonia: New in Metallurgy – Nano: Technologies, Materials and Methods, Ohrid, 5 May, p. 1-11 (2007).
2. A. Tomova, **P. Paunović**, A. T. Dimitrov and S. Hadži Jordanov, **Leaching of mine tailings in semi-industrial conditions**, XI Annual Conference of Union of Metalurgists of Macedonia: New in Metallurgy – Nano: Technologies, Materials and Methods, Ohrid, 5 May, p. 36-41 (2007).
3. O. Popovski, **P. Paunović**, A. T. Dimitrov, D. Slavkov and S. Hadži Jordanov, **Electrochemical investigation of complex electrocatalysts based on $Co/TiO_2$/MWCNTs**, XI Annual Conference of Union of Metalurgists of Macedonia: New in Metallurgy – Nano: Technologies, Materials and Methods, Ohrid, 5 May, p. 51-56 (2007).
4. Z. Tasev, A. T. Dimitrov, **P. Paunović**, D. Slavkov, A. Tomova, M. Tasev and S. Hadži Jordanov, **Modification of copper cementation procedure for treatment of acid mine drainage wastewater**, XI Annual Conference of Union of Metalurgists of Macedonia: New in Metallurgy – Nano: Technologies, Materials and Methods, Ohrid, 5 May, p. 73-79 (2007).

**Соопштенија на меѓународни научни собири:**

1. **P. Paunović** and A. T. Dimitrov, **Physical characterization of carbon nanotubes produced by electrolysis in lithium molten salts**, FUNCTIONALIZED NANOSCALE MATERIALS, DEVICES, AND SYSTEMS FOR CHEM.-BIO SENSORS, PHOTONICS, AND ENERGY GENERATION AND STORAGE, NATO Advanced Study Institute, Book of Abstracts, Sinaia, Romania, June 4-15, (2007) p. 47.
2. **P. Paunović**, A. T. Dimitrov, O. Popovski, E. Lefterova, A. Grozdanov, Đ. Petruševski, A. Tomova, D. Slavkov, S. Hadži Jordanov, **Effect Of Purification of Multiwalled Carbon Nanotubes (MWCNTS) on Electrocatalytic Activity of Catalysts for Hydrogen Evolution Based on Me-$TiO_2$-MWCNTS**, First Regional Symposium on Electrochemistry of South-East Europe, Rovinj, Croatia, May 4-8 (2008) p. 130.
3. I. Radev, **P. Paunović**, O. Popovski, A. T. Dimitrov, E. Slavcheva and E. Budevski, **Testing and Optimization of Hydrogen Electrodes for the Electrochemical Hydrogen Energy Conveters with Polymer Electrolyte**, First Regional Symposium on Electrochemistry of South-East Europe, Rovinj, Croatia, May 4-8 (2008) p. 18.

4. S. Hadži Jordanov, **P. Paunović**, A. Dimitrov and D. Slavkov, **Chemistry – A vital pillar to hold the building named 'supplies for tomorrow'**, 9th European Conference on Research in Chemical Education (ECRICE), Istanbul, Turkey, July 6-9 (2008), p. 160-161.

**Соопштенија на домашни научни собири:**

1. **P. Paunović**, D. Slavkov, T. Gligorievski, A. Dimitrov, S. Hadži Jordanov, Galvanic corrosion of hot-deep zinc plated pipes in a hot water recirculation system, XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia and V Congress of the Metallurgists of Macedonia, Ohrid, R. Macedonia, September 17-20 (2008) p. 131-132.
2. O. Popovski, **P. Paunović**, A. Tomova, R. Smileski, A. Dimitrov, S. Hadži Jordanov, Electrodeposition of metallic phase on porous electrocatalyst support, XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia and V Congress of the Metallurgists of Macedonia, Ohrid, R. Macedonia, September 17-20 (2008) p. 143-144.
3. O. Popovski, **P. Paunović**, A. Tomova, D. Slavkov, A. Dimitrov, B. Ranguelov, V. Tonchev, S. Hadži Jordanov, Morphology of silver nano-powder produced by pulsating electrodeposition, XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia and V Congress of the Metallurgists of Macedonia, Ohrid, R. Macedonia, September 17-20 (2008) p. 145-146.

**Предавања – пленарни, секциски, по покана:**

1. **P.Paunović**, Towards Sustainable Hydrogen Economy: Electrode Materials – Non-Platinum Electrocatalytic Systems, **Plenary lecture** on VIIth Congress of Pure and Applied Chemistry for the Students of Macedonia (with International participation), Book of Abstracts, p. 22-25, October 4-6, Skopje (2007).
2. **P. Paunović**, Mixed nano-scaled electrode materials for hydrogen evolution, **Seminar lecture** on NATO Advanced Study Institute: Nanostructured Materials For Advanced Technological Applications, Book of Abstracts, Sozopol, Bulgaria, June 1-13, (2008) p. 68.
3. **P. Paunović**, Hydrogen economy: Nano-scaled non-platinum electrode materials for hydrogen evolution, **Key-note lecture** on XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia and V Congress of the Metallurgists of Macedonia, Ohrid, R. Macedonia, September 17-20 (2008) p. 41-43.
4. **P. Paunović**, Physical and Chemical Treatment of Municipal Solid Waste (MSW), Willy Brandt Foundation Course: Strengthening of Municipal Capacities for Waste Management, November, 2008.
5. **P. Paunović**, Thermal Treatment of Municipal Solid Waste (MSW), Willy Brandt Foundation Course: Strengthening of Municipal Capacities for Waste Management, November, 2008.

**Меѓународни научноистражувачки проекти:**

1. Европска комисија, VI рамковна програма: Интегриран третман на индустрискиот отпад за спречување на загадувањето на регионалните водни ресурси, 2003-2007 (учесник).

2. Европска комисија, VI рамковна програма: Стратешки план за заштита на регионалните водни ресурси од загадување во рударската и металуршката индустрија во земјите од Западен Балкан, 2005-2007 (учесник).

**Билатерални научноистражувачки проекти:**

1. Катализатори и електродни структури за еколошко чисти електрохемиски извори на енергија со цврст полимерен електролит - билатерален проект со Институтот за електрохемија и енергетски системи при Бугарската академија на науките, финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, 2006-2008 (учесник).
2. Нестабилност и закономерност при растот на морфолошки облици кај електрохемиски системи далеку од рамнотежа - билатерален проект со Институтот за физичка хемија при Бугарската академија на науките, финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, 2006-2008 (учесник).
3. Управување на рециклирањето на пластиката: селекција на модел со најдобри перформанси за земјите на Западен Балкан (*PLARWEB*), билатерален проект со Природно-математичкиот факултет, отсек за индустриска хемија при Универзитетот во Тирана, финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, 2006-2008 (учесник).

## III СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

**Апликативни проекти**

1. Причини за корозијата на поцинкувани цевки производ на ФЗЦ "11 Октомври", Куманово, Елаборат 08 1751/08, март 2008 год.
2. Испитување на својствата и биланс на производството на феросилициум FeSi-75 производ на СИЛМАК ДООЕЛ, Јегуновце, Елаборат 08-1752-1/08, Скопје, септември 2008 год.
3. Изведба на обнова на анодните лежишта на системот за катодна заштита на регионалниот систем за водоснабдување "Студенчица", Извештај за изведбениот проект, октомври 2008 год.
4. Студија за квалитетот на минерални суровини од различно потекло за добивање фероникел во ФЕНИ ИНДУСТРИ, Кавадарци, март 2009 год.

**Изборни и раководни функции:**

1. раководител на Институтот за екстрактивна металургија на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје;
2. претседател на Македонската асоцијација за водород;
3. член на Управниот одбор на Македонското здружение за наноматеријали и нанотехнологии НАНОМАК;
4. член на Деканатската управа на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

# ЗАКЛУЧОК

Од изнесениот преглед на активностите на кандидатот д-р Перица Пауновиќ се гледа дека тој во периодот од изборот во звањето доцент (2006 година), како впрочем и во целата академска кариера, бил плоден, иницијативен и креативен наставник, научник и организатор.

Наставните постигања се: вршење настава по 4 дисциплини на додипломските студии и 10 дисциплини на 3 студиски програми на постдипломските студии, воведување на 2 нови наставни предмета, објавување на една монографија и една интерна скрипта.

Научните постигања се: објавување на 19 печатени трудови и 7 соопштенија во врвни меѓународни научни списанија и зборници на трудови на научни собири во светот и во земјата, 5 пленарни, секциски и предавања по покана, учество во организациски и научни одбори за организација на домашни и меѓународни научни собири, рецензент во неколку меѓународни списанија со импакт-фактор и друго.

Стручните постигања се: учество во реализација на 4 апликативни проекти/елаборати.

Организациските активности биле насочени кон создавање на Национална асоцијација за водород, создавање Национално здружение за наноматеријали, учество во раководењето со Факултетот како член на Деканатската управа и раководител на Институтот за екстрактивна металургија.

Активностите на кандидатот се бројни, а постигањата квантифицирани според актуелниот Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје достигнуваат завидна бројка од 174 поени.

Освен овие формални квалитети, познавајќи го кандидатот лично и соработувајќи со него во изминатите 2 децении, стекнавме позитивно мислење за неговите квалитети, така што како кандидатот, така и неговите постигања ги цениме како извонредни и над просекот.

Затоа, ни претставува чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет, да го избере д-р Перица Пауновиќ во звањето вонреден професор по предметите корозија и заштита на металите, електрометалургија, теорија на металуршки процеси и одбрани поглавја од теорија на металуршки процеси.

**Членови на Комисијата**

Д-р Светомор Хаџи Јорданов, ред. проф. во пензија с.р.

Д-р Иван Митровски, ред. проф. с.р.

Д-р Александар Димитров, ред. проф. с.р.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава 1 циклус студии МММ: Електрометалургија (2+2) | 1,2 |
| 2. | Настава 1 циклус студии МММ: Корозија и заштита на металите (2+2) | 1,2 |
| 3. | Настава 1 циклус студии МММ: Екологија во металургијата (2+2) | 1,2 |
| 4. | Настава 1 циклус студии МММ: Современи постапки на електролиза (2+2) | 1,2 |
| 5. | Вежби 1 циклус студии МММ: Електрометалургија (2+2) | 0,9 |
| 6. | Вежби 1 циклус студии МММ: Корозија и заштита на металите (2+2) | 0,9 |
| 7. | Вежби 1 циклус студии МММ: Екологија во металургијата (2+2) | 0,9 |
| 8. | Вежби 1 циклус студии МММ: Современи постапки на електролиза (2+2) | 0,9 |
| 9. | Настава 2 циклус студии ЕМ: Теорија на металуршки процеси (3+3) 1/3 | 0,75 |
| 10. | Настава 2 циклус студии ЕМ: Почисто производство (3+3) | 2,25 |
| 11. | Настава 2 циклус студии ЕМ: Одбрани поглавја од електрометалургија и електрорафинација на металите (3+3) | 2,25 |
| 12. | Настава 2 циклус студии ЕМ: Современи постапки на електролиза (3+3) | 2,25 |
| 13. | Вежби 2 циклус студии ЕМ: Теорија на металуршки процеси (3+3) 1/3 | 0,45 |
| 14. | Вежби 2 циклус студии ЕМ: Почисто производство (3+3) | 1,35 |
| 15. | Вежби 2 циклус студии ЕМ: Одбрани поглавја од електрометалургија и електрорафинација на металите (3+3) | 1,35 |
| 16. | Вежби 2 циклус студии ЕМ: Современи постапки на електролиза (3+3) | 1,35 |
| 17. | Настава 2 циклус студии ЕХИ: Кинетика и механизми на електродни процеси (3+3) 1/2 | 1,125 |
| 18. | Настава 2 циклус студии ЕХИ: Катодна и анодна заштита на метални конструкции (3+3) 1/2 | 1,125 |
| 19. | Настава 2 циклус студии ЕХИ: Електрохемиска и хемиска површинска обработка на металите (3+3) 1/2 | 1,125 |
| 20. | Настава 2 циклус студии ЕХИ: Електрокатализа (3+3) | 2,25 |
| 21. | Вежби 2 циклус студии ЕХИ: Кинетика и механизми на електродни процеси (3+3) 1/2 | 0,675 |
| 22. | Вежби 2 циклус студии ЕХИ: Катодна и анодна заштита на метални конструкции (3+3) 1/2 | 0,675 |
| 23. | Вежби 2 циклус студии ЕХИ: Електрохемиска и хемиска површинска обработка на металите (3+3) 1/2 | 0,675 |
| 24. | Вежби 2 циклус студии ЕХИ: Електрокатализа (3+3) | 1,35 |
| 25. | Настава 2 циклус студии ИЖС: Проектирање на депонии за комунален, хемиски, медицински и опасен отпад (3+3) 1/3 | 0,75 |
| 26. | Настава 2 циклус студии ИЖС: Управување со цврсти отпадоци (3+3) 1/5 | 0,45 |
| 27. | Настава 2 циклус студии ИЖС: Електрокатализа (3+3) 1/3 | 0,75 |
| 28. | Вежби 2 циклус студии ИЖС: Проектирање на депонии за комунален, хемиски, медицински и опасен отпад (3+3) 1/3 | 0,45 |
| 29 | Вежби 2 циклус студии ИЖС: Управување со цврсти отпадоци (3+3) 1/5 | 0,27 |
| 30. | Вежби 2 циклус студии ИЖС: Електрокатализа (3+3) 1/3 | 0,45 |
| 31. | Семинар „Вили Брант" – учесник, предавач | 1 |
| 32. | Коавтор на позитивно рецензиран универзитетски учебник: „Електролиза – теорија и технологија" | 6 |
| 33. | Интерна скрипта од вежби: „Практикум за лабораториски вежби по електрометалургија" | 3 |
| 34. | Член на комисија за оцена и одбрана на 11 дипломски работи | 1,1 |
| 35. | Ментор на 4 дипломски работи | 0,8 |
| 36. | Член на комисија за оцена и одбрана на 1 магистратура | 0,3 |
| 37. | Член на комисија за оцена и одбрана на 1 докторат | 0,5 |
| | **Вкупно** | **45,22** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Печатен труд: **P. Paunović**, O. Popovski, A. Dimitrov, D. Slavkov, E. Lefterova and S. Hadži Jordanov, Improvement of performances of complex non-platinum electrode materials for hydrogen evolution, ***Electrochimica Acta***, 52, 1810-1817, 2006 (IF 3,078) | 5,45 |
| 2. | Печатен труд: **P. Paunović**, O. Popovski, A. Dimitrov, D. Slavkov, E. Lefterova and S. Hadži Jordanov, Study of structural and electrochemical characteristics of Co-based hypo-hyper d-electrocatalysts for hydrogen evolution, ***Electrochimica Acta***, 52, 4640-4648, 2007 (IF 3,078) | 5,45 |
| 3. | Печатен труд: S. Hadži Jordanov, M. Maletic, A. Dimitrov, D. Slavkov, **P. Paunović** and M. Josifov, Waste Waters from Copper Ores Mining/Flotation in 'Bucim' Mine: Characterization and Remediation, ***Desalination***, 213, 65-71, 2007 (IF 1,155) | 4,29 |
| 4. | Печатен труд: S. Hadži Jordanov and **P. Paunović**, Basic principles for corrosion control tips based on the electrochemical corrosion cell, ***Maced. J. Chem. Chem. Eng.***, 26, 65-68, 2007 | 5,4 |
| 5. | Печатен труд: **P. Paunović**, A. T. Dimitrov, O. Popovski, D. Slavkov and S. Hadži Jordanov, Use of multiwalled carbon nanotubes (MWCNTS) as a support material in complex electrocatalysts for hydrogen evolution, ***Maced. J. Chem. Chem. Eng.***, 26, 87-93, 2007 | 3,6 |
| 6. | Печатен труд: A. T. Dimitrov, **P. Paunović**, O. Popovski, D. Slavkov, Ž. Kamberović and S. Hadži Jordanov, Effect of non-stationary current regimes on the morphology of silver electrodeposits, ***J. Serb. Chem. Soc.***, 74 (3), 279-289, 2009 (IF 0,611) | 3,97 |
| 7. | Печатен труд: **Perica Paunović**, Ivan Radev, Aleksandar T. Dimitrov, Orce Popovski, Elefteria Lefterova, Evelina Slavcheva, and Svetomir Hadži Jordanov, New nano-structured and interactive supported composite electrocatalysts for hydrogen evolution with partially replaced platinum loading, ***InternationalJjournal of Hydrogen Energy***, 34, 2866-2873, 2009 (IF 3,452) | 5,67 |
| 8. | Печатен труд: **Perica Paunović**, Aleksandar T. Dimitrov, Orce Popovski, Evelina Slavcheva, Anita Grozdanov, Elefteria Lefterova, Djordji Petruševski and Svetomir Hadži Jordanov, Effect of Activation/Purification of Multiwalled Carbon Nanotubes (MWCNTs) on Activity of Non-platinum Based Hypo-Hyper d-Electrocatalysts for Hydrogen Evolution, ***Material Research Bulletin***, 44, 1816-1821, 2009 (IF 1,812) | 4,69 |
| 9. | Дел од монографија: **P. Paunović** in J.P. Reithmaier et al. (eds.), *Nanostructured Materials for Advanced Technological Applications*, **© Springer Science + Business Media B.V.** (2009), p. 391-398 | 6 |
| 10. | Труд во научно популарно списание: **P. Paunović** and O. Popovski, Chemical approach for enhancing electrocatalytic activity of electrode materials for hydrogen evolution: from pure metals to complex electrocatalytic systems, ***J. Engineer. Creation and Technol.***, 62, 35-41, 2008 | 1,8 |
| 11. | Труд во зборник на меѓународен научен собир: S. Hadzi Jordanov, A. Dimitrov, D. Slavkov, **P. Paunović** and Z. Tasev, Greening of copper mining and ore dressing: a case study of copper mine in Buchim, R. of Macedonia, The 1st International Conference & Exhibition on Green-Industry (CD), Bahrain Society of Chemists Organizes, Bahrain, 20-22 November, 2006 | 1,8 |
| 12. | Труд во зборник на меѓународен научен собир: **P. Paunović**, S. Hadzi Jordanov, A. Dimitrov, D. Slavkov and Z. Tasev, Toward sustainable hydrogen economy: improved non-platinum electrode materials, The 1st International Conference & Exhibition on Green-Industry (CD), Bahrain Society of Chemists Organizes, Bahrain, 20-22 November, 2006 | 1,8 |
| 13. | Труд во зборник на меѓународен научен собир: A. T. Dimitrov, **P. Paunović**, A. Tomova, Z. Tasev and S. Hadži Jordanov, Electrochemical study of surface processes at copper oxide during immobilization, European Metallurgical conference EMC 2007, Proceedings, Vol. 1, p. 391-401, Düsseldorf, 11-14 June, 2007 | 1,8 |
| 14. | Труд во зборник на меѓународен научен собир: A.T. Dimitrov, **P. Paunović**, D. Slavkov and S. Hadži Jordanov, Characterization of MWCNTs Produced by Molten Salt Electrolysis, Proceedings International Hydrogen Energy Congress and Exhibition IHEC | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2007, IHEC07-0138, 1-7, Istanbul, Turkey, 13-15 July, 2007 | |
| 15. | Труд во зборник на меѓународен научен собир: A. Tomova, O. Popovski, **P. Paunović**, D. Slavkov, S. Hadži Jordanov and A. T. Dimitrov, Production of nano-scaled silver powder by pulsed electrolysis, 25 Jubilee Scientific Conference, MTF 2007, Proceedings, Vol. 3, p. 71-76, 14-16 September, Sozopol Bulgaria, 2007 | 1,8 |
| 16. | Труд во зборник на научен/стручен собир: A. T. Dimitrov, **P. Paunović**, O. Popovski, A. Tomova and S. Hadž Jordanov, Production, characterization and application of carbon nanotubes (CNTs), XI[th] Annual Conference of Union of Metalurgists of Macedonia: New in Metallurgy – Nano: Technologies, Materials and Methods, Ohrid, 5 May, p. 1-11, 2007 | 1,2 |
| 17. | Труд во зборник на научен/стручен собир: A. Tomova, **P. Paunović**, A. T. Dimitrov and S. Hadž Jordanov, Leaching of mine tailings in semi-industrial conditions, XI[th] Annual Conference of Union of Metalurgists of Macedonia: New in Metallurgy – Nano: Technologies, Materials and Methods, Ohrid, 5 May, p. 36-41, 2007 | 1,2 |
| 18. | Труд во зборник на научен/стручен собир: O. Popovski, **P. Paunović**, A. T. Dimitrov, D. Slavkov and S. Hadži Jordanov, Electrochemical investigation of complex electrocatalysts based on $Co/TiO_2/MWCNTs$, XI[th] Annual Conference of Union of Metalurgists of Macedonia: New in Metallurgy – Nano: Technologies, Materials and Methods, Ohrid, 5 May, p. 51-56, 2007 | 1,2 |
| 19. | Труд во зборник на научен/стручен собир: Z. Tasev, A. T. Dimitrov, P. Paunović, D. Slavkov, A. Tomova, M. Tasev and S. Hadži Jordanov, Modification of copper cementation procedure for treatment of acid mine drainage wastewater, XI[th] Annual Conference of Union of Metalurgists of Macedonia: New in Metallurgy – Nano: Technologies, Materials and Methods, Ohrid, 5 May, p. 73-79, 2007 | 1,2 |
| 20. | Пленарно предавање: **P.Paunović**, Towards Sustainable Hydrogen Economy: Electrode Materials – Non-Platinum Electrocatalytic Systems, Plenary lecture on VII[th] Congress of Pure and Applied Chemistry for the Students of Macedonia (with International participation), Book of Abstracts, p. 22-25, October 4-6, Skopje, 2007 | 3 |
| 21. | Секциско предавање: **P. Paunović**, Mixed nano-scaled electrode materials for hydrogen evolution, Seminar lecture on NATO Advanced Study Institute: Nanostructured Materials For Advanced Technological Applications, Book of Abstracts, Sozopol, Bulgaria, June 1-13, (2008) p. 68 | 2 |
| 22. | Секциско предавање: **P. Paunović**, Hydrogen economy: Nano-scaled non-platinum electrode materials for hydrogen evolution, Key-note lecture on XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia and V Congress of the Metallurgists of Macedonia, Ohrid, R. Macedonia, September 17-20 (2008) p. 41-43 | 2 |
| 23. | Учество на научен собир со реферат: **P. Paunović** and A. T. Dimitrov, Physical characterization of carbon nanotubes produced by electrolysis in lithium molten salts, FUNCTIONALIZED NANOSCALE MATERIALS, DEVICES, AND SYSTEMS FOR CHEM.-BIO SENSORS, PHOTONICS, AND ENERGY GENERATION AND STORAGE, NATO Advanced Study Institute, Book of Abstracts, Sinaia, Romania, June 4-15, (2007) p. 47 | 1 |
| 24. | Учество на научен собир со реферат:<br>1. **P. Paunović**, A. T. Dimitrov, O. Popovski, E. Lefterova, A. Grozdanov, Đ. Petruševski, A. Tomova, D. Slavkov, S. Hadži Jordanov, Effect Of Purification of Multiwalled Carbon Nanotubes (MWCNTS) on Electrocatalytic Activity of Catalysts for Hydrogen Evolution Based on $Me\text{-}TiO_2\text{-}MWCNTS$, First Regional Symposium on Electrochemistry of South-East Europe, Rovinj, Croatia, May 4-8 (2008) p. 130<br>2. I. Radev, **P. Paunović**, O. Popovski, A. T. Dimitrov, E. Slavcheva and E. Budevski, Testing and Optimization of Hydrogen Electrodes for the Electrochemical Hydrogen Energy Conveters with Polymer Electrolyte, First Regional Symposium on Electrochemistry of South-East Europe, Rovinj, Croatia, May 4-8 (2008) p. 18 | 1 |
| 25. | Учество на научен собир со реферат: S. Hadži Jordanov, **P. Paunović**, A. Dimitrov and D. Slavkov, Chemistry – A vital pillar to hold the building named 'supplies for tomorrow', 9[th] European Conference on Research in Chemical Education (ECRICE), Istanbul, Turkey, July 6-9 (2008), p. 160-161 | 1 |
| 26. | Учество на научен собир со реферат:<br>1. **P. Paunović**, D. Slavkov, T. Gligorievski, A. Dimitrov, S. Hadži Jordanov, Galvanic corrosion of hot-deep zinc plated pipes in a hot water recirculation system, XX | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Congress of Chemists and Technologists of Macedonia and V Congress of the Metallurgists of Macedonia, Ohrid, R. Macedonia, September 17-20 (2008) p. 131-132. (0,36 p.)<br>2. O. Popovski, **P. Paunović**, A. Tomova, R. Smileski, A. Dimitrov, S. Hadži Jordanov, Electrodeposition of metallic phase on porous electrocatalyst support, XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia and V Congress of the Metallurgists of Macedonia, Ohrid, R. Macedonia, September 17-20 (2008) p. 143-144. (0,3 p.)<br>3. O. Popovski, **P. Paunović**, A. Tomova, D. Slavkov, A. Dimitrov, B. Ranguelov, V. Tonchev, S. Hadži Jordanov, Morphology of silver nano-powder produced by pulsating electrodeposition, XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia and V Congress of the Metallurgists of Macedonia, Ohrid, R. Macedonia, September 17-20 (2008) p. 145-146. (0,225 p.) | |
| 27. | Учесник во меѓународен научен проект:<br>Евроска комисија, VI рамковна програма: Интегриран третман на индустрискиот отпад за спречување на загадувањето на регионалните водни ресурси, 2003-2007. | 5 |
| 28. | Учесник во меѓународен научен проект: Европска комисија, VI рамковна програма: Стратешки план за заштита на регионалните водни ресурси од загадување во рударската и металуршката индустрија во земјите од Западен Балкан, 2005-2007. | 5 |
| 29 | Учесник во меѓународен научен проект: Катализатори и електродни структури за еколошко чисти електрохемиски извори на енергија со цврст полимерен електролит, билатерален проект со Институтот за електрохемија и енергетски системи при Бугарската академија на науките, финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, 2006-2008. | 5 |
| 30. | Учесник во меѓународен научен проект: Нестабилност и закономерност при растот на морфолошки облици кај електрохемиски системи далеку од рамнотежа, билатерален проект со Институтот за физичка хемија при Бугарската академија на науките, финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, 2006-2008. | 5 |
| 31. | Учесник во меѓународен научен проект: Управување на рециклирањето на пластиката: селекција на модел со најдобри перформанси за земјите на Западен балкан (*PLARWEB*), билатерален проект со Природно-математичкиот факултет, отсек индустриска хемија, при Универзитетот во Тирана, финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, 2006-2008. | 5 |
| | **Вкупно** | **96,12** |

| | | |
|---|---|---|
| | strengthening the full research potential in material science engineering, FP7-REGPOT-2009-1. | |
| 23. | Соработник во подготвување на меѓународен научен проект: Molecular design of special hard coated nanostructured surfaces in one cycle by hybrid plasma nitriding and PVD, Prop. No CP-FP 246317-1 MODEST. FP7-NMP-2009-SMALL3. | 1 |
| 24. | Соработник во подготвување на меѓународен научен проект: "Multi nanosensors based on carbon nanotubes and bio-polymer matrix", Prop. No SfP 983811. . NATO Project. | 1 |
| 25. | Член на комисија за избор во наставно звање – доцент (Горан Начевски, мај 2009) | 0,2 |
| 26. | Член на комисија за избор во соработничко звање – асистент (Горан Начевски, ноември 2007) | 0,2 |
| 27. | Член на комисија за избор во соработничко звање – помлад асистент (Ана Томова, декември 2008) | 0,2 |
| 28. | Раководител на Институтот за екстрактивна металургија | 3 |
| 29. | Раководител на студиска програма на ПДС | 2 |
| 30. | Член на комисија за акредитација на лабораторија за материјали | 0,5 |
| 31. | Координатор на последипломските студии на насоката инженерство на животната средина | 0,5 |
| | **Вкупно** | **33,1** |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **45,22** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **96,12** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **33,10** |
| **Вкупно** | **174,44** |

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **„МОДЕЛ НА ПАРЦИЈАЛНА РАМНОТЕЖА ЗА ЕКС-АНТЕ АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ НА ОДДЕЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“**, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АНА КОТЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одлука бр. 02-1224/4 на Наставно - научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна, донесена на XVII седница одржана на 31.V 2010 год., формирана е Комисија за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов: „Модел на парцијална рамнотежа за екс-анте анализа на пазарот на одделни земјоделски производи во Република Македонија“, пријавена и изработена од м-р Ана Котевска, асистент на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Комисијата во состав: д-р Драги Димитриевски, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Емил Ерјавец, редовен професор на Биотехничкиот факултет во Љубљана, д-р Ѓорѓи Ѓорѓевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Ненад Георгиев, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, и д-р Јован Аждерски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, ја прегледа докторската дисертација и го поднесува следниов

## Извештај

Докторската дисертација со наслов: „Модел на парцијална рамнотежа за екс-анте анализа на пазарот на одделни земјоделски производи во Република Македонија“, изработена од м-р Ана Котевска, презентирана е на 121 страница текст со вообичаен проред. Во содржината на текстот се дадени 26 табели, 63 графикони и 10 слики. На крајот се дава преглед на консултираната домашна и странска литература со 62 наслови и интернет-референци. Во прилог се дадени табели и прикази на 31 страница.

Трудот е поделен во осум поглавја, и тоа: 1. Вовед; 2. Преглед на литература; 3. Материјал и метод на работа; 4. Состојба на потсекторите во периодот 1995-2008; 5. Резултати на моделот; 6. Дискусија; 7. Заклучок и 8. Литература.

Во Воведот се истакнува стратегиската определба на Република Македонија за интеграција во Европската унија. Во овој дел докторантката го истакнува значењето и практиката за употреба на квантитативни модели за предвидување на промените во земјоделскиот сектор. Тука е поставена и основната цел на истражувањето, која во основа претставува изработка на модел за македонското земјоделство како алатка за оцена на идните промени на пазарите на земјоделски производи. За исполнување на главната цел на дисертацијата се поставени и следниве потцели: екс-пост анализа на одбраните земјоделски производи во периодот 1995-2008 година; изградба на модел на парцијална рамнотежа за избраните потсектори, како алатка

за оцена на интензитетот на промените; екс-анте анализа на одбраните земјоделски производи, во непроменети услови и во услови на зголемена директна поддршка на земјоделците.

Поглавјето Преглед на литература се состои од четири потпоглавја: (1) *пазари на земјоделски производи,* каде што, освен опишувањето на пазарниот механизам даден е посебен осврт на влијанието на земјоделската политика врз нив; (2) *земјоделска политика,* со посебен осврт на развојот и карактеристиките на земјоделската политика во Република Македонија и во Европската унија; (3) *моделирање,* со опис на процесот на моделирање и различните видови на модели и нивна употреба; (4) *проекции на земјоделството од модели на парцијална рамнотежа,* кои се користени за проектирање на развојот на земјоделството на глобално, регионално и на национално ниво. Притоа, користена е бројна домашна и странска литература за да се поврзат научните и практични сознанија што ѝ помагаат на докторантката да го конципира својот модел на парцијална рамнотежа за избраните потсектори од македонското земјоделство.

Во поглавјето Материјал и метод на работа се дава соодветен осврт на потребните податоци и биланси, како и постапката за поставување на подмоделите и нивното меѓусебно поврзување. Примарен извор на податоци за изработката на овој модел е Државниот завод за статистика на Република Македонија. Исто така, користени се податоци и документи од други извори: Царинска управа, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерство за финансии на Република Македонија.

Докторантката дава детално објаснување на подмоделите за житарки, месо и млеко, поддржано преку регресиски равенки. При тоа, моделите започнуваат со проекции на цените, поддршката како реактивна цена или очекуван бруто-приход на хектар во моделите за житарки. На страната на понудата, во моделите за житарки, се пресметуваат вкупната површина со житарки, уделот на секоја од културите во вкупната површина со житарки, површината засеана со секоја култура одделно, приносот на хектар и производството. Во моделите на месо, понудата е пресметана преку низа равенки за бројот на приплодни грла, подмладок од приплодно грло и вкупно, бројот на заклани грла, кланичната маса и производството. Во моделот на млеко, понудата е пресметана преку низа равенки за бројот на молзни крави, приносот по крава и производството. На страната на побарувачката, се пресметуваат потрошувачката на жител и вкупната потрошувачка, со таа разлика што во моделите за житарки се разликува потрошувачка за добиточна и хумана исхрана. На крајот се дадени равенките за пресметка на увозот, извозот и нето-трговијата.

Описот на методологијата за моделирање на земјоделската политика и нејзиното интегрирање во моделот се презентирани одделно. Особено внимание е посветено на теоретските претпоставки на кои се базира моделот и начинот на пресметка на егзогените променливи во моделот (проекции за растот на населението, проекции за БДП и БДП дефлаторот и сл.). На крај, диференцирани се четири сценарија кои се анализираат со земјоделската политика како ceteris paribus фактор: (1) *базично сценарио,* каде што се предвидува примена

на сегашната проекција на политиката за идниот период; (2) *сценарио со приспособување на цени*, каде што се предвидува приспособување на цените на ниво на цените на пазарот на ЕУ како резултат на интеграцијата на европскиот пазар во 2015 година; (3) *оптимистичко сценарио на ЕУ-пристап*, каде што се претпоставува пристап во Европската унија во 2015 година и апликација на директните плаќања според сегашните услови на заедничката земјоделска политика на ЕУ; (4) *песимистичко сценарио на ЕУ-пристап*, каде што се претпоставува пристап во Европската унија во 2015 година, со ограничен буџет и апликација само на мерката на регионални плаќања.

Четвртото поглавје насловено како Состојба на потсекторите во периодот 1995-2008, претставува екс-пост анализа на избраните потсектори. Анализата е извршена за периодот од 1995 до 2008 год., за секој потсектор одделно, при што се презентирани билансите, цената на производите и некои специфичности на пазарите на овие производи.

Резултатите се претставени посебно за секој производ, преку промената во површината со житарки и бројот на грла, потрошувачката, степенот на самоснабдување, нето-трговијата, цената и поддршката. Резултатите од *базичното сценарио* се претставени преку релативната промена на наведените променливи во периодот 2018-2020 година во однос на периодот 2006-2008 година, и преку просечната годишна стапка на промена. Резултатите на *останатите три сценарија* се претставени преку релативната промена на наведените променливи во периодот 2018-2020 година во однос на проекциите од базичното сценарио за периодот 2018-2020 година.

Поглавјето Дискусија е организирано во три дела: (1) меѓусекторска споредба на проекциите; (2) значење на моделот и неговите резултати; (3) предности и недостатоци на моделот.

Според добиените резултати, базичното сценарио покажува позитивен развој за сите потсектори, освен кај говедското месо. При тоа, на пазарите на свинско месо, јагнешко месо и кравјо млеко зголемувањето на понудата е над 30%, додека кај житарките зголемувањето е околу 15%. Намалувањето на понудата на пазарот на говедско месо е за околу 5%. Во однос на трговската положба, освен јагнешкото месо, како главен извозно-ориентиран производ, се предвидува Република Македонија да биде нето-извозник и за кравјо млеко и за пченица, а за другите производи да продолжи да биде нето-увозник.

Интегрирањето на заедничкиот европски пазар носи негативен развој за пазарот на свинско месо, како и на пазарот на житарките, особено на пченката и на јачменот, кои зависат од него. Кај останатите производи е забележано мало подобрување на состојбата. Зголемувањето на цената на говедското и јагнешко месото за 11% и на кравјото млеко за 8%, предизвикува подобар развој за околу 5% во однос на основните проекции.

Во сценаријата со ЕУ-пристап, најголемата придобивка доаѓа од повиското ниво на цени и поголемата буџетска поддршка. Во овие сценарија најмногу искористуваат потсекторите говедарство и овчарство. Намалената понуда на житарките, надополнета со зголемената потрошувачка на житарки предвидена во ЕУ-сценаријата, ја продлабочува увозната зависност на Република Македонија за овие

производи. Најпогодено во ЕУ-сценаријата е потсекторот свињарство. Ова, освен од ценовното приспособување на заедничкиот европски пазар, произлегува и од укинувањето на владината поддршка за овој производ. Она што е заедничко за сточарските производи е очекуваното зголемување на конкурентскиот притисок и проблемите кои би се јавиле во спроведувањето на стандардизацијата на квалитетот. Кај житарките и кај свинското месо се очекува зголемување на увозната зависност. Кај останатите производи (говедско месо, јагнешко месо и кравјо млеко), се предвидува мало, речиси занемарливо, подобрување на трговската позиција.

Од споредбата на двете сценарија со ЕУ-пристап, каде што има апликација на Заедничката земјоделска политика, но со различни мерки и буџет, се забележува дека развојот на потсекторите одат во иста насока, но со различен интензитет. Оптимистичкото сценарио, коешто вклучува директна поддршка и поголем буџет, дава проекции за поинтензивен развој. Од друга страна, во песимистичкото сценарио се интензивира негативниот развој на пазарот на житарки, и се намалува позитивниот развој на останатите пазари (до +10%), особено на пазарот на говедско месо.

Генерално гледано, моделот ги потврдува очекувањата за развојот на избраните сектори по пристапот во Европската унија.

Докторантката дава препорака за користење на проекциите од моделот како иницирачки сигнал за подготовка за поконкурентниот пазар, затоа што претходните искуства потврдуваат дека оваа подготовка е неопходна за опстанок на заедничкиот пазар. Исто така, моделот може да се искористи во планирањето на земјоделската политика, како во изборот на мерки така и во нивната застапеност во вкупниот буџет. Со оглед на тоа што интеграцијата во Заедничката земјоделска политика на ЕУ е доста комплексен процес, којшто бара силна политичка, институционална и аналитичка подготвеност, се предлага сериозен пристап преку проценување на ефектите од понудените услови за апликација на заедничката земјоделска политика. При тоа, овој или некој сличен модел се посочува како корисна алатка за тоа.

Докторантката ги посочува факторите кои дејствуваат ограничувачки на капацитетот на моделот, но и можноста тој да одговори на одредени прашања. Посебно се издвојуваат неговите предности и можноста за зголемување на неговата употребна вредност преку надградба со други значајни земјоделски производи за Република Македонија, или вклучување на други мерки на земјоделската политика. На крајот на овој дел се наведени размислувањата за идниот развој на овој модел.

Во поглавјето <u>Заклучок,</u> авторката ги изнесува заклучните согледувања за резултатите и употребната вредност на моделот во планирањето на земјоделската политика на Република Македонија.

Во поглавјето <u>Литература</u> се наведени 62 извори на користена литература, од домашни и странски автори.

<u>Прилозите</u> ги вклучуваат користената база на податоци (прилог 1), користената симболика (прилог 2), распределба на буџетот за директни плаќања по сектори и пресметка на реактивна цена (прилог 3),

детален приказ на моделите (прилог 4) и споредбени проекции на сценаријата за сите производи (прилог 5).

## Заклучок и оцена на Комисијата

Комисијата детално го разгледа поднесениот текст на докторската дисертација со наслов „Модел на парцијална рамнотежа за екс-анте анализа на пазарот на одделни земјоделски производи во Република Македонија", изработена од м-р Ана Котевска, асистент на Факултетот за земјоделски науки и храна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и ги дава следниве заклучоци и оцена:

- изработената докторска дисертација претставува оригинален самостоен научен труд;
- кандидатката вложила голем труд за да ги постигне очекуваните резултати од предвидените цели во докторската дисертација што многу успешно и го остварил;
- кандидатката за првпат кај нас изработува модел на парцијална рамнотежа за екс-анте анализа на пазарот на земјоделски производи;
- кандидатката изработениот модел успешно го тестирала на седум пазари на земјоделски производи и во четири сценарија за развој на пазарите, со посебен осврт кон интегрирањето во заедничкиот европски пазар и заедничката земјоделска политика на Европската унија;
- моделот може да се користи за насочување на владините активности во планирањето на македонската земјоделската политика, особено во претстојниот период на претпристапни преговори со Европската унија;
- кандидатката, со изработената докторска дисертација, покажа солидно познавање и ја владее материјата од областа на економиката на земјоделството и моделирањето на земјоделските пазари и политика.

Според сето наведено, се констатира дека изложената и проучената проблематика, со соодветната методологија и опфат на истражување, како и добиените резултати, овозможува да се оцени позитивниот придонес на докторската дисертација од аспект на науката, струката и практиката. Комисијата позитивно го оценува трудот и има чест да предложи изработената дисертација да биде прифатена.

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Драги Димитриевски с.р

2. Проф. д-р Емил Ерјавец с.р

3. Проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓевски с.р

4. Проф. д-р Ненад Георгиев с.р

5. Проф. д-р Јован Аждерски с.р

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Советот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, на својата XXIV седница одржана на 16.VI 2010 год., нè избра за рецензенти по пријавата на ас. истраж. д-р Весна Миовска на конкурсот објавен во весникот „Вечер“ бр. 14416 од 10.VI 2010 год. Во врска со тоа, а врз основа на поднесените документи, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатката д-р Весна Миовска е родена на 9.VIII 1963 год. во Кратово. Основно и средно образование завршила во Скопје. На Филолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1982/83 год., на *групата за македонски јазик со јужнословенска книжевност* како втор главен предмет. Студиите ги завршила на 11.II 1988 год. со просек 8,00.

Во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ работи од 1.X 1989 год. како помлад асистент во *Одделението за ономастика* и истата година е вклучена во работата на проектот *Речник на презимињата кај Македонците*. Во 1990 год. се запишала на постдипломски студии по македонски јазик и испитите ги положила со просек 9. На постдипломските студии ја изработила и ја предала семинарската работа под наслов *Лексемите баба и дедо во македонската топонимија*.

Во рамките на проектот *Речник на презимињата кај Македонците* ги средува податоците за ареалите и фреквенцијата на презимињата со почетните букви *А, Б, Г, Ж* (од првиот том) и буквите *П* (Павенчевиќ – Покамица), *Т* (Тримчева – Тхор), *Ќ, У, Ф, Х, Ч, Ц* (од вториот том) и го внесува материјалот заедно со обработените етимологии од страна на соработниците. Вршеше и делумни коректури на материјалот од двата тома на Речникот.

Од 2001 год. е вклучена во работата на проектот *Антропонимите во македонското народно творештво*. Работи на ексцерпција на материјал од македонската народна поезија и проза од целата македонска јазична

територија, а ексцерпираниот материјал го внесува во компјутер во уазбучена форма. Прави прва и втора обработка на личните имиња со почетна буква *В, Е, Ж, З, Ѕ, И, Ј, К, П* и *Т* со потврда во топонимискиот материјал.

Во 2007 год., кога се подготвуваше печатењето, изврши прва и втора коректура на сиот материјал од Речникот.

Освен во посочените два проекта, во 2001 год. работеше и на средување и внесување во компјутер на материјал – Скратеници и Литература за потребите на проектот *Речник на имињата на населените места во Р.Македонија.*

Почетокот на 2010 год. е година во која почнува да работи на два нови проекта: *Речник на топонимите во Воденско* и *Словенскиот суфикс -*ina во апелативниот и топонимискиот фонд на македонскиот и на словенечкиот јазик. Структурно-семантичка анализа.* Од Картотеката на Одделението за ономастика за првиот проект има ексцерпирано 555 заглавни топоними од 6 села, додека за вториот 300 топоними од буквите А, Б, В и К.

Во втората половина на 2010 год. следува и трет нов проект, насловен како *Дигитализација на топонимски материјал од Северозападна Македонија.*

Магистерската теза на В. Миовска под наслов *Антропонимискиот систем во Кривопаланечко* е пријавена во 1994 год. и одбранета во 2003, а докторската дисертација под наслов *Топонимијата на Кривопаланечко* во 2006 и одбранета во 2010 год.

Во годините 1994 и 1996, со колегите од *Одделението за ономастика* вршеше теренски испитувања на територијата на Р.Македонија низ повеќе села во Охридско, Струшко и Ресенско. Во текот на 1995 год., за потребите на магистерската теза, вршеше теренски испитувања и во Кривопаланечко. Во периодот од 22 до 26 ноември 2006 год. беше на теренско истражување во Република Албанија – гр. Корча и неговата околина.

Главна преокупација во научноистражувачката работа на д-р В. Миовска главно е *ономастиката*, поточно антропонимијата (сп. „Од проблематиката на прекарите во Кривопаланечко“, „Антропонимискиот систем во Кривопаланечко“, „Од репертоарот на личните имиња во с. Луке, Кривопаланечко“, „Речник на презимињата кај Македонците“, том I *А–Љ*) и топонимијата (сп. „Македонските хрематоними од современ аспект“, „Лексемите *баба* и *дедо* и нивната застапеност во македонската топонимија“, „За преименувањето на ојконимите во Скопскиот санџак“, „Придонес кон македонските ономастички проучувања“, „Ономастички труд со трајна вредност“, „Стандардизацијата на географските имиња“).

Таа има учествувано со реферати на следниве научни собири одржани во Скопје: *Трет научен собир на млади македонисти* (1997), *Македонскиот јазик во јавното општење* (1998), *Македонскиот јазик – минато, сегашност, иднина* (2003), *Стандардизацијата на географските имиња во Република Македонија* (2004). Во 2002 год. е поднесен реферат (изготвен со М. Јосифовска) на *XIII општополска ономастичка конференција* одржана во Полска. Освен рефератите од научните собири, свои прилози – статии и прикази има објавувано и во списанијата *Македонски јазик* и *Литературен збор*.

Од наведените реферати, статии и прикази (в. *Библиографија*) може да се заклучи дека зад нивната обработка стои сериозно проучена литература поврзана со соодветната проблематика и дека авторката има заземен свој став за одделни актуелни прашања.

Кога даваме оцена за научноистражувачката работа на д-р Весна Миовска должни сме да ја спомeнеме нејзината магистерска теза *Антропонимискиот систем во Кривопаланечкиот регион* (189 страници текст), за која рецензентите ќе истакнат дека таа е „добро конципирана, дека предметот на истражувањето е јасно поставен и солидно обработен", за да завршат со исказот „Таа покажа дека солидно ја познава проблематиката на македонското и воопшто словенското именување, дека сериозно ја проучила соодветната литература од домашни и странски автори, па може да донесува релевантни заклучоци".

В. Миовска е коавтор на книгата *Речник на лични имиња во македонското народно творештво* (2008) и има обработено 982 лични имиња (од вкупно 2.879) со почетните букви *В* (136), *Е* (68), *Ж* (4), *З* (73), *Ѕ* (9), *И* (78), *Ј* (128), *К* (207), *П* (137), *Т* (142). Заглавното лично име ги содржи следниве информации: 1. скратеница на ексцерпираната литература со посочена страница, 2. етимологија проследена со контекст на песната или на приказната, 3. податоци за верски празници, верувања и обичаи врзани за соодветното име, 4. податоци за христијански светци и светици, 5. податоци за имиња од митологијата и за нивното толкување, 6. споредби со топоними во чија основа е соодветното име (користени од *Картотеката на Одделението за ономастика*) и 7. споредби со презимиња во чија основа е соодветното име (користени од *Речник на презимињата кај Македонците*).

За овој труд рецензентите ќе истакнат дека е „ценет придонес на македонската ономастика, поконкретно антропонимија, од причина што имињата во народното творештво досега не биле предмет на посебен интерес од страна на ономастичарите. Речникот плени со обемноста на користената литература, со научно издржаните етимологии за личните ими-

ња, со дополнителните информации што следат по етимолошките толкувања".

Докторската дисертација *Топонимијата во Кривопаланечко* (350 страници текст) е резултат на четиригодишна научноистражувачка работа на авторката. За изработка на дисертацијата користен е топонимиски материјал – вкупно 3.544 заглавни топоними од *Картотеката на Одделението за ономастика*.

Топонимите се претставени преку два речника, насловени како *Топономастикон* (Речник на топонимите) и *Обратен топономастикон* (Обратен речник на топонимите), коишто послужија како неопходни помагала за обработката на топонимискиот и ојконимискиот материјал, односно за класификацијата на топонимите – првиот речник за *семантичка*, а вториот за *структурна* класификација.

Во трудот една глава е посветена на *ојконимите* (имиња на населени места), а друга на *топонимите* (имиња на места).

Првата глава за ојконимите опфаќа 52 имиња на населени места (градот Крива Паланка и 51 име на села), подредени по азбучен ред. Секоја ојконимиска единица е обработена во три точки: 1. податоци за името со историски и понови потврди, 2. етимолошки толкувања, 3. паралела со други имиња на села и со топоними. Ојконимите се класифицирани по *семантика* и по *структура* според две основни групи, имено: *еднокомпонентни ојконими* и *двокомпонентни ојконими*.

Втората глава за топонимите опфаќа 3.492 заглавни топоними. Топонимите се распоредени во пет групи, во зависност од бројот на компонентите, имено: *еднокомпонентни топоними, двокомпонентни топоними, трикомпонентни топоними, четирикомпонентни топоними* и *петкомпонентни топоними*. Класификацијата на топонимите е *структурно-семантичка*, при што во склопот на структурата на топонимите се дава, по потреба, и семантиката.

На крајот се анализираат *топонимиските дублети* или *двоимените топоними*. Регистрирани се 65 дублетни топоними, класифицирани во девет групи според компонентите.

Авторката на дисертацијата, врз основа на презентираниот топонимиски материјал, умешно подреден во двата речника, како и на обемната консултирана литература, доаѓа до низа сознанија и заклучоци за ојконимите и топонимите. Резултатите од истражувањето се сумирани во заклучокот.

Речникот на ојконимите плени со научно издржаните етимологии и со дополнителните информации што следуваат по етимолошките толкувања.

Со класификациите е постигнато максимално претставување на ојконимите и топонимите, и во однос на структурата и во однос на семантиката. Се покажа дека нема недостиг на нови сознанија и интересни заклучоци.

Класификацијата во дисертацијата отстапува од стандардната класификација. Имено, за првпат ојконимите и топонимите се класифицираат според компонентите. Ваквата класификација, се чини, има свое оправдување, бидејќи преку неа се добиваат неочекувано нови сознанија особено кога станува збор за структурата.

Давајќи оцена за докторската дисертација, го изразуваме задоволството што ракописот е веќе подготвен и за печатење.

Се надеваме дека во догледно време ќе ја видиме отпечатена и магистерската теза, која е во фаза на дообработка.

Врз основа на гореизложеното, Рецензентската комисија му предлага на Советот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" да ја прифати оваа рецензија на д-р Весна Миовска и да ја избере во звањето научен соработник.

Рецензентска комисија

Скопје, 13. VIII 2010 год.

1. Н. сов. д-р Олга Иванова с.р.

2. В. н. сор. д-р Елка Јачева-Улчар с.р.

3. В. н. сор. д-р Веселинка Лаброска с.р.

# Оцена за целокупната активност за избор на д-р Весна Миовска во звањето научен соработник

| Реден број | Научноистражувачка дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 1. | Монографија или научна книга | 8 | |
| 2. | Дел од монографија или научна книга | | |
| 3. | Прегледан труд (СЦИ/ЦА/останати) | | |
| 4. | Дел од лексикографски труд од национално значење (објавени дела од проектите на ИМЈ) | 6 | //////////////////// |
| 5. | Лексикографски труд[1] | | |
| 6. | Пообемен лингвистички труд (два или повеќе авторски табака) | | //////// |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати, објавен на еден од светските јазици во научно списание со меѓународно значење | | |
| 8. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/останати | | |
| 9. | Труд во лингвистички списанија | 2 | 3 |
| 10. | Труд во други списанија или зборници | 6 | |
| 11. | Труд во зборник на трудови од научен собир | 6 | |
| 12. | Труд во зборник на трудови од стручен собир | | |
| 13. | Труд во научно списание со меѓународен уредувачки одбор | | |
| 14. | Приказ/хроника | 4 | |
| 15. | Учество на проект[2] | 24 | ///////////// |
| 16. | Учество на проект | | 3 |
| 17. | Учество на научен собир со реферат (презентација/усно) | 8 | ////////////////// |
| 18. | Учество на меѓународен научен собир со реферат (презентација/усно) | [illegible] 3 | |
| 19. | Учество на пленарна сесија на научен собир | | |
| 20. | Секциско излагање на научен собир | | |
| 21. | Одржано предавање по покана од научна институција | | |
| 22. | Визитинг-научник, студиски престој | | |
| 23. | Лектор по македонски јазик во странство | | |
| 24. | Лектор на меѓународен семинар | | |
| 25. | Одбранета докторска теза | 8 | |
| 26. | Одбранета магистерска работа | 5 | |
| 27. | Раководител на научен проект | | |

[1] Рецензентската комисија го оценува лексикографскиот труд според видот, обемот и намената.
[2] Проект чиј носител е ИМЈ.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 28. | Раководител на меѓународен научен проект | | |
| 29. | Ментор на докторска дисертација | | |
| 30. | Ментор на магистерска работа | | |
| 31. | Промоција на научен труд/зборник | | |
| 32. | Рецензирање на труд | | |
| 33. | Член на редакциски одбор | | |
| 34. | Член на уредувачки одбор | | |
| 35. | Член на организациски одбор на научен собир | 1 | |
| 36. | Претседател на организациски одбор на научен собир | | |
| 37. | Координатор на научен собир | 1 | |
| 38. | Член на комисија од научен/стручен карактер | | |
| 39. | Член на различни комисии | 1 | |
| 40. | Награди-признанија за научни постигнувања | | |
| 41. | Стручен превод, книга/статија | | |
| 42. | Учество во радио, ТВ-емисии, и др. јавни настапи | | |
| 43. | Објавени јазични текстови, колумни, ставови и мислења во дневен и неделен печат | | |
| 44. | Друг придонес во научноистражувачката дејност | 3 | |

Вкупно: 92

# БИБЛИОГРАФИЈА


Книги

*Речник на лични имиња во македонското народно творештво* (автори: Марија Коробар-Белчева, Весна Миовска, Мери Момировска), Скопје, 2008, стр. 417.

Статии

*Од проблематиката на прекарите во Кривопаланечко*, Зборник на реферати од „Трет научен собир на млади македонисти", Скопје, 1997, стр. 317–323.

*Грешки при употребата на големата буква во печатот*, Зборник на трудови од научниот собир „Македонскиот јазик во јавното општење", Скопје, 1999, стр. 74–84.

*Македонските хрематоними од современ аспект* (во коавторство со Мери Момировска), XIII Ogólnopolska Konferencja Onomastyczna „Metodologia badań onomastycznych", Olsztyn 2003, стр. 556–572.

*Лексемите баба и дедо и нивната застапеност во македонската топонимија*, Македонски јазик, год. LIV–LV, Скопје, 2004, стр. 131–145.

*За преименувањето на ојконимите во Скопскиот санџак*, Зборник на трудови од трибината „Стандардизацијата на географските имиња во Република Македонија", Скопје, 2004, стр. 63–81.

*Антропонимискиот систем во Кривопаланечко*, Литературен збор, год. LI, бр. 1–3, Скопје, 2004, стр. 39–47.

*Од рeпертоарот на личните имиња во с. Луке, Кривопаланечко*, Научен собир „Македонскиот јазик – минато, сегашност, иднина", Скопје, 2008, стр. 321–332.

*Поглед на топонимите во Кривопаланечко* (во ракопис).

Прикази

*Придонес кон македонските ономастички проучувања* (Димка Митева „Топонимијата на Струмичко", Скопје 1989), Литературен збор, год. XXXVII, бр. 5–6, Скопје, 1990, стр. 153–157.

*Речник на презимињата кај Македонците,* том I, А–Љ (Марија Коробар-Белчева, Маринко Митков, Трајко Стаматоски), Литературен збор, год. XLII, бр. 1–2, Скопје, 1996, стр. 107–111.

*Ономастички труд со трајна вредност* (Олга Иванова „Речник на топонимите во областа по сливот на Брегалница", Скопје, 1996), Литературен збор, год. XLIV, бр. 1–3, Скопје, 1997, стр. 119–123.

*Стандардизацијата на географските имиња* (јазична трибина, одржана на 30.IX 2004 год.), Македонски јазик, год. LIV–LV, Скопје, 2004, стр. 295–299.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ТРУДОТ „ПОЛИТИЧКИТЕ ИДЕНТИТЕТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"

Трудот „Политичките идентитети во Република Македонија" од проф. д-р Лидија Христова, проф. д-р Аница Драговиќ, м-р Елеонора Серафимовска, м-р Беким Кадриу и м-р Анета Цекиќ претставува научна студија базирана на истражувачките податоци од истоимениот проект реализиран во периодот 2006-2009 г. Напишан е на 236 страници основен текст со библиографија, без прилози.

Трудот содржи богат теоретски осврт на проблемите врзани за политичките партии и идеологии како и процесот на нивното взаемно влијание со социјалниот диверзитет. Осврот е базиран на повеќе концепти кои доминираат во современата научна мисла. Анализата на овие процеси е проследена и на примерот на македонското општество. Емпириското истражување вклучува анкета со скали за мерење вредности на граѓаните во Република Македонија, анализа на изборните програми на двете најголеми македонски партии, а посебно е опфатено прашањето на албанските политички партии во периодот кога истражувањето е реализирано.

Авторот на проектот направил несомнен напор да го анализира предметот од повеќе аспекти, што ја збогатува студијата со димензии кои во Македонија вообичаено не се третираат интегрално. Користени се повеќе современи методолошки техники со што е обезбеден мошне солиден фонд на податоци, кој во иднина може и компаративно да се користи.

Трудот „Политичките идентитети во Република Македонија" без сомнение ќе ја збогати македонската политиколошка мисла, заради што го препорачувам за печатење.

Рецензент

Проф. д-р Емилија Симоска с. р.

6.4. 2010

РЕЦЕНЗИЈА
НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИОТ ПРОЕКТ „ПОЛИТИЧКИТЕ ИДЕНТИТЕТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", СПРОВЕДЕН ОД ИСППИ ВО ПЕРИОДОТ 2006-2009

ГЕНЕРАЛЕН ОСВРТ И ОЦЕНА

1. Политичките партии, социјалните расцепи врз кои никнуваат, партиските позиционирања и политики, како и партиските идеологии, се голем предизвик за политичката наука. За разлика од бројните научни студии во оваа област (компаративни, лонгитудинални и студии на случај), кои што резултираа со богата и вредна политиколошка литература, македонската научна мисла не им посвети доволно внимание. Тука е особената вредност на овој научноистражувачки проект, како вреден теоретски и емпириски придонес во елаборирањето на политичките идентитети, односно политичките партии и граѓаните-избирачи, низ призмата на нивниот идејно политички профил.

2. Добро избраниот истражувачки тим, воден од реномиран теоретичар и квалификуван истражувач, проф. д-р Лидија Христова, трага по феноменологијата на политичките идентитети во Република Македонија, по социјалните расцепи, како основ за нивната диференцијација, како и по нивната позиционираност во идеолошкиот спектар. На истражувачите им е јасно дека социјалната стратификација не се пресликува директно во политичката сфера, туку дека низа други фактори влијаат во моделирањето на политичките идентитети. Авторите на студијата се сосредоточени на анализа на социјалниот статус на граѓаните, нивната партиската припадност и приврзаност, како и вредносната ориентација од која се раководат. Хипотезата за поврзаноста на овие три димензии/елементи ги води кон појдовната претпоставка за втемеленоста на партиско -политичките поделби во социјалните поделби.

3. Истражувањето не е насочено кон анализа на она што Von Beyme го нарекува "Policy Orientations", односно кон реалните политики, пристап за кој авторите повторуваат дека бара многу пари и време, па ретко се применува во научноистражувачката практика. Политичките партии во оваа студија се перцепираат како „хомогени/монолитни ентитети/единици и се тргнува од нивната самоидентификација, изразена преку името, ставовите на лидерите на партиите и одредбите од партиските политички програми. За (ра)зоткривање на партискиот пофилиран идентитет/имиџ во јавноста, авторите ја следат медиумската активност за време на предизборната кампања на вонредните парламентарни избори од 2008 година и ги користат сознанијата од реализираните интервјуа со политичари. Се користат и ставовите изразени во есеите за идеологијата на политичките партии на три генерации студенти на постдипоoмски студии по политички науки на ИСППИ. Се разбира, тимот и посветува посебно внимание на социјалната втемеленост на партиите.

4. Предмет на анализа се ВМРО/ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и ДПА, или како што авторите велат „најголемите, односно најрелевантните политички партии". Изборот на две партии од „македонскиот и две партии од албанскиот блок", извира од етничкиот расцеп, како еден од доминантните во поделеното македонско општество. Укажуваме на можноста, во функција на идентификување на конзервативно-либералниот расцеп, односно конзервативно-либералната дихотомија, да се вклучи релевантна парламентарна партија со декларирана либерална идеологија, како ЛДП, на пример.

5. Уверени сме дека важноста и актуелноста на предметот, добро дефинираната цел, адекватната методологија и релевантната литература на која се повикуваат авторите, но најмногу нивниот научен и стручен интегритет резултираа со успешно спроведен проект и вредна и корисна научноистражувачка студија, која ќе инспирира нови или понатамошни истражувања, можеби и во правец на анализа на реалната политика!

## СТРУКТУРА НА ТРУДОТ: ТЕМИ И АВТОРИ

Студијата „ Политичките идентитети во Република Македонија" е структурирана во: Вовед, два дела и Заклучоци. Првиот дел, насловен како „Политички партии, социјални расцепи, идеологии" ги вклучува следниве теми: „Политичките партии како репрезенти на посебните интереси", „Партиски идеологии", Политички и партиски идентитети" и „ Социјалните расцепи и партиските профилации во постосоцијалистичките општества", сите напишани од проф. д-р Лидија Христова. Вториот дел се фокусира на „Политичките идентитети во Република Македонија", расветлени преку: „Политичкиот плурализам во Република Македонија" (проф.д-р Лидија Христова); „ Анализа на изборните програми на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ за изборните циклуси на парламентарните избори 1990-2008"(м-р Анета Цекиќ), „Албанските политички партии во Република Македонија на парламентарните избори во 2008"(м-р Беким Кадриу), „Социјалната втемеленост на политичките партии во Република Македонија" (проф. д-р Аница Драговиќ), „Вредносните и политички ориентации на граѓаните во Република Македонија"( проф. д-р Лидија Христова) и „ Персоналната димензија социјален конформизам- лична автономија, нејзините предиктори и манифестации во сферата на полтичкиот живот на граѓаните во Република Македонија"(м-р Елеонора Серафимосвка). Заклучоците се креирани од раководителката на проектот, проф. д-р Лидија Христова.

## ПРВ ДЕЛ

1. **Во трудот „ Политичките партии-репрезенти на посебните интереси"**, авторката проф. д-р Лидија Христова најпрво ги анализира местото и улогата на партиите во организацијата на власта и демократијата. Таа укажува на нивната повеќедимензионална природа, но потенцира дека предмет на проектот е идеолошко -политичкиот профил на партиите, напоменувајќи дека, сепак, идеологијата не е конститутивен елемент на бројните дефиниции на партиите. За неа, погледот на светот/светогледот,

насликан во партиските програми е еден од најзначајните, ако не и најзначаен критериум при диференцирањето на партиската сцена.

Барајќи одговор на прашањето: по што се разликуваат партиите на идеолошки план и од што се раководат граѓаните-гласачи на изборите, авторката не насочува на четирите основни и трајни социјални расцепи: држава-црква, центар -периферија, село-град и труд -капитал. Таа укажува на хомогенизацијата и чувството на заеднички идентитет, како и на политичката мобилизација, заснована врз социјалните расцепи, објаснувајќи го нивното различно значење и доминација низ историјата, како и во современи услови. Во испитувањето/утврдувањето на корелацијата меѓу социјалниот статус и гласачкото поведение се укажува на бројните компаративни студии за влијанието на општествените промени врз социјалната стратификација, политичките приоритети и граѓанските преференци. Се разбира, општествениот развиток доведува до промена на значењето на расцепите. Некои од нив, како оној град-село, во ерата на модернизација и урбанизација се релативизираат, но некои , како расната и етничката припадност, покажуваат резистентност на промените, па дури и јакнеат. Во современи услови, неодминлив е феноменот на дезидеологизација, односно „catchalism-от" и појавата на „catch-all" партиите. Но, компаративните истражувања ја водат кон заклучокот дека и покрај намаленото значење, социјалните расцепи сепак имаат значително влијание врз политиката, односно врз полтичките ориентации на граѓаните.

Во време на профилирање на псефологијата, како наука за однесување на избирачите, авторката се осврнува на моделите на гласање (социолошки, модел на партиска идентификација, модел на рационален избор), односно на факторите ( краткорочни и долгорочни) коишто влијаат врз изборното однесување на гласачите.

Значи, и покрај слабеењето на социјалните расцепи, а со тоа и дезидеологизирањето, современите партии имаат своја идејна основа, изразена во политичките партии, неопходна во градењето/профилирањето на сопствениот политички идентитет.

2. **Во трудот „ Партиските идеологии"** (проф. д-р Лидија Христова), откако се дефинира идеологијата, се укажува на бројните класификации/категоризации на партиските идеологии, во рамките на различни семејства, на кои им припаѓаат партиите, според основните вредности на кои се повикуваат, се потпираат, и се идентификуваат. На примерот на дихотомијата: десница-левица се презентирааат теориските контраверзи и емпириските преизвици и се анализира интеракцијата меѓу граѓаните и партиите, како главни актери на истражувањето. Се разбира, позиционирањето на партиите на континуумот левица-десница не е еднозначна, туку различно детерминирана категорија во различни земји, но и различни периоди во иста земја. Некаде и некогаш, но не и секаде и секогаш, позиционирањето е економски детерминирано. Друг пат, социјалната димензија е доминантна. Едно е јасно, постојат битни разлики меѓу земјите со демократска традиција и посткомунистичките земји, но и првите и вторите не се хомогени ентитети. Исто така, за некои автори (Сартори) постои тесна врска меѓу идеолошко-политичката позиционираност и типот на партискиот систем. Во оваа смисла, двопартискиот систем (Велика Британија, САД) се карактеризира со ниска идеолошка дистанца, умерениот плурализам - со мала идеолошка дистанца

(Данска), а поларизираниот плурализам (Италија, во 60-тите и 70-тите год од минатиот век) - со голема идеолошка дистанца.

Авторката укажува дека во истражувањето на идеологијата на граѓаните истражувачите главно го користат анкетирањето (mass surveys), а поретко и панелите, или т.н. лонгитудинални истражувања. Во истражувањето на идеологијата на политичките партии, пак, се испитува: самоидентификацијата на партијата, членството во наднационалните партиски федерации, како и партиската политичка ориентација.
Во идентификацијата на клучните партиски политики, акцентот на истражувањето е ставен врз: економијата, важните општествени прашања (абортус, сексуална ориентација, заштита на човековата средина), а во идентификувањето на специфичните партиски политики врз: надворешната и безбедносна политика; ЕУ политиката; имиграцијата. Во случајот на посткомунистичките земји особено важна улога во идентификацијата има односот кон: приватизацијата, религијата, медиумите, национализмот, евроинтеграциските процеси.

3. **Темата „Социјалните расцепи и партиските профилации во постсоцијалистичките општества“ е напишана од раководителката на проектот, проф.д-р Лидија Христова.**

Најпрвин, авторката ја набележува богатата литература за ова прашање, потенцирајќи дека се работи за трудови посветени на посебни земји (case studies), како и компаративни анализи на специфични прашања врзани за оваа материја, или на повеќе нивни димензии. Сите тие, без оглед дали се занимаваат со теоретска или емпириска анализа, или со обете, се обидуваат да одговорат на две клучни прашања: првото, сличностите и разликите на процесите во земјите во транзиција со оние во етаблираните демократии и внатре во посткомунистичките општества и второто, на факторите коишто ги детерминираат разликите. Авторката и тимот немале амбиција детално да ги презентираат и анализираат бројните трудови, туку се концентрирале на најиндикативните и најрелевантни сознанија за партиските идејно-политички платформи и ориентации, како рамка за нивна евалуација во македонскиот политички амбиент. Во оваа смисла се цитира и коментира тезата на Милада Вахудова дека: умерените десни партии (партиите лоцирани десно од центарот), со својот кохезивен капацитет, се најсоодветен промотор на демократијата. Клучен фактор за нивната доминантна улога во политиката е постоењето на силна антикомунистичка опозиција, односно дејствувањето на дисидентските движења во предвечерието на падот на комунизмот, тврди Вахудова. Полска, Унгарија и Чешка се примери на земји со ваков тип на партии. За разлика од нив, во Бугарија, Романија, Словачка и Хрватска, доминантна улога во политичката борба со партиите коишто се залагаа за status quo, имаа партиите, преокупирани со етно-нацијата и популизмот. Авторката укажува дека е тешко, па и невозможно во посткомунистичките системи да се направи дихотомна класификација на партиите на „левица“ и „ десница“, во духот на двеста години стариот дихотомен политички спектар. Во потрага по критериуми за разликување на десницата од левицата, бројни автори упатуваат на односот на партиите кон националните и социо-културните прашања (Kitschelt, Marks). Други, како Владимир Гоати, следејќи ја логиката на Сартори, потенцираат дека дихотомијата левица -десница, во услови на сложен и комплициран политички амбиент не е соодветен инструмент за негово изразување, делејќи ги српските партии на: леви-

проевропски; десни-проевропски; традиционални- десни и традиционални - леви. Очигледно е дека за Гоати дихотомијата традиционално-проевропско има улога на ордината. Се разбира, не смее да ја занемариме тезата на Klaus von Beume за расцепите како важен фактор на профилирањето на партискиот систем, коишто во посткомунистичките земји се нејасни и тешки за идентификување. Тој укажува на доминацијата на социјално-културниот конфликт во земјите со длабока етничка фрагментација, како Република Македонија.

Анализата на процесите на демократизацијата во посткомунистичките општества наведува многу автори на сличен заклучок: дека е извонредно тешко да се направи идеолошка разлика меѓу партиите, со исклучок на екстремно шовинистичките партии.

Авторката прави анализа на партиската профилација во Словенија, Србија, Црна Гора и Бугарија.

## ВТОР ДЕЛ

1. Вториот дел, посветен на „Политичките идентитети во Република Македонија", започнува со **трудот „ Политичкиот плурализам во Република Македонија", чиј автор е проф.д-р Лидија Христова**. Република Македонија, според неа, доживеа вистинска плуралистичка експлозија во деведесеттите години, кога на политичата сцена се појавија и граѓански, и леви, и десни, и етнички партии. Но, во драмата на плурализацијата не се појави силна опозиција, ситуирана десно од центарот, или дисидентско движење кое би можело да биде моторна сила на демократските промени (ставот на Вахудова), ниту пак Сојузот на комунистите на Македонија манифестираше реформски капацитет и спремност за надминување на комунистичката свест. Бесплодната „идеја" за непартиски плурализам најдолго опстојуваше во Македонија и БиХ, а никулците на партискиот плурализам беа квалификувани како „ непријателски сили". Демократскиот бран беше најсилен на Север, односно во Словенија, а во Македонија пристигаше задоцнето и ослабено.

   Македонската партиска сцена се профилираше врз основа на етничкиот расцеп, во услови на поделено општество (segmented society).

   Авторката, м-р Анета Цекиќ, ги анализира политичките програми (1990, 1994, 1988, 2002,2006, 2008) на партиите на т.н „македонски блок"(ВМРО-ДПМНЕ, СДС), а м-р Беким Кадриу на албанските политички партии, како дел од „албанскиот политички блок", раководени од етничкиот расцеп, како еден од доминантните во македонскиот политички амбиент, како и од нивната политичка моќ. Сепак, укажуваме дека имињата, платформите и програмите на најголемиот број партии од т.н „македонски политички блок" укажува на отсуство на какво било какво „етничко ratio" во нивната партиска идеологија, со што се проблематизира/релативизира ваквата дихотомија. Се разбира, егзистенцијата на етничките партии (оние на албанската и оние на помалите етнички заедници), чии програми се изразито етнички обоени е реалност.

Но, дихотомија по етнички блокови е пососодветна за босанското поделено општество, во кое сите најголеми партии се со етнички предзнак, а партиите со граѓански предзнак се маргинални.

Уште еднаш потенцираме дека со оглед на предметот на истражување, покрај ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, како најголеми парламентарни партии, во анализата би можело да се вклучи барем една партија со либерална ориентација (ЛДП, на пример), заради репрезентативноста во разјаснувањето на биполарноста либерализам-конзервативизам, како и континуираниот статус на парламентарна партија, како дел на власта или опозицијата.

Можеби е добро и за една од помалите етнички партии да се најде место во овој проект, со оглед на нивниот предизборен коалиционен капацитет, врзан и за нивните програмски определби, од една страна, но и заради мултиетничкиот, мултикултурен и мултиконфесионален карактер на македонското општество. На нужноста од „трет сегмент“ во успешното практикување на консоцијална демократија укажуваат многу автори, меѓу кои и Lijphart.

Од методолошки аспект, имаме забелешка на асиметричноста во бројот на партиите, чии програми се предмет на истражување, како и на бројот на изборните циклуси. Имено, ако на една страна се анализираат програмите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, на друга се анализирани програмите на ДУИ, ДПА, ПДП, ДУА и НДУ. Ако во случајот на првите се анализираат сите изборни циклуси од 1990 до 2008, во случај на вториве интересот е фокусиран само на изборите од 2008 година.

Се согласуваме со констатацијата дека партиските програми за првите парламентарни избори од 1990, па и за вторите, се нетипични партиски манифести, соодветни за моментот и условите во/под кои се создавани, но некомпатибилни со програмите на партиските фамилии кон кои декларативно припаѓаат (СДСМ, кон левицата, а ВМРО-ДПМНЕ кон десницата). Имено, се забележува дека левицата понекогаш прокламира десни решенија, а десницата леви. На изборите во 1988 и 2002 се соочуваме со подобро осмислени и структурирани програми, соодветни на држава со пазарна економија и развиен политички плурализам. Но, не изостанала и жестоката критика на противникот. Изборните програми на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ од 2006 и 2008 одат чекор напред во квалитетот на структурата и диференцијацијата на партиските идеологии (левица-десница), согласно со оние на западноевропските партии од истата групација. ВМРО-ДПМНЕ за прв пат ќе наведе конкретни проекти, инструменти и рокови за нивна реализација, а ќе им посвети посебно внимание и на иселениците и религијата, а во духот на својата демохристијанска ориентација ќе продолжи со залагањето за веронаука или етика во основното образование. СДСМ, пак, во Програмата од 2006 се занимава и со правата на хомосексуалците и истополовите заедници, како и со потребата од воведување сексуално образование. Рамноправноста на половите е заложба на обете партии, но меѓуетничките односи, според авторката не го добиле должното внимание. Во поглед на стратешките приоритети, врзани за евроинтеграциите нема значителна разлика, односно тие се врвен приоритет за двете партии.

2. Авторот на текстот„ Албанските политички партии во Република Македонија на парламентарните избори од 2008 година“, м-р Беким Кадриу, најпрвин не запознава со политичкиот амбиент во периодот 2006-2008, односно по редовните избори од 2006 и пред предвремените избори од 2008. Следи анализата на изборната кампања. Според авторот, класификацијата на партиите на лево и десно ориентирани е неприменлива на албанскиот политички блок, зашто агендата на сите албански партии, со исклучок на минимални определби за економијата, се однесува на прашањата врзани за албанскиот етнос. Тој укажува и на редовното присуство на насилство на изборите, како и на постојаното меѓусебно обвинување на ДУИ и ДПА за него.

   Програмите на сите албански партии на изборите во 2008 најмногу ги акцентираат следниве прашања: албанскиот јазик како службен јазик; употребата на албанското знаме во јавниот и приватниот живот; статусот на воените ветерани на ОНА, зголемување на бројот на Албанците во државната и јавната администрација, како и признавањето на Косово од страна на Република Македонија. Дури и зачленувањето во НАТО и ЕУ директно се врзува за националниот интерес на Албанците во регионот, вклучувајќи ја и Македонија, во смисла на бришење на државните граници меѓу нив.

   Предмет на авторовата анализа се програмите со кои настапиле петте политички партии коишто поднеле пратенички листи на изборите во 2008 година: ДУИ (Демократска унија за интеграција), ДПА (Демократска партија на Албанците), ПДП (Партија за демократски просперитет), ДУА (Демократска унија на Албанците) и ДНУ( Национална демократска унија).
   Еден од основните принципи на програмата на ДУИ е дека албанската партија која што ќе освои најмногу гласови на изборите треба да биде коалиционен партнер на партијата-победничка од „македонскиот политички блок“. Следат заложбите за: понатамошна реализација на Рамковниот договор, особено во делот на правична и соодветна застапеност и фискалната децентрализација, како и спроведување на „Мајскиот договор“ (за кој и не знаеме дали бил склучен), односно за донесување Закон за меѓуетнички односи, Закон за албанскиот јазик, како службен јазик; решавање на правниот статус на борците на ОНА, како разговор за можноста од примена на двојното мнозинство при изборот на владата.
   Реформите во безбедносните структури, борбата со непотизмот, корупцијата и партизацијата во судството и администрацијата се исто така дел од програмските определби. НАТО и ЕУ се стратешка определба. Во економијата се планира раст од 6 до 8 % (!) и нови 100.000 вработувања. За ваквите економски амбиции, проф. д- р А. Беџети ќе рече дека се преамбициозни и нереални.

   Во чинот на коалицирање на ДУИ со една бошњачка партија за време на изборите во 2006, м-р Кадриу препознава граѓански елемент, покрај изразито етничката ориентација.

   „Јунѓатјета“ (во превод на македонски, „здраво“ или „долг живот“) е наслов на програмата на ДПА. Програмата почнува со анализа на причините за предвремени избори и успесите на ДПА од коалицирањето во претходната влада (отворање нови факултети и студиски програми на Државниот универзитет во Тетово, средување на состојбите во ИВЗ, отворање нови институции за заштита на културниот идентитет на

Албанците), а потем се укажува на плановите, поврзани со т.н „Мартовски договор", за прашања, слични на оние во Програмата на ДУИ, но и другите албански партии: Закон за албанскиот јазик, како службен јазик; Закон за албанското знаме; решавање на тн. Хашки случаи; правниот статус на инвалидите од конфликтот; правичната и соодветна застапеност на Албанците. Во економскиот дел се содржани ветувања за зголемување на странските инвестиции за 800 милиони долари, вработување на 40.000 лица, намалување на даноците. Се разбира, и во Програмата на ДПА, членството во НАТО и ЕУ е врвен приоритет, како и судските реформи, борбата со митото и корупцијата, решавањето на „спорот за името" со Грција и реформите во здравството. ДПА се залага за верска настава во рамките на основното образование и вклучување на Факултетот за исламски науки во образовниот систем на Република Македонија.

За авторот, ДПА е десна партија со етнички предзнак.

ПДП ( Партија за демократски просперитет) е најстарата албанска партија во Република Македонија, која се појавува на политичката сцена во далечната 1990 година. Себеси се дефинира како партија на центарот и е една од ретките партии што во називот ја нема придавката „албанска". Но, и нејзина основна цел се правата на Албанците во Република Македонија, која треба да се гради како мултиетничко општество. Покрај НАТО и ЕУ и за ПДП, усвојувањето на Закон за албанскиот јазик како службен и Закон за албанското знаме, како и решавањето на статусот на воените инвалиди на ОНА се клучни приоритети.

Во Програмата, ДУА, нова албанска партија основана во 2007 година од незадоволни членови на ДПА, се промовира како трета опција. Покрај заложбите за речиси идентични политички барања, како оние на веќе споменатите албански политички партии, ДУА декларира спремност за заштита на социјално маргинализираните групи, тврдејќи дека е слична на европските народни партии.

НДУ (Национална демократска унија) е основана од поранешни членови на ДУИ. Основна заложба на оваа партија е федерализацијата на Република Македоија заради целосна рамноправност на Македонците и Албанците.

Сметаме дека од методолошки причини е подобро да се анализираат програмите на две албански политички партии, наместо на четири, зашто претходно беше нотирано дека истражувањето ќе биде сосредоточено на две најголеми партии од „македонскиот" политички блок и две најголеми партии од албанскиот блок. Освен тоа, во случајот на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ се анализираа нивните програми од 1990 до денес, а во случајот на албанските само програмите, промовирани на последните избори (2008). Предлагаме, заради унифициран и научно доследен пристап, предмет на анализа да бидат програмите на албанските партиите од нивното основање до денес, а не само оние со кои настапиле на последните избори.

3. **Авторката на делот, насловен како „ Социјална втемеленост на политичките партии во Република Македонија" , проф. д-р Аница Драговиќ**, во Воведот укажува на сложените и болни промени во економската, социјалната и политичка сфера, во периодот на транзиција кон демократија, во посткомунистичките држави. Раководена од тезата за нужната поврзаност на економската развиеност, урбанизацијата и

образованието со демократијата, таа трага по социјалниот профил на релевантните политички партии во Република Македонија. Нејзината појдовна позиција е дека социјалната и класна положба на поединците влијае врз нивната партиска идентификација, зашто изборите не се само политички, туку и социјален феномен.

Анкетното истражување ја води кон низа заклучоци. Еден од нив е дека македонските граѓани покажуваат константен интерес за избори и политика, најмногу за изборите за градоначалници, потоа за изборите за членови на советите, па за избор на пратеници и на крајот, за избор на претседател на државата. Апстиненцијата од 16,4 % кај гласањето за градоначалници до17,8% кај претседателските избори произлегува од: аполитичноста, деполитизираноста, но и демократичноста на изборната постапка. Апстиненцијата е најзастапена кај лицата помлади од 29 години, невработените, како и учениците и студентите.

Коонзистентноста на гласачите, односно постојаноста при гласањато за една иста партија најмногу се врзува за: етничката и религиозна припадност, занимањето и идеолошката определеност, а помалку за: местото на живеење, возраста и големината на домаќинството.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека не постои јасна или конкретна социјална профилираност на политичките партии во Република Македонија. Според дескриптивното ниво на анализа, партиите се најмногу поврзани со етничката и религиозна определеност, па може да се говори за македонски партиски блок и албански партиски блок. Занимањето и идеолошката идентификација имаат помало влијание врз гласачките преференции, но сепак, работниците и приватните претприемачи се поблиски до ВМРО-ДПМНЕ, а категоријата на стручњаци е поблиска до СДСМ. Потоа, поголемиот дел од гласачите на ВМРО-ДПМНЕ во поглед на идеолошката определеност се „десно", а за СДСМ и ДУИ „ лево" ориентирани. Оние гласачи кои живеат на село најмалку се определени за СДСМ во однос на оние од градот- најмалку гласаат за ДПА и ДУИ. СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ добиваат најголема поддршка во четиричлените семејства, а ДУИ и ДПА во побројните домаќинства. Со СДСМ најмногу се идентификуваат лицата постари до педесет години, а со ВМРО-ДПМНЕ-лицата на возраст од 30-49 години. За ДПА, најдоминантни гласачи се оние на возраст до 29 години, а ДУИ има рамномерна поддршка меѓу гласачите од различни возрасни групи. Што се однесува до елементите важни за социјалниот статус (образование, месечни приходи, класно-слојна припадност), освен ниската поврзаност со ВМРО-ДПМНЕ, кај сите други постои незначителна врска. Се чини дека врската со етницитетот е најсилна кај ВМРО-ДПМНЕ, но и кај сите други партии. Идеолошката идентификација којашто најмногу зависи од возраста и полот е највисоко поврзана со гласањето за СДСМ, а многу помалку и со ДПА. Работниот статус, односно вработеноста и занимањето покажуваат слаба поврзаност со политичките партии.

Неразвиената социјална структура, која што се должи на неразвиената економија и на сиромаштијата, а со тоа и на ниското демократско ниво, доведува до отсуство на социјално втемелени партии. И покрај промените во правец на зајакнување на цивилното општество, традиционалните вредности се доминантни. Недостигаат моќна граѓанска класа и организирани работници.

4. Во трудот „Вредносните и политички ориентации на граѓаните на Република Македонија, проф. д-р Лидија Христова потсетува на силната спротивставеност на политичките идентитети во Република Македонија, исцртувајќи ги основните линии на спротивставеност преку поделбите: комунизам-антикомунизам, филтрирани преку национализмот; социјалдемократија-конзервативизам/демохристијанство; левица/десница, но во рамките на македонскиот политички блок. Одржувањето и виталноста на етничкиот расцеп ја афирмира тезата за македонското поделено општество. Легитимитетот на гореспоменатите политички идентитети произлегува од изборното однесување на лојалните/стабилните гласачи, чии ставови, мислења и вредносни критериуми обликуваат вредносно различен профил на граѓани. Трите прашалници, едниот врзан за поделбата десница- левица, односно капитализам -социјализам; другиот, за поделбата либерализам-конзервативизам и третиот за специфичните прашања за македонскиот амбиент имаат за цел да укажат на некои важни димензии на погледот на светот/светогледот на македонскиот граѓанин/избирач. Анкетата најпрво открива 59,1% лојални гласачи, од кои 54,8 % се со македонско етничко потекло, а 74% се со албанско етничко потекло. Исто така, уделот на стабилните гласачи во електоратот во Република Македонија расте во споредба со резултатаите од претходните истражувања, што говори за валидност на моделот на партиска идентификација при гласањето, комбиниран со социолошкиот модел во неговата етничка варијанта. Заклучокот е јасен: има малку простор за рационален гласач, кој би се раководел од постигнатите резултати, профилот на кандидатите, типот на кампањата и сл. Толкувањето на изборното однесување на т.н стабилни гласачи разоткрива висок процент на граѓани кои не можат да ја определат својата идејна ориентација. Одговорите на анкетираните гласачи водат кон заклучокот дека тие најчесто се раководат од изборните програми при гласањето, како и од довербата во партиските водства. Од мноштвото програмски определби, граѓаните, без оглед на етничката припадност најзаинтересирани се за прашањето на невработеноста. Но, на второ место кај албанските гласачи е имплементацијата на Рамковниот договор, а кај македонските- борбата со корупцијата и криминалот. Во поглед на дихотомијата левица -десница, изјаснувањето на мнозинството анкетирани (околу 70%) за помали социјални разлики, говори за поддршка на т.н леви вредности. Сепак, повеќето анкетирани делат мислење дека приватните претпријатија се поуспешни претприемачи, како и дека загубарите треба сами да се справат со последиците, а не државата да ги санира.
   Но, гласачите со десна ориентација се далеку покритични кон социјализмот од оние со лева, веројатно раководени и од сопствените искуства со репресијата.

   Авторката нотира дека и гласачите од албанскиот политички блок ги преферираат левите вредности, од една страна, но се покритични кон социјализмот, од друга, веројатно поради прецепцијата за нивна дискриминација во него.

   Во однос на конзервативните и либералните вредности кај лојалните гласачи за десницата и левицата, истражувањето открива доминација на конзервативна свест, со што се усложнува и релативизира поделбата на левица и десница. Огромен процент испитаници се залагаат за построги казни за криминалните дела, веруваат во јаки водачи, ја почитуваат

традицијата, не се толерантни кон хомосексуалците ( 80%!!), спремни се да се борат за својот народ и кога е во право и кога не е (73,2%), веруваат дека „премногу" демомократија штети, па дури и дека еднопартискиот систем понекогаш е подобар од повеќепартискиот (54,8%), без оглед на левата и десната ориентација.

Сепак, без оглед на декларираната лева или десна ориентација, како и етничката припадност, испитаниците негуваат либерални ставови во однос на еднаквиот респект кон која било религија (над 90%) и слободата на медиумите (57,5%).

Проектот го истражува и позиционирањето на лојалните гласачи во однос на некои важни прашања како: денационализацијата, лустрацијата, Охридскиот рамковен договор и прашањето за „премалку", односно „премногу" демократија во Република Македонија, во функција на нивно диференцирање на левица и десница. Во рамките на македонскиот политички блок, одговорите откриваат дека лустрацијата ја поддржуваат 64,9% од десницата и 41,3% од левицата, Рамковниот договор го одобруваат 48,9% од десницата и 61,9% од левицата, како и дека за денационализација се 77,9 % од десницата и 68,1% од левицата.

Во однос на прашањето за премногу или премалку демократија, се соочуваме со нестандарден феномен. Имено, ако за либералите секогаш има недоволно демократија, а за конзервативците секогаш има премногу демократија, во Република Македонија не е така, зашто доминацијата на конзервативниот став кај обете опции води кон доминација на мислењето дека кај нас има премногу демоктратија.

Сликата во албанскиот политички блок е истовремено и слична и поинаква. Имено, повисок од оној кај македонскиот политички блок е процентот на приврзаниците на денационализацијата и лустрацијата, но 55,3% од испитаниците ја оценуваат демократијата како недоволна, перцепирајќи ја низ призмата на колективните права. Но, и внатре во албанскиот политички блок постојат значителни разлики: 64,3 % од испитаниците- гласачи за ДУИ сметаат дека има недоволно демократија, во однос на 41,8% од ДПА, како и 80,4% од ДУИ веруваат дека Охридскиот рамковен договор доведе до политичка стабилизација, во однос на 58,2% поддржувачи на ДПА.

5. **Последната тема на истражувањето: „Персоналната димензија на социјалниот конформизам- лична автономија, нејзини предиктори и манифестации во сферата на политичкиот живот на граѓаните на Република Македонија" е труд на м-р Елеонора Серафимовска.**

Авторката укажува на големата заинтересираност за проблемите врзани за личноста и политиката во современата политичка наука, но и стандарданта преокупација на психологијата и социологијата со нив. Авторитарноста и конформизмот се неодминливи теми во третирањето на кризата на демократијата и загрозувањето на човековите права. И за македонските (не) прилики важи правилото дека високиот степен на авторитарност доведува до политичка пасивност, како и дека го турка поединецот, заради потребата да биде прифатен од целината кон групно однесување.

Истражувањето покажува дека 71,5% од испитаниците се вбројуваат во групата на т.н. социјални конформисти, во однос на 19,8% социјални

конформисти и 8,7 % „автономци“. Во однос на предикторите, истражувањето покажува дека: урбано-руралната средина и големината на семејството не се значаен предиктор на димензијата социјален конформизам -автономија; жените и помалку образованите се поголеми конформисти од мажите, односно пообразованите ја преферираат автономијата.

Во однос на скалата конзервативизам -либерализам, резултатите потврдуваат дека конформизот е поврзан со конзервативизмот. Кога е во прашање класичната скала лево -десно, пак, истражувањето открива дека социјалистичките идеи одат рака под рака со социјалниот конформизам, но и дека одредени идеи подеднакво се поддржани и од социјалните конформисти и од „ автономците“(подеднаквото образование и исти здравствени услуги, или подобри јавни услуги, па и по цена на повисоки даноци).

Во однос на политизираноста и изборната партиципација истражувањето покажува дека оние што го ставаат социјалниот конформизам пред автономијата редовно учествуваат на изборите, за разлика од оние што ја ставаат автономијата пред социјалниот конформизам, кои не одат на избори. Кога е во прашање изборната ориентација, се покажува дека испитаниците кои се лоцирани на спротивните страни на континуумот социјален конформизам-автономија не се разликуваат во однос на изборот на политичката партија/опција. Истражувањето на врската меѓу димензијата на социјален конформизам-автономија и медиумите разоткрива дека граѓаните со преференција на личната автономија се информираат од повеќе медиуми, а оние што го преферираат социјалниот конформизам се задоволуваат со информирање од еден медиум.

На крајот, ми причинуваше задоволство да ја рецензирам истражувачката студија „Политичките идентитети во Република Македонија“, зашто рецензирањето на вредните проекти не е само процес на евалуација, туку и процес на учење.

Рецензент
Проф.д-р Гордана Силјановска -Давкова с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ПРОЕКТОТ „ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО ЗА ОБЛАСТИТЕ ОД ЛОКАЛНО НИВО И ЗНАЧЕЊЕ“, ВРЗ ОСНОВА НА СТУДИЈАТА „ГРАЃАНИТЕ ВО СИСТЕМОТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА – РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО И РАСПРАВА“

Со одлука на Научниот овет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања од седницата одржана на 2.11.2009 година, назначен сум за еден од членовите на Рецензентската комисија за студијата „Граѓаните во одлучувањето за областите од локално ниво и значење“. Следува извештајот за студијата:

5. 2011

„Граѓаните во системот на локалната самоуправа – резултати од истражувањето и расправа“

Студијата „Граѓаните во системот на локалната самоуправа - резултати од истражувањето и расправа“, што произлегува од проектот „Граѓаните во одлучувањето за областите од локално ниво и значење“, според главниот истражувач проф.д-р Мирјана Сланинка-Динева, претставува прв научноистражувачки потфат во Република Македонија каде што **граѓанинот се третира како основна целна група на важечкиот систем на локална самоуправа**. Во оваа студија се содржани шест реферати кои на различен начин и од различен аспект ги анализираат прашањата и проблемите на граѓаните во рамките на системот на локалната самоуправа. Основните цели на студијата и проектот се научно-сознајни и апликативни. Основниот предмет на истражување се појавите и односите што се јавуваат во организацијата на институциите од локално ниво во контекст на правото на граѓанинот на локална самоуправа – третирано како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија. Студијата спаѓа во редот на системските научни истражувања.

Студијата се отвора со рефератот на проф. д-р Славејко Сасајковски, „Рамковниот договор и локалната самоуправа во Република Македонија“. Овој труд има за цел да го анализира концептот на локалната самоуправа од аспект на променетиот правно-политички модел на државата во „духот“ на Рамковниот договор. Иако анализата се занимава и навлегува во основната тема на студијата, тоа се граѓаните и функционалноста на локалната самоуправа, таа многу често се проширува фокусирајќи се исклучиво на националните димензии и аспекти на политичката борба меѓу двете најголеми (национални) заедници во државата на локален план и нивните „крајни“ интереси. Основна преокупација и анализа на авторот е „прогласениот“ бинационален модел на државата и промоцијата на идентитетот на заедниците преку концептот на локалната самоуправа. Личен став на рецензентот е дека текстот требало повеќе да се задржи на основниот лајтмотив на истражувањето, а содржински би било подобро да се помести малку подолу во студијата.

Следен реферат е „Граѓаните и институциите на локалната самоуправа – истражувачки резултати и расправа“ на проф. д-р Мирјана Сланинка-Динева, што е

всушност и еден од носечките текстови во студијата. Овој труд има за цел да расправа за резултатите на теренските истражувања спроведени во рамките на тригодишниот проект „Граѓаните во одлучувањето за областите од локално ниво и значење". Основни теми на елаборација се: непосредно учество на граѓаните во одлучувањето во единиците на локалната самоуправа, учество преку претставници во органите на општината, за месната самоуправа и задоволството на граѓаните од работата на локалните институции. Текстот е богат со емпириски материјал и дава конкретни препораки за подобрување на учеството и одлучувањето на граѓаните на локално ниво.

Текстот на м-р Дејан Витански е насловен „Службеничката етика во општинската администрација". Најпрвин, задржувајќи се на етимолошкото и појмовно определување на етиката, тој ја елаборира службеничката етика во општинската администрација за потоа да ја скенира улогата и функцијата на етичките кодекси. Секако, најважен дел е елаборацијата на значењето на нивото на службеничката етика во општинската администрација, како и анализата на ставовите на граѓаните за службеничката етика. Авторот се залага за длабинско морално реставрирање на општинската административна архитектура, за што е потребна континуирана етичка едукација на општинската администрација.

Текстот на проф. д-р Љубица Чонева, „Остварувањето на функцијата на јавните служби во локалната заедница" има за цел да ги анализира јавните установи во локалните заедници и јавните служби кои треба да претставуваат сервис на граѓаните. Притоа, емпириската граѓа се користи за елаборација на ставовите на граѓаните во врска со претходно идентификуваните прашања. Така, за квалитетот на услугите на јавните институции преку емпириски податоци се анализира ниското ниво на задоволство на граѓаните од образовните и здравствените услуги, услугите од социјалната и детската заштита и комуналните услуги, како и услугите од еко-заштитата. Препорачувајќи соработка со граѓанските здруженија за надминување на дел од овие проблеми, авторката на трудот дава препораки за утврдување на приоритетни политики во работата на јавните установи во локалната заедница кои опфаќаат прашања пошироки од предметот на истражување на трудот.

Статијата на м-р Тони Поповски е насловена како „Меѓуопштинска соработка во Република Македонија – можности за развој и перспектива". Трудот адресира ограничено поле како предмет на истражување, има добра аналитичка ориентираност и користи два примарни извора на информирање како материјал за обработка. Покрај истражувачкиот дел и соодветните заклучоци, авторот на трудот дава препораки за подобрување на меѓуопштинската соработка и за искористување на потенцијалите во оваа област, препорачувајќи измени во нормативната рамка заради обезбедување ефективна испорака на децентрализираните услуги.

Последниот текст на студијата на проф. д-р Ружица Цацаноска е насловен „Методи во испитувањето на системот на локалната самоуправа". Авторката се осврнува на примената на одделни истражувачки техники во именуваниот проект за локалната самоуправа. Најголем дел од трудот опфаќа анализа на студијата на случај како истражувачка метода. Се прави обид за прикажување на добрите страни и на слабостите на студијата на случај како главна и како помошна метода воопшто, но и како истражувачка техника во испитувањето на локалната самоуправа посебно. Се препорачува користење на оваа методска техника при проучувањето на градот Скопје, при што авторката изразува жалење за неуспешниот обид за употреба на оваа метода во рамките на проектот.

**Генерално, студијата „Граѓаните во системот на локалната самоуправа – резултати од истражувањето и расправа" ги исполнува критериумите и**

**стандардите за еден научен труд.** За жал, авторите не успеале целосно да го искористат богатиот истражувачки материјал собран во текот на трите години од проектот. Севкупно, проектот и студијата носат богат истражувачки опус и нови научни сознанија кои можат да бидат земени предвид во градење на новите политики на државата во оваа област.

Рецензент

Проф. д-р Петар Атанасов с. р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ПРОЕКТОТ „ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО ЗА ОБЛАСТИТЕ ОД ЛОКАЛНО НИВО И ЗНАЧЕЊЕ", ВРЗ ОСНОВА НА СТУДИЈАТА „ГРАЃАНИТЕ ВО СИСТЕМОТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА"

Скопје, 9 мај 2010

## ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

1. За поздравување е фактот дека граѓаните се основна таргет-група на проектот што го рецензираме. Осознавањето на релевантните претпоставки за остварување на уставно гарантираното право на граѓаните на локална самоуправа, односно нивното учество во процесот на одлучување на локално ниво, е негова битна цел. Од апликативен аспект, одлучувањето е поврзано и со сознанието дека голем број македонски општини немаат ниту финансиски, ниту организационен и кадровски капацитет за справување со проширените надлежности со уставните амандмани од 2001 година и Законот за локална самоуправа од 2002 година. Се разбира, нормативно-институционалната рамка, децентрализацијата и дебирократизацијата на процесите на одлучување, како и политичката свест се претпоставка за активно учество на граѓаните во нив.

2. Студијата е заснована на резултатите од тригодишниот проект (2006-2009), во чии рамки најпрво се реализира пилот-истражување (2006/2007), потоа главно истражување (2007/2008), а на крајот дополнително, односно контролно истражување (2009).

3. Студијата има 164 страници текст, релевантна литература, прилози од документацијата, како и детален извештај за истражувачките години. Во неа се презентирани и анкетните прашалници, како инструменти.

4. Покрај Воведот, студијата ги содржи следниве трудови: Рамковниот договор и локалната самоуправа во Република Македонија, Граѓаните и институциите на локалната самоуправа, Службеничката етика во општинската администрација, Остварување на функцијата на јавните служби во локалната заедница, Меѓуопштинската соработка во Република Македонија и Методи на испитувањето на системот на локална самоуправа.

5. Автори на трудовите се квалификувани и искусни истражувачи, автори на бројни трудови, објавени во земјава и во странство.

## ОСВРТ НА ТРУДОВИТЕ

1. **Трудот „Рамковниот договор и локалната самоуправа во Република Македонија"** е дело **на проф.д-р Славејко Сасајковски**, чиј научен интерес е насочен кон утврдување на влијанието на Рамковниот договор врз концептот на македонската локална самоуправа. Тој со право потенцира дека Рамковниот договор се фетишизира и се догматизира, особено од страна на меѓународната заедница и покрај неговата инкорпорираност/конституционализација во уставните амандмани од 2001 година. Имено, Рамковниот договор е важен политички документ, sui generis договор, но тој не е меѓународен договор, ниту уставно–правен акт. Во духот на консоцијативната демократија, локалната самоуправа во него е конципирана не само како партиципација на граѓаните во процесот на одлучување на локално ниво, но и како рамка и начин за остварување на автономија на етничките сегменти, насочена кон почитување на идентитетот на етничките заедници. Во оваа смисла, децентрализацијата не е инспирирана само и првенствено од потребата за решавање на локалните проблеми од локалните власти, како најблиски до граѓаните, туку е во функција на зачувување, промоција и развој на етничкиот идентитет, особено-албанскиот заради врзувањето на низа права за цензусот од 20% од вкупната популација. Анализата на карактерот на децентрализираните надлежности открива дека се работи за области кои се најбитни за културниот идентитет.

Одредбите од Рамковниот договор во кои резултатите од новиот попис се врзуваат со ревизијата на општинските граници зборуваат за промоција на етнички принцип во територијалната организација/поделба на државата, за сметка на објективните критериуми. Во случајот на Тетово, Гостивар , Дебар, Кичево, Струга и Скопје, кон урбаниот центар се додадоа бројни рурални општини, од кои повеќето беа и можеа да бидат успешни општини (Зајас, Велешта, Џепчишта, на пример). Така, дотогаш хетерогените општини, како Струга и Кичево, во кои доминантно беше македонско население станаа општини со доминанатно албанско население, па и локалната власт премина во рацете на албанските политички партии, Скопје, со 20% албанско население стана двојазично, а една од градските општини-Чаир е со доминантно албанско население.

Биетнички втемелената компромисна филозофија ја препознаваме и во рамковното решение за избор на полициските началници од страна на општинските совети, од листата на кандидати, предложена од Министрeството за внатрешни работи. Сасајковки го открива бинационалниот принцип и „дух" во тезата за македонски и албански политички блок, „два победника" на изборите: македонски и албански, македонско-албанска владина коалиција, без оглед на изборниот резултат.

Во задржувањето на едностепената локална самоуправа, Сасајковски гледа брана од регионализацијата/федерализацијата, врз етнички принцип. Меѓуопштинската соработка, заедничките административни органи и осумте

плански региони имаат за цел да ги надминат/ублажат маните на едностепената локална самоуправа.

Значи, за Сасајковки, концептот на локалната самоуправа треба да биде насочен кон ефикасно задоволување на локалните интереси на граѓаните, согласно со модерните либерално демократски теории за децентрализација и локална самоуправа. Во Република Македонија, во голема мера, тој се градеше по мерка на етносот, а не на демосот. Така, национално-етничката кауза, а не побрзиот економски развој беше клучна при цртањето на некои општински граници. Анкетираните градоначалници укажуваат на потребата од задржување на руралните општини, наместо укинување и припојување кон урбаните јадра. Повеќето од нив се залагаат за разликување на два типа општини: рурални и урбани, односно територијално врамување на градовите во нивните природни, урбани граници, критикувајќи го „моделот" на монотипни општини, како урбано-рурални конгломерати.

Да заклучиме, целосно се согласуваме со ставот на авторот дека Рамковниот договор најдиректно, во духот на Лијпхартовиот концепт за консоцијална демократија, ја поврзува локалната самоуправа со заштитата на културниот идентитет на заедниците, согласно со барањето за автономија на сегментите.

2. **Трудот „Граѓаните и институциите на локалната самоуправа" е авторски прилог на проф. д-р Мирјана Сланинка - Динева.** Во Воведот, авторката укажува на важноста на правото на локалната самоуправа, како едно од основните политички права, за современата европска демократија, како и на значењето на Европската повелба за локалната самоуправа за стандардизацијата на локалната самоуправа во членките на Советот на Европа. Таа ги анализира: непосредното учество на граѓаните во одлучувањето во ЕЛС, остварувањето на правото на граѓаните на локална самоуправа преку избрани локални претставници, месната самоуправа и видувањата на граѓаните за работата на локалните власти. Само 12% од испитаниците учествувале во граѓански иницијативи. Причината за неактивноста, според нивните одговори, е „немање време/презафатеност", или затоа што „никој не ги прашал".

Граѓаните сметаат дека локалните власти се најповикани за поттикнување на граѓанската партиципација, а според нивните локални претставници, пак, невладините организации, медиумите, локалната власт, самите граѓани и партиите се оние што треба да ја унапредуваат граѓанската партиципација на локално ниво.

Во однос на граѓанската перцепција на активноста на локалните власти, најголем број испитаници (41,4 %) сметаат дека нивните локални претставници се „ делумно активни", но голем процент (34,1) го делат ставот дека нивните претставници на локално ниво „воопшто не се активни". Како основни причини за ваквата евалуација, граѓаните ги наведуваат: грижата за личните

интереси и несамостојноста на локалните претставници , односно целосната зависност од политичките партии.

Граѓаните посакуваат поголема стручност, ажурност и експедитивност (18,6% ) на локалната администрација, како и нејзина деполитизираност и департизираност (12, 8%), а 11, 2% од анкетираните сметаат дека треба да се подобри комуникацијата на општинската администрација со граѓаните, чиј сервис таа треба да е.

Очигледно е дека македонските граѓани, и покрај определбата од Европската повелба за локална самоуправа за локалните власти како најблиски до нив се чувствуваат како оддалечени од своите локални претставници. Дистанцата е поголема во поголемите општини, а помала во помалите и руралните општини. Најзагрижувачко е огромното незадоволство на граѓаните од општинската администрација. Пред нас се бројни прашања: од она за оправданоста на последната територијална организација, чиј производ се големите општини до она за начинот на регрутирање на нашата администрација, нејзиниот квалитет и етика.

Во однос на месната самоуправа, која според Уставот од 1991 год. стана факултативна категорија, дури 35, 00% од испитаниците сметаат дека општините не се посветени на развојот и унапредувањето на месната самоуправа, а 48,50% се уште построги, тврдејќи дека „општините воопшто не се посветени на месната самоуправа". Одговорите на анкетираните откриваат дека нема доволна соработка на општините и месните заедници, дека има потреба од подобро информирање на жителите на урбаните и месните заедници од страна на општините, како и дека е потребно да се вклучи месната самоуправа во буџетот на општините.

Локалните власти, односно локалните претставници, проблемот за целосната маргинализација на месната самоуправа ја наоѓаат во нејзиниот нерешен статус, односно отсуството на статус на правно лице, според ЗЛС; во минималните надлежности, целосно зависни од општинските власти, односно од градоначалниците.

Се согласуваме со предлогот месната самоуправа да стане задолжителна категорија на политичкиот систем , а урбаните и месните заедници да добијат статус на правно лице; да се прошират и да се дефинираат нејзините надлежности; да се формираат мировни совети во месните заедници со хетероген етнички состав; да се вклучат во меѓуопштинската соработка исл.

Месната самоуправа е важен дел на македонската традиција. За жал, денес е целосно запоставена не само од општинските власти, туку и од научната и стручна јавност. Нужни се промени.

3. **М-р Дејан Витански е автор на трудот „Службеничката етика во општинската администрација".** Најпрво, авторот ги определува поимите „етика" и „морал", етички систем, наука за етиката, а потоа се сосредоточува на службеничката етика во општинската администрација, кон која најчесто се упатени граѓаните-жители на општината, но и органите на локалната власт и правните лица. Нема успешна локална самоуправа без локална администрација којашто во односите со граѓаните не манифестира колегијалност и кооперативност, учтивост и култура на однесување, посветеност на Уставот и законите, односно на владеењето на правото.

   Предмет на авторовиот интерес се и етичките кодекси, вклучувајќи го и Етичкиот кодекс за државни службеници, донесен во 2001 година, во кој се реафирмираат начелата на законитост, професионален интегритет, ефикасност, лојалност, непристрасност, самостојност во одлучувањето, транспарентност во работењето, конфликт на интересите. Во практиката, сведоци сме на бројни повреди на човековите права од страна на државните и јавните службеници, вклучувајќи ги и оние на локално ниво. Предлогот за формирање Државен етички комитет би можел да биде корисно дополнување на активностите на народниот правобранител, насочени кон заштита на човековите права.

   Се разбира, согласно со одредбите на Европската повелба за локална самоуправа, на локалната администрација мора да ѝ се гарантира и да ѝ се овозможи соодветен материјален статус, во кој покрај платата се вклучени и други материјални стимуланси (награди, одликувања, пофалници), како и континуирана едукација, од една страна, но и конкретизирана одговорност и санкции, од друга.

   Анкетата покажува дека од општинската администрација не се задоволни ниту граѓаните, ниту членовите на советите. Обете категории сметаат дека општинската администрација е најмногу ориентирана кон потребите на градоначалникот. Како основни недостатоци на општинската администрација, граѓаните (примерок од 1800 граѓани) ги нотираат: нестручноста(18%), неажурноста (18%), политизираноста (12%), лошата комуникација (6%) и непочитувањето на етичкиот кодекс (2%). Но, анкетираните граѓани сметаат дека на општинската администрација ѝ недостасуваат некои објективни претпоставки, неопходни за успешна работа: поголеми законски надлежности (8%) и подобри просторни услови (4%).

   Заложбата за темелна реформа во општинската администрација е логична последица на претходно детектираните проблеми, меѓу кои и оние за отуството на етика во нејзиното постапување. Континуираната етичка едукација треба да ја афирмира етиката како conditio sine qua non на работењето и однесувањето на локалната администрација. Но, за етичка и сервисно ориентирана администрација не се доволни само реформи на нормативен и институционален план, туку е потребна макотрпна работа на градење вредносен систем, заснован врз етички принципи.

4. **Проф. д-р Љубица Чонева е автор на трудот „Остварување на јавните служби во локалната заедница".** Таа најпрво ја објаснува специфичната, „нематеријална", односно „неекономска" природа на т.н општествени/јавни дејности и нивното хетерогено институционално задоволување преку служби и установи формирани од државата, општината, приватниот сектор, или преку јавно-приватно партнерство, посочувајќи некои од нив: образовната дејност, здравствената, науката, културата, социјалната заштита, комуналната сфера и сл.

   Се согласуваме со нејзиниот став дека локалната заедница и локалната самуправа се најдобро место и начин на задоволување на потребите на граѓаните врзани за општествените дејности, преку различните локални јавни служби. Имено, овие потреби најдобро се решаваат in medias res, а граѓаните можат најдиректно да ги изразат и да партиципираат во нивното задоволување во рамките на локалната заедница.

   Авторката ги анализира општествените дејности, кои како надлежност на опшината се наброени во Законот за локална самоуправа, заклучувајќи дека процесите на централизација од 1991 до 2001 година доведоа до нивно вршење од страна на централната власт, а децентрализацијата, отворена со уставните амандамани доведе до нивно дислоцирање на локално ниво.

   Ако е нивното задоволување општинска обврска, којашто се реализира преку општинските јавни служби, нужно е да се идентификуваат најважните потреби на граѓаните. Како основни проблеми во локалната заедница, анкетираните граѓани ги нотираат: невработеноста (25,7%), малите плати (13,5%) и сиромаштијата (13,5%). Следат неадекватното задоволување на комуналните услуги (водовод, електрична енергија, локални патишта, локален превоз, комунална хигиена), од кои се незадоволни 6,5% и неадекватното задоволување на јавните услуги (образование, култура, здравство, социјална и детска заштита, одмор, рекреација), од чие вршење се незадоволни 5,5% од испитаните.

   Од витално значење за животот на граѓаните е квалитетот на услугите на локалните јавни служби. Се разбира, квалитетот е предодреден од просторните, организациските, кадровските, техничките и финансиските капацитети на единиците на локалната самоуправа, односно на јавните служби. Граѓаните вака ги градираат проблемите со кои се соочуваат јавните установи: на прво место се недоволните финансиски средства за работа и давање услуги на граѓаните (71,2%); на второ, со далеку помал процент се кадровските проблеми (8,8%), па материјално –техничките проблеми (8,2%), организациските проблеми (8%) итн. Само занемарлив процент од анкетираните граѓани (2,5%) не гледаат проблеми во нивната работа.

Заради пообјективно согледување на горенаведените состојби во анкетата е вклучено прашањето за оцена на квалитетот на нивниот живот. На скала 1-10, анкетираните вака ја оценуваат сопствената економска положба: дури 73,2% , односно секој трет граѓанин ја оквалификува како ниска (од 2 до 5), наспроти само 3% кои ја оценуваат како добра. Заклучокот е едноставен: подобрувањето на животниот стандард на граѓаните, со отворање на нови работни места мора да биде приоритет на секоја локална власт. Најпрво , се разбира, треба да бидат заштитени најсиромашните граѓани.

Во однос на квалитетот на образовните услуги (просторните услови во училиштата, меѓунационалните односи, воспитната компонента, организирањето на образовниот процес, согласно со европските стандарди): најголем дел граѓани, односно 45,9% од анкетираните на табела од 0 до 5%, сметаат дека добиваат ниска услуга (3); 23,1% со (2) го оценуваат квалитетот на услугите, за 17,1% услугата е многу добра, а само за 4,3 % - одлична (5).

За квалитетот на здравствените услуги анкетираните размислуваат вака:
32,7 % од анкетираните, на табела од 0 до 5 се определуваат за (2); 31,2% ја дале оценката (3), 20,8% - (1), а 3,1%- се определиле за оценката (5). Недостатоците на здравствената услуга се однесуваат на: неразвиената мрежа во руралните подрачја, слабата материјална основа за набавка и одржување на апаратурата, високата партиципација за услугите и недостигот и високата цена на лекови.

Нивото на социјалната заштита граѓаните го оценуваат вака: 36,3% од испитаниците, на скала од 0 до 5% се определуваат за (2), 29,6% за (1), 21,8 % за (3), а само 1,2% за (5). Сепак, авторката истакнува дека децентрализацијата во оваа сфера веќе покажува извесни резултати: зголемен обем на заштита и поголем број опфатени лица, воведување вонинституционална заштита, отворање приватни институции и сл.

И нивото на детската заштита, според испитаниците е ниско. Повеќе од 3/3 од анкетираните ја вреднуваат истата со оценка од 1 до 3, а само 2,0 % со оценка (5). Но, и покрај незадоволителната оценка за нивото на детската заштита, на повидок се некои промени: поширока мрежа на отворени облици на заштита, односно згрижување на децата по домови, отворање дневни центри за грижа на децата со хендикеп, поголем опфат на децата од сиромашните семејства во предучилишните установи, осовременување на институциите, едукација на кадрите за работа со деца и сл.

Генералната оценка на јавните услуги на локално ниво открива дека: 44% од анкетираните сметаат дека треба да се подобри организацијата на службите; 22,2% се залагаат за деполитизација и департизација на вработените во јавните установи, а 11, 0 % укажуваат на нужноста од реформа и осовременување и усогласување со стандардите кои важат во задоволувањето на јавните потреби на локално ниво во западноевропските земји.

Анализата на (не)задоволството во делот на комуналните услуги води кон заклучокот дека приближно исто задоволство постои кај користењето на вода, струја и противпожарна заштита, а најмало од уличното осветлување и сигнализацијата. Оценка (3) на скала од 1 до 5 дале 26,3%; оценка (2) – 25,5%; оценка (1) – 25,1%; оценка (4)- 15,7%, а оценка (5) – 6,7 %.
Но, за одбележување е дека приватизацијата во овие дејности доведе до поголема дисциплина на граѓаните кон плаќањето на овие услуги, а децентрализацијата ја наметна потребата од поголем ангажман на локалните власти во осовременувањето и одржувањето на објектите и постројките во оваа сфера.

Се согласувам со заклучокот дека времето на децентрализацијата е кусо за сигурни оценки, но факт е дека транзицијата донесе пауперизација на најголемиот дел од популацијата, односно социјалната сигурност на граѓаните се влоши, а економската ефикасност на системот опадна.

Со оглед на извонредното значење на здравата животна средина за човековиот живот, граѓаните се особено критички кон екозаштитата, како една од комуналните области. За жал, некои општини и населби во Република Македонија се синоним за загадена земја и атмосфера: Велес, заради Топилницата; Скопје, заради ОХИС и Цементарницата; Миладиновци и Окта... Дури 41% од анкетираните граѓани ја даваат најниската оценка(1) за квалитетот на екозаштитата; 31,6% се за оценката (2), а 18,2% за (3). Се чини јасно зошто е во прашање еден од најголемите приоритети за општините во Република Македонија.

Од одговорите на анкетираните се гледа дека најголем проблем за комуналните претпријатија, според граѓаните (58,0%), е слабата финансиска основа на општините. Подобрување на комуналните услуги, како резултат на децентрализацијата, не гледаат 52,7% од анкетираните, а 38,8% сметаат дека децентрализацијата доведе до подобри комунални услуги. Загрижувачки е податокот дека дури 59,8% од анкетираните граѓани не манифестираат спремност за волонтирање во проекти врзани за развојот и унапредувањето на локалната заедница. Се согласуваме дека ова е голем предизвик за локалната самоуправа, но уште повеќе сметаме дека проблемот е во нарушениот систем на вредности, отсуството на етичката димензија во образовниот процес, недоволниот/несоодветниот ангажман во промоцијата на pro bono ангажманот на невладиниот сектор.

Македонските општини не ги решија клучните социоекономски проблеми во овие дваесетина години. Економските и комуналните проблеми останаа отворени, стандардите на јавните служби – генерално ниски, квалитетот на локалниот живот - лош. Потребно е да се креираат локални јавни политики (public policies) со инкорпорирање на „третиот сектор", односно невладиниот сектор и со водење сметка за приоритетите на граѓаните. Нема good local

governance без претходна прецизна рендген-слика на состојбите во здравството, образованието, социјалната заштита, културата, образованието, комуналните услуги. Граѓаните и нивните невладини организации мора да бидат вклучени во утврдувањето на агендата на општините и јавните служби, во спроведувањето на јавните политики и во нивната евалуација.

5. **Трудот „Меѓуопштинската соработка во Република Македонија (можности за развој и перспектива)", чиј автор е м-р Тони Поповски,** се занимава со мошне актуелна тема, особено значајна за земја со едностепена локална самоуправа, влезена во процесот на децентрализација, како еден од најважните политички критериуми во евроинтеграцијата.

Во Воведот, авторот со право напоменува дека периодот од неполни пет години функционална и фискална децентрализација е прекус за евалуација на резултатите, при која не треба да се превиди дека различните расположливи ресурси на општините значат различен капацитет за остварување на децентрализираните надлежности во секоја од нив. Воедно, тој укажува дека проблемот на дистрибуција на услугите не е само македонски феномен, туку дека е идентификуван дури во 75 држави, влезени во процесот на децентрализација. Тој е особено изразен во малите (под 5000 жители) и селските општини, чии диспаритети не се ублажуваат/надминуваат, заради отсуството на јасни и сигурни механизми на еквилизација. Така, уставно и законски гарантираната надлежност е повеќе товар, одошто право, а вклучувањето на приватниот сектор во дистрибуцијата на услугите, формирањето јавно-приватни партнерста, давањето концесии, како и склучувањето договори за меѓуопштинска соработка е повеќе можност одошто реалност. Последицата е: незадоволни граѓани/жители, миграција село-град и нерамномерен регионален развој.

Авторот се осврнува на правно-политичките аспекти на меѓуопштинската соработка, анализирајќи го членот 10 од Европската повелба за локалната самоуправа, Законот за локална самоуправа, Законот за меѓуопштинска соработка, Програмата на Владата на Република Македонија за спроведување на процесот на децентрализација 2008-2010.

Во рамките на истражувачките аспекти на меѓуопштинската соработка, авторот тргнува од генералната хипотеза дека капацитетот на локалната администрација директно влијае врз квалитетот на децентрализираните локални услуги, а поединечната хипотеза е дека недоволниот степен на искористеност на можностите за меѓуопштинска соработка негативно влијание врз квалитетот на децентрализираните локални услуги. Резултатите од истражувањето ги акцентираат следниве пречки за меѓуопштинска соработка: за 58,2% од анкетираните, ЕЛС пречка за меѓуопштинската соработка е нивната преокупираност со сопствените интереси и неводењето сметка за заедничките интереси; за 53,7%, непостоењето стратегија и план за долгорочен развој; за

73,1, најголема пречка е недостигот на финансиски средства; за 58,2 % - немањето свест за заедничките придобивки.

Меѓуопштинската соработка најчесто се остварува во: заштитата од пожари (49,3%), локалниот економски развој (37,3%), основното и средното образование (29,9 %) и во просторно-урбанистичкото планирање (29,9 %).

Во однос на размената на информациите (брошури, извештаи), одговорите откриваат дека: 25,4 % од анкетираните ЕЛС размениле информации и/или добиле поддршка од централната власт за меѓуопштинска соработка.

За ЕЛС, најпреферираниот вид на поддршка е финансиската (74,6%).

Во поглед на капацитетот за давање услуги на соседните ЕЛС: 38,3% од анкетираните општини имаат човечки ресурси за давање услуги, а 22,4% имаат адекватна опрема за давање услуги на соседните ЕЛС.

Во врска со правната рамка за меѓуопштинска соработка: 67,2 % од анкетираните ЕЛС немаат забелешки на одредбите, а 20,9% имаат проблеми со правните одредби.

Анкетираните граѓани, пак, сметаат дека меѓопштинската соработка е најпотребната во економијата (66%).

Локалните претставници сметаат дека најодговорни за меѓопштинската соработка се централните и локалните органи на власт.

Се согласуваме со ставот дека меѓуопштинската соработка е проверен инструмент за обезбедување ефикасни и ефективни услуги во услови на едностепена локална самоуправа и од страна на малите и рурални општини.
Во Република Македонија и покрај креирањето посебна законска рамка за меѓуопштинска соработка, сé уште не се доволно искористени потенцијалите на овој институт.

Авторот препорачува: градење свест за меѓуопштинска соработка; поддршка и стимулирање на меѓуопштинската соработка од страна на централната власт; употреба на средствата за регионален развој за намалување на диспаритетите; дисеминирање на успешните искуства од страна на ЗЕЛС и централната власт; развој на функционалната децентрализација преку меѓуопштинска соработка, како партнерство засновано врз заеднички потреби и интереси.

Предлагаме да се избрише втората алинеја на стр.144, која гласи: „Потребата да се одржи динамиката по ова прашање и да се донесе што е можно поскоро Законот за меѓуопштинска соработка, врз основа на консензус , постигнат меѓу клучните засегнати страни“,а Законот за меѓуопштинска соработка е веќе

донесен, а при цитирањето на законите и Европската повелба да се дополнат нужните податоци.

6. **Проф. д-р Ружица Цацановска е автор на трудот „Методи во испитувањето на системот на локална самоуправа".** Во воведните напомени таа ја акцентира важноста на истражувачката методологија за квалитетот на секој проект, па и овој, напоменувајќи дека локалната самоуправа може да се проучува од различни аспекти (историски, компаративен, позитивноправен итн.). Се разбира, секој аспект бара и соодветен методолошки пристап и користење соодветни истражувачки техники. Од посебно значење за успешноста на проектот е изборот на соодветен примерок на истражуваните единици и групи. Укажува на расчекорот меѓу очекуваните и добиените резултати, заради разликата меѓу нормативната рамка и реалната слика на истражуваниот феномен, во случајов-локалната самоуправа. Ја потенцира потребата од компаративен пристап во истражувањето. Објаснува дека статус на основна истражувачка единица има општината, статус на основна група –граѓаните, а статус на контролна група- избраните претставници (членовите на советите и градоначалниците, како и директорите на јавните установи и комуналните претпријатија). Се навраќа на методолошките постапки наведени во Предлог-пријавата на Проектот и применети во истражувањето: анализа на содржината, интервју, набљудување и анкета. Објаснува дека во емпириските истражувања (пилот-истражувањето, главното истражување и дополнителното истражување) главно се оперирало со интервјуто, а пробно, фокус - групата и анкетата. Со анкетата биле опфатени граѓаните-жители на ЕЛС како основна група, а со интервјуто-претставниците на граѓаните. Авторката укажува дека истражувачкиот тим не успеал да ја примени фокус-групата, ниту да го третира градот Скопје како студија на случај, оставајќи го и препорачувајќи го за предмет на идно истражување.

Посебно место во трудот има студијата на случај (case study) , како истражувачка метода, којашто го истражува феноменот во рамките на реалниот –животен контекст, при што „граничната линија меѓу истражуваниот феномен и опкружувањето не е јасно видлива". Студијата на случај ја објаснува како посебна приказна за индивидуа, група, дел од колективитет, организација, или од процес, примена и евалуација на одредена политика. Важно за студијата на случај е дека го истражува истиот во неговиот општествен контекст, испитувајќи го влијанието на сите фактори врз него. Напоменува дека иако студијата на случај најчесто се потпира на квалитативната методологија, не е исклучено да се потпре и на квантитативната методологија, во зависност од спецификите на предметот на истражување. Укажувајќи на бројните опасности по примената на овој метод (методологија, истражувачки дизајн, транспарадигматичен и трандисциплинарен инструмент), го објаснува Протоколот на истражување, ја потенцира вредноста на собраната и обработена евиденција, ја акцентира важноста на методот на триангулација за квалитетот на сумарниот извештај.

За неа, централно прашање во студијата на случај е утврдувањето на единицата, која се зема како случај. Истражувачкиот план е почетна точка на истражувачката стратегија и тој содржи неколку компоненти: формулирање прашања; формирање претпоставки; утврдување на случајот и на единицата на анализа; поврзување на предложените хипотези, предлози и насоки со емпирискиот материјал, како и нивна интерпретација во извештајот.

Највреден дел од секој научен извештај, вели авторката, се заклучоците, како научни генерализации.

Студијата на случај се темели на четири научни начела: прецизност, систематичност, објективност и општост. Како систематична, синтетичка и детална анализа на општествениот контекст, студијата на случај може да биде посебна метода, но и помошна. Таа овозможува истражување на базичните аспекти на применетата политика.

Авторката, на крајот, ја поставува рамката за градот Скопје, како студија на случај која би била реализирана во некое наредно истражување.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на воведните напомени и освртот на поединечните прилози/трудови, инкорпорирани во ИСТРАЖУВАЧКАТА СТУДИЈА „ГРАЃАНИТЕ ВО СИСТЕМОТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА", цениме дека проектот „ ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО ЗА ОБЛАСТИТЕ ОД ЛОКАЛНО НИВО И ЗНАЧЕЊЕ" е вреден научен придонес во областа на локалната самоуправа, посветен на еден важен, но запоставен феномен. Уверени сме дека тој ќе инспирира нови истражувања и истражувачи во оваа област.

Рецензент
Д-р Гордана Силјановска –Давкова, редовен професор с. р.

Скопје, 9 мај 2010

**РЕЦЕНЗИЈА**

**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "КАЗНЕНОПРАВНИ АСПЕКТИ НА ГЕНЕТСКИТЕ МАНИПУЛАЦИИ" ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АЛЕКСАНДРА ДЕАНОСКА – ТРЕНДАФИЛОВА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ**

Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје, на седницата одржана на 30.6.2010 година, формира Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Александра Деаноска – Трендафилова со наслов „Казненоправни аспекти на генетските манипулации" во состав: акад. Георги Ефремов, акад. Владо Камбовски, проф. д-р Љупчо Арнаудовски, проф. д-р Методија Каневчев и проф. д-р Никола Тупанчески.

Комисијата со внимание ја проучи докторската дисертација и на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Приказ на докторската дисертација**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Александра Деаноска – Трендафилова со наслов „Казненоправни аспекти на генетските манипулации опфаќа 283 страници компјутерски пишуван текст со нормален проред и големина на букви. Дисертацијата е структурирана во неколку дела, и тоа: вовед, пет поглавја, заклучоци и предлози и библиографија.

Во воведот се изнесени хипотезите, предметот, методите и целите на дисертацијата. Како основна теза на дисертацијата, авторот на дисертацијата го истакнува тврдењето дека дејствијата на генетски интервенции во најширока смисла како врвни научни и технолошки достигнувања се медицински, правно и етички оправдани само доколку се вршат во терапевтски цели, односно само доколку се преземаат во насока на заштита на човечкиот живот и здравје без да претставуваат повреди на основните права и слободи и на достоинството на човекот и другите врвни хумани вредности. Затоа смета дека е потребно правната регулатива во оваа сфера да биде израз на доктринарните правила на биомедицината и да биде зацврстена со правни гаранции за заштита на човековите права. Според Деаноска – Трендафилова, секоја злоупотреба и

претставува казниво дело, а генетските интервенции - манипулации кои се изведуваат со цел за селекција и вештачко креирање на карактеристиките на човечката популација, како и за создавање на биолошки материјал за масовно уништување и слично се апсолутно забранети и претставуваат кривични дела. Во изработката на дисертацијата, кандидатката ги користи методите на логичко заклучување, на анализа на содржина, на систематско и на телеолошко толкување, дескриптивниот метод, компаративниот метод и други. Истражувањето се одвива на апстрактно или теоретско и појавно-конкретно рамниште со мултитехнички пристап во поглед на користените методи.

Првиот дел од дисертацијата со наслов „Основни елементи и облици на генетските манипулации" е посветен на основните поими и категории на генетската наука, како и на нејзиниот историски развој и на основните видови, натаму на генетскиот инженеринг или т.н. техники на рекомбинантна ДНК и на медицинските процедури од терапевтски и друг карактер во врска со гените. Таа истакнува дека генетиката како биолошка наука за наследувањето и варијациите кај живите организми зазема значајно место во повеќе сфери од човековото живеење, односно кај растенијата и кај животните, што значи можност за повисоки приноси и поголемо производство на храна во светот, а апликациите на хуманата генетика се можност за лекување на тешки болести кои имаат т.н. наследен карактер. Од друга страна, таа истакнува дека злоупотребите на сознанијата и развојот на генетската наука може да доведат до многу несакани дејствија, како, на пример, креирањето биолошко оружје за истребување и биотероризмот кој може да се спроведува речиси незабележано. Не помалку важна е и т.н. сива зона во која се поместени процедури и методи кои се спорни и каде што правната и етичката наука се најповикани да извршат верификација на нивната етичка и научна оправданост и правна допуштеност ~~или пак~~ да ги прогласат за неморални и недопуштени, односно забранети.

Деаноска – Трендафилова смета дека главната профилактичко-терапевтска примена на новите можности на генетската наука е насочена претежно кон генетски скрининг и тестирање, анализа на гените со цел да се предвидат и откријат различните абнормалности и предиспозиции кон определени тешки заболувања, како и на соодветна терапија преку манипулации, односно репарации на оштетените или дефектните гени со цел да се спречи или лекува определена болест или нарушување. Како противправни дејствија во смисла на генетски манипулации, поточно на генетски инженеринг таа ги определува следниве постапки: создавањето генетски идентични човечки организми – клонирање; евгениката која ја определува како примена на

принципите на генетиката за менување на карактеристиките на човечката раса, како и на поединици; т.н. позитивни евегенички постапки, според неа, не се дозволени, а спорни се т.н. постапки на негативна евгеника со оглед на тоа што нејзиното дефинирање е многу блиско или во некои случаи се преклопува со т.н. генетски терапии. Натаму, како противправни ги определува и создавањето и употребата на биолошко оружје по пат на техниките на генетски инженеринг и други.

Во вториот дел: „Правни извори и меѓународни стандарди за генетските и други биомедицински постапки", направена е анализа на релевантните меѓународни документи: конвенции, протоколи, препораки, резолоуции, мислења, стратегии и др., при што се прикажани основните услови и востановените стандарди за биомедицинските, поконкретко, генетските процедури: генетски тестови, скрининзи, клонирање и слично. Опфатени се документите на Обединетите нации, Советот на Европа, Европската унија, Светската медицинска асоцијација, Европската група за етика во науката и новите технологии и на Европската асоцијација за биоиндустрии.

Авторката на дисертацијата констатира логичен тек во процесот на креирање на правилата и стандардите за хуманата генетика и другите биоетички прашања, при што определени документи упатени кон конкретни органи и тела во меѓународните организации содржат насоки за донесување нови подстални акти и слично.

Документите на Обединетите нации се најстарите кои начелно ја регулираат оваа област. Конвенцијата за забрана на развој, производство и складирање на бактериолошко (биолошко) и токсично оружје и за негово уништување од 10 април 1972 година, за првпат се осврнува на биолошкото оружје како денес најскриена закана за масовно уништување. Нејзиното потпишување придонело за усвојување инкриминации за производство и употреба на ваквото оружје како недозволено средство за војување во националните казнени законодавства. Универзалната декларација за човечкиот геном и човековите права од 1997 година за свој предмет ги има човечкиот геном и заштитата на правата на човекот при истражувањата кои се вршат врз човечкиот геном, посебно на заштитата на податоците и заштитата на идентитетот на субјектите при објавување на резултатите од таквите истражувања. Воедно, опфатени се и страндардните правила кои се барања при вршење на сите видови истражувања во областа на биомедицината како што се информираната согласност, проценка на користа и ризиците итн.

Документите на Советот на Европа, според Александра Деаноска – Трендафилова, се најрелевантните инструменти за заштита и регулирање на сите овие сфери и нивните решенија се најмногу инкорпорирани во националните законодавства на државите. Конвенцијата за заштита на човековите права и достоинството на човекот во врска со примената на биологијата и медицината: Конвенција за човекови права и биомедицина" од 4 април 1997 година е водечки документ за сите области во биомедицинската сфера, дополнет со протоколите за забрана на клонирањето, за трансплантација на органи и ткива, за биомедицински истражувања и за генетско тестирање во здравствени цели. Од 2009 година, оваа Конвенција заедно со протоколите за забрана на клонирањето и за трансплантација се дел од нашето национално законодавство и од тие причини потребни се соодветни измени во повеќе законски текстови.

„Имплементација на меѓународните правни стандарди во медицинско – генетската област" е насловот на третиот дел од дисертацијата. Во овој дел, кандидатката Деаноска – Трендафилова го илустрира инкорпорирањето на поважните меѓународни правила од казненоправна природа во националните законодавства. Поточно, таа ги прикажува инкриминациите на создавањето, складирањето и употребата на биолошкото оружје во Албанија, Аргентина, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Франција, Македонија и др., како и инкриминациите за клонирањето во Хрватска, Шпанија, Франција и Македонија. Натаму, таа се осврнува и врз скромната практика на Европскиот суд за човекови права од Стразбур во сферата на биомедицинските прашања и за таа цел накратко се претставени неколку релевантни случаи.

Предмет на елаборација на четвртиот дел е односот лекар – пациент, етичките (филозофско – моралните) начела и основите за допуштеност на биомедицинските интервенции. Во таа насока, авторката истакнува дека лекарските, поточно медицинските интервенции во најширока смисла на зборот уште одамна биле разгледувани по прашањето на нивната правна дозволеност, пред сè поради тоа што многу често навлегуваат во сферата на физичкиот интегритет на личноста и prima facie, претставуваат дела на телесно повредување, но претежноста на заштитеното во однос на повреденото добро, целта на постоењето на односот лекар-пациент и сл. ги оправдуваат лекарските дејствија, односно биомедицинските постапки сè додека тие имаат терапевтска и доброволна основа. Денес, споменатата патерналистичка фаза во која доминантна е улогата на лекарот, поминува во фаза на автономија на пациентот кој станува сè поактивен субјект во процесот на лекувањето, запознаен со сите

процедури, методи, ризици и предности и за можните опции воопшто и кој самиот одлучува која од нив ќе ја примени во својот случај.

Новите биомедицински технологии навлегуваат длабоко во најсуптилните сфери на областа на човековите права, а правото како етички минимум мора да најде цврсти основи за да постави пермисивни или прохибитивни норми. Одговорите на прашањата и дилемите во оваа смисла, според Деаноска – Трендафилова, треба да се бараат во основниот систем на вредности, но според неа, актуелната состојба на филозофијата на моралот не го дозволува таквиот развој, првенствено токму заради тоа што не постои единствен систем на вредности, главно поради моралниот скептицизам. Оттука и состојбата во биоетиката е врзана за индивидуални ставови и гледишта кои само уште повеќе ја усложнуваат ситуацијата и ги заматуваат дури и основните правци на изнаоѓање на бараните основи.

Петтиот дел носи наслов „Генетиката и инкриминациите во медицинското право – компаративен преглед. Во него е направен преглед на медицинското право во Канада, Австралија, Белгија, Шпанија, Шведска, Франција и Македонија и тоа во поопшта смисла, со определување на поимот, изворите, развојот и слично, како и поконкретно, на развојот и облиците на генетските интервенции и медицинските инкриминации во оваа сфера.

Таа констатира дека националните законодавства на државите во поглед на медицинското право се различни, но прилично опфатни во поглед на посебните медицински интервенции. Во поглед на генетските манипулации, конкретно, националната регулатива сепак е посиромашна и се сведува на пренаталната апликација на генетските тестови со цел спречување на пренесување на наследните болести врз идните поколенија/откривање на деформитети, генетски скрининг и сл. Натаму, се истакнува дека поблиските генетски казнени дела најчесто се опфатени со посебните закони кои ја регулираат материјата на вештачкото оплодување и различните видови потпомогнати оплодувања. Така, на пример, клонирањето генерално е инкриминација поместена во законите за артифициелните репродуктивни технологии, како што е случајот и кај нас со Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување. Како исклучок се истакнува Шпанскиот КЗ во кој е издвоена посебна глава на дела во врска со генетските манипулации, а посебна глава со дела од областа на генетските испитувања постои и во Францускиот кривичен законик. Карактеристичен пример, според Деаноска – Трендафилова, е и Хрватска која инкриминацијата на клонирањето ја има поместено во Казнениот законик и тоа во главата кривични дела против животот и телото, иако ваквата

систематизација е спорна дури и за хрватските правни експерти. На крајот на овој дел, кандидатката истакнува дека биоетиката како млада наука неразделно е поврзана со медицинското право, но правците на нејзиниот развој се широко критикувани. Така, француските правни експерти сметаат дека таа сѐ повеќе се преклопува со медицинското право и претендира да стане нормативна дисциплина, и притоа поставуваат неколку интересни прашања: дали со ова биоетиката „врши самоубиство" или ја надминува Дарвиновата фаза на развиток? Дали доколку биоетиката стане право, сѐ уште ќе биде биоетика и дали, всушност, го користи Тројанскиот коњ за да го освои медицинското право?

Во последниот дел од докторската дисертација се дадени заклучоците на авторката кои произлегуваат од самата студија, како и предлозите за измени на релевантното законодавство. Меѓу другото, таа ги определува генетски асоцираните процедури како допуштени (легални и легитимни) доколку ги исполнуваат следниве услови: да претставуваат терапевтски техники и да ги исполнуваат основните минимални барања кои важат за сите биомедицински процедури врз хумани субјекти воопшто, а тоа се: почитувањето на човечкото достоинство, идентитетот, физичкиот и менталниот интегритет и на другите основни човекови слободи и права, обезбедувањето на т.н. согласност дадена по информирање, со информирање во форма разбирлива за субјектот, целосно, детално и несугестибилно, запазување на формата на дадената согласност и можноста за нејзино отповикување во секое време без никакви правни и други последици и почитување на соодветните медицински протоколи, обезбедувањето услови за максимум придобивки и минимизирање на ризиците од интервенцијата, обезбедувањето на дополнителна заштита за лицата кои не се способни да дадат правно релевантна изјава на волја – малолетните, душевно болните лица и сл. и обезбедувањето ефикасна правна заштита во случај на повреди на правилата и злоупотреби.

Генетски асоцираните експериментални процедури, пак, се допуштени доколку се исполнат следниве дополнителни услови: да не постои друга применлива терапевтска техника за третирање на болеста или состојбата на која се однесува експерименталната процедура, процедурата да биде одобрена од соодветна етичка комисија или слично тело, да се запазат стандардите за информираната согласност со особен акцент врз фактот дека се работи за експериментална процедура, предвидливите ризици да се минимални и занемарливи во поглед на очекувањата за здравствените придобивки, ранливите групи на субјекти да се генерално исклучени од кругот на потенцијални субјекти на експерименталните процедури, освен во случај на итност, непостоење

алтернатива и потреба од интервенција за потребите на здравјето на токму тоа лице, нему блиско лице или иста категорија на лица, такви истражувања веќе да се спроведени врз други, пред сé, животински организми со запазување на барањата за немачење на животните, пред да се спроведат врз хумани субјекти.

Како забрани се определени зафатите во насока на менување на човечкиот геном, клонирањето човечки суштества и генските терапии врз герминативни клетки. Натаму, кандидатката прави поделба на генетските казнени дела на прави и неправи. Првите претставуваат дела кај кои генетската техника е дејствие на извршување, при што се добива „забранетиот продукт" – генетски модифициран организам, модифициран геном и сл., додека вторите претставуваат определени повреди на материјалните прописи за поодделните генетски интервенции или, пак, класични кривични дела, каде што генетскиот елемент е само начин или средство на извршување на делото и сл.

Правите генетски казнени дела претставуваат и поблиски дела на генетски манипулации (клонирање, манипулации со герминативни клетки и герминативна генска перапија, создавање биолошко оружје по пат на генетски инженеринг, создавање на патогени синтетски организми – организми со синтетски геном заради употреба како биолошко оружје итн.).

Во насока на измена на постојното законодавство, кандидатката предлага измена на чл. 68 од Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување кој се однесува на клонирањето, инкриминирање на дејствијата на вршењето на клонирањето од страна на организирана група, учеството во група формирана за вршење на дела на клонирање човечки суштества, повикувањето на вршење клонирање, евгенички и слични дела; натаму, се предлага измена и на чл. 69 од Законот за биомедицински потпомогнато оплодување со кој е инкриминирано создавањето на хибриди и химери и слични дејствија, измена во Законот за заштита на правата на пациентите, поточно во член 32, став 3 со кој „се забранува преземање на зафати на човековиот геном за други освен превентивни, дијагностички и терапевтски цели и без соодветно генетско советување" и негово дополнување со соодветни санкции и др. Кандидатката предлага инкриминирање и на сурогат - мајчинството и подигање на следните прекршоци од Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување на ниво на кривични дела: земање јајце - клетки и сперматозоиди од лица кои не се полнолетни и деловно способни и кои не се согласиле да донираат јајце - клетки или сперматозоиди, користење на постапката на биомедицински потпомогнатото оплодување со цел за бирање на полот на идното дете, освен за одбегнување на тешка наследна болест поврзана со полот, мешање машки, односно женски полови клетки, настанати од

сперматозоиди на двајца или повеќе мажи или јајце-клетки на две или повеќе жени во постапката на биомедицински потпомогнатото оплодување, трговија со полови клетки и ембриони и/или објавување јавен оглас на кој се бараат или нудат полови клетки или ембриони со посредување на јавните медиуми или на кој било друг начин, и мешање на клеточна содржина од две жени. Се предлага инкриминирање и на дејствијата на генетски манипулации (генетски инженеринг) врз патогени бактерии, вируси и други биолошки агенси употребливи како биолошко оружје, како и создавањето на синтетски организми за немирољубиви цели, на герминативната генска терапија и др.

Во поглед на прашањето за издвојување на посебна глава на кривични дела од областа на генетиката во Кривичниот законик, кандидатката смета дека атомизмот во казненото право е мошне значаен за научните студии и изучувања на одделните видови криминал, но пренесен врз полето на структурата на посебниот дел на Кривичниот законик би значело воведување на нова структура во него, и поместување во една глава на дела со различен, па и подалечен објект на заштита. Затоа, од причина да не се наруши класичната структура на делата според поблискиот објект на заштита, категоријата генетски казнени дела треба да се задржи само на полето на научните казненоправни (и криминолошки) проучувања, а не да добие свој одраз и во Кривичниот законик.

## Оцена на докторската дисертација

За предмет на својата дисертација кандидатката избрала ретко актуелна и теоретски мошне комплексна тема. Таа е колку казненоправна, толку и медицинска, биолошка и филозофска. Потребата од мултидисциплинарен пристап и актуализирањето на односот меѓу филозофијата и етиката, биолошките и медицинските науки и правото е последица на незадоволството од импликациите на развојот на науката и технолошкиот развој врз хуманата иднина на современото општество. Несподелена е оцената дека истражувањата во природните, биолошките и медицинските науки не секогаш се поврзани и мотивирани со хуманите вредности и дека покрај неспорната корисност на нивните резултати на многу подрачја, не само што не се намалени, туку се зголемени опасностите од нивната злоупотреба за цели спротивни на интересите на човекот. Продлабочувањето на јазот меѓу научно-технолошкиот и хуманиот развој на општеството, во последните декади на XX век резултира со појава на изразит критицизам во однос на сепаратниот развој на филозофијата, етиката, биолошките и медицинските науки и правната наука. Денес никој не го доведува

во прашање придонесот на двовековниот развој на науката за огромните цивилизациски чекори на современото општество, на сите подрачја на животот на човекот. Но, токму таквиот цивилизациски, разумен развој, го изострува до крајни граници значењето на познатиот "*Oppenheimer--paradox*" (атомската бомба е научен пронајдок, но таа е туѓа на науката): во која мера таквиот развој го прави човекот среќен и му дава на неговиот живот содржина вдахновена со апсолутните вредности на вистината, добрината, убавината и правдата. Наспроти огромниот напредок на науката, технологијата и знаењата, постои општа согласност дека човештвото е мошне далеку од рационално-хуманистичка организација на општеството. Можностите за злоупотреба на научните знаења се прошируваат во сè поголем број подрачја: уништување на животната средина, војните, генетските и други манипулации со луѓето итн. Врз таа основа, сосема ненасилно се наметнува прашањето за потребата од заштита на општеството од злоупотребите на науката и за одговорноста на научниците и оние што ги користат резултатите на нивната работа. Ако науката не само ја осознава, туку ја создава и ја менува објективната реалност, тогаш несомнено треба да ја преземе одговорноста за зачувувањето и развивањето на нејзината хумана димензија, за гарантирањето на централната позиција на човекот во изменетиот свет.

Новите открития во науката, посебно во биологијата и медицината, ги менуваат претставите за светот, но уште поважно е дека продираат во есенцијалните карактеристики на самиот човек. Доведена е во прашање дури и етичката функција на смртта, а тоа може да има далекусежни консеквенции во однос на сите поимања за човекот, неговата слобода и права. Треба само да се замисли како развојот на биолошките науки и био-експериментите, клонирањето на човечки битија итн., може да доведе до бесмртност на избрани, и како во тој случај би триумфирал човековиот егоизам и нечовечки нагони.

Правото има посебна улога во вредносната реконструкција на современото општество засновано врз знаења. Тоа е автопоетичен систем, директно поврзан со егзистенцијалните, универзални вредности на човекот, чиешто признавање не може да биде условено со конкретните историски и општествени околности. Засилувањето на рационалната компонента на промислување на опасностите што ги носи современата трансформација на општеството и неговиот научно-технолошки развој за интересите, слободите и правата на поединецот ја има за директна консеквенција афирмацијата на универзалниот концепт на човековите слободи и права низ основните

меѓународни документи за правата на човекот, усвоени во втората половина на XX век.

Врз таква аксиолошка основа, која ги детерминира релациите меѓу правото, филозофијата, етиката и науката, е, односно треба да биде поставен и системот на казненоправната заштита на човековите слободи и права. Еден од главните правци на современата казненоправна реформа е токму пропишувањето на нивната казненоправна заштита од злоупотребите на научниот и технолошкиот развој, посебно во подрачјето на забраните на биолошки експерименти и клонирање на човекови битија, дела на незаконита трговија и недозволена трансплантација на делови на човековото тело итн. Новата аксиолошка ориентација на правната филозофија резултира со проширување на подрачјата на науката, научните истражувања и примената на научните резултати, кои стануваат предмет на правна регулатива и правни забрани. Највисок степен на таква филозофско-научно-правна симбиоза е постигнат во областа на биоетиката. Како учење за етичките контроверзии на напредокот на биологијата и медицината, биоетиката ги сублимира филозофските, политичките, правните, теолошките и други аспекти на развојот на науката во подрачје кое е од битно значење за човековата егзистенција. Денес тоа ја има достигнато својата зрела фаза на научно конституирање и е фокусирано врз етичките, филозофските и правните аспекти на граничните прашања на животот (абортус, евтаназија) и со нив поврзаните можности за медицински интервенции (донирање на органи), медицинските експерименти, новите методи на лекување, оплодувањењето in vitro, генетските модификации и клонирањето, како и правото на откажување од медицинска заштита од религиозни или културни причини. Постапно се фомулирани основните принципи на биоетиката: автономија на волјата, корист од истражувањата и примената на научните откритија за човековиот живот и здравје, правдата, човековото достоинство и неповредливоста на животот на човекот.

Комплексноста на подрачјето што кандидатката го избрала за предмет на својата докторска дисертација произлегува од граничната природа на објектот на истражувањето, кој повлекува сложен методолошки пристап и мултифакторска анализа на сите основни детерминанти на нејзината можна казненоправна рамка. На казненоправниот пристап му претходи онтолошкиот пристап, кој, пак, имплицира филозофски, етички, медицински, социјални, теолошки и бројни други консидерации, на кој пак пристап му претходат прашања кои допираат до самата суштина на човековото битие: што е човекот како тоталитет и идентитет

на личноста, што е животот, а што смртта, што е здравјето, а што болеста итн.- прашања кои бараат одговори кои често се надвор од подрачјето на научниот, па дури и филозофскиот пристап. Веќе самото поставување на појдовната теза на авторот- дека дејствијата на генетски интервенции во најширока смисла како врвни научни и технолошки достигнувања се медицински, правно и етички оправдани само доколку се вршат во терапевтски цели, односно се преземаат заради заштита на човечкиот живот и здравје без да претставуваат повреди на основните права и слободи и на достоинството на човекот и другите врвни хумани вредности, е вовед во нашироко разгорениот дискурс за односот меѓу филозофијата, етиката, науката (вклучувајќи ги биолошките и медицинските) и правото.

Таквиот дискурс наметнува потреба од научна анализа на следниве прашања: дали науката, филозофијата и етиката се разделени, неповрзани подрачја, и дали кој било правен концепт кој ги покрива најсуштествените подрачја за човекот може да се развие врз атомистички или врз холистички пристап; дали научните истражувања во областа на биологијата, медицината и сродните науки, кои се насочени кон продолжување на човековиот век и неговото здравје и кои се, начелно, неспоредливо со кои и да било други истражувања корисни за човекот и за квалитетот на неговиот живот, можат да бидат злоупотребени за цели спротивни на хуманите вредности; дали и врз која основа може да се определи дека некои истражувања, резултати и нивна примена, претставуваат "злоупотреби" на науката; дали и во која мера е неопходно поставување на казненоправни забрани на недозволените генетски и други манипулации, кои се од една страна во функција на заштита на човековите слободи и права, а од друга страна не ја ограничуваат слободата на научните истражувања што имаат за цел нивно унапредување; и врз каква претходно создадена доктринарна основа, што подразбира постоење на основни правила на биомедицината и медицинското право, можат да бидат поставени законските обележја на инкриминациите на генетски и други манипулации, во согласност со основните начела на казненото право.

Со примена на сложена методолошка постапка, која се потпира врз мултидисциплинарна постапка на анализа и синтеза, примена на дескриптивен, компаративен и телеолошки, како и филозофско-правен метод, кандидатката успешно одговара на основните прашања што ги наметнува предметот на нејзиното истражување. Низ минуциозна анализа на современиот развој на биолошките и медицинските науки, посебно генетиката, и примената на нивните научни резултати, јасно е расветлен и научно образложен процесот на креирање

на правилата и стандардите за хуманата генетика и другите биоетички прашања, кренати на рамништето на меѓународни стандарди за генетските и други биомедицински постапки и инкорпорирањето на поважните меѓународни правила кои имаат казненоправна природа во националните законодавства. Подрачјето на кое најнепосредно се прекршуваат основните противречности на оваа материја- односот лекар – пациент, филозофско-етичките начела и основите за допуштеност на биомедицинските интервенции, најпогодно за развивање на "тестот" на преваленција на заштитеното во однос на повреденото добро, кандидатката го анализира користејќи го аксиолошкиот метод како основа која ги поврзува био-етиката и медицинската доктрина со правната доктрина и правните норми.

Посебна вредност на трудот се и компаративните согледувања и заклучоците кои се формулирани врз компаративниот метод, кој ги презентира разликите во современите законодавства во однос на медицинското право и генетските манипулации, како и методите на уредување на инкриминациите во оваа област (во посебни закони или во казнените законици).

Со примената на сложена методолошка постапка и сеопфатна, но со нужната мера, на развитокот на генетиката и другите биолошки и медицински науки, кандидатката ги формулира своите заклучни согледувања како вредносни определби во однос на легалноста и легитимноста на генетски асоцираните процедури и постапките кои треба да бидат забранети и казниви. Поставувајќи ги своите завршни тези врз доволно аргументирана и научно издржана основа, кандидатката ги формулира и своите завршни предлози во однос на модифицирањето на постојните инкриминации, пропишувањето нови и системското обликување на правната регулатива на подрачјето на биомедицината.

## Заклучок и предлог

Оценувајќи ја вредноста на трудот, неговата методолошка основа, длабочината на научниот пристап, способноста за научна анализа и заклучоци, како и начинот и стилот на излагање на материјата, Комисијата оценува дека се работи за дисертација која претставува сериозен придонес во македонската наука на казненото право, биомедицината и медицинското право и му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да го усвои извештајот на Комисијата и да определи датум за одбрана на

докторската дисертација на кандидатката м-р Александра Деаноска-Трендафилова, со наслов „Казненоправни аспекти на генетските манипулации".

Скопје, 1.9.2010

Членови на Комисијата:

1. Акад. Георги Ефремов с.р.
2. Акад. Владо Камбовски с.р.
3. Проф. д-р Љупчо Арнаудовски с.р.
4. Проф. д-р Методија Каневчев с.р.
5. Проф. д-р Никола Тупанчески с.р.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет „Јустинијан Први"
Бр. 03-744/1
15-09-2010 год.
СКОПЈЕ

189

# РЕФЕРАТ

## *ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВОВЕДНИ И ТЕОРЕТСКО ПРАВНИ НАУКИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ*

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, донесена на седницата одржана на 30.8.2010 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на соработник во соработничко звање - асистент на научната област воведни и теоретско правни науки, по конкурсот објавен на 16.8.2010 година во дневните весници „Дневник" и „Коха".

На објавениот конкурс за избор на соработник во соработничко звање - асистент на научната област воведни и теоретско правни науки, во предвидениот рок се јавија двајца кандидати, м-р Наташа Басарова и м-р Александар Спасов.

Комисијата во состав: д-р Миодраг Мицајков, редовен професор, д-р Димитар Бајалџиев, редовен професор и д-р Рената Дескоска, вонреден професор, врз основа на разгледаните пријави и приложени материјали, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### *Кандидат: м-р Наташа Басарова*

I. Биографски податоци

Кандидатката м-р Наташа Басарова е родена на 30.7.1979 година во Велес. Високото образование го завршила на отсекот за социологија во рамките на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со што се стекнала со стручниот назив дипломиран социолог. Постдипломските студии ги завршила на истиот Факултет на Институтот за педагогија, при што ги положила сите предвидени испити со средна оценка 8.42, а на 26.3.2009 година успешно го одбранила магистерскиот труд под наслов „Комуникациските вештини на директорите на училиштата" и се стекнала со научен степен магистер по менаџмент на образованието.

Кандидатката м-р Наташа Басарова по завршувањето на студиите 3 месеци работела како професор по граѓанско образование во средно училиште. Кандидатката има стекнато компјутерски вештини, стручни квалификации за водење книговодство и основно познавање на англискиот јазик и добро познавање на германскиот јазик.

### *Кандидат: м-р Александар Спасов*

I. Биографски податоци

Кандидатот м-р Александар Спасов е роден во Скопје на 16.3.1981 година. Основното образование го има завршено во Скопје и Краков, Република Полска, кадешто во 1994 година се стекнал со диплома со црвена лента за особен успех и резултат постигнат во учењето за учебната 1993/1994 година, доделен од Министерството за образование на Република

Полска. На крајот на основното образование е прогласен за најдобар ученик „Рациновец" за генерацијата 1994/1995 во Основното училиште „Кочо Рацин" во Скопје. Средното образование го завршил во Гимназијата „Јосип Броз Тито" во Скопје со континуиран одличен успех.

Во учебната 1999/2000 се запишал како редовен студент на правните студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и истите ги завршил во октомври 2005 година со средна оценка 9,29, со што се стекнал со стручниот назив дипломиран правник. Од учебната 2005/2006 година е запишан на постдипломските студии по Теорија на правото на Правниот факултет „Јустинијан Први", а заклучно со јули 2008 година ги положил сите испити на постдипломските студии со просечна оценка 10. Во јули 2008 година, со одлука на Наставно-научниот совет е прифатена пријавата за изработка на магистерска теза, пријавената тема „Државниот суверенитет во контекст на процесите на глобализацијата" е оценета како подобна, а за ментор е определен проф. д-р Димитар Бајалџиев. М-р Александар Спасов успешно го одбранил магистерскиот труд „Државниот суверенитет во контекст на процесите на глобализацијата", во јуни 2010 година, со што се стекнал со научен степен магистер на правни науки од областа на теоријата на правото.

М-р Александар Спасов во текот на додипломските и постдипломските студии покажал исклучителен интереси и успех во совладувањето на наставните дисциплини. Во мај и јуни 2000 година, по препорака на предметните професори, поминува две недели на студиска размена на Правниот факултет при Универзитетот „Ломоносов" во Москва, Русија. Од учебната 2001/2002 година е избран за демонстратор на наставната дисциплина вовед во правото. На истата дисциплина е избиран за демонстратор вкупно 7 пати од 2001 до 2008 година. Во декември 2008 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет е избран во звањето помлад асистент на дисциплините вовед во правото и теорија на правото. Како демонстратор и помлад асистент тој учествува во подготовката и спроведувањето на вежбите, подготовка на наставата, спроведување колоквиуми, учество во организација на испитите, како и во голем број административно-технички задолженија. Од учебната 2007/2008 година до денес, м-р Александар Спасов спроведува вежби и по предметот филозофија на правото, а во летниот семестар на учебната 2009/2010 година и по предметот уставно право.

М-р Александар Спасов, за време на студиите во учебните 2003/2004 и 2004/2005, работи како проект-асистент на проектот „Правна библиотека на германски јазик на Правниот факултет" во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка од Бон, СР Германија. Соработката резултира со донација на повеќе од 500 наслови од различни правни области за наставниот кадар и студентите на Правниот факултет.

Во рамките на студиите м-р Александар Спасов активно учествувал и на Ораторските вечери „Иво Пухан" на кои во 1999 година ја освоил третата награда, а во 2000 година втората награда. Во 2001 година е избран за генерален секретар, а во 2002 година за претседател на „Клубот на оратори", организација која ги обединува учесниците на Ораторските вечери. Во периодот јануари-мај 2003 година бил практикант во Собранието на Република Македонија, односно во неговата Комисија за одбрана и безбедност, а за својата работа добил писмо со благодарност и препораки од тогашниот претседател на Комисијата. Од март до август 2006 година, м-р Александар Спасов бил стипендист на Сојузниот парламент на СР Германија (Германски Бундестаг), каде што остварил стручна практика во канцеларијата на Ернст Бургбахер, пратеник во Бундестагот, а паралелно бил запишан и посетувал настава по теорија на државата и правото, филозофија на правото и право на ЕУ на Правниот факултет при Универзитетот „Хумболдт" во Берлин.

М-р Александар Спасов е активен и во невладините и граѓански асоцијации за време на студиите и после тоа. Од 1999 до 2001 година бил еден од координаторите на Проектот „Клубови за човекови права" при Информативниот центар за граѓанско општество во соработка со Групата за малцински права од Лондон, Велика Британија. Од 2007 година е програмски менаџер на Прогрес-институтот за социјална демократија во Скопје. Во 2008 година станува член на „Друштвото Југоисточна Европа" од Минхен, СР Германија, организација со консултантски статус при Министерството за надворешни работи на СР Германија.

М-р Александар Спасов е автор и на повеќе научни и стручни трудови објавени во зборници на Правниот факултет, Институтот за македонски јазик, Советот за македонски јазик и Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура посветени на развојот на државноста и концептот на јавната власт, методолошките проблеми во проучувањето на државниот суверенитет и јавната власт и моделите на официјални јазици и службената употреба на малцинските јазици во Република Македонија, земјите на ЕУ и земјите од Северна Америка. М-р Александар Спасов е стручен редактор и лектор на македонскиот превод на „Законот за кривична постапка на СР Германија", издаден од Германската фондација за меѓународна правна соработка од Бон, а поддржано од Пактот за стабилност на Југоисточна Европа. Актуелно работи како уредник на Зборник посветен на развојот на правната држава во издание на Фондацијата „Фридрих Еберт" и Германската фондација за меѓународна правна соработка.

М-р Александар Спасов активно владее со англискиот, германскиот и српскиот/хрватскиот јазик, а се служи и со полскиот јазик.

II. Учество на семинари, обуки и конференции

Кандидатот Александар Спасов учествувал на следниве семинари обуки и конференции:

- 1998, Курс за граѓанско општество и невладини организации при Македонскиот политиколошки форум;
- 2000, Конференција на тема „Имплементација на Рамковната конвенција за национални малцинства", организирана од Советот на Европа во Стразбур, Р. Франција;
- 2002, Конференција на тема „Проширувањето на НАТО и безбедносната политика во 21. век", организирана од „Младите Европејци за безбедност" од Данска;
- 2002, Летна школа „Посткомунистичката транзиција и европските интегративни процеси" при Универзитетот во Болоња, Италија;
- 2002, Летна школа „Германски јазик за правници" при Гете-институтот, Бон, СР Германија;
- 2003 гостин-студент на Правниот факултет при Слободниот универзитет од Берлин, Германија;
- 2003, практикант во Собранието на Република Македонија (Комисија за одбрана и безбедност), во рамките на програмата на Националниот демократски институт од Вашингтон, САД;
- 2003, Летен универзитет „Германски јазик за правници" при Универзитетот Пасау, Германија. Диплома за положени испити од уставно право на СР Германија и казнено право-општ и посебен дел.
- 2006, практикант во германскиот Бундестаг во администрацијата на Ернст Бургбахер, пратеник, член на парламентарна група на Слободната демократска партија во рамките на програмата 'Меѓународна парламентарна пракса' на Германскиот Бундестаг;
- 2006 (април-јули), семинари за политичка идеологија и политичка практика организирани од политичките фондации во СР Германија

(„Фридрих Еберт" , „Конрад Аденауер" , „Фридрих Науман" , „Ханс Сајдел", „Хајнрих Бел", „Роза Луксембург";

- 2006, гостин-предавач на Филозофскиот факултет-Институт за славистика при Универзитетот Хумболдт во Берлин, Германија, посветено на мултилингвалните општества како предизвик за иднината;
- 2006, гостин-студент на Правниот факултет при Универзитетот Хумболдт, Берлин, Германија. Курсеви по теорија на државата и правото и европско право;
- 2007, Годишна конференција на „Друштвото Југоисточна Европа" од Минхен, Германија;
- 2008, Конференција посветена на рамковниот логички пристап при планирањето на проекти во Стокхолм, Шведска;
- 2008, Конференција на Националниот демократски институт, посветена на соработката на политичките фондации во Белград, Србија;
- 2009, модератор на панел посветен на процесите на лустрација во транзиционите земји во рамките на меѓународната конференција „Односот меѓу граѓанинот и државата во демократската правна држава" организирана од Фондацијата „Фридрих Еберт"- Канцеларија Скопје, Македонија и Германската фондација за меѓународна правна соработка од Бон, СР Германија;
- 2010, уредник на зборник на трудови презентирани во рамките на меѓународната конференција „Односот меѓу граѓанинот и државата во демократската правна држава" организирана од Фондација „Фридрих Еберт"- Канцеларија Скопје, Македонија и Германската фондација за меѓународна правна соработка од Бон, СР Германија.

III. Авторство на научни, стручни и популарни трудови и стручни рецензии и интервјуа

III.1. Кандидатот Александар Спасов е коавтор на следниве трудови:

1. **Некои аспекти на политичките ориентации на ТМОРО, Скопје: Гимназија „Јосип Броз Тито", 1998.**
   Авторот се осврнува на организациската поставеност и активноста на Македонската револуционерна организација од 1900 година до 1903 година (предвечерјето на Илинденското востание). Авторот особено се задржува на дилемите и дискусиите кон одлуката за кревање на Илинденското востание.

2. **Некои модели на статусот на стандардните јазици со посебен оглед на македонскиот јазик, во: Македонски социолингвистички и филолошки теми, Скопје: Совет за македонски ја зик на РМ, 2002.**
   Авторот ги разгледува поимите службен јазик и јазик во службена употреба како и моделите на службени јазици во САД, Канада и поранешната СФРЈ. Авторот прави анализа на одредбите за службен јазик (јазици) во Рамковниот договор од 2001 г.
3. **Македонскиот јазик и европските интеграции, во: Зборник на трудови: Општествените промени и јазикот, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", 2004.**

Авторот ја анализира јазичната политика во ЕУ, јазичното планирање во ЕУ, јазичната политика на новите земји - членки на ЕУ, а се осврнува и на перспективите на јазичната политика во Македонија во контекст на европските интеграции.

**4. Декларацијата на АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија во споредба со француската Декларација за основните права на човекот и граѓанинот од 1789 г. (текстолошка анализа), во: Спасов, Љ.,Избрани поглавја од историјата на македонскиот писмен јазик (бојата на јазикот), дел втор, Скопје:Култура,2006.**

Авторот ги анализира лексиката, јазичните конструкции и стилот во споменатите декларации и смета дека француската Декларација и воопшто француската политичка мисла има големо влијание врз процесот на формирање на македонската држава по Втората светска војна што најдобро се огледа во фундаментален документ донесен од АСНОМ како што е Декларацијата за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија.

**5. Децентрализацијата во Македонија (Рамномерен регионален развој и образование)- состојби и перспективи, Скопје: Прогрес-институт,2008**

Авторот ги анализира легислативните основи на децентрализацијата во образованието и рамномерниот регионален развој (законски и подзаконски акти), нивната институционална поставеност, но и реланото функционирање на оваа структура предвидена со законите и особено бројните проблеми и предизвици со кои се соочуваат општините.

**6. Децентрализацијата во Македонија (Рамномерен регионален развој и локален економски развој)- состојби и перспективи, Скопје: Прогрес-институт,2009**

Авторот ја анализира примената на Законот за рамномерен регионален развој од 2007 година во Република Македонија, во рамките на процесот на децентрализацијата, како и улогата на институциите за рамномерен регионален развој, основани согласно со Законот и подзаконските акти, во поттикнувањето на локалниот економски развој.

**7. Падот и обновата на државноста во феудализмот-Западот по падот на Римската Империја во: Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во чест на Владимир Митков, Скопје: Правен факултет, 2010.**

Авторот го анализира концептот на суверенитетот по падот на Западното Римско Царство (476 г.) во интелектуалните концепции на Св. Тома Аквински и антипапските мислители и во политичката практика на средниот век.

**8. „Закон за кривична постапка на Сојузна Република Германија - придонеси од работата на Фондацијата за меѓународна правна соработка (ИРЗ) Македонија, Том 1", Скопје: Магор, 2009.**

Авторот врши усогласување на германската правна терминологија користена во законскиот текст со соодветна македонска правна терминологија во рамките на македонскиот превод на Законот за кривична постапка на СР Германија.

**Заклучоци и предлог**

Комисијата со внимание ги разгледа пријавите на кандидатите и направи преглед на нивните успеси и постигнувања.

Комисијата ги анализираше референците на кандидатите и согласно со Законот за високото образование, Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и останатите општи акти на Факултетот, констатира дека кандидатката м-р Наташа Басарова нема завршено соодветно образование (правен факултет) и нема стекнато научен степен магистер од соодветната научна област (воведни и теоретско правни науки, односно теорија на правото).

Кандидатот м-р Александар Спасов има завршено соодветно образование - правен факултет односно завршил Правен факултет на насоката меѓународно право и се стекнал со соодветен научен степен магистер на правни науки од областа на теоријата на правото. При тоа, во текот на додипломските студии, од предметите вовед во правото, филозофија на правото и етика (значајни за дисциплината) добил највисока оценка 10.

Комисијата одлучи да даде позитивна препорака на кандидатот м-р Александар Спасов, од следниве причини:

- кандидатот го завршил правниот факултет, со висок просечен успех 9,29, што ја покажува неговата способност за брзо учење и совладување на знаења;
- кандидатот ги положил испитите на постдипломските студии од областа теорија на правото со просечен успех 10 и успешно го одбранил својот магистерски труд со што ја покажал својата способност брзо да се надградува на научен план;
- кандидатот 7 учебни години работел како демонстратор на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на областа вовед во правото/теорија на правото и веќе 3 семестри работи како помлад асистент на научната област воведни и теоретско правни науки, со што има стекнато големо искуство во наставно-научниот процес;
- кандидатот покажал одлични резултати во спроведувањето на вежбите и учеството во спроведувањето на наставата и испитите на предметите вовед во правото, теорија на правото и филозофија на правото;
- кандидатот покажува извонредни способности за комуникација со студентите и одлични педагошки квалификации, што е докажано и со одличните резултати од спроведените евалуации на соодветните студиски години;
- кандидатот вредно, навремено и совесно го извршува своите работни задачи;
- кандидатот имал активен ангажман и во остварувањето на научните и апликативните проекти на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и во тоа покажува особен успех и ефикасност во работењето;
- кандидатот бил учесник на бројни семинари, обуки и конференции, во земјата и во странство;
- кандидатот е автор/коавтор на повеќе стручни, научни и популарни трудови од областа на теоријата на државата и правото, историјата, политиката и европските интеграции, кои го покажуваат неговиот брз напредок на полето на науката и го покажуваат неговиот постојан ангажман на полето на неговото научно и стручно усовршување, одлични способности за анализа и научна синтеза;

**Поради сево погоре наведено, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во соработничко звање - асистент на научната област воведни и теоретско правни науки да го избере кандидатот м-р Александар Спасов.**

**КОМИСИЈА,**

Проф. д-р Миодраг Мицајков с.р.

__________________________

Проф. д-р Димитар Бајалџиев с.р.

__________________________

Проф. д-р Рената Дескоска с.р.

__________________________

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ФЛУКТУАЦИЈА И АПСЕНТИЗАМ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР (ОБРАЗОВАНИЕ И ЗДРАВСТВО) НА КОСОВО"ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АФРИМ ЛОКУ, ПРИЈАВЕНА ВО ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања, (одлука бр. 02-744/11) од седницата одржана на 12.5.2010 година, формирана е Комисија за оцена на докторската дисертација "**Флуктуација и апсентизам на вработените во јавниот сектор (образование и здравство) на Косово**" од кандидатот м-р Африм Локу, во состав: проф. д-р Аница Драговиќ, проф. д-р Јорде Јаќимовски, проф д-р Тодор Кралев, проф-д-р Љубица Чонева и доц. д-р Насер Раими.

Комисијата во горниот состав ја прегледа и ја оцени докторската дисертација на кандидатот и на Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Африм Локу, под наслов **„Флуктуација и апсентизам на вработените во јавниот сектор (образование и здравство) на Косово"**, е поделена во 7 глави и библиографија од домашна и странска литература.

Првата дел е Вовед во кој се објаснува проблемот на истражување, се дефинира предметот на теоретското и операционално рамниште, се дефинира хипотетската рамка, а во посебен поддел се објаснува методолошкиот пристап задржувајќи се поспецифично на општиот истражувачки пристап, изворите на податоците и на дизајнирање на примероците. Кандидатот истакнува дека истражувачкиот проблемот е

содржан во фактот дека за развојот на една институција е потребен поголем број и поквалитетни информации кои се однесуваат на човечките ресурси. Појавите какви што се апсентизмот и флуктуацијата се појави кои треба систематски да се следат, односно постојано дааследат причините кои доведуваат до нив. Кандидатот истакнува дека апсентизмот од работното место, како и флуктуацијата во јавниот сектор во Косово се чести појави, кое го документира со емпириски факти во самиот труд. Кандидатот се придружува на мислењето дека овие две појави спаѓаат во појави кои се недоволно проучувани и тешко може да се согледаат. Како и кај флуктуацијата, неговите причини се сложени, а нејзините колебања често изгледаат противречни. Врз нејзината појава влијаат случувањата во економската и во личната сфера.

Земајќи ги предвид релевантните објаснувања кои ја третираат оваа проблематика, кандидатот нагласува дека предметот ќе биде истражен преку објективните, субјективните, екстерните и интерните услови, а кои се операционализирани во посебен поддел од докторскиов труд. Појдовната хипотеза е дека истражувањето на апсентизмот и флуктуацијата се особено сложени феномени на кои влијаат многу фактори. Одлуката за одење или неодење на работа, одлуката за давање отказ или останување на старото работно место е индивидуална одлука, но е исто така условена од многу фактори на влијание. Фактори кои се должат на нивното непосредно окружување, а тоа се фактори кои се однесуваат на работниот амбиент, во смисла на големината на установата, условите за работа, задоволството од работата и од односот помеѓу вработените. Не помалку релевантни фактори се и индивидуалните карактеристики на вработените, во однос на нивните демографски карактеристики и нивната социо-економска положба. Сите овие фактори кои се сметаат како фактори кои директно влијаат на одлуката за апсентизам и флуктуација на вработените, особено значајна е и контекст - варијаблата, а тоа е пред се општата економска, политичка и социјална стабилност во средината во која се дејствува. Очекувањата се дека подобрувањето на условите за работа (можноста за професионален развој и лична промоција), материјалната страна на вработените, ефективната контрола

и поголемата транспарентност значително ќе влијае врз намалувањето на флуктуацијата и апсентизмот од работа со што би се зголемила ефективноста и ефкасноста на работата во јавниот сектор.

Предметот на истражување на докторската теза е обработен, теоретски и емпириски. Во теоретскиот дел се користи фондот на знаења и систематски е прикажан прегледот на литературата која се однесува на апсентизмот и флуктуацијата во установите. Емпирискиот дел од трудот се реализира по пат на анкетно истражување и тоа на целен примерок, каде што единица на испитување се вработените во јавните образовни и здравствени институции во Косово.

Во вториот дел од докторскиов труд, теоретски се разработени основните поими низ призмата на релевантната литература која се однесува на определување на поимите апсентизам, флуктуација и значењето на образованието и здравството. Според расположливата литература се истакнува дека постојат тешкотии при точното дефинирање на овие поими. Овој факт доведува до тоа интерпретацијата во литературата, како и споредбата со други слични институционални проблеми, да биде тешко за толкување и објаснување. Генерално, апсентизмот би означувал санкционирано отсуство од работното место, како годишно отсуство, долготрајно отсуство и отсуство кое не е поврзано со појава на болест кај работникот, како што е породилното отсуство. Поопшта дефиниција на апсентизмот би го опфатила секое отсуство од работа откако присуството на работникот на работното место веќе било планирано. Ова го вклучува и отсуството од работа поради болест. Апсентизмот со себе повлекува реперкусии/последици кон работното место, вработените, перформансите на организацијата. Во однос на флуктуацијата, кандидатот го прифаќа моделот на Холман како теоретски модел за истражување на флуктуацијата. Се истакнува дека флуктуацијата е последица на бројните процеси и затоа таа не може да се мери со еден показател, но исто така и повеќе видови на флуктуација. Таа може да се окарактеризира како позитивна флуктуација, негативна флуктуација и потенцијална флуктуација. Причините за флуктуација се различни. За работникот кој заминува од

организацијата претпоставуваме дека бара излез поради свои интереси, амбиции и желби. Работникот кој флуктуира предвидува дека во новата организација ќе може да ги исполни сите свои барања. За разлика од апсентизмот, флуктуацијата може да се пресмета на повеќе начини. Во зависност од тоа со колку податоци располагаме при мерењето на флуктуацијата во различни организации секогаш мора да се внимава да се употребува ист метод за пресметка на стапката на флуктуација. Стапката на флуктуација зависи од: стапка на економска развиеност, развиеност на организацијата, големина на определениот систем и можност за географска мобилност.

Во третиот дел се претставени два особени значајни фактора кои влијаат врз флуктурацијата и апсентизмот, а тоа се оценките на менаџментот, а вториот е за промените во организацијата. Обата аспекта се разработени на теоретско и на емпириско рамниште преку мислењето на испитаниците добиени од анкетното истражување. Мислењето е разработено преку одговорите на анкетираните на поставените прашања во анкетниот прашалник, кои се обработени на ниво на униваријантно и на биваријантно ниво на анализа. Оценките на менаџментот се разработени преку оценките за донесување на одлуки и решавање на проблемот. Промените во организацијата се елаборирани низ аспектите на фазите и чекорите на промените, управување со промените, стратегиите за управањето со промените и имплементицијата на донесените решенија. Врз основа на добиените одговори, односот на менаџментот во институциите е позитивен, а задоволството од донесувањето на одлуките е оценет со средна оценка.

Организациската култура на која е посветен четвртиот дел од докторскиов труд, кандидатот ја смета за особено значајна во објаснување на истражуваниот проблем. Во литературата за менаџментот во деведесетите години, организациската култура станува топ-тема. Во овој дел авторот користи релевантна литература за објаснување на овој поим, посочувајќи дефиниции од различни автори, прикажувајќи ги и различните аспекти на објаснување на организациската култура. Кандидатот ја дефинира

организациската култура преку две битни карактеристики. Една е дека организациската култура го изразува однесувањето на работното место, а второ дека организациската култура ги изразува споделените вредности помеѓу вработените како и нормативниот стил на однесување прифатен од страна на организациските членови.

Аргументите за значајноста на овој аспект во контекст на објаснувањето на аспентизмот и флуктуацијата е во тоа што културата во организацијата е важна за вработените во организацијата, но и за клиентите; таа е детерминатна на стратегијата на работењето на органзацијата; остварување на компаративните предности; механизам за координација на органзацијата, што влијае врз намалувањето на потенцијалните конфликтни ситуации, а е од особено значење и концептот на културата кој вклучува изразување на човековата различност и на различните сфаќања на природата и реалноста што не опкружува. Со тек на времето, елементите на културата длабоко се вкоренуваат во организациското однесување и стануваат основа за начинот на кој ќе се извршува деловното работење.

Петиот дел од докторскиов труд во посебни подделови ги разработува стратегиското извршување, организациската клима и организациското учење.

Стратегиското извршување на институциите е измерено преку одговорите на прашањата за посветеност на квалитетот, негување на тимската работа во институцијата, степен на организирање на тренинзи и едукација во институциите, можноста на вработените да ги изразат своите идеи во институциите, учеството на вработените во конпцетот на донесување на одлуки.

Организацисктата клима се прифаќа како особено значаен амбиент за реализирање на работниот процес, кој во себе ги вклучува меѓусебните односи на директните и индиректните учесници при реализацијата на овој процес, како и материјално-техничите предуслови. Организациската клима се однесува на субјективните реакции на членовите на организацијата и таа е донекаде функција од или реакција на организациската култура. Овој дел е

измерен преку оценките на испитаниците во однос на условите за работа, и оценките за унапредување на работењето во нивната организација. Оценките за меѓучовечките односи се основен услов за добра клима во една институција, а кои во ова истражување има поделени одговори во однос на позитивниот, негативниот и неутралниот став во однос на оваа тема. Според одговорите на испитаниците се воочува незадоволството и критичноста на вработените кон менаџментот на институцијата. Односот на вработените кон своите клиенти е исто така од особено значење. Според одговорите најголемиот број вработените, се свесни за негативните тенденции во својата организација/институција, но и за незаинтересираноста да дознаат повеќе за односот на нивната институција/организација кон клиентите, рефлектиран во бројот на оние што се изјасниле како индиферентни.

Организациското учење е прифатено како особено значаен аспект за развој на организацијата во контекст на зголемување на ефикасноста. Во овој труд организациското учење е детално објаснето низ типовите на организациското учење и управување со знаењето, како и стратегиите на организациското учење, воспоставување на дисциплината, како особено значајни аспекти за негова успешна имплементација.

Во шестиот дел се поместени оценките за мотивацијата на вработените и комуникацијата на организацијата. Кандидатот потенцира дека во литературата за менаџментот се истражувани, елаборирани и класифицирани различни видови на мотиви. Најчеста класификација на мотивите е според значењето што го имаат за задоволување како на физиолошките така и на психолошките потреби на индивидуата. Авторот во овој дел посветува внимание на видовите и на теориите за мотивација, а во овој контекст емпириски е измерено задоволството од работа на испитаниците, степенот на (не)задоволување на потребите, принципите на формирање на плати, а сето тоа во контекст на откривање на тоа дали финансиите се предизвикувачки фактори за отсуство од работа или, пак, за напуштање на работното место. Исто така, за особено значајна се смета и комуникацијата во организацијата. Добрата комуникација го унапредува квалитетот на работењето. Кога сите членови на организацијата се

способни ефективно да комуницираат меѓу себе и со луѓето надвор од организацијата, организацијата има поголема веројатност за повисоко извршување и остварување на поставените задачи и со самото тоа апсентизмот и флуктуација се помалку веројатни да се случат. Според емпирските податоци, во голем дел испитаниците го отфрлаат мислењето дека во нивните организации постои високо ниво на комуниаацija помеѓу вработените и менаџментот. Дополнително, голем дел од испитаниците не ја чувствуваат помошта на менаџментот во остваврување на перформансите во текот на своето работење.

Во седмиот дел се поместени заклучните согледувања на кандидатот во однос на предметот на истражување, каде што ги извлекува најважните сознанија, критички се осврнува на актуелната ситуација и го дава своето видување во однос на вкупната ситуација. Кандидатот е експлицитен во ставот дека Косово со низок економски стандард и висок процент на невработеност има високи стапки на флуктуација. Истражувањето покажа дека флуктуацијата и апсентизмот во образованието и здравството на Косово во голема мера зависат од организационите фактори (плата, задоволство од работа, можноста од напредување), карактеристиките на личноста, каарактеристиките на работата, условите на пазарот на трудот (понудата и побарувачката на работната сила), како и од општествено - економската состојба и глобалните процеси во светот. Одредени сугестии кои ги дава кандидатот се во насока на тоа дека институциите треба да вложат повеќе напори и внимание при откривање на факторите кои предизвикуваат флуктуација и апсентиз, и тоа редизајнирање на организациско ниво.

## ОЦЕНА НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Докторската дисертација **„Флуктуација и апсентизам на вработените во јавниот сектор (образование и здравство) на Косово“** е солидно изработен труд со основните карактеристики на научен приод во проучувањето на проблемот. Тоа се изразува во јасното идентификување на проблемот, предметот и истражувачките прашања, како во структуираноста на трудот, теоретското познавање на проблематиката и покажаното знаење за емпириско изведување на анализа. Придонесот на трудот се состои во развојот на истражувањата на менаџментот на човечките ресурси, а посебно во истражувањата на работната сила и функционирањто на процесот на работа.

Во тој контекст, докторската дисертација претставува сублимат на сознанијата на кандидатот подигнати на степен на синтеза што е битен предуслов за научн истражувачка работа.

Врз основа на сето изнесено, Комисијата за оцена на оваа докторска дисертација, на Научниот совет на Институтот му предлага да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација **„Флуктуација и апсентизам на вработените во јавниот сектор (образование и здравство) на Косово“,** од м-р Африм Локу.

**К о м и с и ј а**

Проф. д-р Аница Драговиќ , с.р.

Проф. д-р Јорде Јакимовски, с.р.

Проф. д-р Тодор Кралев, с.р..

Проф. д-р Љубица Чонева, с.р.

Доц. д-р Насер Раими, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
„**ОБРАЗОВАНИЕТО И ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ**", ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р КИРИЛ БАРБАРЕЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на IX редовна седница одржана на 15.VI 2010 година, именувани сме за членови на Комисијата за преглед и оцена на докторската дисертација: „**Образованието и професионалниот развој на воспитувачите за предучилишното воспитание и образование**", поднесена од м-р Кирил Барбареев. Во тоа својство, имаме чест да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација „***Образованието и професионалниот развој на воспитувачите за предучилишното воспитание и образование***", поднесена од м-р Кирил Барбареев презентирана е на 270 (двесте и седумдесет) страници текст, во кои има 46 табели, 15 слики, 25 графички и 11 шематски прикази и повеќе од 95 извори на знаења и литература.

Докторската дисертација е разработена во четири поглавја, вклучувајќи вовед, заклучоци и понуден модел за образование на воспитувачите.

***Првото поглавје во дисертацијата*** ( стр.10 – 102) е претставено со четири тематски целини и се однесува на општите и историски карактеристики на воспитанието и образованието на воспитувачите. Во овој дел, м-р Кирил Барбареев јасно го осветлува значењето на образованието на воспитувачот, кое треба да биде во функција на целокупното човеково создавање изразено во личноста на воспитувачот воопшто и структурата на воспитно-образовниот процес. Преку посебна тематска целина (стр. 37) се опфаќа хронолошки период од речиси 70 години, во кои преку структурните промени на институциите за иницијално образование во Македонија претставени се: учителските школи, вишите педагошки школи, педагошките академии, педагошките факултети и Институтот за педагогија како главни носители на образованието на кадарот за системот на предучилишно и основно воспитание и образование.

Учителските школи во Скопје, Штип и Битола, кои започнуваат како просветно-културни институции во периодот од 1945/46 г., внесуваат културолошки и цивилизациски квалитети во нашата земја, кои до пред крајот на Втората светска војна воопшто не постоеле. Учителските школи потсетуваат на еден исклучително значаен развоен период во нашата

современа историја и настанувањето на македонскиот образовен систем. Притоа кандидатот посочува дека во изминатите децении иницијалното образование на воспитувачите во Македонија поминало низ три периоди на институционални промени, во кои се издвојуваат три категории на воспитувачи кои во моментот се вработени: воспитувачи со образование на средношколско ниво (1945-1971), воспитувачи со образование на вишо стручно ниво (1971-1996) и воспитувачи со образование на факултетско ниво (1996-2009).

Во првиот дел од дисертацијата со посебна тематска целина се разработува *„Болоњскиот процес – предизвиците и можностите за образованието на воспитувачите“* (стр.55 – 87). Основната опсервација е анализа на сите најнови документи и тенденции кои се воведуваат преку болоњскиот процес и на кои се темели и методологијата за обнова на европскиот високообразовен простор, а кои се многу значајни за образованието на воспитувачите во Македонија.

Во овој дел, исто така, м-р Кирил Барбареев ги претставува главните чекори во процесот на дизајнирање на студиската програма, кои се клучни во создавањето квалитетен систем на образование на воспитувачите, а преку кој институцијата го гради својот рејтинг во општеството и меѓу другите високообразовни институции. Во овој контекст е претставена студиската програма за образование на воспитувачите на Универзитетот во Болоња.

Преку анализа на досегашните европски искуства, кандидатот посочува дека во наредниот период следат промени во високото образование на наставниците/воспитувачите, во кое промените на националниот систем на образование ќе бидат условувани од меѓународните трендови и дека тие промени нема да го опфатат само општото ниво на системот, туку објективно ќе ги условат и промените во структурата и содржината на студиската програма за образованието на наставниците, односно воспитувачите.

Томку затоа, м-р Кирил Барбареев истакнува дека нашиот систем за иницијално образование на воспитувачите, во предизвиците кои ги носи глобалниот процес и можностите кои ги нуди, мора да одговори соодветно во формирањето и градењето политика на системот за воспитание и образование на наставниците/воспитувачите.

Професионалниот развој на воспитувачот (стр.94-108) се разработува како посебна тема. Специфичноста на професијата на воспитувачот, глобалната размена на информации, движењето кон информатичко комуникациските системи, како и многубројни барања на модерните технологии, ја условуваат потребата за приспособување на образованието и професионалниот развој на воспитувачите, а со самото тоа и опкружувањето на воспитувачот. Промената на улогата на воспитувачите треба да биде еден од императивите во општеството, а доживотното учење на воспитувачот и професионалното напредување - приоритет.

***Второто и третото поглавје во дисертацијата*** (стр.106 – 218) се проследени со методологијата и анализата на сите резултати од истражувањето.

Во овие делови детално е објаснета целата методологија на истражувањето (предмет, цел, задачи хипотези, методи, техники, инструменти, примерок, организација и тек на истражувањето).

Во прикажувањето на резултатите од истражувањето, кандидатот најпрвин ја претставува (1) *Анализата на најважните документи на европските институции и останати меѓународни организации за образованието на воспитувачите, а кои се донесени во последните 20 години.* Потоа следува (2) *Анализата и компарацијата на студиските програми за прв и втор циклус на институциите кои образуваат воспитувачи за предучилишно воспитание и образование во Р. Македонија,* што е всушност слика на состојбата на образованието на воспитувачите во Република Македонија.

Врз основа на анализа на службените документи и академските и стручните студии на институциите кои образуваат кадар за предучилишно воспитание и образование, кандидатот м-р Барбареев ја прикажува сегашната структура на системот на образование на воспитувачите во Р. Македонија. Анализата покажува дека институциите кои подготвуваат воспитно-образовен кадар за потсистемот на предучилишно воспитание и образование не ги исполнуваат во целост барањата на современиот систем на воспитание и образование; се забележува (не)усогласеност во програмите, неповрзаност и некоординираност меѓу овие институции; едукацијата на воспитно-образовниот кадар е заснована на традиционалната педагошка практика.

Исто така, направена е (3) *анализа на системите на образование на наставниците во избран примерок на земјите од ЕУ и земји со пристапно членство, за кои се верува дека можат да послужат како пример на добра практика во ова подрачје* (Словенија, Холандија, Хрватска, Србија и Бугарија).

На крајот се претставени: (4) *Анализа и интерпретација на резултатите од анкетирањето на воспитувачите кои се директни реализатори на воспитно – образовните активности во предучилишното воспитание и образование;* (5) *Анализа и интерпретација на резултатите од анкетирањето на наставниците во институциите за иницијално образование на воспитувачите;* (6) *Анализа и интерпретација на резултатите од интервјуто со членовите на комисиите за дизајнирање студиска програма.*

Во последното, ***четврто поглавје*** се формулирани заклучните согледувања во кои јасно се докажани целите на дисертацијата и дадени се препораки, односно понуден е модел за образование на воспитувачи во нашата земја.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација „**Образованието и професионалниот развој на воспитувачите за предучилишното воспитание и образование**", поднесена од м-р Кирил Барбареев, претставува самостоен научен труд кој концепциски и емпириски е солидно поставен и целосно ги задоволува критериумите што треба да ги исполни една докторска дисертација.

Проблематиката која е предмет на докторската дисертација е правилно обработена, избрани се адекватни методолошки пристапи на истражување, а добиените резултати и анализи имаат сериозно научно значење.

Овој научен труд надополнува значајна празнина во истражувањето на една досега недоволно работена тема и проблематика во образованието на воспитувачите, а пред која сериозно се соочува нашиот систем на образование на кадарот за предучилишното воспитание и образование. Заклучоците и констатациите до кои доаѓа м-р Кирил Барбареев се соодветно презентирани, изнесените податоци се проверливи, јазикот на пишување е јасен и разбирлив, додека употребуваниот категоријален систем е издржан и воедначен во сите делови на дисертацијата.

Од разновидноста на прашањата и проблемите што ги третира, може да се оцени дека се работи за квалитетен докторски труд, кој истовремено ќе биде значаен прилог кон македонскиот систем за иницијално образование.

Врз основа на прикажаната анализа и оцена на докторскиот труд, Комисијата има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација „**Образованието и професионалниот развој на воспитувачите за предучилишното воспитание и образование**" од кандидатот м-р Кирил Барбареев и да му овозможи јавна одбрана.

Скопје, 31.8.2010 година

**Рецензентска комисија**

Проф. д-р Лена Дамовска, с.р.
Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска, с.р.
Проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова, с.р.
Проф. д-р Зоран Велковски, с.р.
Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МАРКЕТИНГ- КОНЦЕПЦИЈА ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО УСЛОВИ НА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р СНЕЖАНА МАЛЦОВА МИРОНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ПЕДАГОГИЈА ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата IX редовна седница одржана на 15.6.2010 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: „Маркетинг-концепција во средното образование на Република Македонија во услови на пазарна економија", поднесена од м-р Снежана Малцова Мироновска на Институтот за педагогија. За членови на Комисијата се избрани: проф. д-р Трајан Гоцевски, проф. д-р Зоран Велковски, проф. д-р Анета Баракоска, проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска и проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ.

Комисијата има чест до Наставно-научниот совет да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација *Маркетинг-концепција во средното образование на Република Македонија во услови на пазарна економија*, поднесена од кандидатката м-р *Снежана Малцова Мироновска*, е научен труд во кој се истражуваат новите потреби во делот на маркетинг-концепцијата на образовниот систем во Република Македонија.

Воведувањето на новиот економски систем, според принципите на слободниот пазар, доведе до промени и во економските односи во сферата на воспитно-образовниот систем во земјата. Новите односи создадоа конкуренција и во овој сектор, се отвори пазарот на работна сила кој неминовно ќе ја изостри и конкуренцијата помеѓу институциите од оваа сфера, што нужно ќе води кон зголемување на квалитетот и современоста на образовната понуда, а маркетинг-ориентацијата се јавува како единствена можна ориентација во обезбедувањето на нивниот успех.

Маркетингот, со помош на визуелни, акустични и комбинирани пораки, ги информира корисниците на образовни услуги, го придобива нивниот интерес за услугите што ги нуди образовната институција и влијае на нив слободно да ги одберат или користат услугите, а со тоа ќе се подобри и ќе продолжи нивната продажба.

Управувањето и раководењето со маркетинг-активностите е сложен процес во кој треба да се овозможи остварување на целите на маркетингот. Овој процес во современите услови на образование ги опфаќа сите аспекти на работењето на образовните субјекти, доколку во работењето се поаѓа од задоволување на желбите и потребите на корисниците на образовни услуги.

Во докторскиот труд, м-р Снежана Малцева Мироновска го нагласува значењето на проблемот кој е предмет на истражување. Теоретската рамка на проблемот на истражување нуди објаснувања за маркетингот во средното образование во нашава Република. Основниот проблем на истражувањето е фокусиран на неопходноста од успешна промоција на образовните институции поради зголемената побарувачка за нивните услуги, како резултат на законските промени во Република Македонија, според кои средното образование веќе е задолжително. Од тие причини се зголемува и побарувачката за квалитетни државни, но и приватни средни училишта. Целта на истражувањето е насочена кон дефинирање на импликациите на пазарната економија врз маркетинг-концепцијата во средното образование во Република Македонија, менаџирањето на директорите, како и афинитетите на учениците од сите средини во Р. Македонија за упис во одредени средни училишта. Всушност, научното значење и целта на ова истражување одат во три насоки. Прво, да се анализира маркетинг-концепцијата во средното образование на РМ; второ, да се анализира менаџментот во средното образование, неговата улога во образовниот систем, односно нивното влијание за успешно средно училиште; и трето, да се утврди третирањето на маркетингот од страна на учениците во РМ, како и нивните афинитети, афинитетите на родителите за упис на нивните деца во одредени средни училишта. Резултатите добиени од истражувањето даваат квалитетни научни информации, кои даваат одговор на поставените цели на ова истражување. Со оглед на тоа што ова истражување е базично, особено во сферата за утврдувањето на ставот кон маркетингот во средното образование, се добиени нови информации кои даваат придонес во научните истражувања на оваа проблематика.

Текстот е напишан на 265 страници компјутерски обработен текст, кој се состои од тринаесет поглавја. Првите седум поглавја го опфаќаат теоретското поимање на маркетингот и поодделните негови фази, а останатите шест поглавја го опфаќаат истражувањето со поодделните инструменти. Овој дел е збогатен со прилози, табели и графикони распространети на 75 страници и 3 страници користена литература.

На почетокот од трудот, кандидатката дава краток **вовед** кој содржи информации за актуелноста на проблемот кој е предмет на истражување и потребата од него. Всушност, воведот нè информира за целокупната содржина на докторскиот труд.

**Првата тематска целина** се состои од четири содржини во кои се опфатени основните поими за економијата, микро и макроекономијата, позитивната и нормативната економија и општи податоци за економијата и бизнисот.

Во содржините од **втората тематска целина,** вниманието е концентрирано на базичните економски концепти, каде што се дава објаснување за инпутите и аутпутите во економијата, законот за реткоста како еден од елементарните концепти во економијата, опортунитетните трошоци, потоа се дава објаснување за централниот економски проблем, односно што, како и за кого да се произведува? Во петтата содржина од ова поглавје се анализира поимот маркетинг и елементите на маркетингот, при што особено внимание е посветено на дефинирањето на маркетингот од различни автори и утврдувањето на неговата цел. Потоа, маркетингот се разгледува од различни аспекти, односно

маркетингот како наука, како функција (се појаснува каква функција има), маркетингот како процес (претставен е како производствен и крајно сложен процес во кој се вклучени голем број на претпријатија задолжени за соодветна презентација и манифестација на одреден производ, за да може тој да ја постигне саканата цел: соодветна продажба на пазарот) и маркетингот како посебен вид на деловна политика која произлегува од потребите на пазарот. Потоа, е појаснето значењето на маркетинг-активностите и нивните компоненти, односно значењето на маркетинг-промоцијата. На крајот од петтата содржина се анализира маркетингот во практиката преку прикажани примери.

Во ова поглавје се објаснува и процесот на менаџментот кој во себе го содржи маркетингот, односно факт е дека современото економско работење никогаш не било позависно од менаџментот како процес кој во себе ги апсолвира функциите на: планирањето, организацијата, координацијата, мотивирањето и контролата во работењето. Сите овие активности се насочени кон единствената цел која се поставува пред секое претпријатие, а тоа е неговата деловна успешност.

Во **третата тематска целина** вниманието е концентрирано на развојот на маркетинг-концепцијата. Притоа, појаснето е кога се појавил маркетингот, кои биле неговите предуслови за појава и развој, развивањето на маркетингот како научна дисциплина и фазите на неговиот развој. Исто така, во оваа логична целина е дефиниран поимот интерактивен маркетинг, појаснето е какво е неговото значење, анализирано е како да се обезбеди беспрекорен квалитет на услугите за потрошувачите, како да се измери квалитетот на услугата во практиката, какви мерки треба да преземат понудувачите на услугите, менаџерите, за да се подобри квалитетот на услугите и сл.

Содржините од **четвртата тематска целина** се посветени на **маркетинг-менаџментот.** Овде се анализираат повеќе основни прашања поврзани со маркетинг-менаџментот, се дефинира маркетинг-концепцијата, потребата од воведување на маркетинг-концепцијата во работењето, создавањето на маркетинг-ориентацијата и процедурите кои ги вклучува таа. Исто така, се анализира и процесот на маркетинг-менаџментот, како и маркетинг-околината, односно факторите кои влијаат на маркетинг- менаџментот и на менаџментот воопшто.

**Петтата тематска целина** се однесува на образованието во услови на пазарна економија. Во овој дел се опфатени следниве содржини: образованието како систем, односно се анализира што претставува воспитанието и образованието од аспект на теоријата на системите и во која група на системи спаѓа? Понатаму, опфатен е развитокот на економската мисла за образованието, економските односи во образованието, образованието во услови на пазарна економија, понудата и побарувачката во образовната сфера, образовните услуги, методологија на истражувањето на пазарот (појаснето е какви се условите во средните училишта во Македонија и каква е конкуренцијата на пазарот на образовни услуги); изработка на проект за истражување на пазарот (појаснето е како се подготвува и реализира проект) и сл.

Во **шестата тематска целина**, опфатени се типовите на маркетинг-менаџери и нивните особености за успешен маркетинг (направена е класификација на повеќе типа менаџери и нивните особини), и опфатени се повеќе средства на економската пропаганда.

Во **седмата тематска целина** се анализира маркетинг-концепцијата во средното образование на Република Македонија. Се разгледува потребата од планирањето во образовниот систем, потребата од плански пристап во маркетингот, кои предности ги има планирањето, какви видови на маркетинг-планови има и кои се развојните фази на планирањето на маркетингот. Исто така, се објаснува значењето од воведувањето на маркетинг-концепцијата во работењето во образованието, при што се разгледуваат елементите на маркетинг-концепцијата, развојот на маркетинг-концепцијата во образованието, создавањето на маркетинг-ориентација во образованието итн.

**Осмата тематска целина** на овој труд се однесува на истражувачкиот дел во кои се поставени проблемот и предметот на истражување, целите и задачите, хипотезите, методите, техниките и инструментите на истражувањето. Основниот проблем на истражувањето е фокусиран на неопходноста од успешна промоција на образовните институции поради зголемената побарувачка за нив, како резултат на законските промени во Република Македонија, според кои средното образование веќе е задолжително. Од тие причини се зголемува и побарувачката за квалитетни средни училишта од една страна и се појавуваат приватни средни училишта од друга страна, кои го бараат своето место во образовниот систем. Целта на истражувањето е насочена кон дефинирање на импликациите на пазарната економија врз маркетинг-концепцијата во средното образование во Република Македонија, менаџирањето на директорите, како и афинитетите на родителите и учениците од сите средини во Р. Македонија за упис во одредени средни училишта. Всушност, научното значење и целта на ова истражување одат во три насоки. Прво, се анализира маркетинг-концепцијата во средното образование на РМ; второ, се согледува менаџирањето на директорите во средното образование, нивната улога во образовниот систем, односно нивното влијание за успешно средно училиште; и трето, се согледува третирањето на маркетингот од страна на учениците во РМ, како и нивните афинитетите, афинитетите на родителите за упис во одредени средни училишта. Резултатите добиени од истражувањето даваат квалитетни научни информации, кои, пак, овозможуваат одговор на поставените цели на ова истражување. Со оглед на тоа што ова истражување е базично, особено во сферата за утврдувањето на ставот кон маркетингот во средното образование, се добиваат нови информации кои ќе дадат придонес во научните достигнувања кои ја третираат оваа проблематика.

Од инструментите е користен прашалник наменет за учениците, со цел да се испита нивниот став за значењето на маркетингот во средното образование, како и нивните родители. Примерокот на варијабли за процена на ставот на учениците за значењето на маркетингот во средните училишта е структуриран од 33 тврдења кои се добиени со помош на Ликертова скала и 32 тврдења за ставовите на родителите. За секоја применета варијабла која го дефинира ставот за значењето на маркетингот (како позитивен, неутрален или негативен), пресметани се следниве параметри: аритметичка средина и стандардна девијација; хомогеноста на резултатите е тестирана со куртосис, процената на дистрибуцијата на резултатите е тестирана со скјунис, пресметани се

минимален и максимален резултат. Тие се претставени табеларно и графички.

Потоа, следува интерпретацијата на добиените резултати, анализирано е нивното теоретско и практично значење и даден е заклучок. Врз основа на добиената евиденција на податоци од дескриптивната статистика, можат да се постават следниве заклучоци: успешноста на средните училишта зависи од работата на менаџерскиот тим; големо влијание врз изборот на средните училишта имаат родителите; постојат разлики во ставовите за значењето на маркетингот кај учениците од машки пол од Скопје и од внатрешноста на Р. Македонија; постојат разлики во ставовите за значењето на маркетингот кај учениците од женски пол од Скопје и од внатрешноста; постојат разлики во ставовите за значењето на маркетингот кај родителите од Скопје и од внатрешноста на Р. Македонија; наставниот кадар влијае за запишување во средно училиште; воннаставните активности влијаат за запишување во средно училиште; соработката со други средни училишта и медиумското претставување имаат позитивно влијание врз изборот на училиштето; современите наставни средства кои ги поседува училиштето имаат големо влијание за успешно средно образование; ставот на родители во однос на современите наставни средства е позитивен за успешно средно образование. Според добиените податоци од централните и дисперзитивните параметри може да се констатира дека ставот кон значењето на маркетингот во средните училишта е позитивен. Со ова се заклучува дека поставените хипотези се потврдени.

Во **единаесеттата тематска целина** се изнесува теоретското и практичното значење од истражувањето, при што се констатира дека истражувањето укажува на одредени појави врзани за ставот на учениците и родителите при изборот на средно училиште, влијанијата на менаџерските тимови во маркетиншкото претставување на училиштата, потребите за осовременување на едукативниот систем, како и квалитетот на наставниот кадар кој е вработен во училиштата.

Примената на екстрахираните сознанија ќе им овозможат на менаџерите во училиштата да ги согледаат потребите на учениците во воспитно-образовниот процес заради постигнување на подобри образовни резултати.

Исто така, овие податоци им овозможуваат на менаџерските тимови да презентираат успешни маркетиншки презентации: да ги подобрат условите во училиштата, да ги задоволат потребите на родителите и учениците, а секако и пошироко, на образовниот систем, и даваат слика за барањата на родителите и учениците за саканото образование.

Со ова истражување ќе се добијат одговори и насоки за подобра организација на маркетингот во образовните институции во Република Македонија. Тоа ќе овозможи сублимирање на искуствата од областа на маркетингот и неговата употреба во образованието. Во тој контекст, ќе се искристализираат ставовите за маркетингот во средното образование, ќе се согледаат потребите на учениците во воспитно-образовниот процес, како и менаџирањето на директорите. Истражувањето на оваа тематика ќе придонесе да се забрза процесот на осовременување и модернизирање на образовниот систем на Република Македонија во сферата на маркетингот, со што би требало да се подобрат образовните услуги, местото и улогата на персоналот во образованието, како и нивните

надлежности во рамките на еден практичен модел на ефикасен образовен систем.

## Оцена и предлог

Темата на докторскиот труд „Маркетинг-концепција во средното образование на Република Македонија во услови на пазарна економија" од м-р Снежана Малцова Мироновска е оригинална, бидејќи за прв пат е направено научно истражување на маркетинг-концепцијата како неопходен услов за креирање на квалитетна понуда на образовни услуги во средното образование на Република Македонија.

Во трудот на исклучително добар начин се добиени информации кои ќе дадат поттик за натамошните научни истражувања во оваа област. Примената на овие сознанија ќе им овозможи на менаџерите во училиштата да го согледаат влијанието на маркетингот за изборот на средното училиште од страна на учениците, да се убедат дека медиумското претставување на училиштето е еден од основните фактори за неговата успешна презентација во пошироката општествена средина.

Имајќи го предвид горенаведеното, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да му предложиме да го прифати докторскиот труд „Маркетинг-концепција во средното образование на Република Македонија во услови на пазарна економија" од м-р Снежана Малцова Мироновска и да закаже негова одбрана.

**Комисија**

Проф. д-р Трајан Гоцевски, с.р.
Проф. д-р Зоран Велковски, с.р.
Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.
Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска, с.р.
Проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **МЕНАЏИРАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО УЧИЛИШТАТА ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р СОЊА РИСТОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одлуката број 0903-1661/08 од 17.6.2010 година, донесена од Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата редовна IX седница одржана на 17.6.2010 година, избрани сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација под наслов: *Менаџирање со човечки ресурси во училиштата за средно образование*, изработена од *м-р Соња Ристовска*.

Комисијата во состав: проф. д-р Снежана Адамческа, проф. д-р Трајан Гоцевски, проф. д-р Анета Баракоска, проф.д-р Наташа Ангелоска-Галевска и проф. д-р Зоран Велковски до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација под наслов: *Менаџирање со човечки ресурси во училиштата за средно образование* елаборира мошне значајно прашање кое е актуелно речиси во сите развојни фази на системот на образование кај нас и во светот. Проблемот на менаџирањето на човечките ресурси во системот на образование воопшто не претставува изграден рецепт кој се применува и одржува. Според кандидатката, станува збор за континуирана тенденција на усовршување на односите меѓу субјектите како носители на процесите кои се збогатуваат со нови суптилни содржини и релации со една единствена цел: ефикасно и ефективно образование зад кое стојат поставените глобални и поединечни цели препознатливи во знаењата, умеењата, вештините и воопшто во компетенциите на учениците. Станува збор за носечка компонента врз која се гради стратешкиот развој и проекција на напредување на образовниот систем во целина и на секое училиште за средно образование како посебна и поединечна организациона единица од тој систем.

Трудот е конципиран во неколку глобални дела: вовед и теоретски пристап кон проблемот на истражување, методологија на истражувањето, анализа на резултатите од истражувањето, дискусија за одделните аспекти на проблемот и резултатите, предлози за имплементирање на резултатите од истражувањето, модел за развој на човечки ресурси во средното образование, прилози во вид на инструменти користени во анализата на изворите и конкретните истражувачки ситуации. Трудот содржи 345 страници компјутерски обликуван текст и 107 наведени релевантни извори од следени странски автори.

Теоретскиот дел на трудот, кандидатката м-р Ристовска го конципирала во 3 глобални наслови со 17 поднаслови во кои е извршена анализа на теоретските фундаменти на проблемот. Направен е осврт на следниве аспекти на проблемот на истражување:

- Развој на човечки ресурси во претпријатија
- Стратешки развој на човечки ресурси
- Менаџирање со човечки ресурси во претпријатијата
- Анализа на работа
- Планирање на човечки ресурси
- Регрутација на човечки ресурси
- Селекција на човечки ресурси
- Обука на човечки ресурси
- Развој на човечки ресурси
- Оценување на перформансите на човечките ресурси
- Мотивирање на вработените
- Развој и управување со кариерата
- Состојбата во училиштето од аспект на менаџирање со човечките ресурси
- Развој на човечки ресурси во образованието
- Постоен систем за стручна подготовка на наставниците
- Иницијално образование на наставниците
- Стратегии за прифаќање на наставниците-почетници
- Усовршување и напредување на кадрите во текот на работата
- Програма за професионален развој на училиштен кадар
- Доживотно учење и професионален развој на наставниците.

Овој труд со сета своја тежина има теоретско-практичен приод заради тоа што во основа содржи универзален пристап кон менаџирањето со човечките ресурси како тренд во светот на работните односи, вешто се наметнува во средното образование во Република Македонија и во група европски држави, испитувајќи ги состојбите, условите и приодот кон поставување и инсталирање на соодветно ниво и сериозна намера за негово практицирање.

Изнесените теоретски сознанија и добиените емпириски наоди за реализација на менаџирањето со човечките ресурси во средното образование, како и анализата на факторите кои влијаеле врз таквите состојби претставуваат основа за тврдење дека овој труд дава значаен придонес за научно расветлување и можност за аналитичка компарација на практиките во Република Македонија и искуствата во повеќе европски земји.

Вториот глобален дел од трудот ги содржи методолошките компоненти на истражувањето. Ги презентираме најрелевантните од нив:

**Посебните хипотези на истражувањето** се идентификувани како поединечни детални аспекти на генералната хипотеза. Издвоени се повеќе посебни хипотези со чија помош се проверуваат бројните задачи и низ кои провејуваат утврдените варијабли на истражувањето.

**Варијабли**

Зависни варијабли во ова истражување се ставовите и мислењата на испитаниците вработени (директори, стручни соработници и наставници) во училиштата за средно образование во врска со начинот на менаџирање со човечки ресурси во средните училишта, и тоа во поглед на следниве суштествени аспекти:

- анализа на работа, односно анализа на потребите од одредени работни места;
- планирање на човечките ресурси;
- регрутација на кадрите;
- селекција на кадрите;
- обука на новите кадри;
- професионален развој на постојните кадри;
- оценување на работата на вработените;
- мотивирање на вработените;
- кариерен развој на вработените;
- дополнителни аспекти/состојби на функционирањето на системот на менаџирање со човечки ресурси.

Статус на независни варијабли во ова истражување имаат:

- местото каде што се наоѓа училиштето:
  со две категории (групи) на испитаници: во Р.Македонија и група европски држави;
- статус на училиштето:
  со две категории (групи) на испитаници: со приходи и без приходи;

**7. Методи и техники на истражувањето**

Во истражувањето преовладува дескриптивно-аналитички метод со сите свои модалитети (што значи извршена е анализа, компарација и генерализација). Но, соодветно место и внимание има и продлабоченото квалитативно проучување на постојната состојба во врска со развојот на човековите ресурси.

Во однос на главниот истражувачки проблем, состојбите се разгледуваат преку девет најважни подрачја, посебни компоненти на самата проблематика за менаџирање со човечки ресурси, а тоа се варијаблите:

- анализа на работа, односно анализа на потребите од одредени работни места;
- планирање на човечките ресурси;

- регрутација на кадри;
- селекција на кадри;
- обука на нови кадри;
- професионален развој на постојните кадри;
- оценување на работата на вработените (перформанси);
- мотивирање на вработените;
- кариерен развој на вработените.

Дополнителни варијабли како поткрепа на основите девет варијабли се:

- одделни аспекти или состојби поврзани со развој на кадрите и функционирањето на системот на менаџирање со човечки ресурси; како и
- предлози и сугестии за подобрување на квалитетот на управувањето со човечките ресури.

## Примерок на истражувањето

Примерокот на испитаниците за ова истражување го сочинуваа воспитно-образовни кадри (директори, стручни соработници и наставници) од 21 училиште за средно образование во Република Македонија и од 20 училишта од 14 други држави од Европа. Во примерокот се опфатени четири групи на субјекти:

- испитаници од 10 средни училишта во Р. Македонија кои остваруваат сопствени приходи;
- испитаници од 11 средни училишта во Р. Македонија без сопствени приходи;
- испитаници од 10 средни училишта во повеќе европски држави со сопствени приходи (Бугарија, Словенија, Турција, Австрија, Чешка, Србија,Франција и Холандија);
- испитаници од 10 средни училишта од други европски држави без сопствени приходи (Бугарија, Малта, Словенија, Србија, Црна Гора, Албанија и Косово).

## Обработка на резултатите

Тргнувајќи од видот на податоците што се прибрани во ова истражување, обработката е направена со примена на постапки за квалитативна и квантитативна анализа.

За обработка и анализа на податоците се применети повеќе видови на статистички постапки:

1. Постапки на дескриптивна статистика: табелирање, графичко прикажување и пресметување на фреквенции, проценти, мери на централни вредности.
2. Аритметички средини (АС) за степенот на застапеност на индикаторите на варијаблите.

**Предмет на ова истражување** е утврдување на застапеноста и согледување на разликите во спроведувањето на *Концептот на менаџирање со човечки ресурси во средното образование*, во училиштата со и без сопствени приходи во Република Македонија и група европски држави. Дефинирањето на предметот на истражување сам по себе укажува дека како основен услов за развиеноста и начинот на функционирање на *Концептот за менаџирање со човечки ресурси* и неговите составни елементи е финансиската моќ на училиштата (дали остваруваат или не остваруваат сопствени средства) и земјата во која функционира училиштето (дали во нив постојат системи и образовни политики за менаџирање на човечки ресурси).

**Значење на истражувањето**

Резултатите од овој труд укажуваат на низа аспекти кои на суптилен начин се рефлектираат врз ефикасноста на средното образование кое, според кандидатката, е фокусирано на следниве насоки:

- покрај базичното додипломско образование, да се размислува за центри за усовршување на воспитно-образовните кадри;
- училиштата да имаат автономност при регрутирањето и селекцијата на кадрите;
- менторството на наставниците-почетници да ја надмине формалноста и да се позиционира на професионалност и одговорност за нововработените;
- подобро да се согледа какви промени треба да се извршат во програмите за развој на кадрите, со што на вработените би им се овозможило континуирано да се стекнуваат со широки и богати знаења кои би им биле потребни за успешно остварување на воспитно-образовната работа;
- да се утврди во која насока би се движело кариерното напредување на вработените;
- да се формира програма за електронски персонални досиеа со детални податоци кои ќе бидат во функција на напредувањето во кариерата на вработените во образовните институции.

## Дефинирање на основни поими на предметот на истражување

Во предметот на ова истражување се дефинирани повеќе носечки поими кои се однесуваат на проблематиката за управување со човечки ресурси во образованието:

- човечки ресурси;
- човечки ресурси во образованието;
- менаџирање;
- менаџирање (управување) со човечки ресурси;
- менаџер;

- организација;
- управување со човечки ресурси;
- анализа на работа;
- планирање на човечки ресурси;
- регрутирање на човечки ресурси;
- селекција на човечки ресурси;
- обука на човечки ресурси;
- развој на човечки ресурси;
- оценување на перформансите на човечките ресурси;
- мотивација на човечки ресурси;
- управување со кариера;
- стратегиски менаџмент со човечки ресурси;
- волонтерство;
- волонтер;
- практиканство;
- практикант;
- менторирање;
- квалитетен наставник;
- професионален развој;
- линиски менаџмент.

**Цел на ова истражување** е да се добијат сознанија за присутноста и начинот на функционирање на *систем за менаџирање со човечки ресурси* во средните училишта со и без сопствени приходи од Р. Македонија и од група европски држави, како и да се согледаат некои дополнителни аспекти /состојби кои се однесуваат на неговата ефикасност, како и да се разработи концепт (проекција) за успешно функционирање на овој систем.

**Посебни задачи**

Целта на истражувањето е конкретизирана, операционализирана преку 23 посебни задачи кои кореспондираат со целта и ги детализираат одделните аспекти на проблемот на истражување.

**Општи хипотези**

- Концептот на менаџирање со човечки ресурси постои (е присутен), но на различен начин се практикува во училиштата со и без приходи во Република Македонија и во другите европски земји.

- Во училиштата со и без приходи во Р. Македонија и во група европски држави постојат разлики во однос на повеќе аспекти/ состојби поврзани со професионалниот развој на кадрите и функционирањето на концептот на менаџирањето со човечките ресурси.

3. Тотална аритметичка средина се однесува на просечно постигнување на варијаблите ( AC1 тотал, AC2 тотал). *Оваа статистичка операција овозможува тестирање на хипотезите од група А.*
4. **Т-тест** за тестирање на разлики помеѓу ставовите на испитаниците во однос на начинот на спроведување на посебните компоненти на Концептот на менаџирање со човечките ресурси. *Оваа статистичка операција овозможува тестирање на хипотезите од група Б.*
5. $\chi^2$ **- тест,** кој се користи за изведување на заклучоци за постоењето на разлики помеѓу стововите на испитаниците за одделните испитувани состојби или аспекти што се опфатени во истражувањето. *Овој метод е применет за тестирање на хипотези од група В.*

Во третото глобално подрачје на трудот насловено како *Анализа на резултатите од истражувањето,* кандидатката се задржува на неколку аспекти на проблемот кои се однесуваат на истражувачкиот примерок од директори, наставници и стручни соработници. Добиените резултати ги потврдуваат наводите во генералната и во посебните хипотези на истражувањето. Овие аспекти истовремено претставуваат компоненти на стратегиите за менаџирање на човечките ресурси во современите средни училишта. Во трудот се потенцирани следниве компоненти:

- додипломско образование - основа за идниот професионален развој;
- приправничкиот стаж (како влезна фаза) - клучен чекор за идниот професионален развој;
- образовни потреби на кадрите и нивното задоволување;
- училиштето и професионалниот развој на кадрите;
- надлежности и одговорности на институциите за професионален развој на кадрите;
- можности за подобар развој на човечките ресурси;
- заклучни констатации за дополнителните аспекти во професионалниот развојот и менаџирањето со човечки ресурси;
- како може да се унапреди проблемот за менаџирање со човечки ресурси.

## Дискусија

Во овој дел од трудот, кандидатката м-р Ристовска прави кус осврт на добиените резултати кои во вид на сознанија ги анализира и прави нивна компарација во однос на утврдените параметри. Оваа дискусија претставува сублимат на севкупните сознанија стекнати преку истражувањето и потврда на идентификуваната хипотетска рамка на истражувањето.

Во трудот е понуден сет од повеќе предлози и сугестии кои можат да дадат значителен придонес во унапредувањето на процесите на менаџирање со човечките ресурси во средното образование:

а) **На системско ниво** потребни се сериозни напори за растење на рејтингот на наставничката професија, а вработувањето во образованието да стане престиж. Тоа би било можно, пред сè, со воведување на построги критериуми за запишување на наставните факултети, а за сите други факултети потребна е сосема поинаква и посложена педагошка доквалификација. Се разбира дека треба да се размислува и за платите на наставниците, но не порамнето за сите, туку според залагањата и резултатите од залагањата, односно како можност за стекнување на звања (тоа подолго време се подготвува во нашата земја).

б) **Квалитетот на наставничките факултети** треба да се подобри со внесување на многу практика која реално ќе се спроведува. Доволно е да се разгледаат европските модели за иницијално образование, и користејќи ги нивните искуства и адаптирање на најдобрите решенија во наши услови. Потребна е голема желба, енергија и време. Уште во иницијалното образование треба да им се овозможи на студентите да стекнат солидни знаења и соодветно практично искуство за да можат комплетно да ја остварат својата функција. За таа цел потребни се измени во целата програма на наставничките факултети и голема застапеност на педагошка практика. Професорите по практична настава треба да бидат вистински ментори на студентите и да ги следат на самото работно место каде што ја изведуваат практичната настава.

в) **Потребни се интервентни законски решенија за обезбедување на практиканство и волонтерство во образованието**. Ако во другите земји тоа добро функционира, нема причини да не се воведе и во нашата земја.

Ова истражување упатува во актуелното ниво на менаџирањето со човечките ресурси, но неоходни се и подетални истражувања за начините и постапките како одделни училишта спроведуваат активности тесно поврзани со сите девет испитувани варијабли и креирање на документ кој ќе го определи делокругот на функционирање на службата која ќе се занимава со оваа проблематика.

г) Потребна е **обука на стручната служба** која ќе биде збогатена за уште едно лице (или повеќе) за проблематиката менаџирање со човечки ресурси, барем за основните компоненти какви што се: прво интервју и селекција на кадри врз основа на анализа на приложена документација, анкетирање за откривање на потреби за професионален развој, планови и програми за професионален развој, проучување на основните модели за мотивирање, развојни интервјуа, клубови на талентирани и мн. други сегменти на оваа важна проблематика. Во средното образование одамна не е направена анализа на работното место и работните способности од аспект на сите перформанси и услови што ги наметнува современото време на професионално функционирање. Потребно е стандардниот опис на работното место да земе посовременен дизајн, како и обуки за подигање на организациската култура и организациското однесување. Сите овие теми се неопходни и со нив треба да се зафатат образовните институции многу брзо.

д) Потребно е **да се обезбедат можности за вмрежено функционирање** на институциите при спроведување на оваа

проблематика: врски со агенции, врски со факултети, врски со повисоки образовни институции и сл.

ѓ) Пред неговото спроведување, потребно е **подобрување на комуникациите во училиштето, поттикнување и негување на тимското работење, развивање на инструменти**. Исто така, во рамките на администраторската програма која ја поседува секое училиште, можно е да доразвиваат делови за електронско водење на евиденција за вработените: основни податоци, квалитет во работа, награди, признанија, обуки, планови итн.

Во трудот е понуден развоен модел на концептот на менаџирање со човечките ресурси во средното образование. Моделот ги содржи следниве развојно-процесни чекори:

- обезбедување квалитетни кадри;
- волонтерска работа во средно образование;
- практиканство во средно образование;
- регрутирање на работници во средно образование;
- селекција на кадри во средно образование;
- развој на кадрите;
- менторство на нови наставници;
- менторирање за квалитет во наставата;
- програма за обуки на вработените во средно образование;
- развојни интервјуа како начин за оценување на перформанси;
- формирање клуб на талентирани вработени;
- унапредување и наградување на кадрите;
- делегирање на работни задачи;
- оставање простор во систематизацијата на работни места на унапредување;
- мотивирање;
- база на податоци;
- електронски персонални досиеа за преглед и управување во развојот;

## Заклучок и предлог

Менаџирањето со човечките ресурси, како теорија и практика, претставува подрачје кое повеќе години е во голема експанзија. Бројот на стручните публикации од оваа област константно расте и тоа како последица на развојот на посебните дисциплини од областа на менаџирањето со човечките ресурси - стратешки менаџмент со човечки ресурси, менаџмент во кариерата, менаџмент на работна успешност, менаџмент на вештини, менаџмент на знаења, менаџирање на плата и наградување, менаџирање со однесувањето на вработените итн. Благодарение на процесот на развој на човечките ресурси, се одвиваат и значајни промени во образованието на менаџерите и стручњаците за

човечки ресурси, перманентно воведување на содржини од оваа област на основните и постдипломските студии, расте бројот на специјалистички студии, сè поголем број на докторски истражувања, како и зголемување на на бројот на стручњаците за човечки ресурси.

Докторската дисертација поднесена од м-р Соња Ристовска нуди значен придонес на тој план. Аналитичко-компаративните резултати од искуствата во Република Македонија и европските земји претставуваат драгоцен извор на сознанија - проблемот на менаџирање со човечките ресурси во средното образование да добие во квалитет преку низата понудени решенија, предлози и изграден модел на можни решенија кои би придонеле за унапредувањето на севкупната дејност во овој сегмент на воспитно-образовниот систем кај нас.

Врз основа на тоа, на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет со особена чест и задоволство му предлагаме докторската дисертација под наслов: *Менаџирање со човечки ресурси во училиштата за средно образование,* изработена од *м-р Соња Ристовска,* да ја усвои и да одобри нејзина јавна усна одбрана.

Скопје, 30.8.2010 година

**Членови на Комисијата**

Проф. д-р Снежана Адамческа, с.р.
Проф. д-р Трајан Гоцевски, с.р.
Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.
Проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска, с.р.
Проф. д-р Зоран Велковски, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ХРИСТИЈАНСКАТА ДУХОВНА ПЕРСПЕКТИВА КАКО ДЕТЕРМИНАНТА НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА И СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА ВО ЗАПАДНИТЕ ДЕМОКРАТИИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р СВЕТЛАНА ТРБОЈЕВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот Совет на Филозофскиот Факултет во Скопје на својата IX редовна седница одржана на 15.6.2010 г., нè избра за Комисија за оцена на докторскиот труд под наслов **Христијанската духовна перспектива како детерминанта на социјалната политика и социјалната работа во западните демократии,** предложен од кандидатката м-р Светлана Трбојевиќ, асистентка на Институтот за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза" во Скопје.

Комисијата во состав проф. д-р Мариа Доневска, проф. д-р Нано Ружин, проф. д-р Сузана Симоновска, доц. д-р Маја Геровска-Митев и доц. д-р Сузана Борнарова, откако го прегледа и внимателно го проучи докторскиот труд, има чест да го достави следниов

## Извештај

Во македонска научна мисла недостасуваат одредени теми кои треба да бидаат обработени монографски, со цел темелно да се пополнат и расветлат постојните празнини. Ваква неразработена целина постои во прикажувањето на школите и правците, својствени за развојот на социјалната работа како наука. Оваа празнина ја пополнува кандидатката со својот теоретски труд посветен на духовната перспектива на социјалната работа, низ призмата на христијанството. Според кандидатката *"христијанството е цврсто присутно во Европа преку културата и традицијата, преку 'синџир на меморија,..... длабоко вкоренето во традицијата која опстои во инаку секуларизираната сегашност".* Авторката користејќи мошне богата, пред сè странска литература, дава еден концизен преглед на социјалната функција на христијанството (преку две негови деноминации – католичка и протестантска), нејзиното влијание врз вредностите на западните демократии и формирање врз основа на тие вредности, социјални и практични димензии на помагање на другите.

Трудот поради својата комплексност и сестраност треба да предизвика внимание кај претставниците на научната мисла во најразлични кругови, академски и филозофски, во институциите од верски и образовен карактер, па сè до студентските групи.

## Структура на трудот

Докторскиот труд содржи 170 страници текст и литература која се состои од 198 единици, пред сè од странско потекло. Кандидтаката го надополнува текстот со бројни мисли од познати филозофи. Нивната содржина го збогатува текстот и предизвикува сензибилна рефлексија кај читателот.

Трудот се состои од четири глави, разработени во посебни поглавја. Содржината на главите и поглавјата соодветствуваат на насловите. Запазени се и соодветни пропорции помеѓу главите и поглавјата. Воведот е мошне концизен и ги опфаќа сите релевантни информации од мериторен и методолошки домен.

Научната литература е обемна, и опфаќа пред сè дела поврзани со христијанството, западната демократија, но исто така и со социјалната политика и социјалната работа.

## Метод на обработка

Авторката своето внимание го насочува кон проценка на општествените влијанија врз одредени појави и заемните врски помеѓу нив (метод на impact factor и техника на дискурсивна анализа на содржината.) Оттука, во трудот се користени аналитички, полемички и компаративно критички анализи на соодветната литература. Независно од тоа што секое поглавје претставува посебна целина, трудот е компониран така што хипотетичките ставови се анализираат низ целиот труд, што, пак, дава можност да се воочат сите релевантни аспекти на заземаните ставови. Авторката е смела во поставувањето на одредени тези, кои аргументирано со дескриптивни дообјаснувања и историски анализи ги потврдува.

## Мериторна оцена

Како што веќе споменавме, трудот има четири глави, меѓусебно поврзани хронолошки - од анализа на христијанството, преку христијанството како матрица за развој на западната цивилизација, до анализа на неговото влијание врз социјалната политика и социјалната работа.

Авторката зазема хипотетички став дека **постои зависност помеѓу христијанството како доминантна духовна перспектива на западноевропското општество (во обликување) и развојот на социјалната политика и практика на социјалната работа**. Својот став го проширува со поединечни ставови во кои се нагласува потребата од редефинирање на духовната перспектива во услови на секуларизација. Се потенцира значењето на постмодернизмот, релативизмот и индивидуализмот и нивното влијание врз менувањето на христијанскиот етос во западните демократии. Воедно, се посочува дека развојот на

моделите во социјалната политика во западните демократии е условен од доминантната христијанска деноминација во дадена земја. Авторката со право забележува дека секуларизмот има двоен ефект врз црквата и нејзината социјално заштитна функција. Од една страна ѝ го одзема приматот во обезбедување на заштитата, а од друга страна, ја професионализира нејзината социјална дејност. Последниот хипотетички став се однесува на мултиетничноста на западното општество што условува промени во дефинирањето на духовното во социјалната политика и социјалната работа.

Во првата глава, авторката го презентира христијанство како монотеистичко религиозно учење. Многу важно е разграничувањето на самата религија од црквата која, како што нагласува авторката, *„има монопол врз вистина и понекогаш уште монопол во општество"(I glava)*, а со тоа станува носител на етичка, политичка, социјална и културна функција. Токму општествените импликации од христијанството претставуваат предмет на анализа во истата глава.

Во втората глава, авторката ја анализира поврзаноста помеѓу развојот на западната демократија и христијанството. Посебно внимание е посветено на фундаменталните историско-филозофски движења во западната цивилизација - сколастицизам, ренесанса, реформација, просветителство и секуларизам. Овој дел нуди едно богатство на мисли и идеи анализирани во делата на врвни мислители, филозофи и политичари како Г.В.Ф. Хегел, Ј. Паипер, Д. Еразмус, М.Лутер, Џ Лок, Т.Хобс и други. Во овој дел од трудот, воедно, се прави обид за класификација на обележјата на христијанската идеолошка матрица во чии рамки се издиференцирани оптимизмот, хиерархијата, демократијата, индивидуалноста, социјалноста и динамичноста како безусловно прифатени практики.

Во поглавјето кое се однесува на христијанството како матрица за развојот на западната цивилизација, се анализирани концептите кои понатаму имаат големо значење во формулирањето на основните парадигми во социјалната политика и работа (како концептот за правда, концептот за човекова слобода и слобода на изборот или концептот на сопственост). Во контунитет на тој вид размислување авторката ја разгледува идеолошката матрица на христијанството, каде што, пак, наоѓа заеднички точки со фундаметалните поими во социјалната политика и работа - плурализам, либерализам, глобализација и евроцентризмот.

Во третата глава се презентирани основните дефиниции на социјалната политика, заедно со првите облици на организирана заштита и првите правни акти врз кои се заснова социјалната дејност. Се укажува на поврзаноста помеѓу законите донесени од страна на Лутеранската црква за регулирање на проблемот со сиромашните и воведувањето на Елизабетијанскиот закон, како еден од првите обиди за легислирање на помошта на сиромашните од страна на државата. Авторката исто така, ги анализира доминантните идеологии кои влијаеле врз обликувањето на социјалната политика од 19 век па сè до денес - либерализмот, „новиот"

либерализам, социјализмот, „новата десница“, „новите социјални движења“, „зелените“ и „постмодернистите.“

Во оваа глава посебно место заземаат анализите на социјалната држава, нејзините модели, периодот на нејзината криза и на крајот, трансформацијата на социјалната држава во социјалното општество. Релациите помеѓу основните начела на социјалната политика и христијанството, авторката ги воочува преку анализа на поимите заемност, солидарност, еднаквост, супсидјарност и хуманизам. На крајот на третата глава, авторката од христијанска перспектива дава критика на моделизацијата во социјалната политика. Таа посочува на каузалната поврзаност помеѓу социјалистичкото движење на работничката класа и имплементирањето на современата социјална политика.

Начинот на којшто се спроведени анализите му дава посебна тежина на овој труд и покажува дека авторката не е пристрасна кон тезата што ја разработува.

Во последната глава, кандидатката се осврнува на реперкусиите од духовната перспектива врз социјалната работа. Таа со право забележува дека до моментот на оформување на социјалната работа како професија, таа како дејност функционирала врз основа на духовната матрица. Навлегувајќи во современите активности на верските заедници, суштински ја анализира совстодавната функција заснована врз религиозната етика. Со право, корените на главните парадигми во социјалната работа за човекови права, социјална правда, човекови разлики и културниот релативизам, ги наоѓа во христијанската мисла. Авторката директно ја поврзува социјалната работа со христијанството преку анализата на институцијата на милосрдие и улогата на мисијата во христијанството (анализа на црковните институции, улогата на католичките редови, мисионерските организации и мисионерските програми во доменот на социјалната работа).

## Оцена и предлог

Докторската теза на кандидатката се вбројува во оние научни трудови кои се одликуваат со огромно познавање на проучуваната материја, со богатство на мисли, одличен лексички потенцијал и слободно движење во различни области од филозофски, политички, социјален и религиски домен. Кандидатката м-р Светлана Трбојевиќ покажува завидно познавање на критичката литература од влијателни автори и нивните толкувања. Тоа ѝ овозможува да ги изведе филозофско- научните карактеристики и заклучоци.

Авторката смело ги поставува хипотезите и аргументирано ги брани. Таа посочува на нови, досега неанализирани релации, кои јасно го отсликуваат значењето на христијанството во градењето на западната цивилизација и неговото посредно влијание врз социјалната политика и работа. Поради тоа, овој докторски труд е мошне значаен и оригинален, и

ги задоволува сите формални и суштински услови кои се потребни за негова изработка. Затоа, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, да му предложиме да го прифати докторскиот труд од м-р Светлана Трбојевиќ и да закаже негова јавна одбрана.

Скопје

**Комисија**

Проф. д-р Мариа Доневска, с.р.
Проф. д-р Нано Ружин, с.р.
Проф. д-р Сузана Симоновска, с.р.
Доц. д-р Маја Геровска- Митев, с.р.
Доц. д-р Сузана Борнарова, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРЕНОСНИ ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, во согласност со член 140 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/2000) и член 22 од Статутот на Факултетот, на својата 15. седница одржана на 25. август 2010, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Ристо Ачковски, проф. д-р Рубин Талески и вонр. проф. Весна Борозан, за избор на асистент по предметите од наставно-научната област преносни електроенергетски системи.

На распишаниот конкурс, објавен во весникот „Дневник" од 23. јуни 2010 год., се пријави кандидатот: Александра Крколева, магистер по електротехника. По разгледувањето на доставената документација на кандидатката, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Кандидат: Александра Крколева**

### *Биографски податоци за кандидатката*

Александра Крколева е родена на 24.12.1979 година во Скопје, каде што завршила основно училиште и природно-математичка гимназија. Дипломирала на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката електроенергетика во 2003 год. За постигнатиот континуиран успех во студирањето е наградена од Електротехничкиот факултет-Скопје. На истиот факултет се запишала и на постдипломски студии, под менторство на вонр. проф. д-р Весна Борозан, а магистрирала во април 2007.

Во текот на магистерските студии, двапати остварила студиски престој на Универзитетот во Манчестер, каде што работела на проблемите на квалитет на електрична енергија и проучување на мрежи со дисперзирано производство. Во периодот по завршувањето на магистерските студии остварила студиски престој на Универзитетот во Рсоток и на Државниот технички универзитет во Атина. Истовремено е ангажирана како соработник во повеќе научноистражувачки проекти. Во моментот работи на нејзината докторска теза. Член е на МАКО СИГРЕ и IEEE GSM.

### *Работно искуство*

Од октомври 2003 волонтира во Истражувачкиот центар за енергетика, информатика и материјали при Македонската академија на науките и уметностите. Од декември истата година, па до март 2005 работела во Претставништвото на ABB во Скопје. Од март 2005 до денес е соработник на проектот RISE (Renewables for Isolated Regions - Energy Supply and Waste Water Treatment) од шестата рамковна програма, финансиран од Европската комисија.

Од декември 2006 е ангажирана како демонстратор на Институтот за преносни електроенергетски системи. Во декември 2007 е избрана за помлад асистент на Институтот за преносни елетроенергетски системи. Оттогаш е ангажирана во изедувањето на аудиториските и лабораториските вежби по повеќе предмети:

- компјутерски методи во електроенергетиката;
- заземјувачи и заземјувачки системи во ЕЕ мрежи;
- високонапонски мрежи и системи;
- апликативен софтвер во електроенергетиката;
- техника на висок напон 2;
- планирање и развој на електроенергетски системи;
- технички системи на управување.

## Листа на трудови

Трудовите со реден број од 1 до 9 се се рецензирани во рефератот за избор во звањето помлад асистент, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", број 930, од 15. ноември 2007 година.

### *Објавени трудови по последната рецензија*

[10] **A. Krkoleva**, V. Taseska, N. Markovska, R. Taleski, V. Borozan *"Microgrids: Pilot Test Location in Macedonia"*, 5th Dubrovnik Conference on Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems, Dubrovnik, Croatia, September 29 - October 3, 2009.

Во трудот се претставени дел од истражувањата извршени во рамките на проектот More Microgrids. Станува збор за пилот локација на која се тестира концептот на микромрежа, а која е прва тест локација од ваков тип во нашата земја. Пилот мрежата е лоцирана на свињарска фарма на која дел од отпадните води се третираат со посебна постапка на анаеробна дигестија, при што се добива биогас, кој понатаму се употребува за производство на електрична енергија. Трудот ја опишува микромрежата, која опфаќа дел од нисконапонската електроенергетска мрежа на фармата, вклучувајќи неколку потрошувачи, генератор и постројка за производство на биогас. Во трудот се опфатени неколку планирани сценарија за тестирање на постројката кои се предвидени во рамките на истражувачкиот проект.

[11] **А. Крколева**, Ј. Вулетиќ, Ј. Ангелов, Р. Ачковски, „Моделирање на преодни процеси при комутации со MATLAB/Simulink", *МАКО-СИГРЕ*, Шесто советување, Охрид, 4-6 октомври 2009.

Предмет на овој труд е моделирање на преодните процеси што се јавуваат во електроенергетските системи при разни комутации, со користење на софтверскиот пакет MATLAB / Simulink. Всушност, во трудот се симулирани неколку видови преодни процеси кои настануваат поради комутација со опремата. Секој од преодните процеси е претставен со посебен модел, изграден во Simulink околина, со користење на вградените алатки кои постојат во рамките на софтверот. Во трудот е прикажан начинот на решавање за конкретен случај и соодветните резултати и анализи.

[12] **А. Крколева**, А. Ласков, Р. Ачковски, „Примена на MATLAB и PSCAD за анализа на преодни процеси во електроенергетските системи", *МАКО-СИГРЕ*, Шесто советување, Охрид, 4-6 октомври 2009.

Во овој труд се моделираат и симулираат преодни процеси при комутации во електроенергетските системи. За оваа цел се користат два софтверски пакета: MATLAB/ Simulink и PSCAD. Се врши анализа на две различни комутации и секоја од преодните појави е моделирана со помош на двата пакета. Во трудот е даден опис на начинот на моделирање, користените вградени блокови за моделирање и потребните податоци за да се изградат моделите. Исто така, даден е опис на начинот на моделирање, со цел да се идентификуваат разликите/сличностите при користењето на овие два пакета. Целта на трудот е да се прикаже примената на два различни софтверски пакета за решавање на преодните процеси во електроенергетските системи.

[13] **А. Крколева**, В. Борозан, „Анализа на промената на напонската состојба во дистрибутивен систем со дисперзирано производство при појава на куса врска", *МАКО-СИГРЕ*, Шесто советување, Охрид, 4-6 октомври 2009.

Анализите во овој труд се фокусирани на дел од дистрибутивен систем кој во себе вклучува извесен број различни дисперзирани извори. Системот е моделиран со користење на пакетот DIgSilent/PowerFactory. Се разгледуваат напонските одѕиви и промената на можностите за различни сценарија на производство и различно оптоварување на дистрибутивната мрежа со дисперзирано производство, а потоа од нив се формирани групи одѕиви кои се квалитативно слични. Од формираните групи, всушност, може да се изведат појдовни заклучоци за напонската состојба во дистрибутивниот систем со дисперзирани извори при појава на куса врска, што понатаму

може да се искористи како почетен чекор во создавање на еквивалентен модел за опишување на вакви системи.

***Трудови прифатени за објавување:***

[14] **A. Krkoleva**, V. Taseska, N. Markovska, R. Taleski, V. Borozan "Microgrids: The Agria Test Location", *Thermal Science Journal*, рецензиран и прифатен за објавување во изданието бр. 3/2010.

Трудот дава детален опис на пилот микромрежата и резултатите од дел од тестовите изведени на локацијата. Во првиот дел од трудот се опишува концептот на микромрежа и даден е преглед на истражувачките проекти и тест локации во различни земји. Во вториот дел е даден опис на локацијата во нашата земја, накусо е опишана постапката за добивање биогас, детално се опишани сценаријата според кои се врши тестирањето како и опремата што при тоа се користи. Во последниот дел се прикажани резултатите од неколку тест-сценарија кои опфаќаат снимање на голем број параметри (струи, напони, моќности, фреквенција, хармоници и др.) при различно оптоварување на мрежата и при вклучување и исклучување на различни потрошувачи.

[15] **A. Krkoleva**, V. Taseska, N. Markovska, R. Taleski, V. Borozan "Social Aspects of Wider Microgrids Deployment", *7th Mediterranean Conference and Exhibition on Power Generation, Transmission, Distribution and Energy Conversion* (MedPower 2010), Ref. No:MED10/244.

Во трудот се идентификуваат социјалните прашања врз кои може да влијае имплементирањето на концептот на микромрежи и тие се разгледуваат низ призмата на тековните социо-економски услови и општите одредби на Лисабонската стратегија. Анализите се извршени во рамките на проектот More Microgrids, со цел да се придонесе во севкупната оцена на придобивките од примената на овој концепт. Во трудот се изнесени анализите базирани на прашалник развиен во рамките на проектот, кои понатаму се искористени за испитување на можностите за зголемување на социјалните придобивки поради примена на овој концепт. Во продолжение, за анализа се применува методот Problem/ Objective Tree со чија примена се утврдени и најважните области каде што може да се преземат мерки со цел да се зголемат социјалните придобивки (легислатива во областа на дисперзирани и обновливи извори на електрична енергија, јавното мислење и односот кон прифаќање нови концепти, односите помеѓу чинителите и сл.) поради примената на концептот на микромрежи.

[16] **A. Krkoleva**, V.Borozan, P. G. Romanos, "Implementation of Gossip Algorithms in Power Systems", *E-Energy 2010*.

Трудот дава преглед на примената на Gossip алгоритмите и нивната потенцијална примена во електроенергетските системи. Во првиот дел од трудот се дава опис на развојот на овие алгоритми и областите на нивната примена. Во продолжение е даден детален опис на карактеристиките на овие алгоритми и нивната класификација. Последниот дел на трудот дава преглед на нивната досегашна примена во електроенергетските системи и се идентификуваат други можни проблеми каде што овие алгоритми ќе може да се применат.

***Активности и вештини***

Досега учествувала на повеќе семинари, обуки и научни собири каде што се третира проблематиката на преносни и дистрибутивни електроенергетски системи, стопанисување со електрична енергија, еколошки електоренергетски системи, микромрежи и сл. Учествува во истражувањата на следниве проекти:

1. Renewables for Isolated Regions - Energy Supply and Waste Water Treatment – RISE, FP6 (2004 – 2007).

Како соработник во проектот е коавтор на извештаите:

- *"Report with technical description, economic benefits, environmental benefits, life cycle analysis for the study cases of Macedonia"*, WP 4: Application to Selected Target Sites;
- *"Report on the socio-economic aspects of the RES applications in the WB countries"*, WP 6: Projection to future large-scale integration of RES in isolated systems–Socio-Economic Aspects.

2. Advanced Architectures and Control Concepts for Microgrids (MoreMicrogrids), FP6 (2007 - 2009).

Како соработник во проектот е коавтор на извештаите:

- *"Report on field tests for Agria Microgrid"*, WPF: Field Tests on Actual Microgrids;
- *"Report on the technical, social, economic and environmental benefits provided by Microgrids on power system operation"*, WPG: Evaluation of the system performance on power system operation;
- *"Definition of future Microgrids scenarios and performance indices"*, WPG: Evaluation of the system performance on power system operation;
- *"Modeling of Microgrid evolution and replacement profiles of EU network infrastructure"*, WPH: Impact on the Development of Electricity Infrastructure.

3. South East European Transmission System Operators Challenges (SEETSOC), FP7 (2010-2012).

Учествува во изработката на следниве студии:

1. Н. Марковска, А. Крколева, В. Тасеска, Н. Битрак, „Сончева енергија", Агро-Енергија, CeProSARD, јуни 2009;
2. Н. Марковска, А. Крколева, В. Тасеска, Н. Битрак, „Ветерна енергија", Агро-Енергија, CeProSARD, јуни 2009;
3. Работна група на МАНУ, „Базна студија за обновливи извори во Република Македонија", Министерство за економија, 2009.

Кандидатката има искуство во работата со повеќе софтверски пакети, односно има познавање и користи: Fortran, Matlab/Simulink, Office, AutoCAD, RETScreen. Покрај овие познавања, кандидатката одлично зборува англиски и има основно познавање на германскиот јазик (ZD) и шпанскиот јазик.

## ЗАКЛУЧОК

Од изложеното може да се заклучи дека кандидатката м-р Александра Крколева ги исполнува условите за избор во звањето за кое конкурира. Предвид се земени академското звање магистер, објавените трудови во кои таа настапува како автор и коавтор, работата на повеќе научно-истражувачки проекти и студии, како и активностите во изведувањето на аудиториските и лабораториските вежби по предметите од областа на преносни и дистрибутивни електроенергетски системи. Поради ова, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет при Факултетот за електротехника и информациски технологии, да ја избере м-р Александра Крколева, дипл. ел. инж., за асистент по предметите од наставно-научната област преносни електроенергетски системи.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Ристо Ачковски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Рубин Талески, член, с.р.
3. Вонр. проф. д-р Весна Борозан, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНИКОТ "ВОВЕД ВО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ", ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р САШО ГЕОРГИЕВСКИ

Како рецензент на учебникот "Вовед во правото на Европската унија", од авторот проф. д-р Сашо Георгиевски, определен со одлуката на Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" - Скопје, од седницата одржана на 30.8.2010 година, го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Учебникот "Вовед во правото на Европската унија", од авторот проф.д-р Сашо Георгиевски претставува еден успешен обид, преку консултирање на современите научни и теоретски сознанија, на едноставен начин, да бидат преставени основните правни и економски категории врз кои што почива правото на Европската унија. Неговото издавање, како што се истакнува во Предговорот, е мотивирано од желбата да се придонесе кон унапредувањето на образованието во доменот на изучувањето на правото на Унијата, особено на младите луѓе, студенти на правните факултети на универзитетите во Република Македонија. Според начинот на којшто е структуриран и, особено, со оглед на леснотијата, разбирливоста и издржаноста на презентацијата на основните постулати на правото на Унијата, понудени во него, учебникот, во целост, може да одговори на таквата почетна цел. Особено, импресионира едноставноста во објаснувањето на сложените економски и правни проблеми, иманентни на повеќедимензионалниот карактер на предметната материја, поместени во една концизна и логично-поврзана рамка и поткрепени со консултирање на богата практика на судовите во Луксембург и на соодветна релевантна литература. Инаку, учебникот е изработен во рамките на активностите опфатени со проектот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Jean Monnet Chair: "Integration in the EU: The Law of the EU, Theory and Practise"

(Ref. 07/0099), финансиран преку Извршната агенција за образование, аудиовизуелност и култура (Education, Audiovisual and Culture Executive Agency), врз основа на овластувањата делегирани од Европската комисија.

Учебникот е насловен како "Вовед во правото на Европската унија," така што, во него се опфатени основите неопходни за разбирање и идно практикување на тоа право. Со оглед на предметот, истиот не се занимава специфично со материјалните аспекти на правото на Унијата или со неговите посебни делови, како што се правото во областа на внатрешниот пазар, подрачјето на слободата, безбедноста и правдата или заедничката надворешна и безбедносна политика, освен во мера во која што овие не се опфатени во контекст на расправата околу концептите врз кои што се темели функционирањето на правниот систем на ЕУ. Напишан е на вкупно 335 страници (заедно со предговорот и содржината), структурирани во девет одделни Глави, поткрепени со вкупно 538 фусноти. Првата глава е, особено, значајна, бидејќи, во неа, се претставени најзначајните институционални, историски и социо-економски премиси врз кои што се гради правото на ЕУ. Истата понудува извонредно поедноставен, но, целосен приказ на контекстот врз којшто почива Европската унија, вклучително и сублимирано објаснување на стадиумите на остварена економска и политичка интеграција и на основните политики водени во рамките на Унијата, неопходни за разбирање на правните категории, разработени во другите Глави на текстот. Во втората Глава се објаснети институциите на Унијата, особено, од аспект на нивните овластувања и улогата во процесот на создавање на правото на ЕУ, вклучително и со најновите институционални измени, воведени со најновиот - Лисабонски (Реформски) договор. Во Главите што следат е умешно прикажан законодавниот процес и правниот систем на Унијата, заокружен и со објаснување на изворите на правото на ЕУ, законодавните овластувања на Унијата и основните барања поврзани со донесувањето на законодавството на ЕУ. Посебно внимание ѝм се посветува на "општите принципи на правото" како специфичен извор на Унијата, создаван од страна на европските судови во Луксембург, со што е овозможен целосен увид во тоа

како се создава и каде се наоѓа правото на Унијата. Во продолжение на текстот се подробно објаснети принципите кои што го овозможуваат неговото ефикасно спроведување во националните поредоци - принципите на директно дејство (ефект) и супрематија на правото на Унијата во внатрешните поредоци на државите-членки. Конечно, во последните три Глави на трудот се детално презентирани постапките пред судовите во Луксембург - Европскиот суд на правдата и Генералниот (претходно, Првостепен) суд, со што се заокружува разбирањето на правниот систем на Унијата и со овој значаен сегмент - судската контрола над имплементацијата на правото на ЕУ.

Во учебникот се опфатени и издржано презентирани сите аспекти неопходни за разбирање на сложениот феномен на правото на Европската унија, што овозможуваат основни информации за понатамошно истражување и практикување на тоа право. Во таа смисла, посебно е значајно што текстот се гради врз релевантни извадоци од пресудите на Европскиот суд на правдата и на Генералниот (порано, Првостепен) суд, што нуди директен увид за читателот во практиката на овие судови. Исто така, особено вредно е што правото на Унијата е разгледувано во контекст на најновиот режим на основачките договори, воспоставен заклучно со измените воведени со Лисабонскиот (Реформски) договор од 2007 година, што стапи во сила неодамна, на 1 декември 2009. Во текстот, посебно се истакнуваат новините воведени со овој долгоочекуван договор, се разбира, со постојани навраќања на состојбите околу правото на Унијата во историски контекст.

Со оглед на горе-наведеното, слободен сум да го поддржам издавањето на учебникот "Вовед во правото на Европската унија" од авторот проф д-р Сашо Георгиевски, со препорака тој да биде користен како учебник, во прв ред, на правните студии по соодветната наставна дисциплина. Во таа смисла, истиот би требало да се користи како учебник на првиот и вториот циклус на правни студии, при изучувањето на предметите поврзани со правото на Унијата, но, со оглед на опфатот, во такво својство, истиот би можел да послужи и во контекст на другите видови на студии, на кои се изучуваат

аспекти на оваа правна дисциплина. Во крајна линија, овој учебник би можел да му користи и на секој оној кој има потреба од соодветни познавања од правото на Унијата, вклучувајќи ги и вработените во правосудството или во државната администрација во Република Македонија.

Скопје, 6 септември 2010

Рецензент

проф. д-р Ванчо Узунов с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНИКОТ "ВОВЕД ВО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ", ОД АВТОРОТ ПРОФ.Д-Р САШО ГЕОРГИЕВСКИ

Рецензијата ја приложувам во својство на рецензент на учебникот "Вовед во правото на Европската унија", од авторот проф.д-р Сашо Георгиевски, определен со одлуката на Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, донесена на седницата одржана на 30.8.2010 година.

Учебникот "Вовед во правото на Европската унија", од авторот проф.д-р Сашо Георгиевски е изработен во рамките на активностите опфатени со проектот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Jean Monnet Chair: "Integration in the EU: The Law of the EU, Theory and Practise" (Ref. 07/0099), финансиран од Европската комисија преку Извршната агенција за образование, аудиовизуелност и култура (Education, Audiovisual and Culture Executive Agency). Тој е наменет да овозможи увид во основните правни категории и принципи врз кои што се темели правото на Европската унија, со цел да ѝм овозможи стекнување на базични сознанија од предметната проблематика, во прв ред, на студентите на правните студии на факултетите во Република Македонија. Според начинот на кој е структуриран и изработен, учебникот целосно одговара на таквата примарна намена, а, истиот би можел да му користи и на секој оној што се занимава со изучување или практикување на правото на ЕУ.

Текстот поместен во учебникот ја следи вообичаената структура на учебниците посветени на воведното запознавање со правото на Унијата. Доследно на предметот, тој специфично не се занимава со материјалните аспекти на правото на Унијата или со неговите посебни делови, како што се правото во областа на внатрешниот пазар, подрачјето на слободата, безбедноста и правдата или заедничката надворешна и безбедносна политика

(освен во мера во којашто овие не се опфатени во контекст на расправата околу концептите врз кои се темели функционирањето на правниот систем на ЕУ). Но, при тоа, особено е значајно постојаното инсистирање присутно во текстот, основните правни категории да се објаснат низ процесите што се одвиваат во Унијата, вклучително во контекст на економските или политичките интегративни процеси, или низ динамички приказ на законодавниот и имплементирачки процес. Правото на Унијата не е презентирано како статичко, туку низ динамиката на неговото создавање и развој во рамките на животот во Унијата, што е, меѓу другото, илустрирано и со многубројни извадоци од релевантната практика на судовите во Луксембург, кои, на читателот му овозможуваат директен увид во инволвираните интереси зад одделните правила и во судскиот резон. Истовремено, основните категории на правото на Унијата се прикажани на концизен, лесно читлив, научно и стручно фундиран начин, поткрепен со доволна релеватна странска и домашна литература.

Учебникот е напишан на 335 страници, заедно со предговорот и содржината, издвоени во девет одделни глави и поткрепени со 538 фусноти. Динамичниот пристап во третирањето на правото на Унијата е видлив веќе во првите две глави, во кои, на едноставен, но доволно опфатен начин е претставен институционалниот, историскиот и социо-економскиот контекст врз којшто се гради правото на ЕУ. На тоа, природно се надоврзува приказ на законодавниот процес во Унијата, придружен со објаснување на изворите на правото на ЕУ, законодавните овластувања на Унијата и основните барања поврзани со донесувањето на законодавството на ЕУ. Последното е проследено и со презентација на "општите принципи на правото," како специфичен правен извор на Унијата, создаван од страна на европските судови во Луксембург, со што е заокружен увидот во тоа како се создава и каде се пронаоѓа правото на Унијата. Сосема логично, следните глави се посветени на спроведувањето на правото на Унијата креирано на тој начин. Најпрво, детално се објаснети принципите што го овозможуваат неговото ефикасно спроведување во националните поредоци, принципите на директно

дејство (ефект) и супрематија на правото на Унијата во внатрешните поредоци на државите-членки (заедно со процедуралните барања што овозможуваат ефикасно повикување на тоа право од поединците пред националните судови), а, потоа, во последните три глави, постапките пред судовите во Луксембург, со што се заокружува разбирањето на правниот систем на Унијата и низ сегментот на судска контрола над имплементацијата на правилата на ЕУ.

Погорните категории се претставени во рамките на најновиот режим на основачките договори, воспоставен заклучно со измените воведени со Лисабонскиот (Реформски договор) што стапи во сила неодамна, на 1 декември 2009, што само ја зголемува актуелноста на овој труд.

Учебникот овозможува комплетен увид во клучните елементи потребни за разбирање на правото на Европската унија, на начин што кај читателот поттикнува желба за аналитичко размислување и за натамошно изучување на специфичните сегменти на тоа право. Последното е особено значајно, бидејќи тој е наменет да послужи како учебник, кој на студентите (но и на практичарите) би им овозможил почетни сознанија во оваа значајна област, поттикнувајќи го нивниот понатамошен интерес во таа смисла. Истото, се разбира, се совпаѓа и со потребата за континуирано образование на доволен број локални квалитетни кадри, обучени за разбирање и практикување на правото на Европската унија, во контекст на процесот на интегрирање на Македонија во Е.У.. Учебникот, во таа смисла, несомнено, би можел да му користи и на секој оној, кој што, во својата работа има допорни точки со правото на Унијата, особено, на вработените во правосудството или во државната администрација на Р.М..

Врз основа на погорните наоди, со задоволство го поддржувам издавањсто на учебникот "Вовед во правото на Европската унија" од авторот проф.д-р Сашо Георгиевски и препорачувам тој да се употребува како учебник на студиите по соодветната наставна дисциплина. Во прв ред тој истиот би требало да се користи како учебник на прииот и вториот циклус на правни студии, при изучувањето на предметите поврзани со правото на

Унијата, но и на другите видови на студии, во мера во којашто воведно се изучува правото на Европската унија.

Скопје, 4 септември 2010 Рецензент

проф. д-р Татјана Петрушевска с.р.